**Ленина Жила**

# Виенска „стапица“

## Историја на преговорите
## меѓу
## СССР и ВМРО на Тодор Александров

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

ЛЕНИНА ЖИЛА

# ВИЕНСКА „СТАПИЦА“

## ИСТОРИЈА НА ПРЕГОВОРИТЕ МЕЃУ СССР И ВМРО НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

СКОПЈЕ 2014

СОДРЖИНА

**I. ОД „ПРИНЦИПОТ НА НАЦИОНАЛНОСТА“ КОН „ПРАВОТО НА НАЦИИТЕ НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ“**

„Принцип на националноста“ ........................................................ 14
„Право на нациите на самоопределување“ и РСДРП (б) ........... 17
Дилеми на партијата на болшевиците (1917-1919 год.) ............ 25
Решавање на прашањето за „правото на нациите на самоопределување“ на Париската мировна конференција и од Друштвото на народите .......................................................... 30
X и XII конгрес на РКП (б) ............................................................ 32
Разлика во позициите на Коминтерната и НКИД ...................... 40

**II. „ИЛЕГАЛНАТА“ ДИПЛОМАТИЈА НА СССР**

Откажување од „тајната“ дипломатија ....................................... 44
Идејата за „светска револуција“ и теоријата за изградба на социјализмот во една посебна држава ....................................... 46
Промена на политиката на Коминтерната ................................. 56
ОМС, ИНО на ОГПУ и Разведупр ............................................... 66

**III. „МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ“ ВО СОВЕТСКАТА „ИЛЕГАЛНА“ ДИПЛОМАТИЈА (1922-1924 год.)**

Почетните контакти на ВМФРО и ВМРО со советската страна .......................................................................... 95
Дилеми на советската страна по прашањето за преговори со ВМРО ............................................................... 107
Преговори на Б. Ја. Шпак со Т. Александров (декември 1923 год.) ....................................... 123

Резолуција за „бугарското прашање“ од
Президиумот на ИККИ (1924 год.) ........................................... 143
„Повикот до населението на Македонија, до македонските емигранти, како и до работниците и селаните на балканските земји!“ од Президиумот на БКФ (1924 год.) ........................... 149
Заострување на бугарско-југословенските
односи и ВМРО ........................................................................ 155
„Виенските преговори“ ............................................................ 165
Подготовката на одговорот на советската страна на
Декларацијата на ЦК на ВМРО од 29 април 1924 год. ........... 202
Одлуката на Политбирото на ЦК на РКП (б) за објавување
на Декларацијата на ЦК на ВМРО од 29 април 1924 год. ..... 208
ВМРО по „Виенските преговори“ ........................................... 213
По огласувањето на „Мајскиот манифест“ ............................. 251

## ПРИЛОЗИ

### „ВИЕНСКИ“ ДОКУМЕНТИ

„Проект за спогодба меѓу ВМРО и Руската Советска
Република“ од 30 декември 1923 год. ....................................... 305
Декларација на ЦК на ВМРО од 29 април 1924 год. .............. 306
„Протокол за обединување на Македонското револуционерно
движење“ од 30 април 1924 год. .............................................. 309
„Мајски манифест“ .................................................................. 311
„Декларација на Македонската парламентарна група“ .......... 320

Список на скратеници ............................................................. 326

Фотографии ............................................................................ 328

Преговорите во Виена меѓу претставниците на Советскиот Сојуз и раководството на ВМРО во 1924 год. се бележит и резонантен настан во историјата на македонското движење.

Колку и да е неочекувано, но имено деецот на Коминтерната, Васил Коларов, одзивајќи се на гибелта на лидерот на ВМРО, Т. Александров, успеал точно да ја пренесе самата суштина на тоа што се случило: „Изгледаше дека Тодор Александров, правејќи избор меѓу своите врски со бугарската буржоазија и интересите на единственото македонско движење, ќе ги претпочита последниве и ќе остане со масите“[1].

Васил Коларов, ако ја одделиме фразеологијата што е својствена за дејците од комунистичкото движење, укажал дека преговорите во Виена одиграле улога на катализатор на процесите кои обусловиле принудена промена на идентичноста на тие дејци на македонското движење, кои по Рилскиот конгрес на Македонската организација, условно се сметале за „десница“.

Протагонист во овој случај бил Тодор Александров, кој себеси се асоцирал со својата организација. Под притисок на околностите, раководителот на ВМРО се соочил во почетокот на 1924 год. со неопходноста да направи дефинитивен избор: или да им се потчини на бугарските официјални власти или целосно да ја еманципира ВМРО. На лично ниво тоа означувало неопходност да се определи во полза, како на доминанта (како маркер), на еден од двата елемента на неговата сложено составена идентичност – национална (бугарска) или територијална (македонска). Неговото учество во преговорите во Виена го предодредиле направениот избор и тоа Тодор

[1] Македонското прашање во документите на Коминтерната. Скопје, 1999. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 85. С. 747, 749.

Александров, како протагонист, го платил со животот, но не само тоа – со неговата гибел ВМРО престанала да постои како самостојна, независна организација. Тие настани имале решавачко значење од гледна точка на натамошниот развој на македонското движење.

Првичните интерпретации на преговорите во Виена и на нивната „последица“ – таканаречениот „Мајски манифест“, кои имале претежно идеолошка природа, станале митологема, т.е. „митски“ материјал и почва за создавање на нов материјал. Митологемата во својство на аксиома е вклучена во голем број историски истражувања, што до 1990-тите години се објаснувало со недостапноста на изворите.

По 1990-тите се наталожи опширна изворна база (објавени се значаен број документарни зборници[2] и др.), но митологемата сѐ уште останува почва за создавање на нов материјал.

Имено, тоа и стана поттикнувачки мотив за пишувањето на монографијата, која претставува детално истражување на историјата на преговорите меѓу претставниците на СССР и раководителите на ВМРО.

Истражувањето се базира на материјали што се со години собирани во архивите на Руската Федерација, на Република Бугарија и на Република Македонија. Поголем дел од нив се објавени од авторот во зборниците на документи: „Македонското прашање во документите на Коминтерната“ (том 1, дел 1, Скопје, 1999 – кој од практични причини во фуснотите скратено е означен како ***Коминтерна***) и „Македонското прашање во советската надворешна политика (1922-1940)“ (книга II, Скопје, 2008 – кој во фуснотите е означен како ***Документи***).

[2] Тодор Александров. Сѐ за Македонија. Документи (1919-1924). Скопје, 2005; БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946). София, 1998; Коминтернът и България. Документи. София, 2005 и др.

* * *

Авторот ја изразува својата благодарност за моралната поддршка, добросрдечната критика и советите на своите колеги професори: ***Генадиј Матвеев (МГУ), Елена Гускова (Институт за славјановедение при Руската академија на науките), Стефан Тробст (Универзитет во Лајпциг), Зоран Тодоровски (Државен архив на Република Македонија), Александар Гребенаров (Институт за историја при Бугарската академија на науките) и Румјана Конева (Институт за историја при Бугарската академија на науките)***.

Исто така, авторот ја изразува својата благодарност кон ***бизнисменот Зоранчо Митровски*** од Штип, за финансиската поддршка на истражувањето, и кон ***Министерството за култура на Република Македонија***, кое го овозможи издавањето на монографијата.


РСФСР
КРАСНАЯ
МОСКВА
СЕРДЦЕ
ПРОЛЕТАРСКОЙ
МИРОВОЙ
РЕВОЛЮЦИИ
RED
MOSCOW
the
heart
of the World
Revolution
Исполнено Печатно-Графическим Факультетом ВХУТЕМАСа
Июнь 1921 г.

# I. ОД „ПРИНЦИПОТ НА НАЦИОНАЛНОСТА“ КОН „ПРАВОТО НА НАЦИИТЕ НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ“

Во советската историографија „правото на самоопределување“ се претставувало како еден од основните принципи на надворешната политика на СССР[3]. Системот на докази за вистинитоста на даденото тврдење се градел врз следниве факти:

– во Декретот за „Турска Ерменија“ од 31 декември 1917 год. (13 јануари 1918 год.) се прогласувало правото на населението на „Турска Ерменија“ „на слободно самоопределување до целосна независност“ и се определувале гаранции за реално реализирање на ова право;

– во Одлуката на Совнарком на РСФСР за признавање на независноста на Република Финска од 18 (31) декември 1917 год. се посочувало дека Совнарком, „во целосна согласност со принципите на правото на нациите на самоопределување, одлучува: на Централниот извршен комитет да се предложи: а) да се признае државната независност на Република Финска...“;

– во мировните договори на РСФСР со Естонија (1920 год.), Латвија (1920 год.) и Литванија (1921 год.) се содржеле речиси идентични одлуки: „Русија, поаѓајќи од прогласеното, од страна на Руската Социјалистичка Федеративна Советска Република, право на сите народи на слободно самоопределување до целосно одделување од

---

[3] Во „Дипломатски речник“ (во неговото четврто издание – последно до распаѓањето на СССР) во статијата „Надворешната политика на СССР: основните принципи и задачи“ се потенцирало: „Карактеристичните црти на надворешната политика на СССР се вистински демократизам; признавање на рамноправноста на големите и малите држави, на сите раси и националности, на правото на народите на државна самостојност; последователна борба за мир и прогрес, отвореност, праведност, решително отфрлање на ’тајната дипломатија‘“. – Дипломатический словарь. Т. 1. М., 1985. С. 208.

Во другата статија, „Право на самоопределување“, се нагласувало: „П. – еден од основните принципи на меѓународното право. СССР имал голем придонес во утврдувањето на овој принцип и постојано се раководи со него во својата надворешна политика (...)“. – Дипломатический словарь. Т. 2. М., 1986. С. 412.

државата, во чиј состав припаѓаат, безусловно признава независност и самостојност“ на соодветните држави, и „се откажува доброволно и засекогаш од сите суверени права што ѝ припаѓале на Русија“;

– во договорот на РСФСР со Иран (Персија) од 26 февруари 1921 год. се укажувало: советската влада „дава изјава за откажување од учество во секакви активности, кои би можеле да го ослабат и да го нарушат суверенитетот на Персија“, „бидејќи сака да го види персискиот народ независен, просперитетен, кој слободно располага со целото свое богатство“ (т. 2);

– во договорот на РСФСР со Авганистан од 28 февруари 1921 год. се посочувало: „Високите договорни страни се согласуваат со слободата на нациите на Истокот врз основа на самостојност и во согласност со општата желба на секој народ“ (т. 7);

– во договорот на РСФСР со Турција од 16 март 1921 год. се содржеле следниве одлуки: „Двете договорни страни, констатирајќи постоење на контакт меѓу националното и ослободителното движење на народите на Истокот и борбата на работниците на Русија за нов социјален поредок, безусловно го признаваат правото на тие народи на слобода и независност, а, секако, и нивното право на избирање форма на управување во согласност со нивната желба“ (т. 4);

– Уставот на РСФСР од 1918 год. прогласил слободен сојуз на слободните нации (т. 2);

– Уставот на СССР од 1924 год. објавил дека СССР „е доброволен сојуз на рамноправни народи“ и дека „секоја република обезбедува право на слободен излез од Сојузот“ (Декларација за создавање на Сојузот на Советските Социјалистички Републики);

– Уставот на СССР од 1936 год. објавил дека СССР „е сојузна држава, создадена врз основа на доброволно обединување на рамноправните Советски Социјалистички Републики“ (т. 13), дека „СССР ги штити суверените права на

сојузните републики“ (т. 15) и дека „секоја сојузна република има право слободно да се отцепи од СССР“ (т. 17)[4].

*Што, всушност, претставуваше „правото на самоопределување“ во надворешната политика на СССР и каков беше соодносот на позицијата на Советскиот Сојуз и позицијата на другите држави по дадено прашање?*

Пред да се одговори на ова прашање, затоа што се зборува за „право“ во областа на меѓународните односи, во својство на појдовна точка, потребно е да се посочи на ***постојните класификации на нормите на меѓународното право***.

Така, според начинот на воспоставување, нормите на меѓународното право се поделени на:

– ***универзални***, т.е. признати од сите или од повеќе држави, и

– ***партикуларни*** (лат. particularis), т.е. признати од неколку или барем од две држави.

Според обемот и содржината на прописите, содржани во нормите, тие можат да се поделат на:

– ***општи***, т.е. тие што ги определуваат фундаменталните основи на однесување на државите во меѓународните односи, и

– ***специјални***, т.е. тие што регулираат релативно ограничен број прашања, кои се однесуваат на одделни гранки на меѓународните односи. Меѓу специјалните норми на меѓународното право постојат индивидуални норми, кои регулираат некое конкретно прашање *ad hoc* и не создаваат постојани правила на меѓународно однесување – таквите норми се слични со поединечни акти на државната власт во внатрешнодржавното право.

Независно од начинот на воспоставување, сите тие норми се резултат на усогласувањето на волјата на државите, а не некои категории што се наоѓаат над законската дејност.

---

[4] Левин Д. Б. Международное право, внешняя политика и дипломатия. М., 1981. С. 52-54.

***Општите*** норми на меѓународното право често се именуваат како ***принципи на меѓународното право***.

Едни ги разгледуваат принципите на меѓународното право како теоретски постулати или појдовни точки за аргументација, а други – како правна норма од поширок карактер, која се наоѓа во основата на специјалните норми.

Според карактерот на своето дејство, нормите на меѓународното право, како и нормите на низа други гранки на правото, се делат на ***диспозитивни*** и ***императивни***. ***Диспозитивните*** норми на меѓународното право се применуваат во зависност од волјата на државата и под услов на ненарушување на различни клаузули (на пример, на заемност и др.), а ***императивните*** дејствуваат како категорични барања без никакви исклучоци или ограничувања[5].

## ***„Принцип на националноста“***

Генеза на „правото на самоопределување“ неразделно поврзано со „принципот на националноста“.

Се смета дека „принципот на националноста“ за првпат бил формулиран од Де Стал во 1810 год. „Секоја држава – тврдела Де Стал – треба да се состои од народ, проникнат од свеста на своето национално единство, кој има еден јазик, ист карактер и исти обичаи“[6].

Де Стал, во суштина, ја развила следната теза од Декларацијата за човековите права и граѓанските права (1789 год.): „Изворот на суверенитетот се базира врз нацијата. Никаква корпорација, ниту еден поединец не можат да располагаат со власта, која сигурно не произлегува од овој извор“[7].

---

[5] Левин Д. Б. Международное право, внешняя политика и дипломатия. М., 1981. С. 38-39.

[6] Мартенс Ф. Современное международное право цивилизованных народов. Изд. 5-е. Спб., 1904. Т. 1. С. 151.

[7] Цит. по: Левин Д. Б. Международное право, внешняя политика и дипломатия. М., 1981. С. 48.

„Принципот на националноста“ се искристализирал во првата половина на XIX в. Од 1815 год. тој постепено станувал „нов водечки принцип на меѓународните односи“[8], заменувајќи ја „идејата за политичка рамнотежа“. Кон средината на XIX в. „принципот на националноста“, според изразот на лорд Актон[9], од „неодреден стремеж“ се претворил во „камен-темелник на политичкиот систем“[10]. Џузепе Мацини (*Giuseppe Mazzini*) во 1847 год. создал Меѓународна лига на нации и во своето воведно излагање посочил: „Народот е проникнат од една идеја, идејата за единство и национален интегритет... Не постои меѓународно прашање за формата на управување, постои национално прашање“[11]. Потоа, во 1851 год. П. Манчини (*Pasquale Stanislao Mancini*)[12] во својата лекција „За принципот на националноста како основа на правото на народите“ ја искажал мислата дека секоја нација има право на самостојно државно постоење. Од овој постулат беше заклучено да бидат признати само националните држави како субјекти на меѓународното право, со забелешка дека со право на самостојно државно постоење се обдарени само „цивилизираните“ народи[13]. Во 1863 год. италијанскиот крал Виктор Емануил, одговарајќи на писмото на Наполеон III за потребата од свикување нов конгрес за изработка на правила, кои ги поврзуваат „правата на владетелите и легитимните стремежи на народите“, посочил дека немирите во Европа ќе продолжат сé додека не „се изгради европскиот поредок врз база на

---

[8] Мартенс Ф. Современное международное право цивилизованных народов. Изд. 5-е. Спб., 1904. Т. 1. С. 29.

[9] Лорд Актон, по потекло од Неапол, станал прв католички професор во историјата на Оксфорд, назначен од англискиот крал – Б. Андерсон. Введение // Нации и национализм. М., 2002. С. 9.

[10] Лорд Актон. Принцип национального самоопределения // Нации и национализм. М., 2002. С. 39.

[11] Цит. по: Лорд Актон. Принцип национального самоопределения // Нации и национализм. М., 2002. С. 40.

[12] Манчини (*Pasquale Stanislao Mancini*) (1817-1888) – дипломат, научник, професор на универзитетите во Торино, Неапол и Рим, еден од раководителите на борбата за обединување на Италија.

[13] Юрьев С. С. Правовой статус национальных меньшинств (теоретико-правовые аспекты). М., 2000. С. 123.

принципот на националноста и слободата, кои се суштината на самиот живот на современите народи“[14].

Фактички, во втората половина на XIX в. „принципот на националноста“ станал доминантен. Ф. Мартенс во трудот „Модерно меѓународно право на цивилизираните народи“ констатирал дека во XIX в. „принципот на националноста“ се прогласувал како универзално решение „при сите меѓународни недоразбирања и конфликти, како најразумен начин на ликвидација на меѓудржавните спорови и судири и за создавање на таков поредок на заемните односи што би бил во состојба да обезбеди мирен развој на секој народ“[15]. Како потврда на овој заклучок би можел да служи цитатот од трудот на В. П. Даневски, „Системи на политичката рамнотежа и легитимизмот и начелото на националноста во нивната заемна врска“, од 1882 год.: „Принципот на националноста“ има „светски карактер“ и со време ќе се прошири „на азиски, на африкански и на други држави, по создавањето на националностите во нив, кои, сигурно, ќе почнат борба со стариот поредок“[16].

Меѓутоа, „принципот на националноста“, откако станал доминантен, не се претворил во апсолутен. Противниците на принципот на националноста (Г. Паделети, А. В. Хефтер, А. Д. Градовски и др.) ја нагласувале неговата деструктивна природа. Ф. Мартенс забележал: „...бранителите на националната идеја ја противставуваат националната држава на државата, која се создаде историски и опфаќа различни народности. ... Принципот на националноста, кој нема историска основа, нема да создаде ништо сигурно, но во состојба е да разурне многу“[17].

Зошто?

---

[14] Юрьев С. С. Правовой статус национальных меньшинств (теоретико-правовые аспекты). М., 2000. С. 123.

[15] Мартенс Ф. Современное международное право цивилизованных народов. Изд. 5-е. Спб., 1904. Т. 1. С. 150-151.

[16] Даневский В. П. Системы политического равновесия и легитимизма и начало национальности в их взаимной связи. Историко-догматическое исследование. Спб., 1882. С. 298, 303.

[17] Мартенс Ф. Современное международное право цивилизованных народов. Изд. 5-е. Спб., 1904. Т. 1. С. 152, 153.

При одговарањето на ова прашање се наведувале различни аргументи. Еве неколку од нив:

– „Не зборувајќи за тоа дека реализирањето на принципот на националноста треба да доведе до радикална промена на политичката карта на Европа и, според тоа, неминовно ќе предизвика меѓународни војни, ние немаме никакви гаранции дека 'националните држави' ќе бидат проникнати не само од свеста за внатрешно единство туку и од почитта кон правниот поредок во областа на заемните односи, дека тие ќе ги признаат заемните права и обврски" (Ф. Мартенс[18]).

– „Модерната теорија на национализмот, во суштина, е во спротивност со правата и интересите на нациите. Настојувајќи на национална независност, на тоа дека секоја нација, во принцип, треба да има своја држава, со тоа таа ја потчинува секоја друга нација што ќе се најде во границите на националната држава. Таа, фактички, не може да дозволи еднаквост на националните малцинства со основната нација, која ја создаде државата, затоа што државата ќе престане да биде национална, т.е. ќе дојде во судир со основниот принцип на своето постоење. ... Државата, неспособна да ги задоволи потребите на различни народи, се осудува самата себеси; државата, која дејствува во насока на ослабување, апсорпција или нивно протерување, ќе ја уништи својата одржливост; државата, во која тие отсуствуваат, нема најважна база на самоуправување. На таков начин, новата теорија на национализмот ја враќа историјата назад" (лорд Актон[19]).

### *„Право на нациите на самоопределување" и РСДРП (б)*

Стремежот да се разрешат противречностите, вградени во „принципот на националноста", довел до појавување на нова формула – „право на нациите на самоопределување". Активен

[18] Мартенс Ф. Современное международное право цивилизованных народов. Изд. 5-е. Спб., 1904. Т. 1. С. 153.
[19] Лорд Актон. Принцип национального самоопределения // Нации и национализм. М., 2002. С. 49.

промотор на новата формула станала социјалдемократијата, која ја издигнала паролата „право на нациите на самоопределување“ на Меѓународниот социјалистички конгрес во Лондон, во 1896 год.

Руската социјалдемократска партија ја презела оваа парола во 1903 год., внесувајќи во прифатената програма на партијата од II конгрес признавање на „правото на самоопределување на сите нации што се дел од државата“.

Советувањето во Поронино (мало гратче во Австро-Унгарија), кое се одржало во октомври 1913 год., ја конкретизирало паролата „право на нациите на самоопределување“. Во Резолуцијата „За националното прашање“ се посочувало:

„4. Во однос на правата на самоопределување на угнетените нации од царската монархија, т.е. на отцепување и создавање самостојна држава, с.-д. партија, секако, треба да го брани тоа право. Ова го бараат како основните принципи на меѓународната демократија воопшто така и особено невиденото национално угнетување на поголемиот дел од населението на Русија од царската монархија, која претставува најреакционен и варварски државен систем во споредба со соседните држави во Европа и во Азија. ...

5. Прашањето за правото на нациите на самоопределување (т.е. со устав на државата да се гарантира доволно слободен и демократски начин на решавање на прашањето за отцепување) не е дозволено да се меша со прашањето за неопходноста од отцепување на една или на друга нација. Последново прашање с.-д. партија треба да го реши во секој посебен случај апсолутно самостојно од гледна точка на интересите на целиот општествен развој и интересите на класната борба на пролетаријатот за социјализам“[20].

Пред советувањето во Поронино, во списанието „Просвещение“ (Просвета) (март-мај 1913 год.) била објавена статијата на Сталин – „Марксизмот и националното прашање“.

---

[20] КПСС в резолюциях и решениях съездов, конференций и пленумов ЦК. М., 1970. Т. 1. С. 387-389.

Главните идеи на статијата се поклопуваат со тезите на Резолуцијата „За националното прашање“ во Поронино.

Фактички, статијата на Сталин – „Марксизмот и националното прашање“ – е клучот за разбирање на Поронинската резолуција, а со тоа и на позицијата на партијата на болшевиците пред почетокот на Првата светска војна:

– „Борејќи се за правото на нациите на самоопределување, социјалдемократијата има цел да стави крај на политиката на националното угнетување, да ја направи таа политика невозможна, и на тој начин да се ослаби борбата на нациите, да стивне, да се сведе до минимум“.

– „Правото на самоопределување, т.е. – нацијата може да се организира според својата желба. Таа има право да го организира својот живот врз принципот на автономијата. Таа има право да влезе во федеративни односи со други нации. Таа има право да се отцепи целосно. Нацијата е суверена, и сите нации се рамноправни“.

– „...решавање на националното прашање е можно само во врска со историските услови, земени во нивниот развој.

Економските, политичките и културните услови во кои се наоѓа дадена нација – тоа е единствениот клуч за решавање на прашањето за тоа **како** точно треба да се уреди една или друга нација, **какви форми** треба да добие нејзиниот иден устав“.

– „Што да се прави со нациите кои од различни причини ќе претпочитаат да останат во рамките на целото?“

„Единствено вистинско решение – обласна автономија, автономија на веќе определените единици, како Полска, Литванија, Украина, Кавказ итн.“

– „Културно-националната автономија подразбира поразвиени националности, со развиена култура, литература. Без овие услови автономијата ја губи секоја смисла, се претвора во бесмислица“.

– „Нема сомнеж дека не постои област со полно национално единство, затоа што во секоја од нив има национални малцинства. ... Затоа постои стравување дека малцинствата ќе бидат угнетувани од националното

мнозинство. Но, стравувањата имаат основа само доколку се задржи стариот поредок. Дајте ѝ на државата целосна демократија – и стравувањата ќе изгубат секаква основа“[21].

Наведените цитати од Резолуцијата „За националното прашање“, прифатена во Поронино, и од статијата на Сталин – „Марксизмот и националното прашање“, посочуваат дека Резолуцијата и статијата, во суштина, ги определувале пристапите кон решавање на националните проблеми врз основа на признавање на „правото на нациите на самоопределување“, во својство на општа норма (принцип) на политиката. Бидејќи станувало збор за програмски декларации[22], тоа значело само едно: дека партијата на болшевиците се обврзувала во случај на доаѓање на власт да ја трансформира паролата „право на нациите на само-определување“ во принцип на својата политика[23].

Притоа, самата парола „право на нациите на самоопределување“ социјалдемократијата ја претставувала исклучиво како своја прерогатива (лат. *centuria praerogativa*) и, во прв ред, прерогатива на партијата на болшевиците, за разлика од „принципот на националноста“, кој бил приопштен кон „буржоаските“ принципи[24].

---

[21] Сталин И. Марксизм и национальный вопрос // Сочинения. Т. 2. М., 1954. С. 310-311, 314, 361, 362.

[22] Анализирајќи ги искажувањата на В. И. Ленин за „националното прашање“ до почетокот на Првата светска војна, Ф. Силницки забележал: „Ленин последователно настојувал дека болшевиците треба да го разгледуваат и користат правото на нациите на самоопределување како политичка парола (може да се каже како парола на ’избирачка кампања‘)“. – Силницкий Ф. Национальная политика КПСС (1917-1922 гг.). Washington, Problems of Eastern Europe. 1990. С. 48.

[23] Потоа, советската историографија за да ја докаже непрекинатата врска меѓу „зборот“ на партијата и „делото“, била принудена да аргументира тврдење дека „правото на нациите на самоопределување“ станало еден од основните принципи на политиката на партијата по освојувањето на власта.

[24] Во статијата на И. Сталин – „Марксизмот и националното прашање“ – се укажувало: „Ние веќе не зборуваме за некој фален од Бауер ’социјалистички принцип на националноста‘, кој, според нашето мислење, е замена на социјалистичкиот принцип на класната борба со буржоаскиот ’принцип на националноста‘“. – Сталин И. Марксизм и национальный вопрос // Сочинения. Т. 2. М., 1954. С. 330-331.

Во советскиот период овој постулат се сметал за аксиома. Сепак, се преземале обиди тој да биде обоснован и теоретски. На пример, во

Во исто време, во хиерархијата на паролите, на „правото на нациите на самоопределување“ му се одредувало потчинето место во однос на „интересите на класната борба на пролетаријатот за социјализам“[25].

---

објавениот „Курс за меѓународно право“ во 1989 год., Г. Б. Старушенко ги одредил разликите меѓу таканаречениот „социјалистички“ „принцип на самоопределување“ и таканаречениот „буржоаски“ „принцип на националноста“ на следниов начин:

„Принципот на самоопределување“, „прво, произлегувал не од задолжителното отцепување и создавање на еднонационални држави, туку од потребата од доброволно обединување на различни народи и нации во големи држави врз принципите на федерализмот, автономијата и сл.; второ, го признавал правото на самоопределување не само за европските, но и за сите народи без исклучок, пред сѐ за народите на колониите; трето, се фокусирал на потребата не само да им се даде формално право на самостојно постоење на народите туку и да се обезбедат услови за реализирање на ова право во целосен обем; четврто, го признавал правото не само на националното туку и на социјалното ослободување, на самостојното определување насоки на социјалниот развој; петто, ја признавал законитоста на борбата на народите за правото да бидат господари на својата судбина“. – Старушенко Г. Б. Принцип равноправия и права народов распоряжаться своей судьбой // Курс международного права. В 7-ми т. М., 1989. Т. 2. Гл. 10. С. 170.

[25] На пример, Ф. Силницки во својот труд „Националната политика на КПСС (1917-1922)“ тврди: „Ленин го дополнува марксистичкото разбирање на националното прашање како потчинето на задачите на класната борба, разгледувајќи го како самостоен фактор, кој зад границите на Русија би можел да стане помошен инструмент при офанзива на комунизмот врз развиените индустриски држави.

’Ние треба да ја поврземе револуционерната борба за социјализмот со револуционерната програма за националното прашање‘ – пишувал Ленин уште во 1915 год., а наскоро, по падот на царот, Сталин во заклучниот збор во дискусијата за националното прашање на VII (Априлска) конференција на болшевиците ја развил оваа теза на Ленин за револуционерната програма на болшевиците за националното прашање, изјавувајќи дека ако социјалдемократијата се стреми кон светска револуција, таа треба да ги поддржува револуционерните движења на народите, насочени против империјализмот“. – Силницкий Ф. Национальная политика КПСС (1917-1922 гг.). Washington, Problems of Eastern Europe. 1990. С. 50-51.

С. С. Јурјев во монографијата „Правниот статус на националните малцинства (теоретско-правни аспекти)“ констатира: „Така, ’правото на самоопределување‘, во неговата ленино-сталинова варијанта, секогаш се толкувало поаѓајќи од револуционерната оправданост и надвор од тоа немало некое самостојно значење. В. И. Ленин потцртувал дека за марксизмот даденото прашање не е тешко: под самоопределување се подразбира право на отцепување и на создавање самостојна национална држава. Но, признавањето на ова право, според В. И. Ленин, не значело задолжително

Без оглед на таканаречениот „паролен“ карактер на „правото на нациите на самоопределување“, И. Сталин во својот труд „Марксизмот и националното прашање“ (како што може да се заклучи од погоре наведените цитати) сметал дека е неопходно да наведе неколку услови за можна трансформација на паролата во општа норма (принцип) на политиката и правото, со кои однапред се определувал нејзиниот не императивен, туку диспозитивен карактер[26].

Меѓу другото, самиот поим „право на нациите“ во себе содржи ограничување затоа што станува збор за одредена „заедница на луѓе“. Неслучајно трудот на И. Сталин – „Марксизмот и националното прашање“ – почнувал со дефинирање на поимот „нација“: „Нација е историски конституирана трајна заедница на луѓе, создадена врз основа на општ јазик, територија, економски живот и менталитет, што се манифестира во заедничка култура. ... Само присуството на сите признаци, земени заедно, ни дава нација“[27].

Дадената дефиниција од И. Сталин во периодот на постоењето на СССР[28] била доминантна дури и по неговото распаѓање. Фактички, алтернатива не постоела. Како резултат

---

отцепување, затоа што ако буржоазијата безусловно во прв ред ги става своите национални барања, тогаш за пролетаријатот тие се ’потчинети на интересите на класната борба‘; слична гледна точка застапувал и И. В. Сталин. Со други зборови, за Болшевичката партија тоа била најнапред политичка парола, базирана врз нејзината идеологија“. – Юрьев С. С. Правовой статус национальных меньшинств (теоретико-правовые аспекты). М., 2000. С. 134.

[26] Одлуката на Привремената влада да се признае „правото на ’самоопределување‘ за националностите на Русија – во рамки што ќе бидат посочени од Основачкото собрание“, Л. Троцки ја окарактеризирал како „со ништо необезбедена и внатрешно противречна меница за иднината, исклучително неодредена во сè освен во своите ограничувања“. – Троцкий Л. История русской революции. Т. 2. М., 1997. С. 40.

Но, истата забелешка на Л. Троцки важи и за паролите на партијата на болшевиците.

[27] Сталин И. Марксизм и национальный вопрос // Сочинения. Т. 2. М., 1954. С. 293-294.

[28] На пример, во 1929 г. И. Сталин, појаснувајќи го „националното прашање“, потцртал: „Остана еден излез: да се признае точноста на старата дефиниција за нацијата“ (т.е. на дефиницијата дадена од И. Сталин пред Првата светска војна) – ЦК РКП (б) – ВКП (б) и национальный вопрос. Кн. 1. М., 2005. Док. № 220.

на тоа, таа се сметала за оригинална, како придонес на И. Сталин во развојот на теоријата на „нацијата“. Така, на пример, ректорот на Институтот за меѓународно право, И. Блишченко, на семинарот „Содржината на правото на народите на самоопределување“ (90-тите год. на XX в.) нагласи: „Вистина е дека во меѓународното право не постои дефиниција за нација и не постои дефиниција за народ. Тоа нам, специјалистите во тој домен, ни создава тешкотии. Под ’нација‘ ние, сепак, ја подразбираме познатата дефиниција од Сталин. Колку и да го колнеме, колку и да го критикуваме Сталин, сепак, дефиницијата е формулирана и тоа не можеме да го избегнеме“.

И. Сталин при дефинирањето на поимот „нација“ не бил самостоен. Тој поаѓал од постојни гледишта од крајот на XIX в. – почетокот на XX в. Во тоа време за „најуспешна“ се сметала дефиницијата за „нацијата“ од П. Манчини. Според Манчини, нацијата е „природна заедница на луѓе, кои поради општа територија, потекло, карактер и јазик се сплотени во единствен живот и имаат социјална свест“, која, пак, ги поттикнува „народите да се насочуваат кон создавање посебни национални политички организми“[29].

Неопходноста од таквото објаснување е последица на заблуди и митови, кои се појавиле во советско време[30].

---

[29] Мартенс Ф. Современное международное право цивилизованных народов. Спб., 1904. Т. 1. С. 151-152.

На крајот на XIX в. – почеток на XX в. дефиницијата за „нациите“ од П. Манчини многукратно била репродуцирана од различни истражувачи. Така, В. П. Даневски во својот труд „Системи на политичката рамнотежа и легитимизмот и начелото на националноста во нивната заемна врска“ ја повторува речиси целосно, тврдејќи дека нацијата е „тесно природно спојување на одредена територија на луѓе со заедничко потекло, јазик, делумно обичаи и карактери, свесни за својот колективен идентитет, кои слободно и енергично ги следат заедничките цели на дејноста во организиран социјален соживот“. – Даневский В. П. Системы политического равновесия и легитимизма и начало национальности в их взаимной связи. Историко-догматическое исследование. Спб., 1882. С. 296.

[30] Заблудите на апологетите на Сталиновата дефиниција за нацијата, пак, доведувале до заблуди од слична природа и кај мнозина критичари на таа дефиниција, бидејќи тие, исто така, тргнувале од неточна премиса – од оригиналноста на Сталиновата дефиниција.

За И. Сталин и за неговите современици во периодот пред Првата светска војна, статијата „Марксизмот и националното прашање" претставувала појаснување и конкретизација на позицијата на партијата на болшевиците по националното прашање, како резултат на што дефиницијата за „нацијата" била ставена исклучиво во контекст на проблемот на „самоопределувањето".

Како резултат на тоа, според И. Сталин, партијата на болшевиците го признавала „правото на самоопределување" само за „историски конституирана трајна заедница на луѓе", кои имаат: 1. заеднички јазик; 2. заедничка територија;

---

На пример, Ф. Силницки во трудот „Националната политика на КПСС (1917- 1922 год.)" тврди: „Заслужува внимание тоа што Сталин, веќе еден од угледните болшевици и член на ЦК, во овој труд дава „историско-материјалистичка" дефиниција за нацијата и решително го отфрла австромарксизмот. Исто така, интересно е дека категоричката Сталинова дефиниција за нацијата (поим што е исклучително тешко да се одреди) содржи елемент на негирање. Дефинирајќи го поимот 'нација', Сталин истовремено посочува какви групи луѓе не се и не можат да бидат нација. ...

Онаа група луѓе што не одговарала на таа дефиниција според разбирањата на болшевиците престанувала да биде нација. Ленинистичката партија, благодарение на таквата дефиниција:

– прво, ги проширила своите можности за критика на еврејскиот 'национализам' во бундот и ционизмот (затоа што во многунационалната руска држава само Евреите и Ромите ги немале сите наведени признаци од страна на Сталин), поаѓајќи од тоа дека Евреите не се нација. Притоа, болшевиците целосно го игнорирале фактот дека борбата против национализмот на непостојната нација е апсурдна од гледна точка на формалната логика;

– второ, Сталиновата дефиниција за нацијата давала широки можности за ликвидација на нациите, затоа што доволно било нацијата да остане без еден од наброените признаци и таа престанувала да постои (како пример може да се наведе иселувањето на нациите од нивната историска национална територија и нивното расејување);

– трето, таа дефиниција била насочена против идејата на австриските марксисти за културно-национални автономии". – Силницкий Ф. Национальная политика КПСС (1917-1922 гг.). Washington, Problems of Eastern Europe. 1990. С. 40-41.

Од наведениот цитат следува дека Ф. Силницки не ја критикувал самата дефиниција на Сталин, туку поврзувањето на таа дефиниција со „правото на нациите на самоопределување". Неточното поставување од Ф. Силницки на акцентот на критиката било последица од заблудата на Ф. Силницки во однос на оригиналноста на Сталиновата дефиниција.

3. заеднички економски живот;  4. заеднички менталитет, што се манифестира во заедничка култура.

### *Дилеми на партијата на болшевиците (1917-1919 год.)*

Првата светска војна и прашањето што се појавило пред партијата на болшевиците за заземање на власта, како прашање на реална перспектива, довеле до коригирање на паролата „право на нациите на самоопределување“. Пред VII конгрес на партијата, кој бил закажан за 17 октомври 1917 год., В. И. Ленин предложил да се преразгледа дел од политичката програма „за правото на нациите на самоопределување“ и „наместо зборот ’самоопределување‘, кој многупати даваше повод за погрешно толкување“, да се внесе „апсолутно точен поим: ’право на слободно отцепување‘“[31].

Веќе променетата парола – „право на нациите на самоопределување“ – влегла во „Декларацијата за правата на народите на Русија“, прифатена на 2 (15) ноември 1917 год. од Владата составена од партијата на болшевиците. Декларацијата прогласувала:

1. еднаквост и суверенитет на народите;
2. право на народите на Русија на слободно самоопределување до отцепување и создавање национална држава;
3. ликвидација на сите и секакви национални и националнорелигиски привилегии и ограничувања;
4. слободен развој на националните малцинства и етнографски групи што живеат на територијата на Русија[32].

На прв поглед, дополнувањето на формулата за „правото на нациите на самоопределување“ со појаснување „до отцепување и создавање национална држава“ е казуистика (casuistic). „Самоопределувањето“ само по себе претставува право на обособување во самостојна државна единица. Но, ако се земе предвид дека партијата на болшевиците до Првата

[31] Ленин В. И. Полное собрание сочинений. Изд. 5-е. Т. 34. М., 1974. С. 378-379.
[32] Декреты советской власти. Т. 1. М., 1957. С. 40.

светска војна го сметала „правото на самоопределување“ за диспозитивно, ограничувајќи ја можноста за негова примена со низа услови, тогаш ќе стане јасно – со конкретизацијата на формулата за „самоопределување“, партијата ја потцртувала промената на нејзиниот карактер од диспозитивна норма во императивна[33]. Новата формула, внесена во „Декларацијата за правата на народите на Русија“, требало да се сфати вака: советската држава во лицето на својата влада ***безусловно*** го признава правото на отцепување и на формирање сопствена држава за нацијата, која за тоа ќе ги изрази својата волја[34] и својата желба.

Во периодот од 1917 до 1921 год. Владата на РСФСР, реално, во низа решенија и договори се повикувала на принципот на „самоопределување“. Подоцна советската историографија, потпирајќи се на тие акти, докажувала дека партијата на болшевиците по доаѓањето на власт, ги реализирала своите програмски ветувања, претворајќи ја паролата „право на нациите на самоопределување“ во принцип на државната политика.

Доколку последното тврдење го земеме за постулат, тогаш ќе се постави прашањето: имало ли влијание признавањето или непризнавањето на националните субјекти (нации) врз примената на „правото на самоопределување?“

Одговорот на даденото прашање не е едноставен.

Така, на пример, основен аргумент во спорот на советските и партиските дејци за можноста за создавање

[33] Во статијата на В. И. Ленин, „Кон преразгледување на партиската програма“, напишана пред доаѓањето на власт на партијата на болшевиците, се потцртувало: „По освојувањето на власта, ние безусловно веднаш би го признале тоа право и за Финска, и за Украина, и за Ерменија, и за секоја народност потиснувана од царизмот (и великоруската буржоазија)“. – Ленин В. И. Полное собрание сочинений. Изд. 5-е. Т. 34. М., 1974. С. 379.

[34] Прашањето за тоа кој е „носител на волјата на нацијата за отцепување“ се дискутирало на VIII конгрес на РКП (б) (1919 год.). Во тогаш прифатената Програма на партијата се укажувало: „4) Во однос на прашањето за тоа кој е носител на волјата на нацијата за отцепување, РКП стои на историско-класната гледна точка, независно од нивото на историскиот развој на дадена нација: на патот од средновековјето кон буржоаската демократија или од буржоаската демократија кон советската или пролетерската демократија и сл.“ – Программа и Устав ВКП (б). М., 1938. С. 22-23.

белоруска државна единица, според нив, било постоењето или отсуството на белоруска нација.

В. Г. Кнорин, секретар на Северозападниот областен комитет на РКП (б), во октомври 1918 год. посочил: „Ние сметаме дека Белорусите не се нација, и дека етнографските особини според кои се разликуваат од другите Руси треба да бидат надминати. Наша задача не е создавање на нови нации, туку уништување на старите национални препреки. Белоруското движење е, исто така, за создавање на нови национални препреки што досега ги немало, и затоа комунистите не можат во каква било форма да земат учество во тоа движење“[35]. Врз основа на оваа констатација, В. Г. Кнорин заклучил дека прашањето за белоруската национална државност е вештачко и штетно[36].

Но, ЦК на РКП (б) ја поддржал спротивната позиција, преземена од страна на Минскиот губерниски револуционерен комитет.

Во телеграмата на ЦК на РКП (б) од 25 декември 1918 год., адресирана до А. Ф. Мјасников (поддржувач на гледиштето на В. Г. Кнорин), било наведено: „ЦК на партијата, од многубројни причини, за кои тој сега нема да зборува, ја прифатил одлуката да се согласи со белоруските другари и да се формира белоруска советска влада“[37].

Како резултат на тоа, VI северозападна обласна конференција на РКП (б), преименувана во I конгрес на КП на Белорусија, на 30 декември 1918 год. ја прогласила Белоруската Советска Социјалистичка Република[38].

Како што може да се заклучи од наведениот пример, со примена на „правото на самоопределување“, прашањето за

---

[35] Цит. по: Силницкий Ф. Национальная политика КПСС (1917-1922 гг.). Washington, Problems of Eastern Europe. 1990. С. 135.

[36] Силницкий Ф. Национальная политика КПСС (1917-1922 гг.). Washington, Problems of Eastern Europe. 1990. С. 136.

[37] Цит. по: Силницкий Ф. Национальная политика КПСС (1917-1922 гг.). Washington, Problems of Eastern Europe. 1990. С. 137.

[38] Види: Тихомиров А. В. Взаимоотношения БССР и РСФСР в 1919-1921 гг.: противоречивое партнерство // Белорусский журнал международного права и международных отношений. 2003. № 3.

постоење или непостоење на формирана „нација“ не било игнорирано, но и не било решавачко.

Позицијата на ЦК на РКП (б) се утврдувала според „многубројни причини“ од надворешнополитички и внатрешнополитички карактер, кои се разгледувале низ призмата на еден единствен проблем – проблемот на задржувањето на власта.

Дадениот заклучок се потврдува со дискусијата на VIII конгрес на РКП (б) (1919 год.) во однос на Нацрт-програмата на партијата, а бил изнесен од страна на В. И. Ленин.

Суштината на односот на партијата кон „правото на нациите на самоопределување“ се пројавува во следните забелешки, направени како од приврзаниците на „правото“ така и од неговите противници:

– „Во оваа сала нема да се најде ниту еден човек што би рекол дека самоопределувањето на нациите, националното движење, е нешто нормално и пожелно. Ние се однесуваме кон тоа како кон нужно зло[39]. И, колку и да е ризично од интернационална гледна точка, сепак, треба да се каже дека до одреден степен ние ќе бидеме принудени уште некое време да го земаме предвид националното самоопределување“[40] (М. П. Томски);

– Тезите за самоопределувањето „не даваат ништо за работата на партијата, за работата на пролетаријатот“, но мнозинството од населението гледа на паролите позитивно, не размислувајќи за нивната практична содржина, и затоа треба да ги истакнуваме тие пароли, барем поради изложувањето на Вилсон[41] (Риков);

---

[39] В. И. Ленин, како што следувало од дискусијата на Конгресот, исто така, сметал дека „правото на нациите на самоопределување“ е „нужно зло“. Тој тврдел дека „правото на нациите на самоопределување“ не смее да се избрише од Програмата затоа што со него би требало да се избрише и националното прашање, а „тоа би било можно ако има луѓе без национални карактеристики. Но, такви луѓе не постојат и на друг начин ние не можеме да изградиме социјалистичко општество“. – Ленин В. И. Сочинения. Т. 29. С. 173.

[40] Протоколы VIII съезда РКП (б). М., 1959. С. 83.

[41] Протоколы VIII съезда РКП (б). М., 1959. С. 97, 387.

– „Ако ние се обединуваме економски, градиме единствен апарат, единствен Врховен совет на народното стопанство, единствена управа на железници, единствена банка итн., тогаш сето ова злогласно ’самоопределување‘ не вреди ништо. Тоа е или само дипломатска игра, во која треба да се игра во некои случаи, но полошо од играта е ако ние се однесуваме кон тоа сериозно. За нас, за членовите на партијата на пролетаријатот, ние треба да кажеме отворено дека *таква* независност, се подразбира, ние не можеме да дозволиме“[42] (Г. Л. Пјатаков).

Мнозинството од раководството на РКП (б), раководејќи се од „болното искуство“[43] од принудното применување на „правото на нациите на самоопределување“, ја признало оправданоста за спроведувањето на „правото на нациите на самоопределување“ како пропагандна парола, но не како принцип на политиката на партијата.

Во Програмата, прифатена на VIII конгрес, постоеле четири точки, кои се однесувале на „националните односи“. Ниту во една точка не се споменувало директно „правото на нациите на самоопределување“. Во точка 2 станувало збор за „признавање на правото на колониите и на нерамноправните нации на државно отцепување“, а во точка 4 се конкретизирало „кој е носител на волјата на нацијата да се отцепи“[44].

Така, партијата на болшевиците:

– во периодот од 1903 до 1917 год. декларативно го признала „правото на нациите на самоопределување“ како такво и како можен принцип на својата политика прво од диспозитивен, а од есента 1917 год. – од императивен карактер;

– по земањето на власта, во периодот од 1917 до 1919 год., партијата, под притисок на различни околности, упатувајќи на „правото на самоопределување“, не се спротивставила на образувањето на низа независни држави на

[42] Протоколы VIII съезда РКП (б). М., 1959. С. 82.

[43] Поимот „болно искуство“ го искористил во еден од своите говори Г. Л. Пјатаков – Протоколы VIII съезда РКП (б). М., 1959. С. 79-80.

[44] Программа и Устав ВКП (б). М., 1938. С. 22-23. Види: бел. № 29.

периферијата на Руската Империја, што создало претстава дека таа практично го применува „принципот за самоопределување“;

– во 1919 год., со решенијата од VIII конгрес на РКП (б), на „правото на нациите на самоопределување“ му бил вратен статусот на парола и со прогласувањето на 30-31 декември 1922 год. на создавањето на СССР и со одобрувањето во јануари 1924 год. на Уставот на СССР, обратниот процес веќе станал невозможен.

### *Решавање на прашањето за „правото на нациите на самоопределување“ на Парискаta мировна конференција и од Друштвото на народите*

Дилеми за применување на „правото на нациите на самоопределување“ имале и членовите на Парискаta мировна конференција.

Според обраќањето на В. Вилсон од 11 февруари 1918 год., кое ја дополнувало годишната порака (Annual Message) до Конгресот на САД од 8 јануари 1918 год. („14 точки“), мировните договори требало се градат врз следниве принципи:

„1. Секој дел од финалниот мир треба да биде заснован врз праведност во одредено прашање.

2. Народите и областите не треба да бидат предмет на размена меѓу државите како добиток или пиони во шаховска игра.

3. Секое територијално решение треба да биде во интерес на населението на кое тоа се однесува, а не дел од која и да е спогодба или компромис меѓу барања на државиконкуренти.

4. На сите доволно издефинирани национални елементи треба да им биде дадена целосна сатисфакција, без внесување на нови или зачувување на стари елементи на непријателство или антагонизам“[45].

[45] Никольсон Г. Как делался мир в 1919 г. М., 1945. С. 51.

Но, како резултат на тоа, како што навел Г. Николсон, се покажало дека „целата зграда на вилсонизмот“ била разглобена до тула „по пат на последователни ситни компромиси, по пат на насобраност на случајни аргументи, засновани врз лажни принципи“[46], и „од 23 услови на претседателот Вилсон, само четири биле со поголема или помала точност вклучени во мировните договори“; „провинциите и народите практично се третирале како добиток или пиони во шаховска игра. Разрешувањето на територијалните спорови речиси во секој случај се базирало исклучиво врз договори и компромиси меѓу држави-сопернички. Причините за несогласувањата и антагонизмот биле фактички овековечени“ итн.[47]

Со други зборови, на Парискатa мировна конференција принципите на меѓународното право, независно од нивниот карактер, се применувале при прифаќање решенија во вид на упатувања и оправдувања, т.е. принципите биле „појдовна точка за аргументација“, а не „правна норма од поопшт карактер“. Тоа дало можност германската страна во своите контрапредлози, претставени во мај, да тврди дека „територијалните решенија во еден случај се засновале врз принципот на самоопределување, во друг – врз економската неопходност, во трет – на ’историското право од памтивека‘“[48].

Искористено на Парискатa мировна конференција во својство на упатување, „правото на нациите на самоопределување“ требало да ѝ отстапи место на заштитата на правата на националните малцинства.

Потврда за ова е заклучокот на Советот на Друштвото на народите за „принципот на самоопределување и правата на народите“ по прашањето на шведско-финскиот спор околу Оландските Острови[49]:

---

[46] Никольсон Г. Как делался мир в 1919 г. М., 1945. С. 112.
[47] Никольсон Г. Как делался мир в 1919 г. М., 1945. С. 53.
[48] Никольсон Г. Как делался мир в 1919 г. М., 1945. С. 112.
[49] „Велика Британија обрнала внимание на Советот на Друштвото на народите во согласност со т. 11 од Уставот на Друштвото. Прашањето за првпат било разгледано на сесија на Советот во јуни 1920 год. Шведскиот претставник барал плебисцит, а финскиот инсистирал на суверенитет на

„Иако принципот на самоопределување на народите зафаќа важно место во современата политичка мисла, особено во поствоениот период, неопходно е да се забележи дека не постои никакво споменување на овој принцип во Уставот на Друштвото на народите. Признавањето на овој принцип во некои меѓународни договори, сепак, не е доволно за тој да се разгледува како позитивно правило на меѓународното право. Спротивно на тоа, при отсуство на специјални одредби во меѓународните договори, правото да се располага со национална територија е едно од својствата на суверенитетот на секоја држава. Позитивното меѓународно право не признава дека националните групи како такви имаат право на отцепување по сопствена желба од државата на која тие ѝ припаѓаат... Како општо правило, решението да му се обезбеди или не на некој дел од населението да ја одреди својата политичка судбина по пат на плебисцит или на некој друг начин му припаѓа само на суверенитетот на секоја дефинитивно конструирана држава“[50].

Поместувањето на акцентот од државите креатори на Версајскиот систем врз заштитата на правата на националните малцинства ѝ давало можност на советската страна да се претставува како единствена заштитничка и бранителка на интересите на националните движења. Намерата да се искористи дадената можност за револуционерни цели била потврдена со Резолуцијата за националното прашање, прифатена од X конгрес на РКП (б) (март 1921 год.).

## *X и XII конґрес на РКП (б)*

Пред X конгрес, во февруари 1921 год., И. Сталин изнесол за дискусија „Тези за извештајот за наредните задачи на партијата по националното прашање“. Но, единствен

---

својата држава, кој не дозволувал откинување од неа на која и да било територија“. – Александров Б. А. (Новоплянт С.) Положение национальных меньшинств в послевоенной Европе. М., 1933. С. 19.

[50] Александров Б. А. (Новоплянт С.) Положение национальных меньшинств в послевоенной Европе. М., 1933. С. 19-20.

што стапил во дискусија со И. Сталин бил народниот комесар за надворешни работи Г. В. Чичерин. Својата позиција Г. В. Чичерин ја објаснил во статијата наречена „Против тезите на др. Сталин“.

Во прв ред, Г. В. Чичерин ги искритикувал констатациите на И. Сталин, повторени на X конгрес на РКП (б), за три периоди во развојот на нациите и националното прашање.

И. Сталин тврдел дека:

– *првиот период* се карактеризирал со формирање на „чисто национални држави без национално потиснување“ на Западот, затоа што внатре во процесот на формирање на централизирани држави „не постоеле други позначителни национални групи“, а на Истокот – со појавување „на многунационални држави со една поразвиена нација на чело и со други помалку развиени нации, кои потпаднале во политичко, а потоа и во економско потчинување на владејачката нација“, кои станале „татковина на тоа национално потиснување – генератор на национални конфликти, на национални движења, на национално прашање и на различни начини на решавање на тоа прашање“[51];

– *вториот период* бил време на трансформација на националните држави на Западот „во многунационални, колонијални држави“, а на истокот на Европа – „будење и засилување на потчинетите нации (Чеси, Полјаци, Украинци); како резултат на империјалистичката војна, настанало распаѓање на старите буржоаски многунационални држави и создавање на нови национални држави, зависни од таканаречените големи држави“;

– *третиот период* – „тоа е советскиот период, период на уништување на капитализмот и на ликвидација на националното угнетување“[52].

Тие констатации на И. Сталин, Г. В. Чичерин ги припишал на „стари идеи“: Кај Сталин „уште се споменува национална држава, која при своето формирање се совпаѓа со

---

[51] Десятый съезд РКП (б). Март 1921 г. М., 1933. С. 184-185.
[52] Десятый съезд РКП (б). Март 1921 г. М., 1933. С. 185-186.

нација и многунационална држава, во која владејачката нација ги угнетува потчинетите. Кај него зависните национални држави се борат против силните агресивни национални држави и како единствено решение на националното прашање се посочува укинување на капитализмот. Паролата ’право на националностите на самоопределување‘ тој ја посочува како парола само на Руската работничко-селанска револуција“[53].

„За да не останеме робови на вистините на вчерашниот ден и за да не ја пропуштиме историската реалност на сегашниот“, Г. В. Чичерин предложил да се свртиме кон појавата што тој ја означил со поимот „надимперијализам“.

„Надимперијализмот“, според мислењето на Г. В. Чичерин, ја заменил „националната држава“ со „наднационална држава“, чија цел била да го реши националното прашање во рамките на новите форми на капиталистичкото општество“ по пат на помирување „во однос на националноста“:

„Економската власт на финансиската олигархија го опфаќа целото општество и со железни синџири ги врзува интересите на сите буржоаски елементи на општеството без исклучок, на широките маси на ситната буржоазија и на селанството, и дури и на пролетерската аристократија. [...] Организираното општество, на чело со финансиската олигархија, можело да настапува како концепт кој за време на војната ги привлекол дури и широките маси и финансиската олигархија, а од периодот на надимперијализмот претендира за улога на обединувач на светското стопанство. [...] Светската војна не беше борба на национални држави меѓу себе, туку на меѓународни политички и економски монополистички обединувања“[54].

„Борбата на мал број светски монополистички обединувања“, со исклучок на „категориите на победените во војната капиталистички монополи“, според тврдењето на Г. В. Чичерин, била замена на „претходната многуобразност на националните држави: силни, слаби, зависни, колонијални“.

[53] Чичерин Г. Против тезисов тов. Сталина // Правда. 1921 г. 6 марта.
[54] Чичерин Г. Против тезисов тов. Сталина // Правда. 1921 г. 6 марта.

И во таа борба на „светски капиталистички антагонизми“ со „голема леснотија“ се применувала „формулата за самоопределување“ како „сеопшта формула“. Според тоа, сметал Г. В. Чичерин, „формулата за самоопределување“, која „во различни ситуации и од различни гледни точки добива различна содржина и квалитет“, не можела да остане парола на „Руската работничко-селанска револуција“[55].

„Како резултат на неточна анализа – заклучил Г. В. Чичерин – др. Сталин прави неточни заклучоци. Во периодот на надимперијализмот, капитализмот [не] страда од отсуство на сопствено решавање на националното прашање. Во овој период постојат две решенија на националното прашање: реакционерно, кое се состои во обединувањето на сопственичките елементи на различни националности, на општи интереси на финансиската група и на борба против ривалската финансиска група и против работничките маси, и комунистичко, советско, исто како што постојат и две решенија на проблемот со општествениот поредок, ’железната петица‘ и комунизмот“[56].

И. Сталин му одговорил на Г. В. Чичерин директно на Конгресот на партијата. Настапувајќи во дебата за извештајот, И. Сталин од негова гледна точка посочил четири грешки на опонентот:

„Само што ја добив белешката со молба да одговорам на статиите на др. Чичерин. Другари, јас сметам дека од статиите на Чичерин, кои јас ги прочитав внимателно, ништо освен литературштина не испадна. Таму постојат четири грешки или недоразбирања. Прво, др. Чичерин е наклонет да ја негира противречноста меѓу империјалистичките групи и држави, кои постојат и предизвикуваат понекогаш војна (Франција, Америка, Англија, Јапонија и др.). Тој го преценил моментот на обединување на империјалистичките врвови и ги потценил противречностите што постојат во рамките на ова монополистичко обединување. Меѓутоа, тие противречности постојат и врз нив се базира дејноста на Народниот

[55] Чичерин Г. Против тезисов тов. Сталина // Правда. 1921 г. 8 марта.
[56] Чичерин Г. Против тезисов тов. Сталина // Правда. 1921 г. 9 марта.

комесаријат. Потоа др. Чичерин прави втора грешка. Тој ги потценува противречностите што постојат меѓу доминантните големи држави и неодамна создадените национални држави: Чехословачка, Полска, Финска и др., кои се наоѓаат во финансиското и военото потчинување кај тие држави. ... Смислата на постоењето на Народниот комесаријат се состои во тоа да се земат предвид сите тие противречности, да се базира врз нив, да се лавира во рамките на тие противречности. Неверојатно, но др. Чичерин го потценил овој момент. Третата грешка на др. Чичерин е во тоа што тој многу зборува за националното самоопределување, кое навистина се претвори во празна парола што комотно ја користат империјалистите. Др. Чичерин на чуден начин заборавил дека ние се збогувавме со таа парола пред две години. Таа парола повеќе не постои во нашата програма. Во Програмата станува збор не за национално самоопределување – апсолутно аморфна парола – туку за попрецизна и јасно определена парола – за правото на народите на државно отцепување. Тоа се две различни работи. ... Но, таа парола за нас во сегашниот момент на интензивирање на ослободителното движење во колонии е револуционерна парола. ... Четвртото недоразбирање – тоа е отсуство на практични укажувања во статиите на др. Чичерин“[57].

На забелешките Г. В. Чичерин не одговорил, но и од сопствената позиција не се откажал.

Неуспехот на Г. В. Чичерин на дискусијата на Конгресот не се објаснува со безусловна поддршка од делегатите на позицијата на И. Сталин. Со критика на тезите и на извештајот на И. Сталин настапиле В. П. Затонски и А. И. Микојан.

В. П. Затонски, исто како и Г. В. Чичерин, го привлекол вниманието на „безвремениот“, неактуелен карактер на тезите на И. Сталин: „Тие тези како да се пишувале надвор од времето и просторот. Во принцип, тие би можеле да се напишат и до Октомвриската револуција, и во 1917 год. по Октомвриската револуција, и во 1919 год., и во 1918 год.“[58]

---

[57] Десятый съезд РКП (б). Март 1921 г. М., 1933. С. 189-190.
[58] Десятый съезд РКП (б). Март 1921 г. М., 1933. С. 205.

Но, и В. П. Затонски и А. И. Микојан, кои настапиле во дискусијата за извештајот на И. Сталин, го заобиколиле внимателно проблемот на самоопределувањето, затоа што нив, како и други делегати на Конгресот, ги тревожеле проблемите во внатрешната политика, а не во надворешната. Од гледна точка на внатрешната политика, националното прашање, како што нагласил А. И. Микојан, веќе не се наоѓало „во сферата на реализацијата на националната слобода или државното оформување на нациите", а се наоѓало „имено, исклучиво во сферата на спроведувањето на тие права во практика, кои се прогласени од советската влада, и во сферата на изработката на определени форми на политички развој на тие покраини"[59].

Веројатно, со оглед на расположението на учесниците на Конгресот, Г. В. Чичерин бил свесен за непродуктивноста на дискусијата со И. Сталин и се откажал од неа.

На таков начин, X конгрес на РКП (б) ја оставил „формулата за 'самоопределување'" во арсеналот на паролите на партијата и на советската држава.

Објаснувањето на потребата од зачувување на паролата „право на нациите на самоопределување", која веќе се означувала како „право на националностите на самостојно државно постоење"[60], И. Сталин, во суштина, го дал во април 1923 год. на XII конгрес на РКП (б).

На Конгресот, И. Сталин укажал на неискористената „резерва" на револуцијата – „источните колонијални и полуколонијални држави". „Едно од двете – потцртал И. Сталин – или ние длабоката заднина на империјализмот (источните колонијални и полуколонијални држави) ќе ја разбудиме, ќе ја револуционизираме, и со тоа ќе го забрзаме падот на империјализмот, или ние ќе промашиме овде, и со тоа ќе го зајакнеме империјализмот, и со тоа ќе ја ослабиме силата на нашето движење. Така стои прашањето. Работата е во тоа што на нашиот сојуз на републики целиот Исток гледа како на

[59] Десятый съезд РКП (б). Март 1921 г. М., 1933. С. 210.

[60] Новата формула произлегла од позицијата на И. Сталин, изразена на X конгрес на РКП (б), дека партијата со решенијата од VIII конгрес ја заменила паролата „право на нациите на самоопределување" со „право на народите на државно отцепување".

експериментално поле. Или ние во рамките на овој сојуз ќе го решиме правилно националното прашање од гледна точка на неговото применување во практика, ... или ние овде, во состав на целата федерација, ќе направиме грешка, ќе ја поткопаме довербата на порано потиснатите народи кон пролетаријатот на Русија, ќе ја одземеме од Сојузот на Републиките таа привлечна сила во очите на Истокот, која тој ја има – и тогаш ќе дојде до победа на империјализмот, а ние ќе изгубиме. Во тоа е меѓународното значење на националното прашање“[61].

Поврзувањето на националното прашање со револуционерната перспектива, како што често посочувал И. Сталин, „е основната суштина на болшевичкиот пристап кон националното прашање“[62], и во тоа немало ништо ново. Разликата на XII конгрес, во однос на двата претходни, кои се обраќале кон националното прашање – VIII и X, била во констатацијата за „зголемувањето на значењето на таквите тешки резерви на револуцијата“ какви што биле источните држави[63].

Со други зборови, според тврдењето на И. Сталин, по 1921 год. „револуционерните перспективи“ биле поврзани не толку со државите на Западот колку со државите на Истокот, а за државите на Истокот не биле револуционизирачки класните идеи, туку националните. Следствено, „формулата за ’самоопределување‘“ не можела да биде оттурната, бидејќи таа се сметала за клучна за револуцијата.

Овој пат, за разлика од X конгрес, никој не му се спротивставил на И. Сталин. Делегатите, кои настапиле во дискусии за извештајот на И. Сталин, повторно биле концентрирани над проблеми на внатрешната национална политика. Се решавало прашањето за градење на СССР – дали новата држава ќе стане „единствена и неделива“ како Руската Империја или ќе биде федерација на РСФСР, Белорусија,

---

[61] Двенадцатый съезд Российской коммунистической партии (большевиков). Стенографический отчет. 17-25 апреля 1923 г. М., 1923. С. 440.
[62] Сталин И. К национальному вопросу в Югославии. Речь в югославской комиссии ИККИ 30 марта 1925 г. // Сталин И. Сочинения в 16 т. Т. 7.
[63] Двенадцатый съезд Российской коммунистической партии (большевиков). Стенографический отчет. 17-25 апреля 1923 г. М., 1923. С. 439.

Украина, Закавказје? Суштината на таа дискусија прецизно ја изразил Х. Г. Раковски: „Јас се сеќавам на еден многу карактеристичен збор на др. Сталин. Кога јас се вратив од странство по прифаќањето на Програмата за Сојузот, др. Сталин ми рече: ’Знаете, многумина ме прашувале: дали е тоа за долго време, можеби е тоа дипломатски чекор?‘. Да, другари, целата национална политика, целата наша советска влада во меѓусојузните односи кај повеќето од нас, во Украина, и овде, во Русија, повеќе се разбирале како одредена стратешка, дипломатска игра: ’Имајте милост, ние уште од времето на Октомврискатa револуција го имаме решено националното прашање; нашата држава е комунистичка, ние сите сме за интернационализам‘. Кажете, другари, колкумина од вас можат да кажат во што, имено, Октомврискатa револуција го решила националното прашање?“[64]

Самиот Х. Г. Раковски и други како него ја разгледувале „Декларацијата за правата на народите на Русија“ како програма за дејствија, а не како тактички маневар. Но, тие претставувале малцинство во споредба со доминантното мнозинство, кое не на зборови, туку на дело било насочено кон создавање или кон воскреснување на „единствена и неделива“, и чија позиција ја изразувал И. Сталин.

Дискусијата меѓу Х. Г. Раковски и И. Сталин се продолжила во јуни 1923 год. за време на четвртото советување на ЦК на РКП (б) со одговорни лица на националните републики и области[65]. Но, тоа, пак, се завршило не во полза на Х. Г. Раковски, т.е. не во полза на тие што ја бранеле неопходноста од зачувување на независноста на републиките во Сојузот во однос на центарот.

По усвојувањето на Уставот на СССР во јануари 1924 год., не останало место за илузии. Периодот на пребарувања завршил. Имено, од оваа причина, по

[64] Двенадцатый съезд Российской коммунистической партии (большевиков). Стенографический отчет. 17-25 апреля 1923 г. М., 1923. С. 529.

[65] Тайны национальной политики ЦК РКП. Четвертое совещание ЦК РКП с ответственными работниками национальных республик и областей в г. Москве 9-12 июня 1923 г. Стенографический отчет. М., 1992. (воспроизведено по тексту 1-го издания 1923 г.).

XII конгрес, партиските конгреси повеќе не се обраќале кон националното прашање.

Дискусиите за „правото на нациите на самоопределување“ или за „правото на националностите на самостојно државно постоење“ се преместиле во Коминтерната.

### *Разлика во позициите на Коминтерната и НКИД*

Тргнувајќи од поврзаноста на националното прашање и „револуционерната перспектива“[66], V конгрес на Коминтерната (јуни-јули 1924 год.) одобрил резолуција за националното прашање на Средна Европа и Балканот. Во Резолуцијата на комунистичките партии, формирани по Првата светска војна, била поставена задача: паролата „право на секој народ на самоопределување до отцепување“ да се трансформира во паролата: „државно отцепување на потиснатите народи од Полска, Романија, Чехословачка, Југославија, Грција“[67].

На таквата крајна форма на изразување на паролата „право на националностите на самостојно државно постоење“ изреагирал народниот комесар за надворешни работи Г. В. Чичерин. Обраќајќи се до Д. З. Мануилски[68], Г. В. Чичерин забележал: „Во Прага се дигна голема бура поради некоја непозната за мене Резолуција на V конгрес на КИ за националното прашање, која наводно пропишала да се агитира за отцепување на германската Бохемија од

[66] Л. Троцки во своето писмо „Што понатаму?“, адресирано до VI конгрес на Коминтерната, потцртал: „Раководството упорно тврдело дека револуционерната ситуација продолжува да се развива и дека решавачки битки ќе има во блиска иднина. *Врз таа апсолутно лажна процена била заснована целата ориентација на V конгрес во средината на 1924 година*“ – Коминтерн и идея мировой революции. Документы. М., 1998. Док. № 168. С. 678.

[67] Резолюция по национальным вопросам Средней Европы и Балкан // Пятый всемирный конгресс Коммунистического Интернационала – 17 июня-8 июля 1924 года. Стенографический отчет. М.-Л., 1925. Ч. 2. С. 123-128.

[68] Д. З. Мануилски на V конгрес на Коминтерната го претставил основниот извештај за националното прашање. Во септември 1924 год. тој бил член на Президиумот на ИККИ.

Чехословачка[69]. Тоа е апсолутно неразбирливо за мене, затоа што ние никогаш не сме држеле до таа гледна точка. Во 1913 год. Владимир Илич патувал низ различни држави со реферат за националното прашање, каде што едно од главните размислувања било дека ако ние сме за право на отцепување, тоа не значи дека ние агитираме за отцепување. Тој го појаснил тоа со пример: ако ние признаваме дека жената има право на развод, тоа не значи дека ние агитираме за тоа жената да се разведе. Од каде се појавила таа нова резолуција, која останала апсолутно незабележана?“[70]

Со изразување збунетост во врска со „агитацијата за отцепување“, Г. В. Чичерин пројавил или неинформираност или несогласување со толкувањето на И. Сталин во однос на паролата „право на нациите на самоопределување“ како „право на националностите на самостојно државно постоење“, или и едното и другото. Причината за тоа била во непроменливоста на погледите на Г. В. Чичерин, изразени во 1921 год. во статијата „Против тезите на Сталин“.

Така, Г. В. Чичерин одбегнувал употреба на „формулата за ’самоопределување‘“, внимателно одбирајќи ги поимите способни да ја заменат. На пример, во јуни 1924 год. при подготовката во рамките на Балканската комисија на „инспирирана статија“, која се однесувала на ВМРО, Г. В. Чичерин предложил да се замени изразот „независна Македонија“ како „неточен“ на „автономијата на Македонија“[71].

Скрупулозноста на Г. В. Чичерин се објаснувала, најверојатно, со приоритетноста за него на „отворена“ дипломатија, во споредба со „илегална“ дипломатија и со неговите сопствени убедувања[72], кои, очигледно, по тоа прашање не се совпаѓале со позицијата на И. Сталин.

---

[69] Пятый всемирный конгресс Коммунистического Интернационала. Стенографический отчет. М.-Л., 1925. Ч. 2.

[70] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 3 к док. бр. 70.

[71] АВП РФ. Ф. 04. Оп. 7. Папка 61. Д. 831. Л. 41; Национальный вопрос на Балканах через призму мировой революции. М., 2003. Ч. 2. Док. № 6.

[72] М. М. Литвинов, кој дошол на местото на Г. В. Чичерин, не одбегнувал употреба на „правото на нациите на самоопределување“ во пропагирање на принципите на надворешната политика на СССР. Така, настапувајќи во

И. Сталин во својот говор пред Југословенската комисија на ИККИ одржан на 30 март 1925 год., иако потцртал дека „правото“ не е „задолжение“, одново укажал на неопходноста комунистичките партии да ја издигнат паролата „право на нациите на самоопределување“ како „право на секоја националност на отцепување и самостојно државно постоење“ во однос на „револуционерната перспектива“[73].

Завршувањето на периодот на „револуционерните очекувања“ довело до формализирање на паролата „право на нациите на самоопределување“ и од страна на Коминтерната. Тоа станало очигледно за време на дискусијата за Програмата на Коминтерната на Пленумот на ЦК на СКП (б) во јули 1928 год. Одговарајќи на забелешката на Н. А. Скрипник „по повод националното прашање“, И. Сталин укажал: „Др. Скрипник нема зошто да тврди дека проектот на Програмата не ги зема предвид националните моменти на револуционерното движење. Прашањето за колониите е, во суштина, национално прашање. Во проектот на Програмата доволно јасно се зборува за империјалистичкото потиснување, за потиснувањето во колониите, за националното самоопределување, за правото на нациите и колониите на отцепување итн.“[74]

Во забелешката на И. Сталин биле споени во едно националните и колонијалните прашања, и тоа во поголема

---

Советот на Друштвото на народите, на 17 јануари 1935 год., во однос на саарското прашање, М. М. Литвинов укажал:

„Јас чувствувам длабоко задоволство дека ние можеме денес да регистрираме случај на успешна примена на правото на самоопределување на народите, кое претставува еден од основните принципи на меѓународната политика на мојата влада. Применувањето на овој принцип треба да го има предвид претежно определувањето на националноста и на државната припадност на поголем дел од населението на одредена територија.

Повеќето од жителите на Саар јасно рекоа дека тие сакаат да останат Германци и да ја споделат судбината на своите сонародници; и ние немаме што друго да направиме освен да го прифатиме со почит тоа решение и да му честитаме на германскиот народ за враќањето на неговите саарски синови“ – Литвинов М. М. Внешняя политика СССР. Речи и заявления. 1927-1935. М., 1935. С. 91-92.

[73] Сталин И. К национальному вопросу в Югославии. Речь в югославской комиссии ИККИ 30 марта 1925 г. // Сталин И. Сочинения в 16 т. Т. 7.

[74] Коминтерн и идея мировой революции. Документы. М., 1998. Док. № 167. С. 672.

мера го потврдило заклучокот на Н. А. Скрипник отколку што го побило.

Признавањето во Програмата на Коминтерната на „правото на сите нации, независно од нивната расна припадност, на целосно самоопределување до државно отцепување“[75] имало единствено функционално значење – имено, го потврдувало придржувањето на комунистичките партии на „борбата за национално ослободување на народите“, оставајќи место за можни маневрирања.

На таков начин, за РСДРП (б) – РКП (б) – СКП (б) „правото на нациите на самоопределување“, со исклучок на периодот 1917-1919 год., било не повеќе од парола. Но, пристапите на партијата кон дадената парола до 1917 год. суштински се разликувале од пристапите во подоцнежните години.

Имено, до 1917 год. „право на нациите на самоопределување“ за партијата претставувало програмска парола, која во случај на преземање на власта се планирало да биде трансформирана во принцип на политиката. Во врска со тоа, партијата не само што ја издигала паролата туку и обрнувала внимание на разоткривањето на нејзината содржина, т.е. на определувањето субјект-носител на „правото на самоопределување“, на формите на реализација на „самоопределувањето“ итн., притоа не испуштајќи ја од предвид потчинетоста на паролата „право на нациите на самоопределување“ во однос на интересите на „класната борба“.

По 1917 год., под интереси на „класната борба“ се подразбирале интересите за зачувување на власта од партијата. Оваа околност станала една од основните причини за откажување на примената на „правото на нациите на самоопределување“ како принцип на политиката. Со создавањето на СССР, „правото на нациите на самоопределување“ и други принципи, прогласени од „Декларацијата за правата на народите на Русија“, биле не повеќе од пропагандни пароли, главно, од надворешнополитички карактер.

[75] Программа и Устав Коммунистического Интернационала. М., 1937. С. 35.

## II. „ИЛЕГАЛНАТА“ ДИПЛОМАТИЈА НА СССР

### *Откажување од „тајната“ дипломатија*

Вториот серуски конгрес на Советите на работничките и селанските депутати на 26 октомври (8 ноември) 1917 год. го прифатил декретот од уставно значење – Декрет за мир. Во советската историографија посочениот декрет се оценувал како „најважен програмски надворешнополитички документ на советската власт“, како документ кој ги одредувал основите на надворешната политика на СССР.

Во однос на „тајната“ дипломатија, во Декретот за мир било наведено:

„Владата ја укинува тајната дипломатија, изразувајќи, од своја страна, цврста намера да ги спроведува сите преговори апсолутно отворено пред целиот народ, почнувајќи итно целосно објавување на тајните договори, кои беа потврдени или склучени од Владата на земјопоседници и капиталисти од февруари до 25 октомври 1917 год. Владата објавува дека ќе биде безусловно и итно укината целата содржина на тие тајни договори, доколку таа е насочена, како што беше во поголем број случаи, кон стекнување придобивки и привилегии на руските земјопоседници и капиталисти, кон зачувување или зголемување на анексијата на великорусите“[76].

„Укинувањето на тајната дипломатија е најпрв услов за чесна, народна и реално демократска надворешна политика. Советската влада си постави задача да ја спроведе таквата политика во практика. Имено, затоа, предложувајќи им отворено на сите народи што водат војни и на нивните влади итно примирје, ние истовремено ги објавуваме тие договори и спогодби што изгубиле секаква задолжителна сила за руските работници, војници и селани, кои ја преземаа власта“[77] – повторил Л. Д. Троцки во статијата „Тајната дипломатија

[76] Декрет II Всероссийского съезда Советов о мире, 26 октября (8 ноября) 1917 года – *http://law.edu. ru*

[77] Троцкий Л. Тайная дипломатия и тайные договоры // Известия. 10 ноября 1917 г.

и тајните договори“, објавена во весникот „Известија“ во ноември 1917 год.

Во периодот од ноември до декември 1917 год. основниот дел на тајните договори бил публикуван во весниците „Правда“, „Известија“ и „Рабочий солдат“ (Работнички војник). Во декември 1917 год. се појавиле првите четири броја на „Зборникот на тајните документи од Архивот на бившото Министерство за надворешни работи“, во јануари 1918 год. биле издадени следните два броја (петтиот и шестиот), а заклучниот седми број излегол во февруари 1918 год.[78]

Пропагандното влијание на посочениот чекор било непобитно.

Неслучајно, претседателот на САД, В. Вилсон, презентирајќи ја на Конгресот во 1918 год. „Програмата за сеопшт мир“, позната како „Четиринаесет точки“, посочил: „Отворени мировни договори, отворено продискутирани, по кои нема да има никакви тајни меѓународни спогодби од каков било вид, а дипломатијата секогаш ќе дејствува отворено и пред очите на сите“[79].

Како резултат на тоа, со „Статутот на Друштвото на народите“, влезен во Версајскиот мировен договор од 1919 год., поточно со параграф бр. 18, се предвидувало следново: „Сите меѓународни договори или меѓународни спогодби што ќе се склучуваат во иднина од член на Друштвото треба да бидат итно регистрирани од Секретаријатот и колку е можно побрзо публикувани. Ниту еден од тие меѓународни договори или спогодби нема да стане задолжителен додека не биде регистриран“[80].

Што се однесува на партијата на болшевиците, за неа, како што е познато, не постоеле какви и да било „категорички

[78] Воронина И. А. Первые публикации Народного Комиссариата по иностранным делам (1917-1918 гг.) // Международная жизнь. 2003. № 2.
[79] Системная история международных отношений в четырех томах. 1918-2000. Т. 2. Документы 1910-1940-х годов. М., 2000. С. 27.
[80] *http://www.istorik.ru/library/documents/nation*

императиви“[81]. Во периодот од 1939 до 1940 год. Советскиот Сојуз, активно користејќи ги методите на „тајната“ дипломатија, го докажал тоа во практика. Едноставно до 1939 год. СССР немал објективни услови за спроведување на „тајната“ дипломатија. Но тоа не значело дека СССР не се занимавал со „подземна“, „илегална“ дејност.

## *Идејата за „светска револуција“ и теоријата за изградба на социјализмот во една посебна држава*

„Илегалната“ дејност на СССР во почетокот на неговото постоење била насочена кон предизвикување „пожар“ на светската револуција.

Револуцијата во Русија се сметала за прв чекор на патот кон светската револуција. „Самиот Карл Маркс – според тврдењето на Е. Хобсбаум – на крајот на животот се надевал дека Руската револуција ќе послужи како некој детонатор, кој ќе предизвика пролетерска социјалистичка револуција во индустриски поразвиените држави, каде што веќе постоеле сите услови за неа“[82]. Никој, со исклучок на најочајните романтичари, не верувал во можноста за изградба на социјалистичко општество во толку заостаната држава како Русија. Во мај 1924 год. И. Сталин во брошурата „За основите на ленинизмот“ напишал: „...Да се урне власта на буржоазијата и да се прогласи власта на пролетаријатот во една држава, уште не значи да се обезбеди целосна победа на социјализмот. Главната задача на социјализмот – организирање на социјалистичкото производство – останува напред. Можно ли е да се најде решение за таа задача, можно ли е да се постигне

[81] Според записот на В. Коларов за советско-бугарско-југословенската средба кај И. Сталин на 10 февруари 1948 год., И. Сталин го изјавил следново: „Вие не треба да се плашите од некаков ’категорички императив‘ по прашањето за морална обврска. Ние ги немаме таквите категорички императиви. Целото прашање се состои во балансот на силите. Ако ти си во состојба – удри. Ако не – не го примај бојот. Ние прифаќаме бој не тогаш кога сака противникот, туку тогаш кога тоа е во нашите интереси“.

[82] Хобсбаум Э. Эпоха крайностей: Короткий двадцатый век (1914-1991). М., 2004 // *krotov.info/history/20/iz_istori/hobsbaum_00.htm*

дефинитивна победа на социјализмот во една држава, без заеднички напори на пролетаријатите на неколку водечки држави? Не, не е можно... За дефинитивна победа на социјализмот, за организирање на социјалистичкото производство, не се доволни напорите на една држава, посебно на таква селанска држава како Русија – за тоа се неопходни напорите на пролетаријатите на неколку водечки држави“[83].

Можноста за светска револуција до средината на 20-тите години на XX век се претставувала како доволно реална. Така, во јануари 1918 год. низ Западна Европа поминал бран од масовни политички штрајкови и антивоени демонстрации; во ноември 1918 год. со нападот на морнарите и на војниците врз морската база во Кил започнала Германската револуција. Следната година, 1919, станала година на подем на социјалните движења на Западот. Премиер-министерот на Велика Британија, Лојд Џорџ, обраќајќи се во 1919 год. кон францускиот премиер Клемансо и кон претседателот на САД, Вилсон, укажал: „Цела Европа е напоена со духот на Револуцијата. Длабоко чувство не само на незадоволство, но и на гнев и негодувања царува во работничката средина против довоените услови. Од едниот крај на Европа до другиот целиот современ строј со неговиот политички, социјален и економски поредок повеќе не ги задоволува масите“[84]. По краток период на стивнување, комунистите во 1923 год. се обиделе да иницираат вооружени востанија во Бугарија и во Германија. Поразите на последниве предизвикале опаѓање на револуционерниот бран во Европа.

Од средината на 20-тите години до 1927 год. надежите на револуционерните перспективи се сврзувале со азиските земји, најнапред со Кина. „Но дури и кога немало докази дека Истокот уште не созреал за пролетерска револуција, надежите на Азија не можеле да го компензираат неуспехот на револуциите на Западот“[85].

---

[83] Сталин И. В. Об основах ленинизма // *petrograd.biz/**stalin**/6-14.php*
[84] Правда. 1989. 3 март.
[85] Хобсбаум Э. Эпоха крайностей: Короткий двадцатый век (1914-1991). М., 2004 // *krotov.info/history/20/iz_istori/hobsbaum_00.htm*

Неуспесите во Европа го поставиле пред партијата на болшевиците прашањето за можностите за изградба на социјализмот во СССР при отсуство на победнички социјалистички револуции во другите држави.

Во декември 1924 год. И. Сталин во трудот „Октомвриската револуција и тактиката на руските комунисти" веќе недвосмислено укажал на неопходноста од преразгледување на утврдената гледна точка во однос на „светската револуција":

„Порано обично мислеле дека револуцијата ќе се развива по пат на рамномерно 'созревање' на елементите на социјализмот, најнапред во поразвиените, во 'напредните' држави. Сега таа претстава има потреба од суштински промени"; „Најверојатно светската револуција ќе се развива по пат на револуционерно отпаѓање на низа нови држави од системот на империјалистичките држави при поддршка на пролетерите на тие држави од страна на пролетаријатот на империјалистичките држави. Ние сме сведоци дека првата држава што отпадна, првата држава-победничка е веќе поддржана од работниците и од трудбеничките маси на други држави. Без таа поддршка, таа не би можела да се одржи. Несомнено, поддршката ќе се засилува и ќе се зголемува. Но, несомнено, исто така, и тоа што самиот развиток на светската револуција, самиот процес на отпаѓање на низа нови држави од империјализмот ќе се случува толку побрзо и потемелно колку што потемелно ќе се зајакнува социјализмот во првата победничка држава, колку што поскоро таа држава ќе се претвори во база за натамошно разгрнување на светската револуција, во лост за натамошно разлагање на империјализмот"[86].

Со други зборови, И. Сталин предложил да се промени доминантата во заемно поврзаниот, па дури и заемно обусловениот пар „светската револуција – изградбата на социјализмот во СССР". Според неговото становиште, основен услов за „натамошното проширување на светската револуција"

[86] *petrograd.biz/**stalin**/6-16.php*

требало да биде успешноста на изградбата на социјализмот во СССР, а не обратно.

Но, претставувајќи ги „светската револуција“ и „изградбата на социјализмот во СССР“ како заемно обусловен пар, И. Сталин, во исто време, сметал дека е неопходно прашањето за победата на социјализмот да го расчлени на два составни дела:

– прашање за „дефинитивна“ победа на социјализмот во СССР како „целосна гаранција од реставрацијата на капиталистичкиот поредок“, што не би можело да се постигне без победа на социјалистичката револуција во другите држави и

– прашање за „целосна“ победа на социјализмот, која би можела да се постигне и без победа на социјалистичката револуција во другите држави[87].

Според тоа, еден сегмент од прашањето за победата на социјализмот – прашањето за „целосна“ победа на социјализмот – бил издвоен како самостоен од заемно обусловениот пар „светската револуција – победата на социјализмот“ и повеќе не се поврзувал со проблемот на „светската револуција“.

Тие заклучоци биле вклучени во проект-тезите на Г. Е. Зиновјев за Проширениот пленум на ИККИ, подготовен за XIV конференција на РКП (б) (април 1925 год.). Комисијата во состав: И. Сталин, Бухарин, Каменев, Риков и самиот Зиновјев – го внесла 9. параграф, во кој, меѓу другото, било наведено:

„Во принцип, победа на социјализмот (не во смисла на дефинитивна победа) е безусловно можна во една држава“; „...постоењето на два директно спротивставени општествени система предизвикува постојана закана од капиталистичка блокада, од други форми на економскиот притисок, од вооружена интервенција, реставрација. Единствена гаранција за дефинитивна победа на социјализмот, т.е. гаранција од реставрацијата, според тоа, е победоносна социјалистичка револуција во неколку држави. Од тоа на ниту еден начин не произлегува дека е неможна изградба на целосно социјалистичко општество во толку заостаната држава како Русија,

[87] *petrograd.biz/**stalin**/6-16.php*

без ’државна помош‘ (Троцки) на поразвиените држави во техничко-економска смисла“; „...државата на работничката диктатура, која е основна база за меѓународна револуција, треба себеси да се разгледува како нејзин моќен лост и помошно средство; од друга страна, доминантната партија на пролетаријатот во таа држава треба да вложи напори за да се гради социјалистичко општество со увереност дека тоа градење може да биде и навистина ќе биде победоносно, доколку таа држава е заштитена од сите обиди за реставрација“[88].

Посочените констатации влегле во Резолуцијата „За задачите на Коминтерната и РКП (б) во врска со Проширениот пленум на ИККИ“, утврдена од XIV конференција на РКП (б)[89].

Расчленувањето на прашањето за победата на социјализмот на два составни дела (прашање за „целосна“ и прашање за „дефинитивна“ победа на социјализмот) на И. Сталин и на неговите следбеници им служело како доказ за нивната приврзаност кон идејата за „светска револуција“. Според теоријата на И. Сталин, еден од сегментите на прашањето за изградбата на социјализмот – прашањето за „дефинитивна“ победа на социјализмот – директно се поврзувал со „светската револуција“. Од ова произлегувало дека заемно обусловениот пар „светската револуција – изградбата на социјализмот во СССР“ не бил идентичен со дихотомијата „светската револуција – не-светската револуција“, и, според тоа, поместувањето на акцентот врз изградбата на социјализмот во СССР не значело откажување од идејата за „светска револуција“.

Но за приврзаниците на идејата за „светска револуција“, меѓу кои, во прв ред, бил Л. Д. Троцки[90], поимот „изградба на

---

[88] Коминтерн и идея мировой революции. Документы. М., 1998. Док. № 151. С. 571-573.

[89] КПСС в резолюциях и решениях съездов, конференций и пленумов ЦК. Т. 3. 1924-1927. Изд. 8-е, дополн. и исправл. М., 1970. С. 392.

[90] Треба да се забележи дека францускиот историчар Н. Верт во „Историјата на советската држава. 1900-1991“ ја негира прифатената гледна точка, тврдејќи: „Реално, Троцки (особено ако се земе предвид неговиот извештај од март 1926 год., посветен на политиката што би требало да се спроведува во Кина) ја застапувал линијата на многу внимателна надворешна политика, која, најнапред, би ги штитела државните интереси на СССР – макар и на

социјализмот во СССР“ бил интегрален дел од категоријата „светска револуција“. Изделувањето на поимот „целосна победа на социјализмот“ во вид на самостоен сегмент априори влегувало во конфликт со теоријата на Л. Д. Троцки за „перманентна револуција“, според која: „Руската револуција, слабата алка во синџирот на капитализмот, нема да биде сигурно заштитена додека заканата од империјалистичката интервенција не биде исклучена со револуцијата во индустриски развиените држави на Западот“[91].

Анализирајќи ги меѓународните настани, Л. Д. Троцки дошол до заклучок за нестабилноста на „стабилизацијата“ во една од „најуспешните“ капиталистички држави – во Велика Британија. Во 1925 год. во книгата „Каде оди Англија?“ тој констатирал дека ако Европа, вклучувајќи ја и Англија, постигне социјална рамнотежа за подолг или покус период, сепак, таа нема да може да го постигне тоа без низа најсериозни класни судири[92]. Фактот дека неколку месеци по објавувањето на книгата започнал штрајкот на рударите, кој прераснал во

штета на револуционерните сили, во овој случај во Кина“. Н. Верт смета дека претставата за Троцки како последователен приврзаник на идејата за „светска револуција“ се утврдила благодарение на „блескаво“ организираната од И. Сталин „кампања за дезинформирање“ – Верт Н. История советского государства. 1900-1991. М., 2002. С. 266-267.

За да се докаже спротивното, доволно е да се наведе само писмото на Л. Д. Троцки за VI конгрес на Коминтерната – „Што понатаму?“ (од јули 1928 год.). Во писмото, меѓу другото, Л. Д. Троцки укажал: „Судбината на Советска Република е неодделива од судбината на светската револуција. … Без правилна политика на Коминтерната, меѓународната револуција ќе се одложи за неодредено историско време – а времето решава. Што е изгубено од меѓународната револуција, тоа е добиено од буржоазијата. Изградбата на социјализмот е натпревар на советската држава не со внатрешната буржоазија, туку со светската, врз основа на светската класна борба“ – Коминтерн и идея мировой революции. Документы. М., 1998. Док. № 151. С. 683.

Притоа, не е можно да не се прифати забелешката на Н. Верт дека позициите на И. Сталин и на Л. Троцки „биле многу посложени и пософистицирани отколку што се прикажуваат“ – Верт Н. История советского государства. 1900-1991. М., 2002. С. 266.

91 Городецкий Г. Выработка советской внешней политики: идеология и „реальная политика“ – во: Советская внешняя политика в ретроспективе. 1917-1991. М., 1993. С. 9.

92 *http://trst.narod.ru/rogovin/t1*

сеопшт штрајк на англиската работничка класа, Троцки го користел како доказ за точноста на сопствените заклучоци.

Л. Д. Троцки настојувал да докаже дека секоја револуционерна ситуација треба да се искористи до крај, затоа што „судбината на Советската Република е неодделива од судбината на светската револуција“[93]. Откажувањето од идејата за „светска револуција“, според неговото мислење, значело раскинување „со сите традиции на марксизмот и ленинизмот“ и преоѓање на позицијата на „социјалпатриотизмот“.

До XIV конгрес на РКП (б) – СКП (б), кој се одржал во декември 1925 год., редовите на несогласните со позицијата на И. Сталин за теоријата на изградбата на социјализмот во СССР се пополниле со таканаречената „нова опозиција“, на чело со Л. Б. Каменев и Г. Е. Зиновјев. На XIV конгрес „новата опозиција“ отворено ја искритикувала тезата за можноста за победа на социјализмот во СССР како изразување на „националната ограниченост“.

Во април 1926 год. опозицијата се обединила. Л. Д. Троцки истакнал три периоди во „историјата на опозицискиот блок“: 1. од април до октомври 1926 год.; 2. од 16 октомври до 8 август 1927 год.; 3. од 8 август до XV конгрес на СКП (б). Тоа биле периоди на активизација на дејноста на опозицијата, кои се завршувале еднакво – со „покајнички изјави“[94]. Тие „покајнички изјави“ противниците на опозицијата ги претставувале како признание од страна на опозицијата на сопствените грешки и нејзиното ветување да се откаже од фракционата работа. Опозицијата се оправдувала со

[93] Коминтерн и идея мировой революции. Документы. М., 1998. Док. № 168. С. 683.
До крајот на својот живот Л. Д. Троцки тврдел дека „историското прашање: кој – кого? – не може да биде решено во национални рамки, дека внатрешните успеси или неуспеси само подготвуваат повеќе или помалку благопријатни услови за неговото решавање на светската арена“. – Троцкий Л. Д. Преданная революция: Что такое СССР и куда он идет? // *http://www.magister.msk.ru/library/trotsky/trot*

[94] „Покајнички изјави“ е израз на И. Л. Абрамович, искористен од него во книгата „Спомени и погледи“ („Воспоминания и взгляды“ (М., 2004. Т. 1)) // *www.sakharov-museum.ru/.../auth_pages4345.html*

тоа дека во своите изјави таа зборувала не за грешките, туку за клеветите[95].

Како и да е, но на XV конгрес на СКП (б), кој се одржал во декември 1927 год., со опозицијата било завршено. По разгледувањето на „Обраќањето на 121“ (обраќањето на 121 опозиционер), Конгресот го донесол следново решение: „Земајќи предвид дека несогласувањата меѓу партијата и опозицијата од тактички прераснаа во програмски, дека троцкиската опозиција објективно стана фактор на антисоветската борба, XV конгрес објавува дека припадноста кон троцкиската опозиција и пропагандата на нејзините ставови се неспојливи со членството во Болшевичката партија“[96].

Така, според решенијата на XV конгрес, партијата требало да се ослободи од оние што сметале дека „судбината на Советската Република е неодделива од судбината на светската револуција“, дека „изградбата на социјализмот е натпревар на советската држава не со внатрешната буржоазија, туку со светската, врз база на светската класна борба“[97].

Во периодот до 1928 год. приближно 1500 опозиционери биле уапсени и биле затворени. Во јануари 1928 год. Политбирото на ЦК на СКП (б) го прифатило решението за интернирање на лидерите на опозицијата кои сè уште не капитулирале во оддалечените области во државата. Таа мерка интернираните ја нарекле „сува гилотина“. Л. Д. Троцки се нашол во Алма-Ата, а Радек, Смилга, Серебрјаков, Белобородов, Евдокимов, Сосновски и други опозиционери – во различни градови и села на Сибир, Урал, Туркестан и други оддалечени места во државата.[98]

Победата на Сталиновата позиција во декември 1927 год. на XV конгрес на СКП (б) значела ***промена на парадигмата на надворешната политика на СССР***.

---

[95] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 163. С. 616.

[96] XV съезд, стен. отчет. Т. II. С. 1434.

[97] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 168. С. 683.

[98] Троцкий Л. Д. Архив в 9 томах (редактор-составитель Ю. Г. Фельштинский). Предисловие. Т. 1 // *http://lib.ru/TROCKIJ/Arhiv-Trotskogo_tl.txt_w*

Ако парот „светската револуција – изградбата на социјализмот во СССР“, со кој оперирал И. Сталин, се земе за основа, тогаш до признавањето на Сталиновиот концепт, предложен во декември 1924 год., во својство на единствено правилен, „светската револуција“ претставувала доминантата во посочениот пар. Одговорна институција за реализирање на идејата за „светска револуција“ била Коминтерната. И, според тоа, таа ја определувала главната, водечката линија на надворешната политика на СССР, која се реализирала преку „подземната“ или „илегалната“ дејност на Советскиот Сојуз. Другата линија на надворешната политика, позната како политика на „мирен соживот“, ја застапувал НКИД. Дејноста на НКИД била насочена кон обезбедување услови за изградба на социјализмот во СССР.

Доследен противник на посоченото „единство на спротивностите“ бил Л. Д. Троцки. Познатиот исказ на Л. Д. Троцки за затворањето на „дуќанчето“ НКИД[99] е концепциски. Како приврзаник на „светската револуција“, Л. Д. Троцки сметал дека е неопходно да се насочат сите сили за реализација на водечката линија во надворешната политика – на организирањето револуции најнапред во развиените држави.

Но Л. Д. Троцки и за тоа прашање бил во малцинство.

Г. В. Чичерин, кој ја презел должноста народен комесар од Л. Д. Троцки и кого Л. Д. Троцки го обвинувал за

[99] Изреката „Мојата работа е ситна: да се објават тајните договори и да се затвори дуќанчето“ на Л. Д. Троцки му ја припишал С. Пестковски (Пестковский С. Об октябрьских днях в Питере // Пролетарская революция. 1922. № 10. С. 99-100). Л. Д. Троцки не се одрекувал од наведениот исказ затоа што тој точно ја одразувал суштината на неговата позиција: „Еден од нив подоцна во своите спомени доволно сочно го пренесол разговорот со мене набрзо откако била формирана советската влада. ’Каква дипломатска работа ќе имаме? – му реков, според неговите зборови, – еве ќе објавам неколку револуционерни прогласи до народите и ќе го затворам дуќанчето‘. Мојот соговорник искрено беше огорчен поради недостигот на дипломатско сознание кај мене. Се разбира, јас намерно го поедноставив своето гледиште поради желбата да потцртам дека тежиштето сега не се наоѓа во дипломатијата“ (Троцкий Л. Д. Моя жизнь. Т. 2 – *http://www.marxists.org/russkij/trotsky/1929/m*). Но, за Л. Д. Троцки не само тогаш, во 1917 год., „тежиштето“ се наоѓало надвор од дипломатијата. Тоа била неговата константна позиција.

„ситнобуржоазноста“ во решавањето на проблемите на надворешната политика, се обидувал во дејноста на НКИД да ги избалансира посочените две линии на надворешната политика.

Бидејќи врзувањата во парот „светска револуција – Коминтерна“ и „изградба на социјализмот во СССР – НКИД“ не биле еднолиниски, НКИД освен реализирањето на својата основна задача – „обезбедување мирни услови за натамошно постоење на советската држава“[100] – учествувал и во спроведувањето на водечката линија на надворешната политика на Советскиот Сојуз, ориентирана кон „светската револуција“.

Раководителот на НКИД, Г. В. Чичерин, истовремено настапувал и во улога на народен комесар и во улога на револуционер. Сознавајќи ја посочената двојственост, Г. В. Чичерин се обидувал да ги разреши дилемите по пат на формално разграничување на двете свои дејности, но, сепак, тоа не го решавало проблемот со дуализмот.

Исклучиво само по XV конгрес на СКП (б), кој се одржал во декември 1927 год., настанала дефинитивна промена на доминантата во заемно обусловениот пар „светската револуција – изградбата на социјализмот во СССР“. Приоритетни станале националнодржавните интереси, чиј главен составен дел бил ***императив за зачувување на државата***[101].

Соодветно на тоа, НКИД се ослободил од отежнувачкиот за него дуализам и се изборил за „отцепување“ од Коминтерната. Коминтерната дефинитивно ја изгубила својата независност. Таа станала составен дел на советскиот

---

[100] Нежинский Л. Н. Зарождение доктринальных основ советской внешней политики (1917-1921) // Советская внешняя политика в ретроспективе. 1917-1991. М., 1993. С. 28.

[101] Треба да се одбележи дека „обезбедувањето сигурност на државата, запазувањето и зајакнувањето на нејзиниот суверенитет и територијалната целина“ се едни од главните задачи на надворешната политика на Руската Федерација, кои биле одредени „соодветно со највисокиот приоритет на националната безбедност – заштита на интересите на личноста, на општеството и на државата. // Концепция внешней политики РФ (2008 г.) – *http: // kremlin.ru/acts/785*

систем на чело со Политбирото на ЦК на СКП (б)[102]. Обраќајќи се кон Президиумот на ИККИ на 27 септември 1927 год., Л. Д. Троцки потцртал: „Сега ниту една организација не дискутира и не решава, туку само исполнува. Дури и Президиумот на Коминтерната не е исклучок“; „Основните прашања секако се решаваат надвор од Извршниот комитет и надвор од Президиумот на [Коминтерната]. Вие го знаете тоа подобро од мене“[103].

Пренесувањето на тежината врз „изградбата на социјализмот во СССР“ не значело целосно откажување од идејата за „светска револуција“, која се сметала за базична во „ленинизмот“. Таа само преминала во категорија на неодредена перспектива. Поимот „светска револуција“ испаднал од реториката на партиските и државните дејци на Советскиот Сојуз, останувајќи во арсеналот на паролите на Коминтерната.

## *Промена на политиката на Коминтерната*

Идејата за „светска револуција“ била основната причина за создавање на III, комунистичка, интернационала. Во Манифестот, одобрен на I конгрес на Коминтерната, нејзината задача била одредена на овој начин: „Напорите на сите вистински револуционерни партии на светскиот пролетаријат да се обединат и со тоа победата на

[102] „Фактот дека во 20-тите години болшевиците ја преземаа хегемонијата во ИККИ, ја одредуваа неговата стратегија и, во суштина, според сопственото решение ги назначуваа и менуваа раководствата на комунистичките партии, во принцип, не предизвикува сомневање. Од почетокот на постоењето на Коминтерната најмалку значајното решение за тактичките или за кадровските прашања претходно го одредуваа највисоките органи на Болшевичката партија. Потоа со решението ја запознаваа руската партиска делегација во ИККИ, а таа, од своја страна, го обезбедуваше неговото прифаќање од Извршниот комитет на Коминтерната. Таа практика, која се појави уште во времето на Ленин, зајакна во периодот на интеррегнум и дефинитивно се утврди во времето на Сталин“ – Макдермотт К., Агню Дж. Коминтерн. История международного коммунизма от Ленина до Сталина. М., 2000. С. 59-60.

[103] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 163 С. 611, 620.

комунистичката револуција во целиот свет да се олесни и да се забрза...“[104]

Соодветно на тоа, прашањето за „светската револуција“ било ’рбетот на политиката на Коминтерната. Во Манифестот на I конгрес на Комунистичката интернационала кон пролетерите на целиот свет – напишан од Л. Д. Троцки – III интернационала се определувала како: Интернационала на „отворено масовно дејствие; Интернационала на револуционерна реализација; Интернационала на дело“ со задача „да се преврти“ буржоаскиот светски поредок и „на неговото место да се изгради социјалистичкиот строј“[105].

Откажувањето, барем навреме, од „отворено масовно дејствие“, од „остварување на револуција“ – значело уривање на основите врз кои се засновала политиката на Коминтерната.

Според Л. Д. Троцки, „светската револуција“, Коминтерната и СССР се јавувале како алка на единствената, непрекината верига: без идејата за „светска револуција“и без нејзината правилна реализација ќе се распадне Коминтерната, а „доколку се распадне Коминтерната, нема да се одржи долго и СССР“[106].

Поразот на опозицијата, која ја бранела идејата за „светска револуција“ на партиско поле, бил идентичен со нејзиниот пораз секаде.

VII проширен пленум на ИККИ (ноември-декември 1926 год.), кој се одржал по XV партиска конференција, едногласно одлучил да го ослободи Г. Е. Зиновјев од функцијата претседател на ИККИ и од работата во Коминтерната[107], а, исто така, воопшто да го отстрани институтот на

[104] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 9.
[105] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 9. С. 112.
[106] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 168. С. 684.
[107] Во март 1926 год. се одржала седница на делегацијата на СКП (б) во ИККИ, во состав: Сталин, Зиновјев, Бухарин, Мануилски, Пјатницки – на која било разгледано обраќањето на Зиновјев за оставка од должноста претседател на ИККИ во врска со публикацијата во „Инпрекор“ (Internationale Presse-Korrespondenz) на статијата на И. Сталин, „За прашањата на ленинизмот“ (К вопросам ленинизма), насочена против Зиновјев. Делегацијата одлучила да не се прифати молбата на Зиновјев, а Сталин бил принуден да се оправдува. – За борбата со опозицијата во Коминтерната види: Мухамеджанов М. М. Коминтерн: страницы истории //

претседателот на Коминтерната. Функциите на претседателот биле предадени на колективен орган – меѓународниот секретаријат, чиј неофицијален раководител до 1928 год. бил Бухарин[108].

Потоа, VIII пленум на ИККИ (мај 1927 год.) го осудил однесувањето на Л. Д. Троцки и на В. Вујовиќ како неспојливо со присуството во составот на ИККИ и го задолжил Президиумот на ИККИ заедно со ЦКК „формално да ги исклучи“ од ИККИ, доколку тие не стават крај на фракционата дејност. Своето писмо до VI конгрес на Коминтерната (август-септември 1928 год.) Л. Д. Троцки веќе го пратил од Алма-Ата, каде што тој бил интерниран во јануари 1928 год.

По разрешувањето на дилемата: светската револуција е гарант на постоењето на СССР или постоењето на СССР е гарант на светската револуција, а, исто така, и по отстранувањето на опозицијата, на политиката на Коминтерната ѝ бил зададен нов вектор – обезбедување одбрана на Советскиот Сојуз. Како што забележале британските истражувачи Кевин Макдермот и Џереми Егњу: „...револуционерната мисија на Коминтерната отсега треба да биде потчинета на интересите на советската држава и на нејзината надворешна политика“[109].

Новата насока на политиката на Коминтерната била означена во тезите „Задачите на Комунистичката интернационала во борбата против војната и против воената опасност“[110].

Конечно пресвртот во политиката на Коминтерната бил зацврстен со Програмата, подготвена од И. Сталин и Н. И. Бухарин.

Во центарот на Програмата на Коминтерната се нашло прашањето за СССР. Н. И. Бухарин на Пленумот на ЦК на СКП (б) за проектот на Програмата на Коминтерната изјавил:

---

Информационный гуманитарный портал „Знание. Понимание. Умение“. История. 2008. № 6 (*www.zpu-journal.ru/.../Mukhamedzhanov_Komintern/*).

[108] Макдермотт К., Агню Дж. Коминтерн. С. 69, 70.

[109] Макдермотт К., Агню Дж. Коминтерн. С. 67, 68.

[110] Тезите биле прифатени од VIII пленум на ИККИ (1927 год.).

„…, централното прашање, кое е сега пред нас – тоа е прашање за СССР, а од гледна точка на стратегијата и на тактиката, прашањето за СССР, несомнено, има првостепена улога“[111].

И. Сталин, од своја страна, негирајќи ги можните прекорувања во т.н. „руски“ карактер[112] на Програмата на Коминтерната, потцртал: „...не само што револуцијата во СССР има и ги реализира своите задолженија во однос на пролетерите на сите држави, но и пролетерите на сите држави имаат некои сериозни задолженија во однос на пролетерската диктатура во СССР. Тие задолженија се состојат во поддршката на пролетаријатот во СССР во неговата борба со внатрешните и со надворешните непријатели, во војната против војната, која е насочена кон задушување на пролетерската диктатура во СССР, во проповедта на директно преминување на армијата на империјализмот на страната на пролетерската диктатура во СССР во случај на интервенција. Зарем не следува од ова дека револуцијата во СССР е неодделива од револуционерното движење во други држави, дека триумфот на револуцијата во СССР е триумф на револуцијата во целиот свет?“[113]

Програмата на Коминтерната, утврдена на одржаниот VI конгрес (1928 год.), проблемот на „светската револуција“ го врзала за прашањето за изградбата на социјализмот во СССР. Притоа, во Програмата на Коминтерната, организирањето на „револуција против империјализмот под знамето на пролетерската диктатура“ се споменувало само во општ контекст.

Од гледна точка на одбраната на СССР, пред Коминтерната била поставена задача – „систематска подготовка

---

[111] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 165. С. 652.

[112] Изразот „’руски‘ карактер“ го искористил И. Сталин за време на дискусијата за проектот на Програмата на Коминтерната. На својот настап на Пленумот на ЦК на СКП (б) тој го изјавил следново: „Се покажа дека некои другари го сметале проектот на Програмата, поради неговата внатрешна содржина, за нецелосно интернационален, поради, како што велат, неговиот ’премногу руски‘ карактер. Овде јас не сум слушнал такви забелешки. Но се виде дека тие постојат во круговите околу Коминтерната“. – Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 167. С. 669.

[113] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 167. С. 670.

на борба со опасноста од империјалистичките војни"[114], затоа што прашањето за војната се сметало за едно од централните.

Коминтерната почнала да ја реализира новата линија на политиката уште пред прифаќањето на Програмата, фактички набрзо по VIII пленум на ИККИ.

По иницијатива на Коминтерната, во ноември 1927 год. во Москва се одржал Конгрес на пријателите на Советскиот Сојуз. На Конгресот биле присутни делегати, кои се собрале во Москва во врска со X јубилеј на Октомвриската револуција. Во прогласот, прифатен од Конгресот, било изјавено дека војната против СССР ќе се разгледува како најголем престап против човештвото.

Конгресот на пријателите на Советскиот Сојуз дал поттик за создавање здруженија на пријателите на СССР.

Здруженијата на пријателите на СССР се образувале како паралелни организации на општествата на културно зближување со СССР. Според замислата, општествата на културно зближување со СССР требало во јавноста да ги популаризираат достигнувањата на Советскиот Сојуз, а здруженијата на пријателите на СССР требало да се зафатат со мобилизациона работа заради организирање одбрана на Советскиот Сојуз од можна интервенција. Во Резолуцијата на Меѓународната конференција на пријателите на Советска Русија, која се одржала во мај 1928 год. во Келн, било наведено: „Ние се обраќаме со апел до работничката класа и селанството во целиот свет да се обединат заради одбрана на Советскиот Сојуз, заради спроведување вистинска борба против контрареволуционерната војна, која се наближува. Итно треба да се создадат комитети на пријателите на Советска Русија во сите држави. Тие комитети треба да ги опфатат сите чесни противници на напад на Советскиот Сојуз"[115].

Во работата на Конференцијата, одржана во Келн, освен делегати од Велика Британија, Германија, Франција, Белгија, Швајцарија, Австрија и од Чехословачка, учествувале и

---

[114] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 165. С. 636.
[115] Из истории международной пролетарской солидарности. Документы и материалы. М., 1960. Сб. IV. Док. № 23.

претставници на „Лигата на борбата против колонијалното угнетување“ (Антиимперијалистичка лига), основана во февруари 1927 год., и претставници на организацијата „Меѓународна работничка помош“ (Меѓрабпом), создадена во 1921 год.

Антиимперијалистичката лига и организацијата „Меѓународна работничка помош“ имале цел заедно со здруженијата на пријателите на СССР, обединети преку Интернационалното биро, формирано во 1928 год., да ја исполнат задачата по мобилизацијата на меѓународната општественост за борба против „империјалистичката војна“.

Антивоените демонстрации, штрајкови, митинзи и собранија, организирани на 1 август 1929 год., станале проба за „борбената готовност“ на масите. Конференцијата што била одржана во мај 1929 год. во Брисел, под раководство на Западноевропското биро на ИККИ, предложила на 1 август секоја година да се одбележува Меѓународен ден на борбата против империјалистичката војна. Во прогласот на Западноевропското биро на КИ од 5 мај 1929 год. се посочувало: „Меѓународен црвен ден – тоа не е обична демонстрација. Тој ќе стане пресвртна точка за меѓународното работничко движење за премин на пролетаријатот кон контранапад на интернационалниот фронт против светскиот капитал. Овој ден на борбата против војната треба да ги обедини разединетите битки на работничката класа во единствен контранапад“[116].

X пленум на Извршниот комитет на Коминтерната, одржан во јули 1929 год., го утврдил решението за спроведување на Меѓународниот ден на борбата против империјалистичката војна, препорачувајќи им на комунистичките партии „да ги преземат сите неопходни подготвителни мерки за да може настапот на меѓународниот пролетаријат на 1 август против империјалистичката војна и во одбрана на СССР да

[116] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 170. С. 693.

добие карактер на борбена смотра на револуционерните пролетерски сили“[117].

Анализирајќи ги антивоените демонстрации што се одржале на 1 август 1929 год. во Велика Британија, Германија, Франција, САД, Полска, Романија, Југославија, Грција, Аргентина и во други држави, Коминтерната ги оценила како делумен успех, затоа што движењето не го добило очекуваниот опсег[118]. Тоа се случило и на 1 август 1930 год.

Неуспесите на антивоените кампањи Коминтерната ги објаснила со погрешната тактика на комунистичките партии, која довела до нивната самоизолација. Така, во списанието „Коммунистический Интернационал“ (Комунистичка интернационала) било нагласено: „Недостатокот на борбениот ден во 1929/30 год. бил во тоа што тие кампањи често имале теснопартиски карактер, недоволно ги мобилизирале широките работничко-селански маси“[119].

Притоа, имено, Коминтерната, следејќи ја СКП (б), ја всадувала „теснопартијноста“, отфрлајќи ја соработката со левите сили, карактеризирајќи ја социјалдемократијата како „социјалфашизам“ (X пленум на ИККИ). Мислењата на дејците на комунистичкото движење, како, на пример, на Вили Мунценберг[120], за тоа дека соработката на комунистичките партии со левите сили нема ништо заедничко со опортунистичката политика или со скршнувањето во десно[121], биле игнорирани.

---

117 X пленум Исполкома Коминтерна о международном красном дне. М., 1929. Вып. 2. С. 78-79.

118 Inprekorr. 1929. № 81. S. 1919-1920.

119 Коммунистический Интернационал. 1930. № 19-20. С. 14.

120 А. Кестлер го нарекол Мунценберг „црвен кардинал на меѓународното комунистичко движење“, затоа што Мунценберг се наоѓал зад сите иницијативи и дела по популаризацијата на Советскиот Сојуз. Вили Мунценберг го организирал Меѓународниот фонд за помош на работниците. Претставништвото на Меѓрабпром во Берлин го нарекувале „трустот на Мунценберг“. Мунценберг успеал да организира во различни држави издавање на списанија и весници, кои директно не се поврзувале со Советскиот Сојуз, како и производство на филмови. Мунценберг учествувал во формирањето на Антиимперијалистичката лига и на здруженијата на пријателите на СССР.

121 Ова го изјавил Вили Мунценберг на VI конгрес на Коминтерната.

Меѓу неколкутемина кои си дозволиле да настапат со критиката на самата поставка, врз која се градела новата линија на политиката на Коминтерната – „опасноста од војна против Советскиот Сојуз“, се нашол Г. В. Чичерин.

Обраќајќи се непосредно кон И. Сталин, кој ги одредил стратешките задачи на Коминтерната, Г. В. Чичерин потенцирал дека заканата од војна е измислена: „Во нашите московски говори се зборува дека се зголемила опасноста од војна меѓу капиталистичките држави, а, според тоа, и од напад врз нас. Каква глупост, како е можно да се кажат такви работи!? Благодарение на војната меѓу капиталистичките држави, ние ја презедовме власта и зајакнавме, и секое заострување на антагонизмите Германија – Антанта, Франција – Италија, Италија – Југославија, Англија – Америка значи стабилизација на нашата положба, намалување на секакви опасности за нас“ (од писмото на И. Сталин од 22 март 1929 год.); „...сите тие глупави разговори во Коминтерната за борбата против имагинарната подготовка на војна против СССР само нанесуваат штета и ја поткопуваат меѓународната положба на СССР“ (од писмото на И. Сталин од 20 јуни 1929 год.)[122].

Бидејќи антивоеното движење директно се сврзувало со „револуционерната перспектива“ и паролата за „претворање на империјалистичката војна во граѓанска војна“ не се симнувала од дневен ред, Г. В. Чичерин се обидувал да му докаже на И. Сталин дека заклучокот на Коминтерната за забрзувањето на темпото на растот на револуционерното движење е исто така апсурден како и тврдењето за опасноста од војна против СССР.

Како аргумент Г. В. Чичерин ги искористил мајските настани од 1929 год. во Берлин. Сликата што тој ја претставувал мошне се разликувала од онаа што ја користела Коминтерната во својата пропаганда.

Во прогласот на Западноевропското биро на КИ, прифатен на 5 мај 1929 год., случувањата во Берлин биле опишани на следниов начин:

[122] Соколов В. В. Неизвестный Г. В. Чичерин. Из рассекреченных архивов МИД РФ // Новая и новейшая история. 1994. № 2. С. 12, 13-14.

„Пред неколку дена во Берлин била пролеана крв на работници. Социјалдемократскиот ’полицаец-претседател‘ Цергибел[123] ја растерал мајската демонстрација. [...] Во текот на неколку дена полициските банди ѕверски се пресметувале со работничкото население. [...] Десетици убиени, стотици ранети, илјада настрадани од жестокоста и осакатени од гумените палки – тоа е крвавиот епилог на жртвите на херојскиот пролетаријат на Берлин во мајските денови. На барикадите во Вединг и во Нојкелн било дигнато знаме на готовност на револуционерниот интернационализам кон борбата“[124].

Во писмото до И. Сталин од 20 јуни 1929 год., Г. В. Чичерин, по повод мајските настани во Берлин, забележал:

„Лажната информација од Германија ќе нанесе уште неизмерно поголема штета. Нема полошо од неусогласеноста меѓу тактиката и постојните сили. Првата грешка беа апелите на ГКП пред 1 мај, кои не одговараа на состојбата на силите.

Уште полоша е кампањата на комунистичкиот печат по 1 мај, кога престапната лага на германската с[оцијал]д[емократска] полиција ние ја направивме своја. Полицијата застрелала 30 старици, старци и случајни минувачи; никој од полицијата не бил убиен, а еден добил прострелна рана. Цергибел кажува дека во барикадните битки учествувале 200 000 работници со тајни складишта со оружје, како и ние. Под барикади се подразбираат градби зад кои се кријат за да стрелаат. Меѓутоа, барикадите од 1 мај биле такви што преку нив можело и дете да пречекори. На судењето било определено дека нивната висина била 30 сантиметри. Во „Огонёк“ (Оганче) имаше нивна слика. Нафрлени малку ситни камчиња, откинато младо болникаво дрвце. Не барикади, туку деградација и дискредитација. Неверојатен блеф. Тоа значи да се доведе Коминтерната до гибел“[125].

---

[123] Цербигел (Zoergiebel) Карл Фридрих (1878-1961) – германски социјалдемократ, во периодот од 1926 до 1930 год. – „полицаец-претседател“ на Берлин.

[124] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 170. С. 691-693.

[125] Соколов В. В. Неизвестный Г. В. Чичерин. Из рассекреченных архивов МИД РФ // Новая и новейшая история. 1994. № 2. С. 14.

„Колку би било добро ако Вие, др. Сталин, со променет изглед би можеле на некое време да заминете во странство со вистински, а не со тенденциозен преведувач. Вие би ја запознале реалноста. Вие би ја дознале цената на извиците за почеток на последниот бој. Најодвратната глупост на ’Правда‘ би се открила пред Вас со својата голотија.“[126]

Но, критиката на Г. В. Чичерин останала без одговор, затоа што него веќе никој не го сметал за жив – во тоа време Г. В. Чичерин, кој само номинално бил на функцијата народен комесар, претставувал мртва политичка фигура, притоа дискредитирана и „самотна“ – никој не стоел зад него. Впрочем, последнава околност и му допуштала на Г. В. Чичерин да ги критикува тезите на Сталиновата политика без да биде казнет.

Две години, 1929 и 1930, за Коминтерната биле врв во „подготовката на борба со опасноста од империјалистички војни“.

Во 1931 год. XI пленум на ИККИ ги продискутирал прашањата за задачите на Коминтерната во врска со новата појава – светската економска криза. На комунистичките партии им било предложено да се издигне паролата „револуционерен излез од економската криза“. Се претпоставувало дека секоја од партиите, соодветно со конкретните услови, ќе ја „наполни“ посочената парола со својата содржина. Но тоа не се случило. Паролата, како и многу други, останала празна фраза. Во исто време, како што забележал  Д. З. Мануилски на седницата на Политсекретаријатот на ИККИ (декември 1931 год.), по XI пленум на ИККИ, „во низа партии ги снемало агитацијата и пропагандата за пролетерската диктатура и за социјализмот“[127].

Коминтерната заглибила во казуистичките дискусии за формулите и паролите. Д. З. Мануилски ја окарактеризирал првата половина на 30-тите години на XX век како период на „секташтво“: „…секташтво, тоа е нешто што е карактеристично за целиот период. Помина кризата, фашистите го насочија тоа

---

[126] Соколов В. В. Неизвестный Г. В. Чичерин. Из рассекреченных архивов МИД РФ // Новая и новейшая история. 1994. № 2. С. 14.

[127] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 186. С. 752.

движење во одреден правец. А со што да се објасни дека не се комунисти? Со неумеење, со секташтво, со механичко разбирање на болшевизацијата и сл.“[128]

Очигледно било дека Коминтерната по VI конгрес (1928 год.) влегла во длабока криза, пред сè поради промената на изворните принципи на нејзината политика. Без својата сопствена оска, Коминтерната се претворала во безживотна институција и му тежела на СССР. Одржан во 1935 год., VII конгрес имал цел да ја реанимира Коминтерната. Конгресот ги прифатил паролите, кои се разликувале од вообичаените: борба против фашизмот, за демократија, за создавање на антифашистички фронт, на единствен работнички фронт и др. Но новата тактика само за кратко ја забавила ликвидацијата на Коминтерната, но не ја спречила.

### *ОМС, ИНО на ОГПУ и Разведупр*

Дуализмот на целите на надворешната политика на Советскиот Сојуз до 1928 год. однапред ја одредил двојственоста на задачите на институциите што се занимавале со „подземна“ или „илегална“ дипломатија на СССР, а, имено, на надворешното разузнавање (ИНО на ОГПУ), на военото разузнавање (Разведупр) и на НКИД. Посочените институции, од една страна, требало да се занимаваат со подготовка на „светската револуција“, а, од друга страна, да ја обезбедуваат безбедноста на СССР како неопходен услов за „изградба на социјализмот“ во државата. Притоа, главната насока во дејствувањето на ИНО на ОГПУ и на Разведупр првично била поврзана со организирањето на „светската револуција“.

Меѓу институциите кои вршеле „илегална“ дејност посебно место зафаќал Одделот за меѓународни врски (ОМС) на Коминтерната. Врз ОМС, кој, според зборовите на В. Ј. Кривицки, претставувал „централен нервен систем на Коминтерната“[129], паѓала основната тежина по подготовката на „светската револуција“.

[128] Коминтерн и идея мировой революции. М., 1998. Док. № 202. С. 818.
[129] Кривицкий В. Я был агентом Сталина // *http://scepsis.ru/library/id_565.html*

Во август 1920 год. Малото биро на ИККИ, кое се состоело од Г. Зиновјев (претседател), Н. Бухарин, А. Рудњански, М. Кобецки, Е. Мејер, го прифатило решението за создавање на Тајниот оддел (наместо „Посебната комисија за врски со ИККИ“, која била создадена набрзо по I конгрес на Коминтерната)[130]. За организирањето на Тајниот оддел бил задолжен Д. С. Бејко. Во ноември 1920 год. Тајниот оддел го преименувале во Конспиративен оддел, а во јуни 1921 год. – во Оддел за меѓународни врски (ОМС)[131].

Од мај 1921 год. до декември 1922 год. на чело на ОМС се наоѓал И. А. Пјатницки, а од декември 1922 год. до август 1925 год. – П. А. Вомпе. По смртта на П. А. Вомпе, во август 1925 год. функцијата раководител на ОМС ја извршувал М. Г. Гроьман, а потоа до јуни 1926 год. – А. Е. Абрамович (Албрехт, Александар, Четуев, Арно, Вудро, М. Хабер), од јуни 1926 год. до октомври 1936 год. – А. Л. Абрамов, познат како Абрамов-Миров[132].

Во 1936 год., по VII конгрес на Коминтерната, ОМС бил реорганизиран во „Служба за врски на Секретаријатот на ИККИ“[133].

Советскиот разузнавач Валтер Кривицки (С. Г. Гинзберг) во книгата „Јас бев агент на Сталин“доволно автентично ги претставил правците на дејствување на ОМС:

„Јадрото на Коминтерната е речиси непознатиот Оддел за меѓународни врски (ОМС). Додека не започнале ’чистките‘, на чело на ОМС бил стариот болшевик Пјатницки, кој уште за време на царскиот режим ја поминал школата за ширење илегална револуционерна пропаганда. ... Кога била формирана

---

[130] Адибеков Г. М., Шахназарова Э. Н., Ширина К. К. Организационная структура Коминтерна. 1919-1943. М., 1997. С. 25.
[131] Адибеков Г. М., Шахназарова Э. Н., Ширина К. К. Организационная структура Коминтерна. 1919-1943. М., 1997. С. 25.
[132] Адибеков Г. М., Шахназарова Э. Н., Ширина К. К. Организационная структура Коминтерна. 1919-1943. М., 1997. С. 117.
[133] Адибеков Г. М., Шахназарова Э. Н., Ширина К. К. Организационная структура Коминтерна. 1919-1943. М., 1997. С. 199.

Коминтерната, тогаш изборот на Ленин за функцијата раководител на толку важна единица паднал на Пјатницки. Во ова својство тој фактички почнал да ги презема финансиите и кадрите на Коминтерната.

Под неговото раководство била создадена мрежа на постојани, непосредно на него потчинети агенти, кои служеле како сврзувачка алка меѓу Москва и номинално автономните комунистички партии во Европа, Азија, Латинска Америка и САД. Како претставници на ОМС, тие резиденти на Коминтерната строго ја контролирале дејноста на раководителите на националните комунистички партии. Ниту обичните членови на партиите ниту нивните раководители не го знаеле вистинското име на претставникот на ОМС, кој бил потчинет само на Москва и во дискусии лично не учествувал...

Најделикатна работа на агентите на ОМС било распределувањето на парите за финансирање на комунистичките партии, исплаќањето на нивната скапа пропаганда и на фалшивите фронтови, какви што биле, на пример, Лигата за одбрана на демократијата, МОПР, 'Пријателите на Советскиот Сојуз' и цела низа други наводно независни организации, кои станале особено неопходни кога Москва започнала да го создава Народниот фронт.

Во текот на многу години, кога перспективата на револуциите се видела како многу надежна, поголемиот дел од парите на Коминтерната доаѓале во Германија и во Централна Европа. Соодветно на тоа, како што таа сè повеќе станувала додаток на советската влада и револуционерните задачи им отстапувале место на политиката на сталинизацијата на јавното мислење и на заземањето клучни позиции во демократските влади, така буџетот на Коминтерната за Франција, Англија и САД пораснал до огромни димензии.

Ниту една комунистичка партија не била во состојба да покрие ниту мал дел од своите трошоци. Москва сметала дека е должна да исплаќа во просек 90-95% од трошоците на комунистичките партии. Тие плаќања се извршувале од буџетот

на Советскиот Сојуз преку ОМС, а износот го одредувало сталиновото Политбиро.

Агентот на ОМС имал повластено право да донесува заклучоци за целесообразноста на новите трошоци на комунистичката партија. Во САД, на пример, ако Комунистичката партија имала желба да издава нов весник, потребно било да се консултира со агентот на ОМС. Тој го разгледувал предлогот и ако предлогот заслужувал внимание, тогаш стапувал во контакт со раководството на ОМС во Москва. Во важни случаи ОМС му го предавал делото на разгледување на Политбирото на ЦК на СКП (б). Се разбира, за малите работи агентот на ОМС решавал самостојно.

Финансиите на Коминтерната и нејзиниот Странски оддел – тоа е мал дел од грижите на ОМС. ОМС претставувал и ’централен нервен систем на Коминтерната‘. Луѓето што Москва ги испраќала во својство на политкомесари во комунистичките партии на другите држави, сите свои контакти ги воспоставувале преку ОМС, кој ги снабдувал со пасоши, со ’сигурни адреси‘ и, воопшто, дејствувал како алка за врски меѓу раководството во Москва и тие политички агенти во странство.

Одделот за меѓународни врски исполнувал уште една многу важна функција. Тој ја координирал дејноста на Коминтерната, поврзана со обука и пропаганда во меѓународни рамки. Во негова надлежност биле школите во Москва и околината за прецизно избран аудиториум, кој ги проучувал сите аспекти на граѓанската војна, почнувајќи од пропагандата и завршувајќи со вештина за ракување со митралез. Тие школи потекнувале од времето на Октомвриската револуција, кога за германските и за австриските заробеници биле организирани кратки курсеви со перспектива тие ’кадри‘ да ги искористат своите знаења на барикадите во Берлин и во Виена. Подоцна курсевите се претвориле во постојани училишта. Способните слушатели ја следеле воената обука во Управата за разузнавање при Генералштабот на Црвената армија“[134].

Политиката на Коминтерната се реализирала непосредно преку комунистичките партии, кои биле секции на

[134] Кривицкий В. Я был агентом Сталина // *http://scepsis.ru/library/id-559.html*

Комунистичката интернационала. Врската меѓу раководството на Коминтерната и комунистичките партии се остварувала преку ОМС, па токму затоа овој оддел првично се нарекувал „Посебна комисија за врски со ИККИ“. Постепено ингеренциите и функциите на одделот се прошириле.

Преку ОМС комунистичките партии добивале директиви, финансиски средства, оружје, неопходни фалшиви документи, пропагандна литература и сл.

ОМС ја координирал илегалната работа на комунистичките партии, која вклучувала создавање на илегални воени организации, партизански одреди, конспиративни терористички групи, разузнавачка дејност и сл.

Сите институции на Советскиот Сојуз, без исклучок, му помагале на ОМС во почетните фази на функционирањето. Телеграмите и радиограмите се пренесувале преку НКИД (дури била формирана и функцијата „претставник на ИККИ при НКИД по испраќањето на радиотелеграмите“). За пренесување различни стоки, Коминтерната го користела Народниот комесаријат за надворешна трговија. Во посебни случаи за пренесување луѓе и стоки за ОМС, според решението на Политбирото и Советот на народни комесари, се давале специјални вагони и трговски бродови.[135]

ОМС имал тесна соработка со ОГПУ, како и со Разведупр.

Тоа се однесувало на користењето на курирската служба на ОГПУ[136], на обезбедувањето на соработниците на ОМС со лажни документи[137], на размената со информации[138], на

[135] Дамаскин И. А. Сталин и разведка // *http://tululu.ru/read16321/44/*

[136] Во април 1923 год. раководителот на ОМС и раководителот на курирската служба потпишале спогодба „за користење на курирската служба на ГПУ за потребите на Одделот за меѓународни врски“ – Дамаскин И. А. Сталин и разведка // *http://tululu.ru/read16321/44/*

[137] Во писмото на ОМС до раководителот на Одделот на ОГПУ, Г. И. Боки, од 7 јуни 1924 год., било наведено: „Ние имаме потреба од (непополнети) бланкети, само со печати и потписи на германски јазик од различни советски големи стопански институции и мешани здруженија, кои имаат врски со странство, посебно со Германија и со други држави од Средна Европа. Тие бланкети ќе се користат во странство, таму ќе се пополнуваат со соодветен текст и ќе се доставуваат во официјални институции заради добивање излезни визи од Германија во својство на поканети на служба во Русија“. Од

создавањето школи за подготовка на радиотелеграфисти, на специјалисти за шифрирање, како и на лица за конспиративни врски и сл.

## *ИНО на ОГПУ*[139]

Во јануари 1922 год. било прифатено решението за создавање на Државната политичка управа (ГПУ) при Народниот комесаријат за внатрешни работи (НКВД) на местото на анулираната „Вонредна комисија за борба со контрареволуција, шпекулации и службенички злоупотреби" (ВЧК) при СНК на РСФСР.

По создавањето на СССР (декември 1922 год.), Државната политичка управа (ГПУ) била преименувана во Обединета државна политичка управа (ОГПУ).

Во согласност со одредбата за ОГПУ, во нејзините рамки била создадена Тајно-оперативната управа. Под Управата потпаѓал и Странскиот оддел (ИНО), кој се занимавал со разузнавање во странство.

Од 1922 год. до 1930 год. раководител на ИНО на ОГПУ бил М. А. Трилисер.

Според белешката на М. А. Трилисер од мај 1922 год., специфичните задачи на ИНО на ОГПУ тој ги определувал на следниов начин:

---

своја страна, ИНО не еднаш се обраќал во ОМС на ИККИ со молба за изработка на пасоши за свои работници, затоа што ГПУ „не е во состојба да ги обезбеди (своите луѓе) со такви пасоши" – Цит. по: Адибеков Г. М., Шахназарова Э. Н., Шириня К. К. Организационная структура Коминтерна. 1919-1943. М., 1997. С. 131.

[138] Во мај 1922 год. Трилисер му напишал на О. Пјатницки: „Некои од материјалите што се добиени од наши резиденти од странство, кои можат да ја заинтересираат Коминтерната, ние ги испраќаме до Вас. Јас би Ве замолил секогаш по добивањето на тие материјали, да давате заклучоци за нив и да ги соопштувате информациите што ги имате за прашањата што се опфатени во односните материјали" – Цит. по: Адибеков Г. М., Шахназарова Э. Н., Шириня К. К. Организационная структура Коминтерна. 1919-1943. М., 1997. С. 88.

[139] Овој параграф е напишан врз основа на материјали од порталот на Службата за надворешно разузнавање на Руската Федерација – *http://svr.gov.ru/history/stage02.htm*

„Целата разузнавачка работа во другите држави треба да се спроведува со цел:

– утврдување на контрареволуционерни групи, кои спроведуваат дејност насочена против РСФСР, на територијата на секоја држава;

– детално разузнавање во сите организации што се занимаваат со шпионажа против нашата држава;

– добивање документарни материјали за сите посочени насоки на работата“[140].

Во 1922 год. во ИНО на ОГПУ биле вработени 70 луѓе.

Заради спроведување на разузнавачката работа во странство, се создавале разузнавачки апарати на ИНО (резидентури). Првично, резидентот поседувал задоволителна самостојност. Соодветно со одредбата за резидентот, тој имал право да врбува агентура без да го праша Центарот за тоа. За потрошените парични средства резидентот му давал отчет на Центарот еднаш во три месеци. За врската со Центарот тој користел сопствена шифра.

За раководството на разузнавачките апарати (резидентури) биле создадени шест сектори: Северен, кој вклучувал држави на Балтикот и Скандинавијата; Полски; Централноевропски (разузнавачки апарати – во Берлин и во Лондон); Јужноевропски и на балканските држави (разузнавачки апарат – во Виена); Источен; Американски (разузнавачки апарати – во Њујорк и во Монтреал).

Во периодот од 1921 до 1925 год. главна задача на ИНО на ОГПУ било формирање на систем на „легални“ разузнавачки апарати. Разузнавачките апарати биле малобројни и се состоеле, по правило, од две до четири лица. Соработниците на „легалните“ разузнавачки апарати работеле прикривајќи се зад советските задгранични установи – ополномоштени претставништва, трговски претставништва и други институции. Во 1922 год. М. А. Трилисер навел: „…резидентот треба во целост да му помага на ополномоштениот претставник во

[140] Цит. по: Усов В. Н. Советская разведка в Китае. 20-е годы XX века. М., 2002 // *http://www.e.reading.org.ua*

работата… Истовремено резидентот има право да бара од ополномоштениот претставник исто содејство во работата, особено за: обезбедување конспирација, користење комуникациски средства, пренесување на паричните средства што доаѓаат од ИНО на ГПУ“.[141]

Прецизна граница меѓу „легалното“ и илегалното разузнавање во тоа време не постоела: еден ист разузнавач можел прво да работи како официјален советски претставник, а на наредното службено патување да настапува како странец.

Во 20-тите години на XX век се издвојувале следниве насоки на дејствување на надворешното разузнавање: „разработување“ на руски емигрантски групи и партии, надворешно контраразузнавање, дипломатско разузнавање, економско разузнавање.

Меѓународната ситуација во 20-тите години била апсолутно поволна за надворешното разузнавање: не постоел строг надворешен надзор, немало прецизни технички средства за радиолоцирање, контрола и проверка, кои претставуваат опасност за оперативците.

Од резидентите што работеле на Балканот се познати: Б. Н. Иванов (Борис Краснославски), Федор Карин (А. Корецки), В. Д. Сухоруков, Ја. Ја. Страујан, С. М. Мирниј и др.

Значајна улога во создавањето на резидентурна база на Балканот одиграл **Борис Јаковлевич Шпак**, познат и како **Базаров**.

***Борис Јаковлевич Шпак***

(познати оперативни псевдоними: Кин, Да Винчи, Норд) се родил на 27 мај 1893 год. во малото место Цитовјани во Ковенската губернија (една од северозападните губернии на Руската Империја). Татко му бил ситен службеник во телеграфско-поштенска установа. Во 1911 год. го завршил Виленското реално училиште, а во 1914 год. – Виленското воено училиште. По завршувањето на военото училиште, бил испратен на Германскиот фронт. Го имал звањето потпоручник на командир на вод во 105. пешадиски полк. Кон

[141] Цит. по: Усов В. Н. Советская разведка в Китае. 20-е годы XX века. М., 2002 // *http://www.e.reading.org.ua*

крајот на 1914 год. тој го добил звањето поручник. Добил и награда за храброст. Во почетокот на 1916 год. бил во германско заробеништво. Во 1918 год. бил ослободен. Тој прво престојувал во Ростов-на-Дон, а потоа заминал во Екатеринодар, каде што почнал да работи во месна печатница. За време на Граѓанската војна тој служел како помлад офицер во штаб на една од единиците на армијата на Деникин, а потоа во Руската армија на генерал Врангел. Заедно со остатоците на Армијата на Врангел се евакуирал во Константинопол, а од Константинопол – во Берлин. За неговото преминување во советското надворешно разузнавање постојат две верзии: според првата, Шпак во Берлин им ги понудил на чекистите своите услуги; според втората, Шпак бил на служба кај „белите“ по задача на ЧК. Но, сигурно е познато дека Шпак веќе во 1921 год. бил кадровски соработник на ИНО на ЧК.

Во службената карактеристика на Б. Ја. Шпак како илегален резидент било наведено: „Од март 1921 год. до 1924 год. др. Базаров се наоѓал на илегална работа на Балканот (во Бугарија и во Југославија), каде што во многу тешки услови, во услови на најжесток терор тој успеал да создаде и да организира работа на група извори, кои расветлувале најразлични политички и оперативни прашања за Балканот“. Од 1924 год. до 1927 год. Шпак работел под „покровителство“ на ополномоштеното претставништво на СССР во Виена и во својство на резидент раководел со илегални групи извори, кои дејствувале во Бугарија, во Југославија и во Романија. Шпак, исполнувајќи ги задачите на Центарот, „спровел низа посебно важни оперативни акции“. Во 1927 год. Шпак се вратил во СССР. Тој раководел со Балканскиот сектор на ИНО на ОГПУ. Во јули 1927 год. Шпак станал член на СКП (б). Во средината на 1928 год. Шпак ја напуштил ОГПУ поради здравствената состојба и започнал да работи во апаратот на Врховниот совет за национална економија на СССР. Но во истата година Шпак се вратил во ОГПУ и бил испратен на илегална работа во Германија. Од Берлин тој раководел со илегалните разузнавачки апарати во Англија и во Франција, како и со балканската линија на надворешно разузнавање. Еден од најзначајните резултати од работата на Б. Ја. Шпак од тој период станало врбувањето на лице за шифрирање од британскиот Форин офис „Арно“, што тој го извршил заедно со

соработник од својот резидентски апарат, Андреј – Дмитриј Бистролетов, кој со текот на времето станал познат илегален разузнавач. Во период од три години резидентскиот апарат добивал од „Арно“ англиски шифри и кодови, секоја недела зборници на шифрирани телеграми на МНР, како и други тајни документи. Б. Ја. Шпак се вратил од службеното патување во Москва во 1934 год. Шпак бил назначен на должноста раководител на одделение на ИНО. По гибелта на резидентот на ИНО под неразјаснети околности во 1934 год. во Њујорк, Шпак бил испратен во САД. „Илегалниот разузнавачки апарат под раководство на Б. Ја. Базаров заврбувал неколку важни агенти, кои имале директен пристап до соработниците на Државниот департман, и добивал од нив информации за широк круг прашања. Придобиен бил извор преку врски од окружението на претседателот Рузвелт, кој пренесувал уникатна информација за позициите на управувачките кругови во државата во периодот на созревање на воениот конфликт во Европа“. Во приватното досие на Шпак се појавила белешка: „Владее со совршено оперативно искуство“. Во март 1937 год. тој добил звање мајор на државната безбедност. Но во јули 1938 год. Б. Ја. Шпак бил уапсен, а на 21 февруари 1939 год. „за шпионажа и за предавство“ го осудиле на смрт со стрелање.

### *Разузнавачката управа (Разведупр) на Штабот на РККА*[142]

Со приказ на Революционерниот воен совет на Републиката (РВСР) №785/141 од 4 април 1921 год., наместо Региструпр и разузнавачкото одделение на оперативната управа на Штабот на РККА, кои ги исполниле своите задачи, била создадена Разузнавачката управа (Разведупр) на Штабот на РККА.

Разведупр станал централен орган на военото разузнавање. За општите прашања началникот на

[142] Овој параграф е напишан врз база на главата „Епоха на ’големите илегалци‘ (1921-1937 год.)“ од книгата: Колпакиди А. И., Прохоров Д. П. Империя ГРУ. Очерки истории российской военной разведки. М., 1999 // *http: // militera.lib.ru/research/kolpakidi_prohorov1/index.html*

Разузнавачката управа му се потчинувал на началникот на Штабот на РККА, а за прашањата што се однесувале на агентурната работа – директно на комесарот на Штабот, а по воведувањето на принципот на едноставност во раководството на армијата – на заменикот на претседателот на Револуционерниот воен совет на СССР. Организациски, Разведупр се состоел од канцеларија и четири оддели: Армиско разузнавање, Агентурно разузнавање, Информативно-статистички оддел и Радиоинформативен оддел. Управата имала 275 вработени лица.

Пред Разведупр биле поставени следниве задачи:

– организирање, раководење и контрола на стратешкото агентурно разузнавање во други држави, во воена, а при неопходност – во политичка, во економска и во дипломатска област;

– самостојно организирање на длабоко стратешко разузнавање во други држави;

– организирање на разузнавачко-диверзантска дејност (во зависност од меѓународната положба);

– разузнавање во политичка, во економска и во дипломатска област;

– организирање и спроведување на дезинформациски акции;

– обработка на материјали што биле добиени со агентурни и со други методи, проучување на примероците на добиената техника и издавање информациски документи за сите видови разузнавање (прегледи, опишувања и сл.), составување заклучоци за можни стратешки намери (замисли) и за планови на други држави, кои произлегувале од добиените разузнавачки податоци за подготовка за војна, и сл.

Разведупр повеќе пати бил подложен на различни реорганизации. Во ноември 1922 год. Разведупр бил транформиран во Разузнавачки оддел на Управата на првиот помошник на началникот на Штабот на РККА со изменета структура. Бројот на редовно вработените се намалил од 275 во 1921 год. до 91 во 1924 год. Во 1924 год., по наредната реорганизација, Разузнавачкиот оддел одново станал

Разузнавачка управа при Штабот на РККА. Но, во самата Управа уште долго време или се појавувале или исчезнувале различни оддели.

Во септември 1926 год., кога сите називи на управите при Штабот на РККА биле заменети со бројки, Разведупр станал IV управа. Управата се состоела од општ (административен) дел, како и од оддели: I (армиско разузнавање), II (агентурно разузнавање), III (информативно-статистички) и IV (за надворешни работи). Околу десет години структурата на Разведупр била подложена на незначајни промени. Во 1935 год., со доаѓањето на голема група чекисти, на чело со А. Х. Артузов, во военото разузнавање, структурата на Разведупр била комплетно реорганизирана. Разведупр тогаш имал 403 соработници, кои работеле во 12 оддели.

Од април 1921 год. со военото разузнавање раководел А. Ја. Зејбот. Во февруари 1924 год. А. Ја. Зејбот на своето место го предложил Ја. К. Берзин. Ја. К. Берзин го заменил А. Ја. Зејбот и бил на чело на военото разузнавање повеќе од единаесет години.

Во периодот од 1921 до 1923 год. основните напори на советското воено разузнавање биле насочени кон собирање информации за Полска и за Романија. Потоа овој список бил пополнет со Финска, Латвија, Литванија и Естонија. Во средината на 1924 год. државите што биле проучувани од Разузнавачката управа на РККА биле поделени на четири групи, според степенот на вниманието што им се посветувало:

– прва (А) – „западните соседни држави“ (Полска, Романија, Финска, Латвија, Литванија, Естонија);

– втора (Б) – „големите држави“ (Англија, Франција, Германија, Италија, САД);

– трета (В) – „источните соседи на СССР“ (Турција, Персија, Авганистан, Кина, Јапонија);

– четврта (Г) – „други држави“ (Чехословачка, Југославија, Унгарија, Бугарија, Грција, Австрија, Шпанија и др.).

Освен тоа, постоела и петта категорија на објекти на интересирање – „задграничните белогардејски групи и внатрешниот бандитизам“.

Според отчетот за работата на Разведупр за периодот од 1924 до 1925 оперативна година (од 1 октомври 1924 год. до 30 септември 1925 год.), бројот на задачите, дадени на агентурата:

– за копнените вооружени сили во „западните соседни држави“ бил 355, или во процентен сооднос со целосниот број на задачите – 45,3%; во „големите држави“ – 219, или 27,9%; во „источните држави“ – 120, или 15,3%; во „други држави“ – 90, или 11,5%;

– за политичките и економските прашања во „западните соседни држави“ бил 128, или во процентен сооднос со целосниот број на задачите – 46,7%; во „големите држави“ – 38, или 14,1%; во „источните држави“ – 80, или 29,1%; во „други држави“ – 28, или 10%.[143]

Основното внимание на военото разузнавање во посочените години било сосредоточено на собирање информации за воената техника, како и за воздушната и за морската флота. Општото количество задачи што ѝ биле дадени на агентурата во периодот од 1924 до 1925 оперативна година за воената техника, за морската и за воздушната флота во процентен сооднос со целосниот број на задачите било 66,5%, за копнените вооружени сили – 24,8%, и за „политиката и економијата“ – 8,7%[144].

***

Првично се претпоставувало дека Регистрационата (Разузнавачка) управа ќе остане единствена разузнавачка институција, но под двојно раководство. Во ноември 1920 год. било донесено решение според кое Регистрационата (Разузнавачка) управа, освен на РВСР, би ѝ се потчинувала и на ВЧК. Но посоченото решение не било целосно спроведено поради позицијата на РВСР.

Затоа, во декември 1920 год. ВЧК создала сопствен орган за надворешно разузнавање – Странски оддел (ИНО).

---

[143] РГВА. Ф. 4. Оп. 2. Д. 83. Л. 24-25.
[144] РГВА. Ф. 4. Оп. 2. Д. 83. Л. 24-25.

Според решението прифатено во ноември 1920 год., началникот на Региструпр (на Разведупр) се назначувал во согласност со ВЧК и бил член на Колегиумот на ВЧК со право на решавачки глас. Освен тоа, се образувале обединети агентурни мрежи, се назначувале единствени резиденти, но со двојно потчинување.

Во почетокот на 20-тите год. обединет резидент во Франција бил Ја. М. Рудник, по С. П. Урицки, во Полска – М. А. Логановски, на Балканот – Б. Н. Иванов, во Германија – А. К. Сташевски, по Б. Б. Бортновски. Кон крајот на 1922 год. обединети резидентски апарати постоеле во: Германија, Франција, Италија, Австрија, Србија, Бугарија, Чехословачка, Полска, Литванија, Финска, Турција и Кина.

Управувањето со еден ист агентурен апарат од два центра создавало збрки: често доаѓале противречни директиви, се забележувала конфузија во финансиските отчети за резидентските апарати и сл. Како резултат на тоа, се појавила идеја за обединување на разузнавачките служби. Но реализацијата на идејата наишла на нерешлив проблем – во рамките на која од институциите треба да остане разузнавањето?

По непродуктивните дискусии, кои траеле од 1921 год. до 1923 год., било признаено за нецелесообразно обединувањето на агентурните апарати на ИНО на ОГПУ и на Разведупр.

Во периодот од 1923 до 1925 год. агентурната мрежа во странство била раздвоена.

***

Во врска со тоа што ОМС, ИНО на ОГПУ и Разведупр до 1928 год. се занимавале со реализација на единствената цел – подготовка на „светската револуција“ – постоела неопходност од координирање на нивната дејност.

Посочената функција ја презеле т.н. „тематски“ комисии при Политбирото на ЦК на РКП (б) (СКП (б)), кои, меѓу другото, ги „усогласувале линиите“ на институтите што биле вклучени во подготовката на „светската револуција“ –

Коминтерната (ОМС), ОГПУ (ИНО на ОГПУ), РВС (Разведупр) и НКИД.

Така, во 1924 год. за да ѝ помогне на Бугарската комунистичка партија во подготовката на вооружено востание како „на почетна етапа на општобалканската револуционерна акција", Политбирото на ЦК на РКП (б) донесло одлука да создаде комисија од претставници: „а) на Коминтерната; б) на Народниот комесаријат за надворешни работи; в) на Бугарската партија и на Балканската федерација; г) на Револуционерниот воен совет; д) од др. Трилисер". Со решението на Политбирото од 29 јули 1924 год. во ***„Бугарската" комисија*** влегле: Г. В. Чичерин (НКИД), Трилисер (ИНО на ОГПУ), Уншлихт (РВСР), Мануилски (Коминтерна), Пјатницки (Коминтерна), В. Коларов (Коминтерна, ЦК на БКП (т.с.) и Президиум на БКФ).[145]

Потоа, на 24 септември 1924 год. на седницата на Бугарската комисија таа била преименувана во ***„Балканска" комисија***. Во одлуката се посочувало: „а) Бугарската комисија да се преименува во Балканска. Компетенции на Комисијата: усогласување на линиите на дејствување и определување на неопходноста од спроведување *практички акции* на Балканот од заинтересирани советски и коминтерновски органи за прашања што се однесуваат на револуционерната борба на Балканот, која се развива, и, во прв ред, за прашања што се однесуваат на револуцијата во Бугарија, која зрее"[146].

На таков начин, како што навел М. М. Литвинов во своето писмо од 22 октомври 1924 год., „илегалната работа и општото раководење со националистичките движења на Балканот и соседните држави" биле отстранети од надлежноста на НКИД и сосредоточени во рацете на Балканската комисија[147].

Предавањето на раководењето со „илегалната" работа во надлежност на Балканската комисија не значело отстранување

---

[145] Политбюро ЦК РКП (б) – ВКП (б) и Европа. Решения „Особой папки". 1923-1939. М., 2001. Док. № 10.

[146] Документи. Док. бр. 131. С. 473.

[147] Документи. Док. бр. 139. С. 493.

на НКИД од „подземната“ дејност. Ополномоштените претставници требало да бидат во тек со конкретната работа на „органите на ополномоштената комисија за балканско-дунавските работи“ и на резидентите, доколку тие ги исполнувале задачите на посочената комисија. Освен тоа, народниот комесар ги информирал ополномоштените претставници за „општата политичка дејност на ополномоштената комисија“, т.е. во овој случај на Балканската комисија.[148]

Но, истовремено, пренесувањето на „илегалната“ работа на Балканот под општо раководство на Балканската комисија му дало на Г. В. Чичерин можност условно да ја разграничи својата дејност – на дејност на народен комесар и дејност на револуционер.

Откако Г. В. Чичерин станал член на Балканската комисија, тој ги замолил ополномоштените претставници да му се обраќаат во врска со дејноста на Комисијата не како кон народен комесар, туку како кон член на Комисијата. Во писмото од 11 декември 1924 год. до ополномоштениот претставник во Чехословачка, В. А. Антонов-Овсеенко, Г. В. Чичерин потцртал: „Јас уште го немам официјалниот текст на ополномоштената комисија, инаку наречена Балканска комисија. Накратко, нејзин претставник во странство ќе биде др. Јофе, кој е член на Комисијата. Тој ќе биде во Виена и преку него ќе се добиваат директиви од Комисијата. Јас ќе се допишувам со Вас за прашањата што се однесуваат на оперативните задачи, но не како народен комесар за надворешни работи, туку како член на таа комисија, назначен за допишување со Вас. Вие треба Вашите писма што се однесуваат на принципиелните прашања да ги испраќате до др. Јофе, со копија до мене, а за оперативните прашања – со копија до др. Јофе. И, во тој случај, Вие ќе ми пишувате на мене не

[148] Писмото на народниот комесар за надворешни работи Г. В. Чичерин до ополномоштениот претставник во Чехословачка, В. А. Антонов-Овсеенко, од 11 ноември 1924 год. – Документи. Док. бр. 145.

како на народен комесар за надворешни работи, туку како на член назначен од ополномоштената комисија“[149].

„Подземната“ дејност на Балканот, според одлуката на Балканската комисија при Политбирото на ЦК на РКП (б) од 23 декември 1924 год., требало да се извршува во следниве насоки:

„1. Линијата на работата треба да се спроведува во насока на Себалканската работничко-селанска револуција.

2. Најблиската и веројатна победа на револуционерното движење во Бугарија не може да се разгледува изолирано од општобалканската ситуација, туку треба да се смета за почетна етапа на општобалканската револуционерна акција.

3. Тргнувајќи од тоа, револуционерната работа во балканските и во придунавските држави треба да има предвид:

а) по партиско-политичка линија – создавање на масовни комунистички партии и зајакнување на нивните влијанија врз трудбеничките маси;

б) воспитување на масите и на партиите во духот на неопходноста од вооружено востание и од соодветна подготовка за него;

в) создавање – во сите комунистички партии, а, пред сѐ, во Југославија и во Романија – апарат по разложувањето на армијата и соодветно организирање на неговата работа;

г) работата – воено-техничката, терористичката (експропријација) и сл. – во целост треба да биде потчинета на таа основна политичка цел и треба да се спроведува на тој начин за да не ослабат партиско-политичките сили, да не се допушти прераѓање на партиските организации во авантуризам и во ниту еден случај да не создаваат кај соодветните народи илузии за можна поддршка од страна на СССР на предвремени делумни акции;

д) воспоставување врски со националнореволуционерните организации и со селанското движење за да се революционизираат и искористат за активна поддршка на револуцијата“[150].

---

[149] Документи. Док. бр. 157. С. 525.
[150] Документи. Док. бр. 164. С. 539, 641.

Посочените насоки на дејствување на Балканот, одобрени од Балканската комисија, ги предложил А. А. Јофе[151].

А. А. Јофе бил назначен за претставник на Балканската комисија во странство. Добивајќи официјална должност на ополномоштен претставник на СССР во Австрија, А. А. Јофе застанал на чело на т.н. Виенски центар.

Првично во Виена бил создаден пункт за врски на ОМС. Во јуни 1921 год. секретарот на ИККИ, М. Ракоши, и раководителот на ОМС, И. А. Пјатницки, потпишале „План за работа“ на Виенскиот пункт:

„1. Во сферата на Виенскиот пункт влегуваат: Австрија, Унгарија, Романија, Југославија, Грција, Турција (Константинопол) и Бугарија.

2. Задачи на пунктот се: да установи најтесна активна врска – писмена, телеграфска и со испраќање луѓе – меѓу ИККИ и партиите на тие држави, кои се посочени во 1. точка, и непосредна врска со Берлин, како и обезбедување литература (добиена од Русија и од Берлин) за споменатите партии.

3. Виенскиот пункт е поддржуван од Берлин, кој треба да го обезбедува со литература на германски јазик и, по можност, на други јазици.

4. Пунктот ги добива неопходните парични средства според утврдената ставка на ОМС.

5. Пунктот треба секој месец да му поднесува на ОМС извештај за паричната состојба.

6. Планот за работа на претставникот на ОМС во Виена го установува тој заедно со претставник на Малото биро во Виена и се утврдува од ОМС. За овој план навремено се известуваат сите ЦК на споменатите партии и Берлинскиот пункт на ОМС“[152].

Нормализирањето де факто на советско-австриските дипломатски односи во декември 1921 год. создало услови за прераснување на пунктот за врски на ОМС во Виена во центар

---

[151] Документи. Док. бр. 156. С. 523.

[152] Цит. по: Адибеков Г. М., Шахназарова Э. Н., Ширина К. К. Организационная структура Коминтерна. 1919-1943. М., 1997. С. 59.

за раководство со „балканската работа“ на различни институции, вклучени во „илегалната“ дипломатија. Официјалното воспоставување на дипломатски односи меѓу СССР и Австрија во февруари 1924 год. придонесло за активизирање на работата на Виенскиот центар. Во ополномоштеното претставништво во својство на соработници биле вработени резиденти на ИНО на ОГПУ и на Разведупр.

Работата на Виенскиот центар доволно точно ја претставил во своите мемоари Г. З. Беседовски:

„Есента 1922 год. преку Виена поминал илегално, со фалшив пасош на име на полски граѓанин – Стефан Долецки, Мануилски, еден од сегашните раководители на Коминтерната. [...]

Мануилски соопштил дека во Москва било одлучено при руската мисија во Виена да се организира голем оперативен центар за работата на Коминтерната, на ЧК и на военото разузнавање во државите на бившата Австро-Унгарија и на Балканот. Се планирало во прв ред да се воспостави врска со македонското революционерно движење и да се искористи левата струја на тоа движење. Се донесла одлука да се обрне внимание на Албанците и да се направи обид да се воспостави политички контакт со епископот Фан Ноли. [...] На соработниците на Чека во Виена им била наложена итна задача – да се засили работата по разложувањето на Врангеловата војска. [...] Военото разузнавање при руската амбасада во Виена било засилено со неколкумина истакнати офицери на Црвената армија, со специјалисти по тактика за граѓанска војна и по организирање напади со коњаница, затоа што Генералштабот на Црвената армија сметал дека во Граѓанската војна на Балканот, без оглед на отсечениот терен, коњаничките единици треба да ја одиграат решавачката улога.

Веќе подоцна, во 1923, во 1924 и во 1925 год., јас имав прилика да ја посетам на поминување Виена и да видам како се развивала балканската работа, опишана од Мануилски. Таа работа особено била заострена за време на престојот на Јофе во функција на руски пратеник во Виена. Работата, претежно, ја вршеле две лица, ..., доктор Евсеј Гољденштејн и Мечислав

Логановски. Тие две лица имале дипломатски пасоши и се воделе како секретари на руската мисија. Ним им биле пратени уште двајца истакнати воени специјалисти, Јарославски и Еленски, кои, исто така, биле внесени во списоците на дипломатскиот кор како аташеи на мисијата. Доктор Гољденштејн, голем познавач на балканските работи, лично запознаен скоро со сите значајни балкански револуционери, бил обврзан да одржува контакти со балканските организации, да ги насочува во сферата на советското влијание, да финансира различни периодични изданија на балканската емиграција што излегуваа во Виена. [...]

Додека Гољденштејн се занимавал со висока политика, Логановски се посветил на техниката на чекистската работа. Тој праќал провокатори во Врангеловата војска, ’поставувал‘ набљудувачи за балканските политичари во Виена, ги надгледувал соработниците на амбасадата и на трговското претставништво, повремено организирал кражби на документи од австриски установи, а, пред сè, се обидувал да ја надгледува дејноста на неколку странски амбасади во Виена, главно романската, полската, унгарската, југословенската и француската, и да краде оттаму документи. [...]

Јас се сеќавам дека летото 1925 год. јас го сретнав Гољденштејн во Карлсбад, каде што се лекував во тоа време. Тој беше мрачен, се жалеше за редовните неуспеси во врска со балканската работа, за тоа дека ’ние постојано промашуваме, а потоа брзаме како луди, кога е веќе сè изгубено, и тогаш на свадба пееме *Упокојување со светиците*‘.

– Кажете, докторе, – му се обратив (карактеристично е тоа што на Гољденштејн сите му се обраќаат со ’докторе‘ и никој не му се обраќа со зборот ‚другар‘), – а колку нè чинеа балканските замисли за време на нашата работа?

Гољденштејн ме погледна, се насмевна и рече:

– Па, не така многу! Околу пет милиони долари. Не повеќе. И тоа сè заедно. И Албанија, и комунистичките партии, и македонските организации, и експлозивите, и пренесувањето на оружјето – со еден збор, сè за период од три години. Би требало да се потроши петпати повеќе, во тој случај би имало

корист. А, барем Вие знаете дека тие во Москва се дуќанџии. Особено Сокољников во Народниот комесаријат за финансии. Тој постојано се жали: уште две-три години – и ние ќе останеме без резервите на злато. А, Вие самите размислете. На локомотиви и вагони ние фрливме околу триста милиони рубли во злато! Ако на мене ми дадеа половина од таа сума, Балканите одамна ќе беа советизирани...

Военото разузнавање во Виена било во рацете на Јарославски и Еленски. Јарославски претставувал интересна фигура. Во минатото офицер на гардиски коњанички полк, тој, под презимето Нестерович (јас не знам дали тоа беше неговото вистинско презиме), командувал со познатата коњаничка бригада на Црвената армија, која го добила името ’Железна заволжска бригада‘. [...]

Кога завршила Граѓанската војна, Нестерович се запишал на Академијата на Генералштабот и потоа бил испратен во Виена под презимето Јарославски. Таму тој требало да раководи со военото разузнавање и во случај на успех на Балканската револуција, да биде еден од нејзините коњанички генерали. Во Виена, Нестерович требало да работи заедно со друг аташе, Еленски, кој бил еден од брилијантните офицери на Генералштабот на Црвената армија. Еленски, кој по потекло бил полски Евреин од Варшава, со презиме Уздански, работел во својство на аташе во Варшава, каде што раководел со военото разузнавање, и по барање на Владата на Полска бил отповикан, бидејќи бил разоткриен во шпионажа. Потоа го испратиле во Виена, на истата работа. Јарославски и Еленски биле обврзани да се занимаваат не само со воено разузнавање туку и непосредно со воено-техничко раководење со комунистичките и со македонските одреди на Балканот. Тие биле задолжени, исто така, за подготовка и за снабдување со експлозивни материјали и со пеколни машини за одделни крупни диверзантски и терористички акти. Кога се случила експлозија во Софискиот храм, извршена од терористичка организација со пеколни машини, доставени од Виена преку Јарославски и Еленски, Еленски бил повикан во Москва заради извештај, и Јарославски останал сам. Експлозијата во храмот го

вознемирила премногу. Тој сиот некако се променил, ослабнал, по цели денови се шетал мрачен, небричен. Во еден период тој исчезнал од амбасадата, оставајќи белешка дека повеќе не може да работи, дека тој е апсолутно истоштен, растргнат, дека неговата совест не му дозволува повеќе да остане на таа работа. Тој додал дека ќе се сврти кон приватниот живот, ќе работи во фабрика и нема никаква намера да ги разоткрие своите довчерашни другари по работа.

Белешката предизвикала страшна збрка во Москва. Колегиумот на ГПУ на специјална тајна седница одлучил дека Јарославски итно треба да биде ’ликвидиран‘ затоа што тој бил инволвиран во целата балканска работа, а особено во експлозијата во Софискиот храм. Решението било предадено за извршување на еден од одредите на ЧК во Германија. Навистина, не било тешко да се постапи по решението поради тоа што Јарославски по заминувањето во Германија, живеел апсолутно спокојно, сметајќи дека неговиот молк е гаранција од одмазда на ГПУ. Во Германија кај него дошол еден од бившите другари по работа, наводно заради пријателски разговор, отишол со него на кафе и го отрул со отров, добиен од Одделот на ВЧК. Карактеристично е тоа што фотографијата на која се гледа лешот на Јарославски, направена во мртовечницата, била испратена во Москва и им била покажана на Јагода и Трилисер.

Еленски се откажал од враќањето во Виена. Набрзо тој со фалшив пасош на име Берштејн бил испратен во Франција заради организирање воена шпионажа“[153].

Не поминале ни четири месеци по одобрувањето од Балканската комисија на курсот на подготовката на „Себалканската работничко-селанска револуција“, кога било прифатено решението за промена на насоките на дејствување во првиот ред на БКП (т.с.).

На седницата што се одржала на 14 април 1925 год., Балканската комисија ја усвоила Резолуцијата за бугарското прашање.

---

[153] Беседовский Г. На путях к термидору. М., 1990. С. 48, 49, 50, 52, 53-54, 55-56.

Во Резолуцијата било признаено за правилно решението што бугарската делегација го зела на Проширениот пленум на ИККИ (март-април 1925 год.) за промената на курсот на партијата од подготовка на вооружено востание кон „политичка активизација на партијата и на масите“. Во Резолуцијата било потцртано дека „партијата треба да развие масовна работа насочена кон соборување на Владата на Цанков, за востановување на политичките слободи на работниците и селаните, за амнестија и сл., сосредоточувајќи ги на таа работа сите партиски сили и активизирајќи ги трудбеничките маси“. Но, притоа се признавало дека „при одредени услови“ партијата би можела да земе учество „во вооружена борба за уривање на Владата на Цанков заедно со други политички групи“.

Воената организација на БКП (т.с.), според Резолуцијата, требало да ја преструктурира својата дејност „за да премине од задачите поврзани со подготовката на вооружено востание кон задоволување на секојдневните потреби на партијата во вид на самоодбрана, заштита на собранија, на демонстрации и сл.“ Забрането било да се создаваат партизански одреди.[154]

За содржината на одлуката на Балканската комисија, утврдена на 14 април 1925 год., Г. В. Чичерин го известил советникот на ополномоштеното претставништво во Австрија, Ја. М. Коцјубински, на 16 април. Но се покажало дека Балканската комисија го прифатила задоцнетото решение.

Во Бугарија, на 14 април 1925 год., т.е. на Денот на седницата на Балканската комисија, бил застрелан пензионираниот генерал Константин Георгиев, кој раководел со софиската организација „Демократски заговор“. Убиството на Константин Георгиев претставувало дел од планот на воената организација на БКП (т.с.).

Замислата на Коста Јанков, раководител на Централната воена комисија на БКП (т.с.), се состоела во следново:

Во катедралната црква на Софиската митрополија, „Св. Недела“, на погребната церемонија на некој убиен од позначајните функционери би требало да дојдат сите раководни

---

[154] Документи. Заб. 1 кон док. бр. 207. С. 681, 683.

лица на државата, вклучувајќи ја и полицијата, чија ликвидација барем на некое време би ја нарушила дејноста на репресивниот апарат. Во врска со тоа, Коста Јанков го разгледувал замислениот терористички акт како акт на „самоодбрана“.

Во катедралната црква „Св. Недела“ на 16 април 1925 год. се случил атентат. Загинале повеќе од 130 лица, а ранети биле повеќе од 340, меѓу кои се нашле премиер-министерот А. Цанков, министерот за внатрешни работи, генерал Русев, претседателот на парламентот, Борис Вазов, и др.

Атентатот, извршен од воената организација на БКП (т.с.), не само што не ги запрел репресиите туку предизвикал бран од нови. Во државата на 17 април 1925 год. била воведена воена состојба. Започнале масовни апсења. Според официјалните податоци, од 17 април до крајот на јули 1925 год. само во Пловдивскиот и во Варненскиот гарнизон биле задржани повеќе од 23 000 лица.

Многумина биле убиени без обвинувања и без судење. Се смета дека во Софија на тој начин загинале повеќе од 300 лица, вклучувајќи ги: поетот и публицист Гео Милев (Георги Милев Касабов), деец на БЗНС и поет Сергеј Румјанцев (Димитар Митов), деец на БКП (т.с.) и поет Христо Јасенов (Христо Туџаров) и др.

„Белиот терор“ го довел во прашање самото постоење на Бугарската комунистичка партија.

На седницата на Балканската комисија што се одржала на 22 април 1925 год. било констатирано: „Се смета дека е неопходно да се преземаат секакви мерки за зачувување на апаратот на Бугарската партија за да се засили во дадениот момент издавачката работа и да се олесни судбината на уапсените“[155].

На таков начин, курсот на вооруженото востание не бил укинат со решението на Балканската комисија од 14 април 1925 год., туку со атентатот во катедралната црква „Св. Недела“ извршен на 16 април 1925 год.

[155] Документи. Док. бр. 209. С. 689.

На почетокот на 1926 год. Балканската комисија заклучила дека Балканот „доживува период на привремена стабилизација (здивнување)“ и „дека во најблиска иднина не треба да се очекува широко револуционерно движење“[156].

Сепак, Балканската комисија не била расформирана.

Во август 1926 год. Балканската комисија одлучила да „ја оживее работата на БК, која во тој период била речиси прекината“[157].

Но, Балканската комисија не успеала да „ја оживее работата“. Од август 1926 год. до октомври 1927 год. се одржале само три седници на Балканската комисија (записникот од седницата на Балканската комисија од 21 август 1926 год. е означен со број 27, а записникот од седницата на Балканската комисија од 3 октомври 1927 год. е означен со број 31).

Затоа што веќе не станувало збор за активна подготовка на „Себалканската работничко-селанска револуција“, Балканската комисија го свртела своето внимание кон националнореволуционерните движења. Балканската комисија на 3 октомври 1927 год. решила: „Да се смета дека главна задача на сите националнореволуционерни организации на Балканот во сегашната меѓународна ситуација е нивното зајакнување, проширување на влијанието и зајакнување на врската со нас“[158].

Имено, затоа ИНО на ОГПУ во почетокот на 1928 год. го подготвило извештајот „Националнореволуционерното движење на Балканот и состојбата на револуционерните организации на националните малцинства во почетокот на 1928 год.“[159] Во извештајот биле претставени основните „јазли на националното незадоволство“ на Балканот (Македонија; Црна Гора; Албанија и Косово; Хрватска, Словенија и Далмација; Банат и Семиградје; Добруџа), како и на националнореволуционерните организации,

[156] Документи. Док. бр. 228. С. 733.
[157] Документи. Док. бр. 258. С. 807.
[158] Документи. Док. бр. 291. С. 895.
[159] Документи. Док. бр. 300. С. 913-975.

имено: ВМРО (обединета), Добруџанската револуционерна организација, албанските националнореволуционерни организации (Косовската револуционерна организација и Албанскиот националнореволуционерен комитет (Конаре)), Револуционерната организација на Западна Тракија.

Во 1928 год. во списанието „Коммунистический Интернационал“ (Комунистичка интернационала) била објавена статија на Г. Димитров, со наслов сличен на извештајот на ИНО на ОГПУ: „Националнореволуционерното движење на Балканот и задачите на балканските комунистички партии“. Во статијата на Г. Димитров било потцртано: „Националниот проблем на Балканот останува отворен. Тој никогаш не бил толку остар како во сегашниов момент. Тој постојано се заострува и сè повеќе влегува во решавачка фаза. Тој е едно од основните прашања на борбата со диктатурата на капиталот и со владеењето на империјализмот на Балканот и со империјалистичката воена опасност. Тој има колосално влијание на целата балканска политика и на општата положба на Балканот. Балканскиот национален проблем ги содржи во себе сите елементи на скоро созреани национални револуции, кај кои постои можност на Балканот да се поврзат со демократската диктатура на пролетаријатот и селанството и да прераснат во пролетерска револуција, или да се сврзат директно со пролетерска револуција, која, освен свој чисто пролетерски сектор, има уште и национален и аграрен сектор и која може да победи само како револуција на пролетаријатот, селанството и потиснатите националности под раководство на револуционерниот пролетаријат“[160].

Според тоа, Балканската комисија го свртела своето внимание на националнореволуционерните движења затоа што сметала дека националните проблеми на Балканот ги содржат во себе „сите елементи на ***скоро созреани национални револуции***“, кои доколку не се совпаднат со пролетерските револуции, тогаш, сепак, ќе станат решителен чекор кон воспоставување на диктатурата на пролетаријатот во балканските држави.

---

[160] Коммунистический Интернационал. 1928. № 42. С. 31.

Политбирото на ЦК на СКП (б) се држело до друго мислење: на 3 мај 1928 год. Политбирото одлучило „да се ликвидира Комисијата при Политбирото за балканското прашање“ и „да се прекине со активната работа на советските органи на Балканот“[161].

Значајно е тоа што претходниот ден, 2 мај 1928 год., се одржала седница на Балканската комисија. Од текстот на утврдениот записник (записник бр. 34) можно е да се заклучи дека Балканската комисија имала намера да ја продолжи својата работа.

Што се однесува на Виенскиот центар, Балканската комисија уште во октомври 1927 год. донесла решение за „преместување на општото идејно раководење со целата балканска работа во Берлин“. Конкретно во записникот од седницата на Балканската комисија од 3 октомври 1927 год. било наведено: „Да се смета за оправдано преместувањето на општото идејно раководство на целата балканска работа во Берлин, но со тоа што во Виена ќе биде оставен илегален помошник за одржување постојан контакт со балканската емиграција и за реализација на оперативните зафати.

Ополномоштениот претставник во Виена треба да биде во тек со основните прашања за политиката и со работата на Балканскиот центар.

За да се избегне неусогласеноста во случаи на контакти на ополномоштениот претставник и на балканските дејци во Виена, тој треба да се воздржува од донесување самостојни решенија по прашањата за балканската политика, без претходно да ги усогласи со Балканската комисија“[162].

На решението за „ликвидација“ на Балканската комисија прифатено од Политбирото на ЦК на СКП (б)) се спротивставил Г. Димитров. Во писмото од 3 мај 1928 год., адресирано до Политбирото на ЦК на СКП (б), со копии до И. Сталин, Н. И. Бухарин, Г. В. Чичерин, К. Е. Ворошилов, И. А. Пјатницки – Г. Димитров ја истакнал важноста на

---

[161] Документи. Заб. 1 кон док. бр. 310. С. 1009.
[162] Документи. Док. бр. 291. С. 897.

работата на советската „подземна дипломатија“ во „областа на националнореволуционерното движење“ на Балканот.

Во писмото било наведено: „…, кога сите империјалистички држави развиваат трескавична работа на Балканот со цел да се создаде антисоветски блок, кога во сите балкански држави се спроведува бесна антисоветска кампања, кога нашите непријатели работат засилено на потчинување на националните движења под своето влијание, апсолутно е неопходно да се засили активноста на Советскиот Сојуз *во форма соодветна за тоа* – со помош на илегалната дипломатија. Истовремено со тоа, ова ќе биде и ценета помош на самото комунистичко движење на Балканот“[163].

Обраќањето на Г. Димитров до Политбирото на ЦК на СКП (б) немало и не можело да има никаков ефект. Престанокот на работата на Балканската комисија бил неопходна точка на политиката поврзана со подготовката на „светската револуција“.

Промената на парадигмата на надворешната политика на СССР барала фактичко „разделување“ на институтите што се занимавале со проблемот на „светската револуција“. Овој процес бил почнат во 1926 год. Конфликтот со Велика Британија, кој довел до раскинување на односите меѓу двете држави во 1927 год., дозволил да се забрза посочениот процес.

Во периодот од 1927 до 1928 год. Политбирото на ЦК на СКП (б) ги прифатило следниве решенија:

– На 28 мај 1927 год. – „Од составот на ополномоштените и на трговските претставништва дефинитивно да се издвојат претставништвата на: ИНО на ГПУ, Разведупр, Коминтерната, Профинтерната, МОПР. … Да се средат финансиските операции на Државната банка по опслужувањето на револуционерното движење во други држави од гледна точка на максималната конспирација“;

– На 7 јуни 1927 год. – „Секоја врска на Коминтерната со други ополномоштени претставништва безусловно завршува во текот на јули и понатаму не постои“;

[163] Документи. Док. бр. 310. С. 1009.

– На 26 јануари 1928 год. – според извештаите на Г. В. Чичерин и И. А. Пјатницки: „На комисијата во состав: др. Трилисер, др. Платонов, др. Чичерин, др. Пјатницки и др. Јансон – да ѝ се даде задача индивидуално да го преразгледа составот на сите ополномоштени претставништва, на трговските претставништва и на други наши организации во сите држави. Соодветно со односот на владите на различни држави кон комунистичкото движење во нивните држави и кон соработката на членовите на комунистичките партии, во нашите организации да се изврши … замена на одговорните и обични комунисти, во прв ред, со граѓани на СССР, како партиски така и беспартиски, со гаранција за тоа дека таа соработка во нашите организации нема да послужи како повод за меѓународни компликации“;

– На 23 април 1928 год. – според извештајот на И. Сталин „За Коминтерната и советската власт“: „а) на сите раководители на нашите претставништва во странство да им се испрати директива за најстрого спроведување на принципот на немешање во внатрешните работи на соодветните држави; б) за извесно време на членовите на Политбирото (со исклучок на др. Бухарин) да им се забранат отворени настапи во официјалните институции на Коминтерната и да им се предложи спроведување на раководењето со коминтерновската работа во внатрешниот режим, преку делегација на СКП и сл.; в) извештајот на др. Риков за СССР на VI конгрес да се симне и да му се предаде на др. Варга или на некој друг што не е член на Советот на народните комесари за да не им се даде на непријателите дополнителен повод да тврдат за испреплетеност на советската власт со Коминтерната; г) др. Бухарин и др. Пјатницки да го разработат прашањето за исплатата на пари на секциите на Коминтерната не од Москва и не преку Русите, туку од Берлин (Западното биро) и од Иркутск (Источното биро), задолжително преку странски другари; д) на комисијата составена од претставници на Политсекретаријатот на ИККИ, на ЦК и на ЦКК да ѝ се даде задача да го провери составот на

тајните соработници на апаратот на ИККИ; е) да се преземат итни мерки за објавување на буџетот и на неговите секции“[164].

Така, смената на приоритетите на надворешната политика во 1928 год. довела до дефинитивно откажување од „подземната“ или „илегална“ дипломатија, насочена кон спроведување на „светската револуција“. НКИД, ИНО на ОГПУ и Разведупр биле преориентирани на вршење на своите специфични задачи поврзани со заштитата на интересите на Советскиот Сојуз.

## III. „МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ“ ВО СОВЕТСКАТА „ИЛЕГАЛНА“ ДИПЛОМАТИЈА (1922-1924 год.)

### *Почетните контакти на ВМФРО и ВМРО со советската страна*

Првите контакти на советските „илегалци“ со претставниците на Внатрешната македонска револуционерна организација биле воспоставени до 1923 год.

Средбите меѓу советските „илегалци“ и претставниците на ВМРО се остварувале не само на територијата на Бугарија, но и надвор од неа. На пример, Ја. Ја. Страујан, соработник на ОМС кој работел во Рим под „фирма“ на ополномоштеното претставништво на СССР во Италија, разговарал со двајца членови на ЦК на ВМРО – со А. Протогеров и со П. Чаулев. Притоа, кај Ја. Ја. Страујан се формирал личен однос кон нив. Тој не го прикривал чувството на воодушевеност од П. Чаулев. Пренесувајќи го својот разговор со П. Чаулев во септември 1923 год., Ја. Ја. Страујан забележал: „Чаулев се знаел со др. Троцки од времето кога тој беше на Балканот. Вели дека тогаш бил ’полевичар‘ од Троцки. Чаулев ми остави голем впечаток. Строен, висок, слаб, со огнени темни очи, во износен, дури и подискинат костум, тој навистина личеше на познатите балкански ’комитаџии‘. Тој зборуваше аргументирано, огнено, во него се гледаше виден агитатор на македонските села. А ако

---

[164] Цит. по: Адибеков Г. М., Шахназарова Э. Н., Шириня К. К. Организационная структура Коминтерна. 1919-1943. М., 1997. С. 133-134.

се потсетиме на дваесет и петте години на неговата револуционерна дејност и на седумдесет и едната смртна пресуда, тогаш ќе сакаме да ги изговориме познатите историски зборови: Voil ci un honime! – Тоа е човек!“[165]. Обратно, кон А. Протогеров, Ја. Ја. Страујан не чувствувал симпатија, однесувајќи се кон него со воздржан скептицизам. Така, во едно од своите писма Ја. Ја. Страујан го окарактеризирал Протогеров вака: „Самиот Протогеров е закоравен германофил; сака понекогаш да го манифестира своето левичарење; така, во разговор со мене, тој секогаш ме именуваше со ’другар‘“.[166]

Но сите контакти на советските „илегалци“ и претставниците на македонското движење до јуни 1923 год. имале карактер на информативни разговори, на необврзувачки сондажи и сл.

Ситуацијата кардинално се променила по превратот од 9 јуни 1923 год. во Бугарија.

Први интерес за соработка со Советскиот Сојуз пројавиле таканаречените „федералисти“. Ф. Атанасов и Ч. Кантарџиев во Софија воспоставиле контакти со претставникот на СССР со посредство на П. Шатев[167]. По превратот од 9 јуни 1923 год., „федералистите“ повеќе не можеле да останат во Бугарија. Од една страна се сметало дека „федералистите“ соработувале со соборениот А. Стамболиски и ја користеле неговата закрила, а од друга страна, дека превратот бил извршен со поддршка на ВМРО – непомирлив непријател на „федералистите“. За „федералистите“ навистина не постоел друг излез освен да се обратат кон СССР за помош и поддршка. Неслучајно, во извештајот од 25 јуни 1923 год. Ф. Атанасов и С. Иванов признале: „Нам ни е апсолутно јасно дека Организацијата на Т. Александров е орудие на дворот и на реакционерната Влада на Бугарија. Нам не ни преостанува ништо друго освен да постигнеме согласност со сите левичарски струи и да ја продолжиме започнатата борба до

[165] Документи. Док. бр. 30. С. 135.
[166] Документи. Док. бр. 18. С. 65.
[167] Коминтерна. Т. 1. Д. 2. Док. бр. 162. С. 1309.

нејзиниот конечен пораз“[168]. Но притоа, Ф. Атанасов и С. Иванов не сакале да се најдат во улога само на молители.

Ф. Атанасов и С. Иванов процениле дека Советскиот Сојуз, кој бил насочен кон спроведување на „светска“ револуција, имал потреба од организација што ќе биде способна да мобилизира значајни борбени сили и да има тежина и влијание меѓу другите револуционерни организации. Само организација од таков тип би можела да смета на поддршка, во прв ред, се разбира, материјална, од страна на Советскиот Сојуз.

За да ја заинтересираат советската страна, Ф. Атанасов и С. Иванов одлучиле да ја претстават ВМФРО како моќна организација, која владее со многубројни вооружени сили и со широко поставени врски со други балкански револуционерни организации.

Наскоро по превратот, на 25 јуни 1925 год. Ф. Атанасов и С. Иванов, како „членови на ЦК и претставници на ВМФРО“, го подготвиле првиот извештај, кој веројатно бил детален одговор на поставените прашања од претставниците на советската страна.

За „борбените“ сили на ВМФРО во извештајот било посочено следново:

– „ВМФР Орг., заедно со легалната организација на емиграцијата, во своите редови го опфаќа речиси целото население внатре во Македонија и поголем дел од емиграцијата, без оглед на нивната вероисповед и народност“;

– „Борбените кадри на Организацијата се состојат исклучиво од работници и селани, а командниот состав – од наставници, резервни офицери и подофицери“;

– „Организацијата … располага со две основни бази – бугарска и албанска“: бугарската се состои од 17 реони, а албанската – од 13. „Поголемите од овие реони се населени со револуционерни чети, кои, во согласност со Уставот и со издадените инструкции, го подготвуваат населението за општо движење“;

[168] Документи. Док. бр. 20. С. 89, 91.

– „Револуционерна Македонија може да даде борбени сили во бројност од 60 000 до 80 000 луѓе, во кои не влегуваат борбените сили што можеме да ги ангажираме од емигрантите во Бугарија и сл. Овие сили можат да стигнат до 20 000-30 000 луѓе“.

Посочувајќи ја можноста да мобилизираат 100 000 луѓе, Ф. Атанасов и С. Иванов „деликатно“ забележале: за тоа се „потребни големи материјални средства, со кои нашата организација не располага“.

Од извештајот произлегувало дека ВМФРО не само што би можела, при постоење на соодветни материјални средства, да мобилизира до 100 000 луѓе, но и да создаде „револуционерен блок од сите незадоволни народности на Балканот“.

Во извештајот се тврдело дека ВМФРО има врски со револуционерните организации во Романија, Унгарија, Хрватска, Црна Гора и Албанија, како и со Тракиската револуционерна организација. Заради поголема уверливост, во извештајот биле наведени презимињата на конкретни лица, со кои Ф. Атанасов водел преговори.

Притоа била потцртана подготвеноста на ВМФРО за соработка со левите сили во Бугарија: со Комунистичката партија и со левата струја на БЗНС.

На ВМРО во извештајот ѝ била дадена крајно негативна карактеристика како на организација, која била „орудие на дворецот и на реакционерната Влада на Бугарија“[169].

На таков начин, Ф. Атанасов и С. Иванов својата молба до СССР за поддршка фактички ја обликувале во форма на предлог за размена на сила и влијание на ВМФРО за материјална помош.

Заинтересираните советски инстанци биле добро информирани за состојбата во македонското движење. Така, на пример, во извештајот на Д. Влахов за патувањето на делегацијата на ВМРО во Москва било наведено: „Како резултат на многубројните средби што ги имавме со

[169] Документи. Док. бр. 20.

претставниците на Советска Русија, било во Виена, било во Русија, за нас е јасно дека Советска Русија држи многу до Македонската револуционерна организација, дека нејзините претставници се информирани во подробности за активноста на последнава, иако еднострано, дека тие ја ценат Организацијата, која е 'единствената револуционерна сила на Балканот, ако не и во цела Европа'“[170].

Колегиумот на НКИД во почетокот на јули 1923 год., по дискусијата со учество на К. Раковски за прашањето за односот кон македонските организации, дошол до заклучок дека „треба еднакво, притоа најпретпазливо, да се однесува и кон федералистите и кон автономистите“.

За тоа на 6 јули 1923 год. Г. В. Чичерин го информирал раководителот на ИНО на ОГПУ, М. А. Трилисер.

Веројатно станувало збор за покана на претставници на ВМРО во Москва. Г. В. Чичерин во писмото до М. А. Трилисер посочил на неопходноста автономистите прво внимателно да се проучат и дури потоа да се канат нивните претставници во Москва. Апелирајќи за „најголема внимателност“, затоа што, како што се одбележало во писмото, автономистите „се поврзани и со англиското разузнавање и со маса други елементи“, Г. В. Чичерин истовремено ја потцртал важноста на контактите со автономистите како со „голема меѓународна сила“.[171]

Без оглед на позицијата на Г. В. Чичерин и на Колегиумот на НКИД, делегацијата на ВМРО, повторно со посредство на П. Шатев,[172] била поканета во Москва.

За контактите на ВМРО со Москва дознале и федералистите. Еден од индикаторите за нив станала информацијата за разговорот на М. Монев и Д. Влахов, кои се враќале од Москва, со Н. Харлаков, кој се наоѓал во Виена. Ф. Атанасов и С. Иванов на 28 август 1923 год. поднесле нов извештај, скоро целосно посветен на ВМРО.

---

[170] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 13. С. 117.
[171] Документи. Док. бр. 21. С. 97.
[172] Коминтерна. Т. 1. Д. 2. Док. бр. 161. С. 1295.

Карактеризирајќи ја ВМРО како исклучиво реакционерна организација, која жестоко ги прогонува левите сили, а ВМФРО како прогресивна, Ф. Атанасов и С. Иванов се стремеле не само да го спречат воспоставувањето на врски меѓу Советскиот Сојуз и ВМРО, туку и да се изборат за статус на ВМФРО на единствено признаен од СССР легитимен претставник на македонското движење.

Во извештајот од 28 август 1923 год. Ф. Атанасов и С. Иванов ја докажувале вкученоста на ВМРО во превратот во Бугарија, како и блискоста на Т. Александров со А. Цанков. Тие тврделе дека Т. Александров со своите дејствија целосно ја дискредитирал Организација и таа го изгубила своето влијание не само на територијата на Македонија, но и меѓу балканските револуционерни организации. Својата сопствена пасивност Ф. Атанасов и С. Иванов ја објаснувале со „нецелосно добивање на големи материјални средства“. Во извештајот се потенцирало: „Ние уште не сме излезени од состојбата на одбранбена позиција поради тоа што уште не сме ја добиле материјалната помош што ни беше најкатегорично ветена. Од 400 англиски фунти што ги добивме овде, ние испративме во Бугарија 350 за да им ја олесниме положбата на нашите илегални другари таму. Иницијативите од суштинско значење, кои би ја олесниле состојбата на Организацијата и би дале нова насока за работа, не можевме [?...] да ги преземеме поради тоа што не добивме големи материјални средства. Со нетрпение го очекуваме разрешувањето на ова прашање“.[173]

Од забелешката на Ф. Атанасов и С. Иванов за „материјалната поддршка“, всушност, произлегувало дека советската страна, реално оценувајќи ги силата и влијателноста на ВМФРО[174], првично одлучила Ф. Атанасов и С. Иванов да ги држи на дистанца, но, сепак, да не се откажува од нив, туку „потхранувајќи“ ги со мали суми, да ги држат во сферата на своето влијание сè до решавањето на прашањето со ВМРО.

---

[173] Документи. Док. бр. 26.

[174] Во материјалот, добиен по линија на ИНО на ОГПУ, „Македонското прашање (според податоци од 10 август 1923 год.)“, на пример, било наведено: „Федералистите слабеат, слегуваат од сцената“. – Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 5. С. 27.

Намерата на Ф. Атанасов и на С. Иванов да повлијаат на позицијата на советските инстанци со укажувањата за вовлеченоста на ВМРО во превратот на 9 јуни 1923 год. и за блискоста на ВМРО со Владата на А. Цанков не успеала. Советските служби своевремено ги информирале соодветните инстанци за улогата на ВМРО во превратот на 9 јуни 1923 год. и за соработката на ВМРО со Владата на А. Цанков[175]. Веројатно, Ф. Атанасов и С. Иванов биле доведени во заблуда со крајно острите изјави на „отворената“ дипломатија во однос на Владата на А. Цанков.

За органите на „илегалната“ дипломатија на СССР, кои се занимавале со подготовка на „светска револуција“, решавачко значење имале податоците за тоа дека ВМРО подготвувала „крупни настани“ и била единствената организација на Балканот што располагала со многубројни борбени сили.

Под „крупни настани“ се подразбирало можно востание во Вардарска Македонија. Податоците за неговата подготовка се добивале како по линија на ИНО на ОГПУ така и по линија на Коминтерната.

Така, на пример, во агентурниот материјал на ИНО на ОГПУ под наслов „Македонското прашање (август 1923 год.)“ се соопштувало: „Тешко е да се утврди моментот на активното настапување, но Србите го очекуваат оваа есен. Самите врвови на македонствујуштите не се надеваат дека ќе ја заземат Македонија преку преврат, но сметаат дека ’крупните настани‘ во Македонија ќе ја натераат Европа да се замеша во македонските работи“[176].

Од друга страна, на 17 август 1923 год. В. П. Миљутин, кој се наоѓал во Виена во својство на ополномоштен претставник на Коминтерната, испратил писмо до Президиумот на ИККИ, во кое било напишано: „Можам уште еднаш да речам дека Коминтерната мора да обележи линии во Бугарија во следнава насока: 1) кон преземање на власта и организирање на работничко-селанска влада; 2) да се направи јасна изјава за

---

[175] Види: Документи. Док. бр. 18.
[176] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 5. С. 23.

Македонија и за нејзиното право на целосно самоопределување *сè* до отцепување (Александров, главниот предводник на четниците, пак, мисли да дигне востание – тоа треба да се искористи)“[177].

По добивањето на писмото од В. П. Миљутин, И. А. Пјатницки одлучил прашањата што биле поставени во писмото „да му се претстават на Секретаријатот“[178]. Веројатно како резултат на прифаќањето на одредени решенија од Секретаријатот на Коминтерната, Извршниот комитет на БКФ на седницата што ја одржал на 22-24 август 1923 год. одлучил: „Поради можноста во блиска иднина да избувне востание во Македонија, како и национални революционерни движења во Хрватска и во други области во Југославија, кои ќе создадат една остра революционерна криза во Бугарија и во Југославија и војна меѓу нив, се смета дека е неопходно Бугарската комунистичка партија и Југословенската комунистичка партија, односно нивните ЦК, највнимателно да ги проучат ситуацијата и блиските перспективи, внимателно да го следат развитокот на настаните и уште отсега да ги определат своите односи спрема едно востание во Македонија, спрема националните революционерни движења во Југославија, воопшто спрема опасноста од војна меѓу Бугарија и Југославија и спрема можноста за создавање голема революционерна криза во нив и на Балканот“[179].

А. Абрамович-Четуев, кој бил испратен во Бугарија, ја потврдил правилноста на донесените заклучоци. Во неговиот отчет до Президиумот на ИККИ за патувањето во Бугарија и во Романија се укажувало: „…во Македонија отворено се подготвуваат за востание“[180].

Што се однесува на оценувањето на борбените сили на ВМРО, според информациите на обединетите резиденти и на нивните извори, тоа изгледало вака: „…во бугарска Македонија, Организацијата располага со околу 35 000

[177] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 6. С. 35.
[178] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 6. С. 35.
[179] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 7. С. 39.
[180] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 12. С. 112.

вооружени борци. Во случај на потреба, Организацијата може да даде најмногу околу 100 000 луѓе“[181]; „…Внатрешната македонска револуционерна организација располага со доволен број оружје за вооружување на 100 000 луѓе. Освен тоа, според проверени информации, има околу 150 митралези; неутврден број артилериско оружје (незначителен); 10 полски орудија, 4 хаубици, а можно е да има и поголемо количество“[182].

Првиот помошник на раководителот на Штабот на РККА, Б. М. Шапошников, во својот извештај за прашањата за подготовка на револуции на Балканот од 27 јули 1924 год., силите на автономистите ги оценил вака: „Автономистите се крупна борбена сила. Бројноста на нивните кадри се одредува приближно на 1500 луѓе, но во случај на потреба, Македонците можат да постават околу 20 000 луѓе, добро вооружени. Автономистите располагаат со добра резерва на оружје, претежно италијанско“[183].

Врз база на посоченото, советската страна дошла до следниов заклучок: „Неопходно е со сите средства ВМРО да биде привлечена на нејзината страна или, во најлош случај, таа да биде ’неутрализирана‘ затоа што, во спротивен случај, какви и да било иницијативи на комунистичките партии и на советската страна се осудени на пропаст“.

Прв забележителен резултат на дејноста на специјалните служби во посочената насока било доаѓањето на делегација на ВМРО во Москва.

Решението за испраќање делегација на ВМРО, Т. Александров го прифатил самостојно, без да ги информира за тоа другите членови на ЦК на ВМРО – А. Протогеров и П. Чаулев. Подоцна, кога се замешала таканаречената „виенска каша“, А. Протогеров го прекорил Т. Александров за преземањето на иницијативата: „…ти се замеша во моите работи не со тоа што го прими дописникот, туку со тоа што без да ме прашаш, одлучи да ги испратиш Влахов и Монев во Москва, а притоа и полномоштвото е потпишано само од тебе;

---

[181] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 4. С. 31.
[182] Документи. Док. бр. 43. С. 185.
[183] Документи. Док. бр. 112. С. 411.

ти одлично знаеше дека јас започнав преговори со Раковски и дека јас би требало да ги продолжам, но тоа не се случи, па дури и твојот претставник ме спречи да ги продолжам тие преговори за да можеш ти да ги започнеш; а ти можеше да им се потсмеваш, според поткажувањата на Лоенгрин, на моите средби со Раковски?“[184]

Т. Александров, кого А. Протогеров не еднаш од 1920 год. го обвинувал дека тој ја гради Организацијата околу сопствената личност[185], не можел да дозволи да испушти од контрола толку важно прашање како преговорите со СССР. Пренасочувајќи го процесот на преговарање кон себе, Т. Александров испратил во Москва лица од посебна доверба. За делегати за Москва, Т. Александров ги избрал Д. Влахов и М. Монев.

Извештајот за патувањето подготвен од Д. Влахов потврдувал дека делегатите на ВМРО строго ги следеле инструкциите на Т. Александров. Во врска со тоа, забележителен е фактот дека на првата страница на примерокот на извештајот, останат во архивата на Коминтерната, постои ракописна белешка на бугарски јазик: „Извештај на делегацијата на ВМРО во 1924 год. во Москва, испратен од Т. Александров“[186]. Извештајот на Д. Влахов можел да ѝ биде препратен на советската страна од раководителот на ВМРО само во случај на совпаѓање на интерпретацијата од Д. Влахов на неговите одговори на советските дејци со позицијата на Т. Александров.

Веродостојноста на одговорите што биле наведени во извештајот на Д. Влахов се потврдува со нивната сличност со текстот на декларацијата „Карактерот на македонското движење“, напишана од Д. Влахов[187] и потпишана од Т. Александров.

---

[184] Писмо на А. Протогеров до Т. Александров од 21 август 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 54. Л. 12-23.

[185] Писмо на Т. Александров до А. Протогеров од 20 август 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 40-45.

[186] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 13. С. 118.

[187] Во писмото од 19 август 1924 год. Т. Александров му укажал на Д. Влахов: „Ти си тој што го напишал, кога се вратил од Москва минатата

Според извештајот на Д. Влахов, претставниците на советската страна се интересирале претежно за односот на ВМРО кон Владата на А. Цанков, кон таканаречените „федералисти“, кон Комунистичката партија на Бугарија.

Тие прашања, со исклучок на проблемот за односот на ВМРО кон Комунистичката партија, Д. Влахов ги расветлил во декларацијата „Карактерот на македонското движење“ од 6 септември 1923 год.

Декларацијата, која била од отворен карактер, имала поголема тежина во споредба со одговорите на Д. Влахов изнесени лице в лице со советските претставници. Во декларацијата се тврдело: „политичката промена во Бугарија што се изврши на 9 јуни ... не е дело“ на ВМРО, но истовремено „моралниот влог“ на Организацијата во уривањето на режимот на А. Стамболиски е несомнен. Меѓу другото, во декларацијата било потцртано: „Внатрешната македонска револуционерна организација гласно изјавува дека таа не се меша во општата политика на Владата на Бугарија. Гласовите што ревносно се шират од некои противници на Организацијата дека таа врши влијание врз политиката на Владата на Бугарија се неосновани и надвор од секаква веродостојност“[188].

За „федералистите“ во декларацијата се посочувало дека под името „илегални федералисти“ се кријат личности што „поради своите разбојнички и противнародни дела“ биле прогонети и осудени на смрт од ВМРО[189].

Во декларацијата, ВМРО во целост била претставена како „самостојна“, „народна“ и „национална“ организација, која си „поставила цел – ослободување и обединување на Македонија во нејзините географски граници, во една политичка целост, при што сите народности ќе користат

---

година, ’Карактерот на македонското движење‘, дело издадено под бр. 531 од 6.9. [1]923 год. Сопостави го своето дело со манифестот – делото на Јантарски и твоето – и, те замолувам, кажи дали тие се компатибилни?! … Можна ли е таква внатрешна противречност и таков пад!?“ – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 39.

[188] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 14. С. 127.

[189] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 14. С. 127.

еднакви политички и граѓански права и ќе се радуваат на едни исти духовни и културни слободи, и затоа таа се бори за такви цели што се изразуваат низ заштитата на непосредните економски, духовни и културни интереси на самото население“[190].

Заинтересираноста на ВМРО да ја придобие поддршката од СССР била изразена индиректно: „Внатрешната македонска револуционерна организација ќе продолжи и понатаму да ја води својата самостојна политика, а за постигнување на своите цели таа смета на поддршка од страна на прогресивното општествено мислење во целиот свет и на сите организации и групи кои напишале на своите знамиња ’заштита на правото на самоопределување на нациите‘“[191].

Независно од причините за појавувањето на декларацијата од јавен карактер, објективно, таа за Т. Александров на некој начин била „осигурување“. Од една страна, одговорите во писмена форма на прашањата од советските дејци не оставале место за манипулации и толкувања од двојна природа на појаснувањата што биле дадени во Москва од делегацијата на ВМРО. Од друга страна, наметливото потцртување во декларацијата на „самостојниот“ карактер на Организацијата укажувало на рамките на можните заемни односи меѓу ВМРО и СССР, а имено: ВМРО била подготвена да прими поддршка од СССР како од држава која го застапува „правото на нациите за самоопределување“, но не повеќе од тоа. Во декларацијата неслучајно посебно било потцртано: ВМРО „нема да ѝ дозволи на ниедна владина власт и на ниедна политичка група во Бугарија и каде било на друго место да се мешаат во нејзините внатрешни работи за да биде Револуционерната организација искористена за државни и политички цели“[192]. Фразата „и каде било на друго место“ се однесувала на Советскиот Сојуз.

[190] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 14. С. 127.
[191] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 14. С. 129.
[192] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 14. С. 129.

## *Дилеми на советската страна по прашањето за преговори со ВМРО*

Во извештаите што доаѓале по линија на ИНО на ОГПУ се тврдело дека „Т. Александров со испраќањето делегација во М[осква] не е искрен“[193].

Сепак, во СССР не го сметале за безрезултатно доаѓањето на делегацијата на ВМРО во Москва. Г. В. Чичерин во октомври 1923 год. напишал: „Престојот на извесниот автономист во Москва беше прекрасен почеток за да привлечеме кон себе најмалку половина од автономистите, да го прошириме нашето влијание во нивната средина и, понатаму, оттргнувајќи ги од блокарите и од лигарите, да се изолира Александров и, можеби, дури и да се оттргне од Цанков“[194].

ИНО на ОГПУ првично планирал да го забрза раскинувањето на односите меѓу Т. Александров и А. Цанков. Дека тоа неминовно ќе се случи поради несовпаѓање на целите на бугарската држава и на македонската организација – сомнежи не постоеле. Останувало само прашањето: колку брзо ќе се случи тоа?

На крајот на август 1923 год. М. А. Трилисер му испратил и на Г. В. Чичерин преглед на агентурните материјали под наслов „Македонското прашање според информациите до 25 август 1923 год. (разработени заклучоци)“. Во прегледот бил вклучен планот на резидентот во Бугарија за забрзување на раскинувањето на односите меѓу Т. Александров и А. Цанков:

„1) или да се создаде конфликт меѓу Владата, Воената лига и автономистите;

2) или да се воведат во Организацијата трезвени, поинтелигентни луѓе со левичарски погледи, кои би можеле постепено да ги променат борбата и колективната мисла на Организацијата;

---

[193] Документи. Док. бр. 24. С. 109.
[194] Документи. Док. бр. 39. С. 165.

3) или да се започне отворена борба против идеолозите и работа меѓу автономистите слична на агитациска работа, според методите прифатени за армијата“.

Постоењето на предуслови за реализација на планот на резидентот се обосновало со следниве податоци:

„Анализата на состојбите покажува дека националните групи кои ја создадоа новата влада целосно ги споделуваат целите на автономистите. Но, во прашањата за надворешната политика околу тоа каде се наоѓа Бугарија, а не националните организации, меѓу автономистите и Владата постои голема разлика.

Се утврдува од апсолутно сигурен извор дека за време на последната конспиративна средба (околу 15 август) на Цанков и Т. Александров – првиот го советувал и го убедувал Александров да не го истакнува преку своите луѓе сопственото влијание во Бугарија, а, исто така, во никој случај да не презема никакви активни чекори во српска Македонија, до стабилизирање на кабинетот на Цанков.

Од истиот извор се утврдува постоење на незадоволство кај Александров од сегашната влада, бидејќи таа како да почнува да ги игнорира македонските интереси, исто како и претходните влади“[195].

Но ситуацијата брзо се променила.

Во Бугарија се случиле т.н. „септемвриски настани“: на 12 септември 1923 год. започнале апсења на активисти на БКП (т.с.) – според постојните податоци, задржани биле 1786 луѓе. Потоа БКП (т.с.) одлучила да дигне востание. „Септемвриските настани“ во Бугарија од еден од изворите на ИНО на ОГПУ биле окарактеризирани на овој начин: „Апсењата на 12.IX го предизвикаа востанието, кое се изрази во хаотични, спорадични изблици во различни места во Бугарија“.[196]

Информациите на ИНО на ОГПУ за однесувањето на ВМРО на Т. Александров, како и на други македонски

[195] Документи. Док. бр. 24. С. 105 .
[196] Документи. Док. бр. 43. С. 181.

организации кон БКП за време на „септемвриските настани“ биле доволно позитивни.

Во еден од извештаите, добиен по линија на ИНО на ОГПУ, се укажувало:

„2. Се утврдува дека по апсењето на лидерите на Комунистичката партија на 12 септември, Т. Александров му испратил на Цанков писмо со неодобрување на оваа владина мерка. […]

4. Се утврдува отсуство на Македонците во редовите на доброволците што се испратени против БКП. […]

6. Заслужува внимание одбивањето од страна на Националниот maкед[онски] комитет на владиниот предлог да упати апел кон Македонците против Комунистичката партија и одбивањето на емиграцијата да му се дадат свои луѓе на Георг. Атанасов – војвода на Т. Александров – и одбивањето на бугарскиот национален [комитет], кој се обидуваше да собере доброволци во владиниот одред.

7. Се утврдува целосна изненаденост на Владата од позицијата на Т. Александров, кој до последните настани имаше многу тесна соработка со Владата“[197].

Врз база на посочените информации, во извештајот биле изнесени следниве заклучоци:

„1. Претпоставувам дека ’македонското прашање‘ во најблиско време ќе биде централно прашање за Владата на Цанков, во смисла на постоењето на неговиот кабинет.

2. Позицијата на Мак[едонската] рев[олуционерна] организација во востанието на Комунистичката партија е делумен успех на СССР што воопшто не беше развиен.

3. Настроението, како на самата Рев[олуционерна] организација така и меѓу македонската емиграција, сега е доволно поволно за искористување во насоката неопходна за нас.

4. Дури и патот на националист-револуционер на кој може да застане Т. Александров лично, при засилена работа над Воен[ата] лига и над нац[ионал]либ[ералите],

[197] Документи. Док. бр. 37. С. 159.

не е опасен, затоа што перспективите за работа на масите и без Т. Александров се доволно поволни.

5. Карактеристично е постоењето на голема сличност на сегашната положба на ’македонското прашање‘ со положбата во последните месеци од управувањето на државата од земјоделците“[198].

По запознавањето со наведениот извештај, Г. В. Чичерин на 14 октомври 1923 год. се обратил со писмо кон заменик-претседателот на ОГПУ, В. Р. Менжински, со копии до И. Сталин, Г. Е. Зиновјев, Л. Д. Троцки и К. Радек.

Потпирајќи се на заклучокот дека „позицијата на Македонците е делумен успех на СССР, но е апсолутно неразвиен“, Г. В. Чичерин во писмото потцртал: „Јас безусловно стојам зад тоа дека ние мораме да вложиме многу повеќе енергија во оваа област и, можеби, да ги зголемиме нашите трошоци во неа. Ние безусловно треба да се движиме напред, побрзо отколку досега. […] Вие, веројатно, би можеле поконкретно и поточно да наведете што е конкретно потребно за постигнување покрупни резултати“[199].

Веројатно, во ИНО на ОГПУ ја споделувале гледната точка на Г. В. Чичерин. Во секој случај, на резидентите им била дадена задача да соберат детални информации за положбата и дејноста на ВМРО. За тоа сведочи фактот дека по линија на ИНО на ОГПУ само за октомври-ноември 1923 год. биле добиени значаен број извештаи од резиденти и од нивните „извори“, посветени на ВМРО: „Извештај за Македонија“[200]; „Автономистичка македонска организација (превод од бугарски)“[201]; „Положбата на Бугарија“[202]; „Современата положба на Македонската револуционерна организација“[203] и др.

198 Документи. Док. бр. 37. С. 159.
199 Документи. Док. бр. 39. С. 165.
200 Види: Документи. Док. бр. 41.
201 Види: Документи. Док. бр. 42.
202 Види: Документи. Док. бр. 43.
203 Види: Документи. Док. бр. 44.

Истовремено, во ноември 1923 год. по линија на Коминтерната била одржана VI конференција на БКФ. Решението за свикување конференција на БКФ во Москва, Президиумот на ИККИ го прифатил во август 1923 год. Истовремено, Президиумот на ИККИ ги предложил за дебата следниве прашања: 1. меѓународната положба; 2. националните прашања на Балканот; 3. аграрното прашање и др.[204]

На Конференцијата меѓу националните проблеми на Балканот основното внимание било посветено на македонскиот. Конференцијата ја одобрила специјалната резолуција за „македонското“ и за „тракиското“ прашање. Судејќи по проектот, подготвен од В. Коларов, првично се планирало да се утврди резолуција само за „македонското прашање“, бидејќи поимите „Тракија“ и „тракиско“ биле вметнати од В. Коларов во веќе препишан на машина текст.

Лајтмотив на Резолуцијата на VI конференција на БКФ било тврдењето дека „македонските и тракиските народности“ ќе добијат „национално и политичко ослободување“ само „во сојуз со трудбеничките маси на сите балкански држави“ преку создавање на независна Македонија и независна Тракија, како самостојни делови на единствената Федеративна Балканска Република.

Акцентот што во Резолуцијата на VI конференција на БКФ бил ставен врз поимите „независна Македонија“ и „независна Тракија“ ја разликувал од резолуциите на претходните конференции на БКФ.

На II конференција на БКФ (1921 год.) станало збор за создавање на Балканска Социјалистичка Федеративна Советска Република. На IV конференција (1922 год.) се тврдело дека „прашањето за национално ослободување може да биде решено само преку пролетерска револуција, која ќе ја создаде Социјалистичка Федеративна Советска Република“. На V конференција (1922 год.) пред комунистичките партии била поставена задачата: „да се ослободи националното движење на Македонија од влијанието на буржоазијата на соседните земји и да се насочи по патот на револуционерната борба за создавање

[204] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 18. С. 199.

Македонска Советска Република како составен дел на Балканската Федеративна Советска Република“[205].

Отсуството на поимите „советска“ и „социјалистичка“ во Резолуцијата на VI конференција на БКФ требало, очигледно, да го засили нејзиното влијание врз широките македонски маси.

Издигнувајќи ја паролата „независна, обединета Македонија“, Коминтерната, во овој случај преку БКФ, се обидела да ја преземе иницијативата од ВМРО на Т. Александров, кој ги застапувал обединувањето на Македонија и создавањето на самостојна држава на нејзината територија. Во Резолуцијата јасно се укажувало: „Борбата за независност на Македонија и на Тракија треба, во прв ред, да ја водат работниците и селаните на Македонија и на Тракија. Поради тоа, тие се должни да го земат во свои раце раководењето со таа борба, громогласно да ја објават својата солидарност со своите собраќа – работниците и селаните на другите балкански земји – и да обезбедат формирање на работничко-селанска влада во независна Македонија и во независна Тракија“[206].

Тргнувајќи од тоа дека комунистичките партии себеси се прогласувале за авангарда на работниците и на селаните, за изразувачи на нивните интереси, апелот до работниците и до селаните „да го земат во свои раце раководењето“ со борбата за обединување и независност на Македонија требало да биде разбран како повик до комунистичките партии да го земат во свои раце раководењето со борбата за обединување и независност на Македонија.

Притоа, во Резолуцијата била спомената тактиката на единствениот фронт со организациите (но без посочување на нивните имиња) кои ги бранеле „националните и културните интереси“[207].

Врз основа на толку општ исказ, тешко е да се заклучи дали се планирало применување на тактиката на единствениот

---

[205] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. кон док. бр. 18. С. 203-205.
[206] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. кон док. бр. 18. С. 191.
[207] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 18. С. 189.

фронт и во однос на ВМРО. Организацијата во Резолуцијата не директно, туку во прикриена форма се осудувала за учеството во „задушувањето на востанието на бугарските работници и селани“: „Однесувањето на тие заслепени Македонци, под маската на македонски ’револуционери‘, кои одиграа улога на *наемници на бугарската буржоазија и целати* на трудбениците од Бугарија, му направи штета на ослободувањето на Македонија и македонското трудбеничко население треба решително да го осуди“[208].

Резолуцијата, составена од заобиколни формулации, намеци и полунамеци, без оглед на издигнувањето на паролата „независна Македонија“, не можела да има каков било пропаганден ефект. Во извештајот под наслов „Автономистичка македонска организација“ еден од изворите на ИНО на ОГПУ забележал: „Компартијата со својот став кон македонското движење не може да ги привлече ниту партиските ниту македонските групи. Таа не може да ја популаризира својата програма за македонското движење. Македонската емиграција не го разбира јазикот на Комунистичката партија затоа што таа не зборува за конкретни дејствија, туку со општи фрази го оцртува единствениот фронт против српската буржоазија за постигнување Балканска федерација и работничко-селанска власт“[209]. Но во Коминтерната не сметале така. Резолуцијата на VI конференција на БКФ се користела многу од Коминтерната за пропагандни цели.

Поважни од резолуциите од агитациско-пропаганден карактер биле дискусиите, за време на кои се изработувале пристапи кон решавање на различни проблеми. Посебно место на VI конференција на БКФ заземала дискусијата околу прашањето за можноста за соработка со ВМРО на Т. Александров. Соодветните разјаснувања за овој проблем ги дал В. Коларов. Неговата позиција била издржана во духот на решенијата што биле прифатени на 16 октомври 1923 год. од самиот В. Коларов, како и од Г. Димитров и од Г. Михајлов – во својство на членови на Задграничниот комитет на БКП (т.с.).

---

[208] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 18. С. 187.
[209] Документи. Док. бр. 42. С.149.

Во октомври 1923 год. Задграничниот комитет, кој се состанал во Виена, констатирал дека, според неговото мислење, ВМРО „зела активно учество во задушувањето на Септемвриското народно востание“ и „со тоа официјалното раководство на Автономистичката организација дефинитивно се дамаскира како орудие на националистичката бугарска буржоазија и на нејзината белогардејска влада“. Задграничниот комитет одлучил: „со сите сили да ја поддржи борбата за левицата што се формира во Автономистичката организација против кликата на Т. Александров и за создавање на единствен фронт во македонското револуционерно движење – преку спогодба меѓу левицата и организацијата на федералистите, па дури и преку нивно обединување во една општа македонска организација“[210].

На VI конференција на БКФ, В. Коларов тврдел дека борбата меѓу десното крило на ВМРО и левото продолжува[211]. Според неговите зборови, БКП (т.с.) требало да фрли „светлина врз улогата што ја одиграа во ’септемвриските настани‘ македонските револуционери и особено нивните раководители“, а, исто така, да се исфрли и „националистичката македонска струја“ и да се зајакне „чесната автономистичка струја“[212].

Своето становиште В. Коларов и Г. Димитров отворено го изнесувале во статиите публикувани во весникот „Работнички весник“ (Работнически вестник) (печатен орган на БКП (т.с.)), знаејќи дека во исто време советските специјални служби подготвуваат почва за преговори со Т. Александров. На пример, во статијата на Г. Димитров, „Падната народна крв моли за одмазда!“, објавена во декември 1923 год., е истакнато: „Не е можно да се негира и одговорноста на Штабот на Тодор Александров во Македонската автономистичка организација, која даде на располагање наемни чети и

[210] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 17. С. 135-137.
[211] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 18. С. 139.
[212] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 18. С. 161.

најсурови џелати за реализација на адскиот план на буржоаско-фашистичката влада во однос на трудбеничките маси“[213].

Позицијата на В. Коларов и Г. Димитров не би имала посебно значење ако тие немале тежина и влијание во Коминтерната. В. Коларов и Г. Димитров биле дел од функционерите кои ја одредувале линијата на „балканската политика“ на Коминтерната.

Во почетокот на декември 1923 год. Секретаријатот на ИККИ му порачал на В. Коларов „да ги испрати резолуциите од Балканската конференција со придружно писмо“ до МПО, како одговор на Резолуцијата што била добиена од неа на Конгресот[214].

Во писмото до МПО, за разлика од Резолуцијата на VI конференција на БКФ, В. Коларов, изразувајќи го својот однос кон ВМРО, не ја користел заобиколната форма. Во писмото до МПО, В. Коларов потцртал: „…за време на јунскиот преврат, а особено за време на Сеп[темвриското] вооружено востание … макед[онските] „револуционери“ во Бугарија тргнаа да ѝ помагаат на белогардејската влада, и по нејзина наредба го убиваа трудбеничкиот народ востанат под раководство на Комунистичката партија“. Затоа, како што посочил В. Коларов, „конкретните задачи на македонските работници и селани и на сите чесни макед[онски] револуционери“ се: „1. да ги освојат македонските револуционерни организации, да ги обединат и да станат апсолутни господари на нивната политика и на нивната активност; 2. да ги пресоздадат така што да не можат да бидат искористени за цели спротивни на македонското револуционерно движење“[215].

Земајќи предвид дека писмото до МПО било потпишано во името на Извршниот комитет на Коминтерната, тогаш логично би било да се претпостави дека В. Коларов ја претставувал линијата на политиката на Коминтерната во однос на ВМРО.

---

[213] Раб. вестник. 19 декември 1923 г. № 8.
[214] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. кон док. бр. 20. С. 225.
[215] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 20. С. 221-223.

Во суштина, В. Коларов и Г. Димитров само се обидувале да го наметнат своето становиште на раководството на БКП (т.с.) и на Коминтерната.

Мнозинството на ЦК на БКП (т.с.) ја споделувало позицијата на В. Коларов и Г. Димитров како на членови на Задграничниот комитет на БКП (т.с.).

Имајќи ја предвид погрешната тактика на партијата во однос на ВМРО за време на „септемвриските настани", малцинството сметало дека е неопходно да се воспостават „најтесни врски" со ВМРО. Посочената група членови на ЦК на БКП (т.с.) во „краткиот преглед" на состојбата во партијата, составен, веројатно, од претставник на ИНО на ОГПУ, била окарактеризирана како „привржаниците на Коминтерната". Во „краткиот преглед" било посочено: „Во разговорите со претставниците на привржаниците на Коминтерната – Коста Јанков и Хаџидимов – истите беа сосема согласни дека една од најголемите грешки на ЦК на партијата во времето на 'септемвриските настани' беше во тоа што таа цело време се откажуваше од врската со Внатрешната македонска револуционерна организација, […] Ако, пак, Внатрешната македонска револуционерна организација чувствуваше зад себе суштинска – како материјална така и морална – поддршка од Комунистичката партија, тогаш движењето на последнава во септември ќе можеше да се овенча со успех"[216].

К. Јанков и Д. Хаџидимов биле именувани како „привржаниците на Коминтерната" неслучајно. Имено, нивната позиција се совпаѓала со општата линија на „илегалната политика" на СССР, која се градела врз идејата за неопходноста од придобивање на ВМРО на своја страна по секоја цена. Што се однесува на Коминтерната, Президиумот на ИККИ го разгледал „македонското прашање" во јануари-февруари 1923 год., за време на советувањето за „бугарското прашање", т.е. откако биле постигнати одредени спогодбени решенија со Т. Александров.

---

[216] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 27. С. 283.

Периодот на сондажа за „македонското прашање“ во целост завршил до декември 1923 год. Истовремено, по доживеаниот пораз во ноември 1923 год., во Германија се променила оцената на перспективите на идејата за „светска револуција“. Се исцрпиле надежите за револуција во некои од развиените држави во Западна Европа. Балканот останал единствената „експлозивна“ точка во Европа. В. П. Миљутин, кој ја координирал „илегалната дејност“ на Коминтерната на Балканот, во своите обраќања до Президиумот на ИККИ настојувал да се обрне „сериозно внимание“ на Бугарија. Бугарија – тврдел В. П. Миљутин – претставува „единствен пункт“ каде што се можни „реални резултати“, а во случај на успех, „последиците … ќе стигнат далеку зад границите на Балканот“[217]. Со други зборови, за В. П. Миљутин, Бугарија претставувала излезна точка од која би можела да почне „светската револуција“[218].

По поразот во Германија, кон становиштето на В. П. Миљутин се приклонил и Г. В. Чичерин. Имено, Г. В. Чичерин во почетокот на декември 1923 год. го поставил прашањето за неопходноста од преминување од сондажи кон активни дејствија на Балканот.

---

[217] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 21. С. 225.

[218] Во врска со тоа, интересно е тврдењето на Г. Беседовски дека уште пролетта 1923 год. В. П. Миљутин бил против таканаречената „аграрна“ теорија за развој на „светска револуција“. Приврзаниците на таа теорија сметале дека „револуцијата од Русија би требало да се префрли во аграрните држави на Балканскиот Полуостров: Романија, Бугарија и Југославија. Од посочените држави револуцијата би преминала во државите од полуиндустриски тип – во Италија и Австрија (преку Унгарија) – и таму би се случила трансформација на селанските бунтовнички движења во првата фаза на пролетерската револуција и револуционерното движење потоа би се префрлило во типично индустриската Германија. Приврзаниците на ’аграрната‘ теорија како аргумент го посочувале фактот дека аграрните држави ќе можат доволно лесно да ја поднесат блокадата, а ниското ниво на културата го прави населението помалку чувствително кон лишувања во граѓанска војна, како и потрпеливо. Имајќи ја зад себе аграрната заднина, Германската револуција би можела лесно да ја поднесе блокадата и да ја нападне Франција, отфрлајќи го Версајскиот договор и обединувајќи ги околу себе сите германски кругови што сакаат реванш“ – Беседовский Г. На путях к термидору. М., 1997. С. 69-70.

Г. В. Чичерин на 2 декември 1923 год. се обратил до претседателот на ИККИ, Г. Е. Зиновјев, со писмо, чии копии биле наменети за Сталин, Троцки, Каменев, Трилисер и др. Во писмото Г. В. Чичерин констатирал дека периодот на претходната сондажа на Балканот завршил, потцртувајќи го притоа следново: „Во случај на големи настани, треба да донесеме решение, имајќи предвид дека пасивноста во некои околности може да значи загуба на создадената позиција. Ова прашање, за кое кај нас, за жал, малку се размислува, е многу комплицирано и тешко“[219].

Г. В. Чичерин имал намера, како што произлегува од посоченото писмо, да расправа за ситуацијата на Балканот и за мерките по преминувањето кон активни дејствија со В. П. Миљутин и В. Коларов, со цел да им ги претстават заклучоците на „најкомпетентните инстанци“ за тие да можат да донесат соодветни решенија.[220]

Веројатно, Г. В. Чичерин ја добил поддршката од „најкомпетентните инстанци“, бидејќи советската страна од тактика на сондажа преминала кон активно дејствување.

Природно, советската страна своите планови ги базирала врз резултатите од „претходната сондажна работа“. Обединетите резиденти, кои истовремено се занимавале и со политичко и со воено разузнавање, успеале да ги обезбедат најдеталните информации за ВМРО, да воспостават контакти со истакнатите дејци на Организацијата, да создадат мрежа на агенти и информатори.

Извештаите, кои доаѓале по линија на ИНО на ОГПУ, содржеле:

– анализа на настроенијата на масите во Бугарија, на настроенијата на македонската емиграција во Бугарија, на односите на раководството на ВМРО со политичките фактори во Бугарија, вклучувајќи ја Комунистичката партија;

– карактеристики на членовите на ЦК на ВМРО;

[219] Документи. Док. бр. 48. С. 205.
[220] Документи. Док. бр. 48. С. 205, 207.

– детални информации за разместувањата на четите, за нивната бројност, за оружјето со кое тие располагале, за изворите за добивање средства и сл.

Тие извештаи се препраќале и до народниот комесар за надворешни работи.

Врз основа на собраните информации за таканаречените „автономисти“ и за таканаречените „федералисти“ на ИНО на ОГПУ, приближно на самиот крај на ноември 1923 год. бил подготвен сумарен извештај, под наслов „Внатрешните македонски револуционерни организации“[221].

Фактот дека извештајот се појавил пред почетокот на преговорите со Т. Александров за склучување договор меѓу ВМРО и советската држава особено го засилува значењето на карактеристиките на ВМРО и на ВМФРО што биле дадени во извештајот.

ВМРО на Т. Александров во извештајот била претставена вака:

„Официјална Бугарија ги поддржувала и ги поддржува автономистите затоа што за неа е од полза автономна Македонија, чиј поголем дел од населението секогаш се чувствува како бугарско; таква Македонија секогаш би била орудие на Бугарија против Србија. […]

Организацијата на автономистите никогаш не беше революционерна – нејзините стремежи се чисто шовинистички.

Главна база на автономистите е македонската емиграција во Бугарија. Поголем број од емигрантите се градски жители чии интереси се тесно поврзани со интересите на Бугарите и со интересите на градското население во српска Македонија. Затоа, емигрантите ги поддржуваат токму автономистите – нереволуционерните елементи.

Организацијата на автономистите постои долго време, а материјално е поддржувана од трговците емигранти и од бугарските политички партии. Затоа таа успеа да организира постојани чети на комитите.

[221] Види: Документи. Док. бр. 47.

Четниците на автономистите се добро организирани затоа што се постојано платени, добиваат униформи и оружје. На тој начин, автономистите како да имаат регуларна професионална војска.

Бугарските политички партии, особено во последно време, го користат тоа затоа што бугарската армија е многу незначителна, бидејќи е лошо платена, не е цврста и не е сигурна.

Поради патријархалноста на Македонците, меѓу нив решавачка улога играат водачите. *Т. Александров* има силна волја, решителност, па затоа, во отсуство на други истакнати личности, ги држи в раце автономистите, насочувајќи ги според своите желби, без да ги зема предвид интересите на Организацијата и стремежите на нејзините членови.

Организираноста на автономистите и личните својства на нивниот водач ги користеа, за постигнување на своите цели, различни политички партии во Бугарија, како и сите што имаа интерес од ослабувањето на Србија (Италијанците).

*Т. Александров* одлично сфаќа дека сиромашното опљачкано население на Македонија не е во состојба да му се спротивстави, па затоа тој им дозволува на своите четници да собираат даноци од населението, да го тероризираат – благодарение на тоа, неговите четници секогаш се материјално обезбедени, но македонското население постепено се оладува кон него.

Бидејќи базата на автономистите се наоѓа од едната и од другата страна на границата на Бугарија со Југославија и нивните чети немаат можност за навлегување во српска Македонија, популарноста на автономистите е особено голема во Источна Македонија“.

Таканаречените „федералисти“ биле претставени не само врз база на изворите од ИНО на ОГПУ, но и врз база на материјалите добиени од Ф. Атанасов и С. Иванов.

Во извештајот за ВМФРО се тврдело:

„Оваа организација е помлада (постои само од 1921 год.).

Меѓу федералистите нема истакнати водачи; затоа досега не можеа да ги организираат своите многубројни истомисленици и да им се спротивстават на автономистите.

Оваа организација е неоспорно револуционерна; нејзиниот водач *Паница*, според своите убедувања, е комунист и следбеник на Сандански.

Федералистите, внимавајќи на изворот на средствата, не добиваат материјална поткрепа од никаде. Тие се трудат да се поврзат со сите незадоволни народности и револуционерни организации на Балканскиот Полуостров.

Федералистите успеаја да воспостават врска со Хрватите, со Албанците и со грчките Македонци. Со комунистите тие, исто така, одржуваат добри односи.

Но сите овие организации не се во состојба да си помогнат една на друга и со заеднички напори да го насочат движењето, затоа што не располагаат со добро организирани и вооружени сили. Во однос на ова, може да им помогне само Фуад-беј со неговите чети, кои дејствуваат во Западна Тракија, уште повеќе затоа што Паница, очигледно, веќе се поврза со Фуад-беј.

Федералистите почнуваат да имаат влијание меѓу македонското население, кое често е ужасно исплашено од теророт на автономистите. Така, при окупацијата на Неврокоп, каде што влијанието на автономистите досега беше мошне силно, населението ги пречека федералистите со симпатии.

На таков начин, иако идејата за федерација при антагонизмот на балканските народности не може да биде популарна, македонското население, разочарано од автономистите, може да тргне по федералистите.

Во српска Македонија има видни водачи федералисти, но тие не располагаат со големи сили, а освен тоа, нивните дејствија не се солидарни.

Меѓу четниците на Т. Александров се забележува големо незадоволство од непријателската политика во однос на

Советска Русија; Паница со своите симпатии кон Сов[етска] Русија ги привлекува на своја страна овие незадоволници".

Заклучоците на извештајот биле следниве:

„1. Автономистите се силни затоа што располагаат со добро организирани чети на комити-професионалци.

Но за да ги држи во потчинетост, Т. Александров треба добро да ги плаќа. Тоа го тера да не обрнува внимание на изворите на материјални средства; постојаните даноци што се земаат од населението го обременуваат и предизвикуваат оладување кон автономистите. Материјалните средства што Т. Александров ги добива од бугарските политички партии го тераат често да ги нарушува интересите на автономистите, што предизвикува незадоволство меѓу нив од нивниот водач, кое можат да го искористат федералистите.

2. Автономистите се силни благодарение на тоа што нивен водач е Тодор Александров; но меѓу нив има и други водачи, како, на пр[имер], генерал *Протогеров*, кои би можеле да застанат на чело на движењето и да го поведат во апсолутно друга насока.

Генерал Протогеров има големи симпатии кон Сов[етска] Русија и би можел да привлече на своја страна поголем дел од автономистите.

3. Со материјална поддршка, федералистите би можеле да организираат не помалку силни чети.

4. Врската на федералистите со Хрватите, со Албанците и со Фуад-беј може да се зацврсти доколку тие бидат обезбедени материјално, благодарение на што ќе располагаат со борбени сили.

5. Пријателските односи со Комунистичката партија ја привлекуваат македонската сиромаштија на страната на федералистите и ја насочуваат против автономистите".

Извештајот под наслов „Внатрешните македонски револуционерни организации" се разликува од другите материјали на ИНО на ОГПУ, кои ги третирале прашањата поврзани со ВМРО и ВМФРО, бидејќи тој имал очигледно

зголемена позитивна оцена на ВМФРО. Колку сериозно бил сфатен извештајот под наслов „Внатрешните македонски револуционерни организации“ – не е познато. Но, во секој случај, за какви планови и да станувало збор – за изолирање и отстранување на Т. Александров, за „преземање“ на ВМРО по пат на обединување на ВМРО и ВМФРО и сл. – примарната задача на советската страна се состоела во воспоставување блиски контакти со ВМРО.

### *Преговори на Б. Ја. Шпак со Т. Александров (декември 1923 год.)*

На резидентот Б. Ја. Шпак, кој во Бугарија го користел псевдонимот „Андреев“, Центарот му дал задача: „Да се разјасни дефинитивно односот на ВМРО спрема СССР, имајќи ги предвид: пожелноста да се зајакнат заемните односи во форма на договор, размената на претставништва со право претставникот на СССР да учествува во дипломатските и во воените работи на ВМРО, без мешање во внатрешниот живот на Организацијата, влегување на претставникот на ВМРО во Акциониот комитет и неговата согласност да учествува во него истовремено со претставникот на МФРО“[222].

Со цел да ги реализира поставените задачи пред него, „Андреев“ на 17 и на 18 декември 1923 год. на „територијата на ВМРО во бугарска Македонија“ (т.е. во Пиринска Македонија) ги спровел преговорите со Т. Александров.

„Андреев“ постапувал соодветно со својот сопствен план:

„1. Да му се расветли на ЦК во лицето на Т. Александров односот спрема ’македонското прашање‘, набљудуван и веројатен како од балканските држави така и од Франција, Англија и Италија.

2. Да се расветли односот на СССР спрема ’македонското прашање‘ и целта што сакаме да ја постигнеме

[222] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 227.

со поддршката што му ја даваме на ВМРО, а во лицето на нејзината идна независна Македонија.

3. Да се докаже неопходноста од обединување на сите револуционерни фактори на Балканот околу СССР во текот и развојот на настаните.

4. Запознавање со проектот за создавање акционен комитет, со неговите компетенции и набележената конструкција (меѓу другото, учество на федералистите).

5. Да се докаже неопходноста од создавање претстав[ништво] на СССР при ВМРО, на кое ќе му се даде не само право за мешање во дипломатската и во воената страна на животот на ВМРО туку и за анкетирање на сите спорни прашања што би можеле да се појават.

6. Да се докаже неопходноста од координирање на активностите на ВМРО и на Бугарската ком[унистичка] партија и да се постигне фактичко остварување на помош на ВМРО на илегалната организација на Ком[унистичката] партија, на која ќе ѝ се дава оружје, засолниште и сл.

7. Да се укаже дека патиштата за зацврстување на односите [со] СССР конкретно треба да бидат следниве:

а) испраќање писмо-декларација на ЦК на ВМРО до сов[етската] влада во смисла на постапките што ги развив во преговорите;

б) испраќање претставник на ЦК на ВМРО во виенското претставништво на СССР со писмен мандат за право за склучување договор меѓу СССР и ВМРО – ако прифатливоста на таквиот договор за СССР ќе произлезе од Декларацијата на ЦК на ВМРО; и

в) готовност за итно спроведување на сите мерки што ќе следуваат од смислата на договорот и ќе бидат приближно оние што се набележени во поставките што ги истражив јас“[223].

Почнувајќи ги преговорите, „Андреев“, како што тој испланирал, ја искористил „моќта на убедување“. Тој се обидел аргументирано да докаже дека ниту една држава (ниту Бугарија, ниту Југославија, ниту Грција, ниту Романија, ниту Франција, ниту Англија, ниту Италија) во услови по Првата

[223] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 227-229.

светска војна не го поддржува и нема да го поддржи македонското ослободително движење. Само СССР – изјавил „Андреев“ – го признава „правото на Македонија на целосна самостојност и постоење како независна држава“, разгледувајќи ја ВМРО во својство на „јадро“ на македонската државност[224].

Истовремено, „Андреев“ укажал на „логичноста и неопходноста ВМРО да ѝ даде целосна соработка и поддршка на Ком[унистичката] партија во нејзината борба против реакцијата“[225].

Тргнувајќи од постулатот дека „извојување слобода на Македонија само со силата на ВМРО, без координирање на борбата со другите револуционерни фактори“, е малку веројатно, „Андреев“ посочил на оправданоста на планот на советската страна да создаде акционен комитет, како орган кој би ги обединил револуционерните сили на Балканот. Од неговите разјаснувања следувало дека координацијата на дејноста на организациите, кои би влегле во акциониот комитет, би ја вршел Виенскиот центар. Набројувајќи ги потенцијалните учесници во акциониот комитет, „Андреев“ ги споменал „федералистите“ (Пандурски, Циклев, Ст. Мишев), со тоа давајќи на знаење дека СССР очекува од Т. Александров помирување со „федералистите“[226].

Потоа, како што е одбележано во извештајот на „Андреев“, тој ја истакнал „неопходноста да му се даде право на претставникот на СССР за целосно учество како во дипломатската така и во воената работа на ВМРО, не гибајќи ги внатрешните организациски прашања (внимание – кон последната декларација на ВМРО се приложува аналогијата на Франција и Полска, Франција и Чехословачка)[227].

Во заклучокот „Андреев“ ја обусловил можната поддршка на ВМРО од страна на СССР во случај ако Т. Александров ги прифати „искажаните поставки“ за неопходноста од соработка со Комунистичката партија на

[224] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 233.
[225] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 235.
[226] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 233.
[227] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 235.

Бугарија, помирувањето со „федералистите“, учеството на советскиот претставник во дипломатската и во воената работа на ВМРО. Во врска со тоа, „Андреев“ побарал од Т. Александров да подготви специјална декларација и да ја препрати во СССР „во рок не подоцна од првите денови на јануари 1924 год.“[228]

По излагањето, според сопствениот план, на позицијата на СССР, „Андреев“ му дал можност на Т. Александров да го обмисли слушнатото. Бидејќи на преговорите присуствувал Д. Влахов, „Андреев“ претпоставил дека Т. Александров со него ги продискутирал предлозите на советската страна.

Според интерпретацијата на „Андреев“, Т. Александров одговорил на прашањата поставени од советскиот резидент на следниов начин:

– ***Прашање за односот спрема СССР*** – „ВМРО сосема сфаќа дека единствена помош во борбата за слобода на Македонија може да добие од СССР“; „ако Организацијата до неодамна не се обраќаше за помош до СССР, тоа е затоа што нејзина прва задача биле создавањето и јакнењето на нејзиниот авторитет и дури потоа влегувањето во врска со држави и организации што се борат за заеднички идеал“; населението на Македонија е далеку од „економскиот болшевизам“, т.е. од радикалните промени во економската сфера: експропријација на приватната сопственост и др., но ВМРО го признава „политичкиот болшевизам“[229].

– ***Прашање за односот спрема Владата на А. Цанков*** – за ВМРО прашањето за Владата на Бугарија е прашање за базата за Организацијата; ВМРО ја брани Владата на А. Цанков поради тоа што таа ѝ дава можност на Организацијата да собира материјални средства и оружје, да лекува ранети и болни[230]; поддршката што му ја дава ВМРО на кабинетот на А. Цанков „е многу помала отколку што тврди и парадира Владата“; меѓу ВМРО и Владата веќе почна „прикриена борба“, бидејќи Владата насочувана од „недржавници“ прави една по

[228] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 235.
[229] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 237.
[230] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 239.

друга грешка, а ВМРО укажува на пропустите; ако Владата „започне да ја води старата политика на Бугарија во однос на Македонија“, ВМРО ќе го спречи тоа[231]; „сега Владата на Цанков е подобра за ВМРО – против Југославија – тоа е факт“[232].

– ***Прашање за односот спрема Комунистичката партија на Бугарија*** – ВМРО е апсолутно свесна дека „се неопходни и можни заеднички патишта за работа“ со Комунистичката партија. „Остварувањето на тоа е можно само со авторитет на Советска Русија… При таквото посредување, ние се согласивме да декларираме готовност на ВМРО да ја поддржува и да ѝ дава секаква поддршка на Комунистичката партија за создавање од неа силна организација способна во моментот од почнувањето заедничка борба активно да ја поведе, и се обврзуваме дури и да помогнеме во борбата за соборување на Вл[адата] на Цанков“[233], но сега „предупредете“ ја партијата дека ВМРО ќе ѝ даде поддршка на Владата на Бугарија во случај на обид да дигне востание, затоа што „секое востание ѝ оди во прилог само на Југославија за да се втурне во Бугарија, да ги заземе Перник и бугарска Македонија, што значи, секој друг однос на ВМРО спрема востанието е самоистребување“[234].

– ***Прашање за односот кон „федералистите“*** – во јануари 1923 год. бил свикан обединувачки конгрес и „легалните“ федералисти добиле дел од местата во Националниот комитет, од што може да се заклучи дека ВМРО немала ништо против „легалните федералисти“, но односот спрема „илегалните федералисти“ бил сосема спротивен – тие „се разбојници и предавници“; „ние бараме во името на заедничката борба спогодба со Мишев, Циклев“; „повторно му е упатен предлог на Мишев за уништување на најопасниот жупан за Македонија, Добрица Матковиќ – по што нему му се гарантира животот во границите на бугарска Македонија,

[231] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 237.
[232] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 241.
[233] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 241.
[234] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 239.

доколку не посака да работи во друг реон“; „врз таа основа е можно укинување на смртната пресуда за д-р Атанасов, доколку тој има врска со војводите и може да влијае за нивното повлекување од српска Македонија“; „тешката борба бара обединување на постојните сили, а не расцепување“[235].

– ***Прашање за Акциониот комитет*** – „се претпочита Акциониот комитет да биде составен од претставници на Сов[етска] Русија кои ќе бидат во контакт со претставниците на народите и на организациите во него, и самите, судејќи според околностите, ќе ги поврзат групите на организациите и лицата корисни за општо дело“[236].

– ***Прашање за односот спрема Франција, Велика Британија и Италија*** – ВМРО нема никакви илузии спрема Франција и Велика Британија, но не испушта ниту една можност да го постави прашањето за Македонија во тие држави[237]; земајќи ги предвид интересите на Италија на Балканот, ВМРО се однесува кон неа со посебна внимателност; тврдењето за добивање помош од Италија во парични средства, во оружје, муниција и сл. се „лажни“; „помошта што им ја даде Италија на Протогеров и др. не е повеќе од издавање италијански пасоши, преместување и транспорт на луѓе“[238].

– ***Прашање за „проширување на правата на претставникот на СССР во дипломатска и воена насока“*** – „рационалноста на тоа е јасна и за нас. Помошта во воената шпионажа против Бугарија сега не ни изгледа можна од морални мотиви, затоа што самите ние сме Бугари. Натамошниот развој на настаните и во тој однос можеби ќе внесе промена“[239].

– ***Прашање за декларацијата*** – декларацијата „мислам дека ќе биде во дух прифатлив за СССР – зацврстување на односите веќе во форма на договори“[240].

---

[235] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 241-243.
[236] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 245.
[237] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 247.
[238] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 249.
[239] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 249.
[240] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 251.

Врз основа на разговорите со Т. Александров и на собраните информации, „Андреев“ ги донесол следниве заклучоци:

„1. Најкрупниот политички фактор на Балканот е ВМРО, чие освојување е мошне корисно за СССР, не само од причини од воен карактер туку и од политички.

2. Се потврдуваат несомнената моќ на Организацијата, добрите борбени и конспиративни традиции – што при релативно големите резерви на оружје што е сопственост на Организацијата, економското стопанство и фактичката положба на држава во држава – даваат основа да се гледа на Организацијата како на позначајна од сите други  во таа насока.

3. Се потврдува големата зависност на Владата на Цанков од ВМРО и нејзиното влијание врз кабинетот.

4. Најсериозно внимание привлекува можноста за контакт во работата на ВМРО и на илегалната организација на Комунистичката партија (на што настојував своевремено, но не беше обрнато доволно внимание) – што за Комунистичката партија при нејзината сегашна положба е прашање од кардинална важност.

5. Поставувањето претставник кај ВМРО е пат кон воспоставување контакт со Владата на Бугарија и, во секој случај, кон преминување на активна работа во источен Балкан.

6. Се утврдува несомнено ‘свртување влево’ како на дел од емиграцијата така и на дел од членовите на Организацијата (војводи и четници) и јакнење на симпатиите спрема СССР.

7. Се утврдува незадоволство од диктатурата на Т. Александров како кај дел од емиграцијата така и во редовите на Организацијата – меѓутоа, неговата вредност за борбата ја признаваат сите, и тоа незадоволство се сведува на степен на жална борба против него и парализирање на неговата диктатура над емиграцијата.

8. Да се започне борба против Т. Александров е можно, иако и тешко. Таа ќе ја предаде емиграцијата во наши раце, како и дел од Организацијата, но вредното – самата ВМРО – во целост ќе остане во рацете на Александров. Неговото убиство,

пак, ќе внесе распаѓање, и со тоа нема да ја добиеме ВМРО како целосен фактор.

9. Неопходни се силно маневрирање и голема волја и ерудиција на претставникот на СССР при ВМРО, во случај на зацврстување на односите со договорот – за да не станеме ние орудие на Т. Александров.

10. *Во однос на прашањето за федералистите, сметам дека 'Нел. Фед. Орг.' може да ни биде корисна само со одделни луѓе и со извршување на нашите безначајни задачи.*

Доколку борбата на федералистите против ВМРО сега – надвор од нашата помош – има за нив личен и приватен карактер (не судам за нив како за искрени приврзаници на Белград), тогаш не ја сметам за разумна поддршката за нив како самостојна организација во исто време, ако ние ѝ дадеме поддршка на ВМРО.

Патишта за координирање на активностите постојат"[241].

На тој начин, „Андреев" укажал колку е важно СССР да ја „преземе" ВМРО – не само од воено становиште туку и од политичко, а укажал и на неможноста да се зачува ВМРО како „целосен фактор" без Т. Александров, како и на приоритетноста за СССР од гледна точка на соработката на „автономистите" во споредба со „федералистите".

Двата последни заклучока директно ги негирале тврдењата од сумарниот извештај на ИНО на ОГПУ – „Внатрешната македонска револуционерна организација".

Натамошниот развој на настаните ја докажал правилноста на тезите на „Андреев" (Б. Ја. Шпак).

Точноста на нијансирањето на заклучоците во извештајот на „Андреев" била резултат на неколку фактори – на деталното познавање на регионот, на искуството на илегалната работа на Балканот и на исклучителните способности на Б. Ја. Шпак како разузнавач.

Преговорите со Т. Александров, вешто изградени од Б. Ја. Шпак, извонреден врбувач, предизвикале чувство на задоволство кај двете страни.

---

[241] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 253.

Буквално веднаш по завршувањето на преговорите, на 18 декември 1923 год. во 15 часот и 10 минути, Т. Александров напишал писмо до членовите на Задграничното претставништво на ВМРО, К. Прличев и Г. Баждарев: „Со Андреев сè завршивме одлично (Данилов[242] ќе ви каже подетално). Апсолутно е неопходно (барем овој пат) да се зачуваат во тајност: и средбата и, особено, резултатите“[243].

Според мемоарите на К. Прличев, „Андреев“ по враќањето од Пиринска Македонија, ги споделил со него „своите впечатоци во смисла на тоа дека постоеле многу невини жртви, кои настрадале од строгите мерки на ВМРО во округот за време на комунистичкото движење во периодот на превратот и ’септемвриските настани‘, но, без оглед на тоа, тој, ’Андреев‘, сметал дека договорот за кој тие зборувале со Александров може да биде постигнат“[244].

Бидејќи „Андреев“ определил одреден рок за испраќање декларација – „до првите денови на јануари 1924 год.“ – Т. Александров на 30 декември 1923 год. ги потпишал сите документи што, според него, биле неопходни: прво, „Проектот за спогодба меѓу ВМРО и Р[уската] С[оветска] Р[епублика]“ (под бр. 665)[245], второ, декларацијата „За таканаречените ’федералисти‘“ (под бр. 666)[246] и мандатот на Д. Влахов за продолжување на преговорите (под бр. 667)[247].

Во „Проектот за спогодба меѓу ВМРО и Р[уската] С[оветска] Р[епублика]“ се декларирало дека:

---

[242] Данилов – псевдоним на Д. Влахов.

[243] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев. София, 1999. Док. № 71. С. 456.

[244] 36 години във ВМРО... С. 114.

[245] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 24.

[246] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 23.

[247] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 5 кон док. № 22. Д. Влахов го добил следниов мандат: „Централниот комитет на Внатрешната македонска революционерна организација го ополномоштува г. Димитар Влахов (Данилов) од гр. Кукуш, Македонија, поранешен пратеник од Солун, да ги заврши преговорите со РСР во духот на договореното од средбата меѓу Богдан и Андреев. Се молат господата полномошници на РСР, кај кои ќе се јави г. Д. Влахов, да имаат целосна доверба во него и да му укажат максимална поддршка“ – Види: илустрации – Коминтерна. Т. 1. Д. 2.

1. ВМРО „ги претставува Македонците што се борат за национално самоопределување, политичка слобода, самоуправа и за најголема можна социјална правда“;

2. цел на ВМРО е обединување на Македонија во единствена политичка единица, која со време ќе стане полноправна членка на Балканската федерација, или, во прво време, на Југословенската федерација;

3. за постигнување на истакнатите цели ВМРО смета: „а) на своите боречки сили; б) на една држава, какво и да е нејзиното уредување, чии интереси се совпаѓаат со идеалите на ВМРО; в) на сите општествени организации што се борат за национално самоопределување, за човекови права и слободи и за траен мир во светот“.

Понатаму во Проектот се потцртувало дека тргнувајќи од „своите принципи“, врз кои се гради ВМРО, и од „официјалните изјави на Руската Советска Република дека таа ќе помага за ослободување на потиснатите народи“, ВМРО е подготвена да ја склучи следнава спогодба со СССР:

„1) ВМРО се обврзува да работи заедно со другите революционерни организации на Балканот за федерирање на балканските држави во нивните етнички граници, чии добро сфатени политички и економски интереси се совпаѓаат со оние на РСР;

2) Руската Советска Република ја признава ВМРО како единствен изразувач на суверената волја на Македонија;

3) ВМРО и РСР одржуваат врски преку своите редовни полномошници, кои ќе имаат својство на дипломатски и воени претставници;

4) двете страни, задржувајќи ја самостојноста во својата внатрешна и надворешна политика, можат да преземаат конкретни заеднички акции со заедничка согласност и според политичките околности;

5) ВМРО со благодарност би прифатила материјална, дипломатска и морална поддршка од РСР“.

Според тоа, заради признавање на ВМРО во својство на единствен правен претставник на македонскиот народ или,

според исказот на Б. Ја. Шпак, на „јадрото“ на македонската државност, Т. Александров се обврзувал:

– да соработува со комунистичките партии, затоа што под организации на Балканот „чии добро сфатени политички и економски интереси се совпаѓаат со оние на РСР“, во прв ред, се подразбирале комунистичките партии;

– да преземе со СССР „конкретни заеднички акции“, под услов да постојат „општа согласност“ и одредени „политички околности“, знаејќи дека под „акции“ советската страна подразбирала вооружено востание.

Зошто Т. Александров во Проектот за спогодба со СССР се изјаснил „позитивно за главните прашања“, поставени од „Андреев“ (Б. Ја. Шпак)?

Постојните извори не даваат директен одговор на тоа прашање. Можна е само логичка реконструкција на мотивите на Т. Александров.

Од таа гледна точка претставуваат интерес размислувањата за причините кои го поттикнале Т. Александров да стапи во преговори со советската страна на еден од „изворите“ на ИНО на ОГПУ во Бугарија, кој укажал на следново:

„Според моето лично убедување, мотивите кои го поттикнаа Александров да бара или да се согласи за договор со Сов[етска] Русија може да бидат објаснети од две причини. Прво, знаејќи, од една страна, дека поведението на Бугарската комунистичка партија по превратот од 9 јуни не беше одобрено од Москва, тој мисли дека Москва може сега да смета повеќе на него отколку на партијата и, на тој начин, тој се надева дека ќе ѝ наштети на Комунистичката партија. Од друга страна, по паѓањето на режимот на Стамболиски, тој веќе нема против кого да конспирира во Бугарија, а во Србија сега не смее да преземе никаква акција. Освен тоа, има основа да се мисли дека Владата на Цанков нема многу да ја смени политиката на Стамболиски кон Србија и, можеби, дури ќе се обиде да постигне спогодба врз основа на поделбата на Македонија, а, во овој случај, положбата на Александров ќе стане многу

критична. И затоа, чувството на самозачувување можело да го поттикне да бара нова потпора во лицето на Сов[етска] Русија. Повторувам дека тоа е само мој впечаток за тоа дека една од овие причини би можела да го натера Александров да бара спогодба со Москва. Ако тој дејствувал поради првата причина, тогаш, веројатно, бил инспириран од Владата, а ако дејствувал поради втората, тогаш тој дејствувал од чисто егоистички побуди“[248].

Од двете наведени од „изворот“ на ИНО на ОГПУ причини, имено, втората („чувството на самозачувување“) се претставува како најверојатна.

По доаѓањето на власт, кабинетот на А. Цанков побрзал да се дистанцира од Т. Александров. На раководителот на ВМРО му било дадено на знаење дека „македонското прашање“ се наоѓа во ингеренција на Владата и таа нема да дозволи никому, без оглед на мотивите, да се меша во нејзините работи. За Владата, ВМРО на Т. Александров не била партнерска организација, туку потчинета.

Т. Александров, настојувајќи да го зачува самостојниот карактер на ВМРО, морал да најде „инструмент за притисок“ врз Владата на А. Цанков. Во овој случај, вистинска потпора на независноста на Организацијата би била поддршка од една од „големите сили“.

Но, на Париската мировна конференција, Велика Британија и Франција го наметнале своето становиште, според кое, националните проблеми во иднина би требало да се решаваат во рамките на постојните држави како прашања за правата на националните малцинства. Затоа, таквите револуционерни организации како ВМРО, кои се бореле за создавање на нови држави, а, според тоа, за менување на границите, немале и не можеле да имаат поддршка од создавачите на „Версајскиот систем“.

Останувал само Советскиот Сојуз, наследникот на Руската Империја со нејзиниот авторитет на „голема сила“. Прогласувајќи ја паролата „право на нациите на самоопределување“, СССР навлегол во судир со општата

[248] Документи. Док. бр. 58. С. 265.

линија на европската политика во однос на националните прашања.

Претставите дека Советска Русија е единствена реална сила, која е подготвена да ги поддржи националнореволуционерните движења, се поткрепувале со пример на односот на советската влада кон Мустафа Кемал Ататурк.

На 26 април 1920 год. Мустафа Кемал се обратил до В. И. Ленин со писмо, во кое посочил дека Турција е подготвена „заедно со Советска Русија да се бори против империјалистичките влади за ослободување на сите угнетени“ и „се надева на содејство од страна на Советска Русија на Турција во нејзината борба против империјалистичките непријатели, кои ја нападнаа“[249].

На 3 јуни 1920 год. (бидејќи посоченото писмо стигнало дури во почетокот на јуни 1920 год.) на Мустафа Кемал му одговорил министерот за надворешни работи Г. В. Чичерин, потенцирајќи: „Советската влада, со цел воспоставување на пријателски односи и цврсто пријателство меѓу Турција и Русија, предлага итно да се воспостават дипломатски и конзулски односи. Советската влада на сите народи на светот им подаде рака, останувајќи неизменливо верна на својот принцип на признавање на правото на самоопределување на секој народ“[250].

Во јули 1920 год. во Москва пристигнала турска владина делегација, на чело со министерот за надворешни работи Бекир Сами-беј. Двете страни се договориле за потпишување на договор за пријателство (проектот на договорот бил потготвен на 24 август 1920 год.) и за помош од страна на Советска Русија на Турција со оружје, муниција, злато.

Потоа на Г. К. Орџоникиѕе, член на Револуционерниот воен совет на Кавкаскиот фронт, итно му биле) препратени шест илјади пушки, пет милиони куршуми и 17 600 друга боева муниција за да им ги предаде на Турците.

---

[249] Документы внешней политики СССР. М., 1958. Т. 2. С. 725.
[250] Документы внешней политики СССР. М., 1958. Т. 2. Док. № 372. С. 555.

Вкупно, во периодот од 1920 до 1922 год. советската влада ја поддржала Турција со 39 илјади пушки, 327 митралези, 54 орудија, 63 милиони куршуми, 147 боева муниција, 200,6 кг злато, 10 милиони рубли и др.

Со тоа Советска Русија ѝ потпомогнала на кемалска Турција да победи. Севрскиот договор (август 1920 год.) бил заменет со Лозанскиот (јули 1923 год.), кој ги оцртал границите на Турција, ги потврдил нејзината независност и нејзиниот територијален интегритет, укинувајќи ги „режимот на капитулациите“ и меѓународната финансиска контрола. Во октомври 1923 год. Турција официјално била прогласена за република и Мустафа Кемал-паша бил избран за нејзин прв претседател.

Т. Александров по „виенската катастрофа“, го користел примерот на Мустафа Кемал-паша за објаснување на својот мотив да стапи во преговори со СССР. Така, во писмото од 16 август 1924 год. до Јанко Пеев, кој се наоѓал во Константинопол, Т. Александров истакнал: „Вистина е дека водевме извесни разговори во Виена, се обидовме да добиеме помош, поддршка за нашето народноослободително дело, при што мислевме дека големата словенска земја ќе ни помогне, како што беше со Турците со Мустафа Кемал-паша на чело, без да сака да ја претвора нашата национална орг[анизација] во комунистичка и во инструмент на Москва, и без да инсистираат ВМРО да им помага да прават нови метежи во Бугарија за доведување на власт на работничко-селански влади и без да инсистираат ВМРО да го поправа целиот свет…“[251]

Но, сепак, тоа било само образложение.

Како прагматичар, Т. Александров не би можел да не биде свесен дека помошта на Мустафа Кемал-паша не била безусловна, – советската влада се раководела од своите интереси (геостратешки и др.)[252]. Исто така, раководителот

[251] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 29.

[252] Неслучајно во „Проектот за спогодба меѓу ВМРО и Руската Советска Република“, раководителот на ВМРО потцртал: „ВМРО се обврзува да работи заедно со другите револуционерни организации на Балканот за

на ВМРО не можел да не разбере дека СССР заради хиерархија на интересите и променетата ситуација, не би имал сличен однос кон ВМРО со тој кон Мустафа Кемал-паша во периодот од 1920 до 1922 год.

Изгледа дека добивањето „материјална, дипломатска и морална поддршка“ од СССР не било за Т. Александров приоритетна задача (во „Проектот за спогодба меѓу ВМРО и Руската Советска Република“ таа била ставена на последно место).

По логика, Т. Александров најнапред сакал да постигне признавање на ВМРО од страна на СССР „како ***единствен*** изразувач на ***суверената волја*** на Македонија“. Во споредба со таа задача сите други биле споредни, бидејќи на тој начин:

1. ВМРО на Т. Александров би била признаена како субјект на меѓународното право со статус на влада на идна држава;
2. земајќи ја превид престрашеноста не само во Бугарија, но и во други европски држави од „комунистичката закана“, Т. Александров би добил „инструмент за притисок“ врз Владата на А. Цанков, како и врз владите на водечките држави во Европа;
3. ВМРО, а ***не*** ВМФРО би била признаена како ***единствен*** субјект кој ги изразува и ги застапува интересите на македонскиот народ, а на тој начин основниот противник во македонското движење на ВМРО би бил совладан.

Т. Александров, несомнено, стравувал од пораст на силата и на влијанието на таканаречените „илегални федералисти“, кои тој ги именувал не поинаку, туку „расколници“ или „разбојници-ренегати“.

Според тврдењето на Т. Александров, „илегалните федералисти“ имале целосна поддршка од Кралството СХС.

---

федерирање на балканските држави во нивните етнички граници, чии добро сфатени политички и економски интереси се совпаѓаат со оние на РСР“. – Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 24. С. 271, 273.

Доколку и Советскиот Сојуз би се решил да им даде помош на „илегалните федералисти“, тогаш тие би добиле можност да станат реални конкуренти на ВМРО. Во тој случај, борбата на четите на ВМРО против режимот на Кралството СХС би се претворила во борба со т.н. „контрачети“, т.е. во погубна за македонското движење некаков вид граѓанска војна.

Во посочената ситуација се наметнал следниов излез од создадената ситуација: Т. Александров да стапи во преговори со Советскиот Сојуз и, потпирајќи се на неговото влијание, да го „неутрализира“ противникот.

Георгиј Баждаров во своите мемоари истакнал токму таква причина за стапување во преговори на Т. Александров со советската страна, но тој ја поврзал со „виенската“ фаза на преговарачкиот процес.

Георгиј Баждаров во своите мемоари посочил: „Во Штипската, во Кратовската и во Кочанската околија дивееле конрашајки. Меѓу нив биле и побегнатите од Бугарија во Србија – Григор Циклев, Максим Страцински, Стојан Мишев и др., прогонувани од ВМРО за разбојништво. […] Во случај да им успеело да ги наговорат тие ренегати да извршат напади против српски високи функционери или против српски институции за да им се прости од Организацијата и тие да можат да пребегаат во Бугарија, тогаш Србите би немале доверба во никого и, според тоа, повеќе не би имале можности да им се предаваат на Србите и на бившите војводи, а, исто така, четниците да стануваат нивни орудија, што за народот претставувало најголема катастрофа. Населението оправдано не можеше да има доверба во луѓето што денес се претставуваат пред него како борци за неговото ослободување, а по некое време истите луѓе раководат со конрачетите и го измачуваат населението за да дознаат каде се наоѓаат комитите. Александров и Протогеров мислеле дека ќе постигнат остварување на овој план со помош на Черски, советски ополномоштен претставник во Виена. Со него Д. Влахов воспоставил пријателски односи. […] Д. Влахов, значи, требало да го убеди Черски, а заедно со него – Славе Иванов, Паница, д-р Ф. Атанасов, а тие, од своја страна, требало да ги убедат

луѓето на Ст. Мишев во Штип да ги извршат споменатите акции и да побегнат“[253].

За време на преговорите со „Андреев“, Т. Александров не само што ги окарактеризирал „илегалните федералисти“ како „разбојници и предавници“, но и изнесол план за можно „помирување“ со нив или, поточно, план за нивна ликвидација.

Во разговорот со „Андреев“, кој се одржал на 18 декември 1923 год., Т. Александров изјавил: „Ние бараме, во името на заедничката борба, спогодба со Мишев, Циклев. Преседани на таквата согласност имаше. Иван Брљо беше активен непријател на ВМРО и сега стана еден од најдобрите војводи. Деновиве повторно му е упатен предлог на Мишев за уништување на најопасниот жупан за Македонија, Добрица Матковиќ, по што нему му се гарантира животот во границите на бугарска Македонија, доколку не посака да работи во друг реон. Такви спогодби се можни и со другите. Врз таа основа е можно укинување на смртната пресуда за д-р Атанасов, доколку тој има врска со војводите и може да влијае за нивното повлекување од српска Македонија.

Ако СССР мисли да ја обедини борбата, тогаш тој, имајќи ја врската со федералистите, со својот авторитет лесно ќе го реши прашањето, зашто, во спротивен случај, фактичка координација на активностите ќе нема, бидејќи ние наместо да трошиме максимум сили за развој на Организацијата, ќе трошиме дел од нив, т.е. средства, жртви и време за борба на другата страна со нашите противници, кои ги поддржува Советската Република.

Прекинувањето, пак, на нивната активност против нас додека се наоѓаат во Југославија, ќе доведе до нивно уништување од Србите – за што има доволно преседани. Ако за илегалните федералисти нашата гаранција е малку, тогаш ВМРО ќе ѝ даде гаранција на советската влада и преку претставникот на последнава (...), чиј авторитет ќе биде признаен како од ВМРО така и од илегалните федералисти – тие, под услов да ги исполнат одговорните задачи што им се поставени, ќе можат да добијат гаранции за својот живот, а

---

[253] Баждаров Г. Моите спомени. София, 1929 // *www.vmro.net/gb/index.html*

ако сакаат активно да се борат – ќе добијат задача вистински да ја остваруваат борбата за слобода на Македонија, а не за поробување – што го прават, всушност, денес и за што не може да има две мислења. Излагањето за ова прашање и материјалот за него ќе бидат испратени со Декларацијата на 2. 1. 1924 год.“[254]

Со други зборови, Т. Александров не ги отфрлил предлозите на советската страна за обединување на силите на „автономистите“ и „федералистите“. Обратно, Т. Александров ги искористил како повод за да ги постави своите барања.

Неговата платформа се базирала врз докази дека „илегалните федералисти“ се најобични „криминалци“ и „разбојници“. Затоа, како што тој ветил, на советската страна ѝ била доставена декларацијата на ЦК на ВМРО, „За таканаречените ’федералисти‘“, со два прилога: „Изложување на покрупните познати грабежи и разбојништва извршени во Македонија (1918-1922)“ и „Список на опасните разбојници и на нивните инспиратори, џелати и др.“

Во Декларацијата бил даден општ преглед на етапите на односите меѓу ВМРО и ВМФРО. Прилозите претставувале набројување на факти – кога, каде и од кого било извршено криминалното дело или убиството.

Настапувајќи како обвинител, Т. Александров се стремел да докаже дека ги смета преговорите со ВМФРО за невозможни.

Како единствено прифатлив излез од ситуацијата, Т. Александров го предложил следниов: членовите на ВМФРО би требало да дојдат и да се покајат пред ВМРО, а лидерот на „илегалните федералисти“, Стојан Мишев, би требало да изврши атентат на територијата на Кралството СХС, и со тоа да заслужи прошка од ВМРО.

На тој начин, Т. Александров би ги совладал своите противници.

Следствено, Т. Александров се надевал дека потпишувањето на „Спогодбата меѓу ВМРО и Руската Советска Република“, со што ВМРО би била признаена од

---

[254] Коминтерна. Т. 1. Ч. 1. Док. бр. 22. С. 242, 244.

страна на СССР како „единствен изразувач на суверената волја на Македонија“, ќе ги зацврсти позициите на ВМРО како на самостојна организација чија главна цел е борба за независна и обединета Македонија.

„Проектот за спогодба меѓу ВМРО и РСР“ (бр. 665) и декларацијата „За таканаречените ’федералисти‘“ (бр. 666) му биле предадени во Виена на В. П. Миљутин, кој им ги препратил на Уншлихт и И. А. Пјатницки. Во писмото на И. А. Пјатницки од 2 јануари 1924 год., испратено до В. П. Миљутин, било посочено: „…добиен е материјал од Тодор Александров. Тој му е препратен на У[ншлихт]. Вие ќе се запознаете со него. Но треба да му се верува околу 10 проценти“[255].

Откако материјалите од Т. Александров биле добиени во Москва, ИНО на ОГПУ подготвило извадок од извештајот на „Андреев“[256]. Во извадокот, под наслов „Разговор со Т. Александров“, влегле само одговорите на Т. Александров. Скратената верзија на извештајот на 9 јануари 1924 год. му била препратена на Г. В. Чичерин како на учесник на советувањето за „македонските работи“, планирано за 11 јануари 1924 год.

На советувањето, освен Г. В. Чичерин, учествувале и И. А. Пјатницки (ОМС), Уншлихт, Трилисер и В. Коларов.

Веројатно, на советувањето се разгледувало прашањето за барањата на советската страна до Т. Александров. Учесниците на советувањето ги прифатиле предлозите на В. Коларов и Уншлихт.

В. Коларов ги наброил „гаранциите што требало да ги дадат автономистите“:

– обезбедување слобода на спроведување комунистичка пропаганда во „окрузите на автономистите“;

– „слобода на комунистичка пропаганда во окрузите на автономистите“,

– „враќање на Хаџидимов во ЦК на ВМРО“;

---

[255] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 23.
[256] Види: Документи. Док. бр. 54.

– „учество на комунистите во печатените органи на ВМРО“;

– „легална заштита на комунистите прогонувани од Владата“;

– „контакт во Парламентот и во месните општински органи“;

– „отстранување на полковникот Атанасов и на другите омразени лица“;

– „осудување на сите што се извалкани од ексцеси против комунистите и земјоделците (земајќи ја предвид како информација изјавата дека Организацијата не земала учество во нив)“[257].

Уншлихт, од своја страна, предложил да нема заеднички акции, а „акцентот да се стави на политичките (не на воените) гаранции – помош за амнестија, за легализација на Комунистичката партија и сл.“[258] Веројатно, Уншлихт се раководел од чувството на недоверба кон Т. Александров.

Барањата до Т. Александров, утврдени од учесниците на советувањето, ако се земе предвид разјаснувањето на Т. Александров на односите меѓу ВМРО и БКП (т.с.), биле апсолутно неприфатливи за раководителот на ВМРО.

Се чини дека В. Коларов, кој имал крајно негативен став во однос на можноста за соработка со ВМРО, намерно настојувал на цврста позиција на советската страна кон Организацијата. Прекинувањето на преговорите само би ја докажало правилноста на линијата на политиката на Задграничниот комитет на БКП (т.с.) и на мнозинството на ЦК на БКП (т.с.).

Затоа „Андреев“ во заклучоците на извештајот особено го потцртал следново:

„…натамошното постоење на Бугарската комунистичка партија како голем революционерен фактор на Балканот и една од најдобрите партии на Коминтерната е исклучиво во рацете на Извршниот комитет, а имено – *неопходна е упорна, итна интервенција на Извршниот комитет за помош на*

[257] Документи. Док. бр. 55. С. 243.
[258] Документи. Док. бр. 55. С. 243.

*опозицијата на ЦК* – единствената што ќе може да овладее со политичката способност за маневрирање, кое го диктираат бугарските услови денес, перспективите на блиската иднина и што апсолутно не можат да го сторат водачите од десното крило на партијата. *Само левичарски ориентираниот ЦК може да оствари заедничка илегална работа со ВМРО*“[259].

Судејќи според тоа дека во архивата на Коминтерната е зачувана целосна копија на извештајот на „Андреев“, а не извадокот од него под наслов „Разговорот со Т. Александров“, кој останал во архивата на Г. В. Чичерин, раководните органи на Коминтерната биле запознаени со заклучоците на Б. Ја. Шпак.

Освен „Андреев“, во однос на заклучокот за неопходноста од промена на ЦК на Бугарската партија во полза на опозицијата се изјаснил и В. П. Миљутин. Тој ја именувал „опозицијата“ со „малцинство“ (Манев, Шаблин и др.), посочувајќи дека таа ги зафаќа „целосно позициите на Коминтерната“[260].

Противречностите во Бугарската партија требало да ги реши советувањето во ИККИ во однос на „бугарското прашање“. Од резултатот од тоа советување зависела не само иднината на партијата, но, во поголем дел, и завршетокот на преговорите со Т. Александров, бидејќи таканареченото „малцинство“, кое, според оцените на советските спецслужби, пројавувало „политичка способност за маневрирање“, било позитивно настроено во однос на соработката со ВМРО.

### *Резолуција за „бугарското прашање“ од Президиумот на ИККИ (1924 год.)*

ЦК на БКП (т.с.) одлучил на советувањето да испрати двајца делегати: еден од мнозинството на ЦК (Н. Исаков) и еден од малцинството (И. Манев).

259 Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 255.
260 Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 26. С. 279.

Н. Исаков, чиј пасош бил готов, без какви било пречки тргнал прво за Виена, каде што, веројатно, се видел не само со В. П. Миљутин, но и со Г. Димитров, а потоа – за Москва[261].

За разлика од Н. Исаков, И. Манев поради проблеми со пасошот, стигнал во Виена во втората половина на февруари 1924 год., а Резолуцијата за „бугарското прашање“ била усвоена од ИККИ на 14 февруари 1924 год.[262]

Хипотетички поаѓајќи од тоа дека И. Манев нема да стигне навреме, за Виена заминале таканаречените „приврзаници на Коминтерната“, Хаџидимов и К. Јанков, поврзани, секој на свој начин, со македонското движење. Првиот ден од седницата на Президиумот на ИККИ за „бугарското прашање“, одржана на 29 јануари 1924 год., од Виена во Москва била испратена телеграма: „За Пјатницки. За Емтин од Албрехт. Двајца бугарски делегати (Хаџидимов и Коста Јанков) замолуваат да не се усвојува резолуција до нивното доаѓање“[263]. Но, сепак, ИККИ ја усвоил Резолуцијата за „бугарското прашање“ без учество на Хаџидимов и К. Јанков.

Бугарската делегација, која учествувала на седниците на Президиумот на ИККИ, се состоела од Г. Димитров, Т. Луканов и Н. Исаков.

Фактот дека делегацијата била составена од претставници на мнозинството на ЦК на БКП (т.с.) го предодредил завршетокот на седниците на Президиумот на ИККИ за „бугарското прашање“.

На првата седница на Президиумот на ИККИ, одржана на 29 јануари 1924 год., со извештај настапил Н. Исаков. Тој, детално задржувајќи се на „македонското прашање“, се обидувал да докаже дека: прво, советската страна значајно ја зголемува бројноста на борбените сили на ВМРО, второ, истовремена соработка со „аграристичката“ партија и со ВМРО не е можна поради нивната заемна недоверба и нивното непријателство, и, трето, ВМРО во ниту еден случај не е

[261] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 3 кон док. бр. 27. С. 285.
[262] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 3 кон док. бр. 27. С. 285, 287.
[263] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 29. С. 301.

способна да стане сојузник на комунистите („да не се случи нашите глави да ги пробијат со нашите сопствени камења“)[264].

Дополнителни аргументи во одбрана на становиштето на Н. Исаков дал извештајот на анонимен член на Задграничниот комитет на БКП (т.с.), од кој поголемиот дел бил подготвен на 25 јануари 1924 год., пред седницата на Президиумот на ИККИ.

Во извештајот категорично се тврдело: „бројот на постојаните четници во организираните чети на македонските автономисти не е поголем од пет-шест илјади луѓе, добро вооружени, опремени и платени, и тие насилно, со помош на своја милиција, можат да мобилизираат во Петричко и во Македонија не повеќе од 30 000 луѓе“. Освен тоа, во извештајот се потцртувало дека „масите немаат никаква одговорност за крвавите дела на Автономистичката вооружена организација... Тие се уморени од бесплодната четничка политика на горскиот штаб и од неговите бескрајни експропријации и егзекуции, кои не го штедат населението врз кое наводно се потпираат“[265].

Сличноста на аргументите на Н. Исаков и на анонимниот член на Задграничниот комитет на БКП (т.с.) наведува на помисла дека била изработена единствена позиција на делегатот од мнозинството на ЦК на БКП (т.с.) и на членовите на Задграничниот комитет на БКП (т.с.).

Изводот од двата извештаја (на Н. Исаков и на анонимниот член на Задграничниот комитет на БКП (т.с.)) се наметнувал сам по себе – ако ВМРО не располага со доволно количество борбени сили, тогаш е бесмислено да се воспоставуваат односи меѓу СССР и таа организација.

Згора на тоа, Н. Исаков, укажувајќи на инкомпатибилноста на интересите на македонската организација и на бугарското селанство, фактички поставил уште едно тешко за решавање прашање: дали треба Коминтерната, која во својата борба се потпира на работниците и на селанството, да се откаже од поддршката на бугарското

[264] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 29. С. 293, 295, 297, 299.
[265] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 28. С. 287.

селанство заради непријателската „националистичка“ организација?

Н. Исаков изјавил: Македонците мислат: „да речеме дека комунистите, кои поддржуваат секакво национално движење, ќе ни помогнат; но, комунистите се сојузници со селаните; значи, селаните се слепи инструменти во рацете на Југославија и Србија. Вашите сојузници ќе го направат она што го направи Стамболиски. … Стамболиски беше пријател на Југословените. Стамболиски ги прогонуваше Македонците, Стамболиски беше убиен, но неговите преживеани наследници ќе направат уште повеќе. Тие сосема им се продале на Југословените“[266].

Поставеното прашање од Н. Исаков во форма на недоумица – можен ли е истовремен сојуз со селанството, а, значи, со „аграристичката“ партија, и со ВМРО? – станало тема за дискусија на втората седница на Президиумот на ИККИ, која се одржала на 6 февруари 1924 год.

В. П. Миљутин, кој настапил на втората седница на Президиумот на ИККИ со извештај, според зборовите на Радек (говорот на Миљутин не бил стенографиран), го негирал постоењето на посочената дилема.

Радек, напротив, ја потфатил и развил тезата на Н. Исаков. Тој јасно ја формулирал алтернативата што немал храброст сам да ја реши – „или сме за политика на мир и со селаните или го ставаме на карта националното прашање, и тогаш ние сме заедно со Македонците, уривајќи ја со самото тоа социјалната база врз која сакаме да се потпреме“[267].

Поставеното прашање било толку тешко што Президиумот на ИККИ по дискусијата не примил никакво решение.

Президиумот ја задолжил Комисијата за „бугарското прашање“ да изработи заклучни решенија. Судејќи по работниот текст, за изработката на проектот на Резолуцијата за „бугарското прашање“ бил задолжен В. Коларов.

---

266 Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 29. С. 297.
267 Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 30. С. 303.

В. Коларов во Резолуцијата успеал да го спои тоа што на учесниците на дискусиите на советувањето на Президиумот на ИККИ им се чинело дека е неспојливо.

Непомирливите позиции на В. П. Миљутин и Радек, В. Коларов ги направил компатибилни преку замена на прашањето за сојуз со бугарското селанство – со проблемот околу поддршката на селанските маси на Македонија, Тракија и Добруџа. Во Резолуцијата се посочувало: „КП треба да памети дека националното прашање, а особено македонското, е едно од главните прашања на балканската и на бугарската политика. Тоа е особено важно зашто се совпаѓа делумно со селанското прашање. ..., КП како партија на трудбеничките маси треба на категоричен начин да го поддржи движењето за национално ослободување на народностите, кои се повикуваат на правото на автономија, одејќи дури до независност. Само една таква отворена и смела пропаганда, само поддршката на национално-револуционерните движења – ќе овозможат да ги привлече на своја страна селанските маси во Македонија, Тракија и Добруџа“[268].

Истовремено, во Резолуцијата не била испуштена и аграристичката партија на Бугарија. За Земјоделскиот сојуз во Резолуцијата било одбележано: „Но, пред сè, КП треба да се стреми да се спогоди со ЗС, ако не за друго, тогаш барем за најнепосредните задачи на ’македонското прашање‘ и др.“[269]

Врз база на таа констатација, во Резолуцијата се предлагал следниов план на дејствување: „КП ќе ја искористи акцијата на националистичките организации доколку се тие агенти на разложување на буржоаските држави и за ослободување на потиснатите националности. Во исто време БКП, како и југословенската КП, ги преземаат сите мерки за засилување во националните организации на Македонија на селанското демократско крило против буржоаските фашистички раководители. Тој процес, од своја страна, може да биде забрзан само ако КП даде најрадикални и најдоследни пароли

[268] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 30. С. 305.
[269] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 30. С. 307.

од економски карактер – и што е особено важно во случајов – од национален карактер“[270].

Со други зборови, според посочената точка од Резолуцијата, БКП се задолжувала да го искористи вооруженото востание, ако го дигне ВМРО, притоа концентрирајќи ги сите свои сили на „отуѓување“ и „отстранување“ на раководството на Организацијата. Од ова може да се заклучи дека В. Коларов не ја променил својата позиција во однос на прашањето за соработка со ВМРО. Некои отстапки, како што е признавање на неопходноста од користење на „акции на националистички организации“, се сведувале на нула со условувањето тие организации да станат „агенти на разложување на буржоаските држави“.

Президиумот на ИККИ на 14 февруари 1924 год. без дискусии го прифатил предложениот проект како основа. Дел од Резолуцијата, кој се однесувал на „македонското прашање“, скоро целосно влегол во Резолуцијата „Положбата во Бугарија и задачите на партијата“, одобрена од првата илегална конференција на БКП (т.с.).

Резултатите од советувањето во Москва излегле директно обратни од тие што биле очекувани и од „Андреев“, и од В. П. Миљутин, и од малцинството на ЦК на БКП (т.с.). Победата, постигната во Москва од В. Коларов и неговите приврзаници[271], значела предодреден неуспех на преговорите со Т. Александров, затоа што советската страна во преговарачкиот процес била застапена од неколу институции, меѓу кои била и Коминтерната, со такви непомирливи противници на ВМРО како В. Коларов и Г. Димитров.

По добивањето на поддршката од Президиумот на ИККИ, В. Коларов на седницата на Балканската комисија што се одржала на 14 февруари 1924 год., т.е. истиот ден кога Президиумот на ИККИ ја утврдил Резолуцијата за „бугарското

[270] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 30. С. 307.
[271] Карактеристично е дека Н. Исаков останал во Виена, за разлика од претставниците на малцинството во ЦК на БКП (т.с.), кои заминале од Виена во март 1924 год. – Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 39. С. 349.

прашање“, упорно настојувал да се внесат корекции во одговорот на ВМРО, кој се подготвувал од страна на управата на Трилисер, во духот на барањата искажани на 11 јануари 1924 год.[272]

Условите што ги поставил В. Коларов биле апсолутно неприфатливи за Александров, што јасно следувало од изјавите што ги дал пред членовите на БКП (т.с.), на „Андреев“ и др. Следствено, шансите за позитивна реакција на Т. Александров на таквите предлози на советската страна биле ништожно мали.

Според тоа дека Комисијата на својата седница донесла решение да го постави пред Политбирото прашањето за разногласијата што се појавиле на состанокот, може да се заклучи дека на состанокот имало остра дискусија за „македонските работи“[273].

### *„Повикот до населението на Македонија, До македонските емигранти, како и до работниците и селаните на балканските земји!“ од Президиумот на БКФ (1924 год.)*

В. Коларов и Г. Димитров за реализацијата на својот план, кој вклучувал и истакнување на „најрадикални“ пароли од „национален карактер“, го користеле и Президиумот на БКФ.

На седницата на Президиумот на БКФ одржана на 3 март 1924 год. во Виена, Г. Димитров, тргнувајќи од тезата за можноста за востание во Македонија пролетта 1924 год., ја наметнал одлуката со која комунистичките партии на Бугарија, Грција и Југославија требало да настапат со „општ повик до македонското население и до трудбеничките маси на Југославија, Бугарија и Грција“[274].

Г. Димитров, оправдувајќи се со неопходноста од брзо реагирање на настаните, наместо комунистичките партии, сам

[272] Документи. Док. бр. 68. С. 313.
[273] Документи. Док. бр. 68. С. 313.
[274] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 34. С. 323.

го подготвил и објавил „Повикот“ од името на Президиумот на БКФ во „Inprekorr“[275].

„Повикот до населението на Македонија, до македонските емигранти, како и до работниците и селаните на балканските земји!“ се разликувал од претходните повици и резолуции на БКФ, со отсуство на вообичаеното поврзување на решавањето на „македонското прашање“ со создавањето на Балканската федерација.

Во „Повикот“ за првпат била јасно прогласена поддршката од БКФ на задачата – „создавање на обединета и автономна Македонија“, што навистина претставувало радикализација на паролите од „национален карактер“.

Во „Повикот“ се посочувало: „Комунистичките партии на Југославија, Бугарија и Грција, обединети во Балканска комунистичка федерација, изјавуваат дека решително се залагаат за национална, политичка и културна слобода на борбеното македонско население и дека со сите средства истапуваат во одбрана, како на правото на самоопределување на македонското население така и на неговото право да се оддели од државите што го распарчиле; тие беспоговорно се залагаат за создавање обединета и автономна Македонија затоа што тоа е единствениот правилен пат што води кон решавање на ’македонското прашање‘“[276].

Паролата „создавање на обединета и независна Македонија“ била парола на ВМРО. Според логиката на Г. Димитров, во моментот на зреењето на револуционерните настани во Бугарија било неопходно да ја преземат иницијативата од ВМРО, а, поточно, да ја присвојат.

Подоцна, во писмото од 21 август 1924 год., адресирано до ЦК на БКП (т.с.), Г. Димитров ја разоткрил својата позиција

[275] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 37. С. 343, 345. Реакциите на комунистичките партии на Грција и Југославија во врска со „Повикот“ не биле едноставни. Подоцна, веќе на V конгрес на Коминтерната (јуни-јули 1924 год.) и на VII конференција на БКФ (јули 1924 год.) се разгледувало прашањето за односот на посочените партии спрема „Повикот“ на Президиумот на БКФ – Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 70 и 73.

[276] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 37. С. 337, 339.

по прашањето за паролите, поврзани со македонското националнореволуционерно движење:

„...ние нема зошто да бидеме поголеми Македонци и од самите Македонци. Нема нашата партија да ги формулира и да ги изнесува нивните барања, туку тие самите; ние само ќе ги поддржуваме. Нема нашата партија непосредно да ја води борбата за нивно остварување, туку тие самите; ние само ќе ги поддржуваме. Тоа значи дека ние нема зошто за ’македонското прашање‘ да поставуваме пошироки барања од оние со кои тие се задоволуваат; на пример, ако тие сметаат дека е доволна автономијата на Македонија, ние нема зошто да бараме целосна независност. Воопшто, нашата партија ги поставува своите барања и се бори за нив; што се однесува на националните движења, доколку тие се масовни, таа ги поддржува и на тој начин се зближува со масите; од една страна, таа ги користи за разбивање на заедничкиот непријател, а од друга страна, го зајакнува своето влијание врз масите за целите на својата класна борба“[277].

Преземањето на паролата од ВМРО не значело создавање на база за продуктивни преговори со македонската организација, туку било обратно. Така, Г. Димитров, според тврдењето на В. П. Миљутин, во „Повикот“ „сакаше да прокламира ’независно‘ движење на Македонците, спротивставено на ’четничкото‘“, т.е. некое движење алтернативно на ВМРО. По настојувањето на В. П. Миљутин, соодветните делови не биле вклучени во дефинитивниот текст на „Повикот“. Обраќајќи се до Президиумот на ИККИ на 18 март 1924 год., В. П. Миљутин го објаснил својот негативен однос кон предлогот на Г. Димитров на следниов начин: „Тоа, прво, е неправилно бидејќи ја поместува во втор план нашата организација. Второ, тоа е неправилно бидејќи во тоа се содржи прикриена борба на четите против автономистите што Владата предводена од Цанков сега ги прогонува. Треба да се разобличи Тод. Александров, неопходно е да се искористи четничкото движење, но не треба да се измислува во суштина либерална

[277] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 77. С. 703.

фраза, која освен штета, не носи ништо друго“[278]. Притоа, В. П. Миљутин констатирал дека „за ’македонското прашање‘ – во крајна линија овде бугарските другари, во лицето на др. Димитров сѐ уште стојат на неправилна позиција“[279].

Своето становиште В. П. Миљутин го разјаснил на седницата на Бугарската комисија на V конгрес на Коминтерната на 7 јули 1924 год.: „Владата на Цанков уапси (делумно привидно, но објективно излезе дека таа привидност доби големо значење) некои активисти на македонското движење. Во секој случај, сега конфликтот меѓу Македонците и Владата на Цанков е очигледен. Македонците бараат некаква друга поддршка, меѓу другото, бараат сојузници во лицето на нашата Комунистичка партија во Бугарија. Ние можеме таа ситуација да ја искористиме, а можеме и да ѝ свртиме грб. Од наша страна би била најколосална грешка ако не ја искористиме дадената ситуација, ако не ги искористиме силите и средствата на Македонците во борбата против Владата на Цанков, ако за тоа се укаже можност. Постои ли таква можност? Ние сме длабоко убедени дека постои. Ние знаеме дека не еднаш веќе сме морале да ги искористиме своите противници. Знаеме дека во нашата револуционерна борба сме користеле најекстремни контрареволуционери. Ние и тука мораме да ја примениме истата тактика. И покрај тоа што овде е Тодор Александров и цела низа наши противници кои го опкружуваат и кои стрелаа наши браќа, ние не можеме во друга ситуација, во друга положба да не го искористиме тоа револуционерно движење, следејќи ја нашата стара тактика за борба“[280].

Г. Димитров, од своја страна, се жалел дека В. П. Миљутин наспроти позицијата по „македонското прашање“ што била прифатена во Москва го брани своето становиште.

Во писмото од 18 март 1924 год., адресирано до В. Коларов, Г. Димитров, кој, во согласност со неговото тврдење, го видел „апсолутно случајно“ писмото на

---

278 Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 38. С. 345.
279 Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 38. С. 345.
280 Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 70. С. 593.

В. П. Миљутин до Президиумот на ИККИ, детално ги објаснил своите несогласувања со В. П. Миљутин:

„Но карактеристична е околноста дека и наспроти досегашните резолуции за ’македонското прашање‘ и наспроти деталните појаснувања во Москва, Миљутин, сепак, се обидува да го провлече својот посебен став кон Автономистичката организација на Т. Александров, таква каква што е.

Навистина, кога на Президиумот [на БКФ] се виде дека не е во состојба да го оспори ставот, изложен во ’Повикот‘, тој отстапи и престана да ми се спротивставува. Тоа, сепак, не му пречеше (како што можев денеска сосема случајно да видам) во неговиот извештај до Президиумот на Коминтерната да ја нарече *нашата позиција неправилна*.

Тој човек не се изјаснува *јасно* што конкретно бара во однос на ’македонското прашање‘ и не може да се разбере *точно* што смета дека е неправилно во нашата позиција, која, всушност, е истата онаа позиција влезена во Резолуцијата на Балканската конференција за ’македонското‘ и за ’тракиското прашање‘, *прифатена, наводно, безрезервно и од него*.

Карактеристична е, исто така, и околноста дека ова што тој сега го пишува во неговиот извештај за неправилноста на нашата позиција *не ми го кажа ни на мене лично ни на седницата на Президиумот...*“[281]

Таа ситуација разоткрила дека ни советувањето во ИККИ ни прифатената Резолуција за „бугарското прашање“ не ги „испеглале“ разликите во однос на „македонското прашање“. Двојството и неодреденоста на Резолуцијата дозволувале секој да ја толкува на свој начин и да се придржува до својата позиција.

В. П. Миљутин или бил доведен во заблуда со фразеологијата со која се прикривала вистинската смисла на текстот на Резолуцијата, или се раководел од импресиите добиени за време на советувањето во Москва, но не со текстот на Резолуцијата што била одобрена од Президиумот на ИККИ. Во секој случај, неговата позиција е наполно објаснива: зошто советските институции, вклучувајќи ја и Коминтерната, би

[281] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 38. С. 347.

влегувале во преговори со Т. Александров, ако тие немале намера да склучуваат со него никаква спогодба?

Затоа што сите биле во очекување на „крупната акција" на Балканот, В. П. Миљутин сметал дека е неопходно да го забрза процесот на преговори со ВМРО, како најборбена организација на Балканот.

Г. Димитров не бил искрен кога тврдел дека В. П. Миљутин „не го искажува јасно своето становиште по 'македонското прашање'", затоа што буквално во истото писмо тој ја окарактеризирал позицијата на В. П. Миљутин вака: „…Миљутин, сепак, се обидува да го провлече својот посебен став за односот кон Автономистичката организација на Т. Александров, таква каква што е".

Спротивставувањата меѓу В. П. Миљутин и Г. Димитров откриле дека никој друг во Коминтерната не ги разбирал докрај намерите на В. Коларов и Г. Димитров во однос на ВМРО поради парадоксалноста на ситуацијата: заинтересираната страна во успешното спроведување на преговорите избира тактика насочена кон нивно прекинување. Најверојатно, преоптоварени со тековната работа, со советувања и со седници – членовите на Президиумот на ИККИ не ја доловувале зад обичните фрази на Резолуцијата скриената во нив смисла.

На таков начин, советувањето во Москва и Резолуцијата за „бугарското прашање" само ја расчистиле ситуацијата во Бугарската комунистичка партија, дозволувајќи му на мнозинството на ЦК на БКП (т.с.) да ја зајакне својата положба, и им придале поголема сигурност на В. Коларов и Г. Димитров, но не ја определиле позицијата на Коминтерната по „македонското прашање".

Со цел да ја разјасни ситуацијата, В. П. Миљутин го поканил В. Коларов на седница на Извршниот комитет на БКФ, која била планирана за 1 април 1924 год. В. Коларов претпочитал да дејствува тајно и оправдувајќи се со решението на Г. Е. Зиновјев, се откажал од патувањето во Виена[282].

---

[282] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 39. С. 349.

Но станало очигледно дека силите што се одредувале со степенот на влијание во Президиумот на ИККИ не биле на страната на В. П. Миљутин. За тоа сведочел, на пример, фактот дека во март 1924 год. на В. Коларов му била дадена задача да одговори на актуелните прашања на В. П. Миљутин како на ополномоштен претставник на ИККИ за работата на Балканот[283].

### *Заострување на бугарско-југословенските односи и ВМРО*

„Повикот“ од името на Президиумот на БКФ бил подготвен во периодот на усложнувањето на односите во врска со дејноста на ВМРО меѓу Кралството СХС и Бугарија. Треба да се одбележи дека „изворите“ на ИНО на ОГПУ во февруари 1924 год. предупредувале за „кампања против ВМРО и Бугарија“, која се подготвувала за пролетта 1924 год.[284]

Се чинело дека ситуацијата е сериозна. Политбирото на ЦК на РКП (б) на 13 март 1924 год. ја опсудило положбата во Бугарија и признало дека е многу веројатно „револуционерно заострување на кризата во Бугарија“. Истовремено, Политбирото на ЦК на РКП (б) разјаснило дека „СССР – со оглед на општата состојба на работите – со вооружена сила (или дури и воена демонстрација) не би можел да ѝ помогне на бугарската револуција“. Одлучено било да се зголеми буџетот на Коминтерната со неопходните суми и да се поддржат предлозите на управата на Уншлихт за спроведување на воено-техничка подготовка на вооружено востание во Бугарија.[285]

Според информациите добиени во Виена, Г. Димитров во писмата адресирани до В. Коларов и Извршното биро на

---

[283] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 38. С. 347.

[284] Документи. Док. № 65. С. 303.

[285] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 36. С. 329, 331. Во писмото на Г. Димитров до Извршното биро на ЦК на БКП (т.с.), напишано буквално неколку дена по седницата на Политбирото на ЦК на РКП (б), се посочувало: „Лицата што ги чекавме во врска со воено-техничката подготовка пристигнале во Берлин. Денеска или утре ќе бидат овде. Ние ќе ве известиме веднаш во случај на неопходност. Лицата одредени за внатрешноста веќе се упатиле директно кај вас“ – Коминтерна. Заб. 1 кон док. № 40. С. 353.

ЦК на БКП (т.с.) ја претставил ситуацијата на следниов начин:

„Со согласност на Франција, Владата на Југославија решила во март или најдоцна во април да преземе воена интервенција во Бугарија и да ги окупира Петричкиот округ и западниот дел со рудникот Перник. …

За таа цел на бугарската граница биле концентрирани три дивизии и веднаш бил испратен ултиматум до Владата на Бугарија за негово прифаќање во рок од 24 часа. Со ултиматумот се барало: 1. растурање на Автономистичката организација; 2. распуштање на четите што се наоѓаат во Петричкиот округ и Ќустендилско; 3. затворање на македонските војводи и четници и нивно интернирање во внатрешноста на Бугарија; и 4. најточно извршување на Нишкиот договор“[286].

Г. Димитров и В. П. Миљутин[287] еднакво ја оценувале состојбата на Балканот што се создала во март 1924 год. Тие двајца сметале дека апсолутно се можни вооружена интервенција на Кралството СХС и востание како последица на инвазијата на Кралството СХС во Бугарија.

Во „Повикот“ на Президиумот на БКФ бил вклучен апел до „трудбеничките маси на Балканот“ „да се дигнат ... против стремежите на српската буржоазија во погоден момент за да се преземе воена интервенција против Бугарија со цел да ги окупира Петричкиот округ и горниот реон Перник (бугарскиот Рур), енергично да ги прекинат воените подготовки за интервенција и да ја спречат окупацијата на бугарски територии“[288].

Т. Александров, вистинскиот виновник за заострувањето на односите меѓу Југославија и Бугарија, бил сигурен дека не постоела „сериозна опасност од српски напад врз Бугарија“. Во писмото до Алеко Василев и Георги Атанасов од 24 март 1924 год., Т. Александров вака ја претставил ситуацијата: „Ракиќ му кажал на министерот Калфов дека

---

[286] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 40. С. 351, 353.
[287] Види: Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 40. С. 351.
[288] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 37. С. 341.

Србија нема да ја нападне Бугарија, а војските ги концентрира на бугарската граница заради заштита од нападот на комитите. Премиер-министерот на Грција го информирал Живко Добрев дека во согласност со настојувањето на Србите тие имаат намера на границата од Места до Лерин да испратат 50 000 војници заради одбрана од нападот на комитите, и се обратил кон Бугарија со молба да не ја усложнува положбата на Грција, која има потреба од мир. Овие и други податоци сведочат дека Србите не мислат да ја нападнат Бугарија, ниту да го освојуваат Солун, а ги собираат војските кај бугарската граница и во Македонија само поради страв од македонско востание“[289].

Но, независно од оцената на реалноста на можноста за напад на Кралството СХС врз Бугарија, која имала во поголем степен значење од гледна точка на перспективите за востание на Балканот, Владата на Бугарија итно презела мерки за да го симне од себе обвинувањето за попуштањето на дејноста на ВМРО – на 3 март 1924 год. таа започнала со апсења и интернирања на дејците на македонското движење.

Следниот ден по почетокот на апсењата, Т. Александров се обратил до членовите на ВМРО со писмо.

Писмото било противречно или, поточно, двојствено.

Од една страна, Т. Александров во писмото ги осудил апсењата, карактеризирајќи ги како „предизвикување од страна на Владата на Цанков на Македонците што се борат“, како „полициско самоволие и беззаконие“. Притоа, тој сметал дека е неопходно да упати кон Владата на А. Цанков заканувачко предупредување: „Ако сегашната Влада на Бугарија почне борба со ВМРО, ако го испланира нејзиното уништување и тргне по патот на предавниците Димитров, Стамболиски, Рака Даскалов и други, тогаш е извесно каде ќе ги доведе нивниот пат“[290].

Од друга страна, Т. Александров им укажал на членовите на ВМРО и на оние што сочувствувале со нив на неопходноста до разоткривањето на вистинските причини за

---

[289] НБКМ. Ф. 656. А. е. 27. Л. 9.
[290] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 40. С. 355.

апсењата „да не се предаваат[291], добро да се kријат и да не предизвикуваат инциденти за да не ја влошуваат уште повеќе положбата на Бугарија, ветувајќи дека ЦК ќе издаде „протест-предупредување“[292].

„Протест-предупредувањето“ под наслов „Обраќање на ЦК на ВМРО до претседателот на Владата на Бугарија“ имало двојствен карактер, како и писмото до членовите на ВМРО. Во „Обраќањето“, Т. Александров, во прв ред, се обидувал да ја докаже незаснованоста на обвинувањата од страна на Кралството СХС дека македонското ослободително движење „се инспирира и се поддржува од Бугарија, со која македонското население и нивната Револуционерна организација немаат ништо заедничко во нивниот стремеж за слобода и самоуправување, според формулата на покојниот Вилијам Гладстон: ’Македонија на Македонците‘“[293].

Не само писмото до членовите на ВМРО и „Обраќањето“, кое било подготвено пред 7 март 1924 год., но и однесувањето на Т. Александров давало повод за сомнежи[294] – кон крајот на март 1924 год. Т. Александров и А. Протогеров ја напуштиле државата.

Одлуката за заминување во критичниот за ВМРО момент, членовите на ЦК ја прифатиле под притисок од страна на Владата на А. Цанков.

Во своите мемоари А. Цанков ја претставил дадената епизода на следниов начин:

„Пролетта 1924 година Македонската организација беше особено активна, таа се преустројуваше, својата главна дејност таа ја насочи кон емиграцијата во Бугарија и во странство, претежно кон Америка и кон Западна Европа.

Белград беше нервозен, Владата подозираше дека ние, т.е. мојата влада, ја командуваме Организацијата. Предупредувањата од Милан Ракиќ ми дадоа доволна причина, без оглед

---

[291] Така е во текстот. Веројатно, „да не се предаваат во рацете на полицијата“.
[292] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 40. С. 355.
[293] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. С. 355.
[294] БКП (т.с.) тврдела дека апсењата и интернирањата на Македонците се вршеле со согласност на Т. Александров – Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 41. С. 355, 357.

на уверувањата од страна на Тодор Александров, да се сретнам со двајцата господа за да ги предупредам и да им го соопштам официјалното решение на Министерскиот совет – дека тие на некое време треба да ја напуштат Бугарија, да заминат во странство. Владата сакаше не само да ја успокои државата, но и да ѝ даде доказ на Југославија за својата лојалност. Јас и министерот за надворешни работи требаше да им го пренесеме на тие господа ова наше решение.

Со двајцата господа јас се сретнав во присуство на Хр. Калфов. Калфов, како министер на надворешни работи, раскажа за надворешната положба на Бугарија, за нервозноста на Белград и за постојаната закана од српскиот притисок, ги уверуваше дека нивното отсуство ќе биде привремено и самото патување по Европа, за да се запознаат со меѓународните состојби, е од политички интерес за тие господа. Јас додадов: ’македонското прашање‘ веќе треба да се стави врз други начела. Како и во минатото така и сега Македонците треба да ги освојат симпатиите на европското јавно мислење.

По Првата светска војна, никој не се интересираше за Македонија. Јас дополнив дека политиката на Владата е да се извојуваат за македонското население права на национални малцинства во рамките на мировниот договор. Во таа насока може да се работи резултатно и кај нас, но особено во странство, каде што ’македонското прашање‘ е слабо познато. Пред сè, Југославија треба да биде успокоена и уверена дека официјална Бугарија нема други намери. Одете во странство, одете во Швајцарија или Италија, дури во Америка, одете, во крајна линија, во Виена и оттаму почнете ја вашата пропаганда! Во таа ваша работа никој не може да ви пречи, ниту, пак, можат да ве обвинат за злонамерност. Така ’македонското прашање‘ може да добие меѓународна популарност.

Тодор Александров слушаше ладнокрвно, а Протогеров покажуваше знаци на лесна нервозност. Тодор Александров ми ги повтори направените и порано приведените декларации. Но се јави Протогеров со веќе познатиот жаргон: ’Многу сте се исплашиле, ние сме Македонци, но и Бугари-патриоти. Додека постои поробена Македонија, ќе ја има и Македонската

революционерна организација‘. За својата слобода и за обединување со мајката родина Бугарија, таа ги жртвуваше своите најдобри синови, таа ја растураше крвта на илјадници и илјадници Македонци.

Трагедијата на Македонија е колку голема толку и страшна! Нашиот разговор помина спокојно, како што и им доликува на разбрани луѓе. Нашиот впечаток беше дека господата разбраа и ќе се потчинат на решението на Владата. Но какво беше нашето зачудување кога по неколку дена дознавме дека тие се откажуваат и нема да ја напуштат државата. Таа одлука тие, веројатно, ја донесле по советувањата со првите луѓе на Организацијата.

Ние прибегнавме кон други средства. Бевме принудени да го замешаме и Штабот на армијата и им дадовме задача на началникот на Штабот, генерал Владимир Стојанов, и на неколкумина други високи офицери, меѓу кои беше генерал Никола Станимиров, началник на пограничните војски и воената жандармерија, да ги направат истите внушувања на двајцата македонски водачи. Таа постапка беше резултатна. По неколку дена, Протогеров и Александров преку Бургас – Цариград се најдоа во Италија, а подоцна во Виена“[295].

Навистина, Т. Александров не го прифати наеднаш барањето на Владата. По низа советувања на одговорните лица на ВМРО, Т. Александров преку комисијата во состав: Каранџулов, Милев и Прличев – ѝ дал позитивен одговор на Владата[296].

На советувањата во врска со барањето на Владата на А. Цанков до Т. Александров и А. Протогеров да ја напуштат Бугарија, според сведоштвото на К. Прличев, биле изнесени следниве аргументи во полза на неспротивставување на кабинетот:

[295] Цанков А. Моето време. Мемоари. София, 2002. С. 309–310.
[296] 36 години във ВМРО… С. 126. Против заминувањето на Т. Александров и А. Протогеров бил Г. Баждаров, но тој не бил поддржан – 36 години във ВМРО… С. 127.

– стравувања дека во спротивно Владата ќе се откаже од „ветувањата што ги дала државата во полза на бегалците“ и

– неопходност да биде „спасен“ Чаулев, кој почнал „да теоретизира за промена на тактиката на Организацијата, постигнување спогодба со лидерите на болшевичката пропаганда за создавање единствен фронт“[297].

Но аргументите што ги навел К. Прличев биле, во поголем степен, оправдување на одлуката на Т. Александров и А. Протогеров да ја напуштат државата. Прапричината се состоела во желбата да се одбегне, како несвоевремен, отворен конфликт со Владата на А. Цанков, бидејќи во тие услови тој би имал катастрофални последици како за ВМРО така и за Бугарија.

Брзо по доаѓањето на власт на А. Цанков, почнале да се затегаат односите на Т. Александров со дел од министрите, особено со И. Русев (министер за внатрешни работи) и Х. Калфов (министер за надворешни работи). Тие не го криеле своето незадоволство од обидите на Т. Александров да се меша во работите што биле во надлежност на официјалните власти на бугарската држава. Х. Калфов и И. Русев цврсто се спротивставувале на притисокот на Т. Александров „за назначување на лицата што ѝ се потребни на Македонија на бугарски државнички позиции“[298], како и на неговото дрско вмешување во државничките работи[299].

Во писмото до Х. Калфов од 28 август 1923 год., Т. Александров забележал: „Иако постојат докази за Вашето и за незадоволството на некои од Вашите колеги од напорите на ВМРО да ѝ помогне на Владата во процесот на консолидација на Бугарија во најкус период, сепак, во името на извршувањето на долгот кон бугарското племе и кон

[297] 36 години във ВМРО… С. 126-127.

[298] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 22. С. 237.

[299] На пример, во писмото адресирано до Х. Калфов од 28 август 1923 год., Т. Александров посочил: „Дадов наредба албанскиот министер за надворешни работи Пандели Вангели по приватен пат да биде убеден при патувањето од Букурешт, од учтивост да наврати во Софија“. – ЦДА. Ф. 369. Оп. 1. А. е. 309. Л. 3.

Бугарското Царство, ние со другарите барем уште некое време ќе продолжиме да врвиме по стариот пат“[300]. Потоа, во октомври 1923 год., во циркуларното писмо под број 582, адресирано до премиер-министерот на Бугарија, А. Цанков, Т. Александров потенцирал: „Од гледна точка на интересите на Бугарија и на целиот бугарски народ, пожелно е да се обраќаат до ВМРО не само во моментот кога Бугарија се соочува со тешко решливи проблеми туку и тогаш кога ургенциите на раководителите на Организацијата не се сметаат ’за вмешување во внатрешните работи на Царството‘, а затоа што тие ургенции се докажано корисни за Бугарија и за нејзиниот народ, тие треба, барем делумно, да се земат предвид“[301].

Недоразбирањата, несогласувањата и разногласијата меѓу кабинетот на министри на Бугарија и ВМРО постепено започнале да се трансформираат во конфликт.

Кон крајот на јануари 1924 год. прашањето за односите со И. Русев и Х. Калфов, Т. Александров го опсудил со А. Протогеров, К. Прличев и Г. Баждаров[302]. Потоа, на 3 февруари 1924 год., протестирајќи против тоа за административните должности да се назначуваат лица што се неприфатливи за ВМРО, Т. Александров се обратил со писмо до Калфов и Русев. За разлика од претходните обраќања, посоченото писмо не било коректно, туку, напротив, било предизвикувачки навредливо. Во преамбулата Т. Александров укажал: „Никој не го смета патриотизмот за свој монопол, но никој не може да мисли дека министерската положба му дава право на човека да се смета за патриот со длабок ум или за голем дипломат. Судете само според делата“[303].

Заедничките прекорувања сведочеле за отсуството на толеранција меѓу наведените министри на Владата на А. Цанков и Т. Александров.

---

[300] ЦДА. Ф. 369. Оп. 1. А. е. 309. Л. 3.

[301] ЦДА. Ф. 369. Оп. 1. А. е. 24. Л. 1.

[302] Писмо на Т. Александров до А. Протогеров од 31 јануари 1924 год. – ЦДА. Ф. 1909. Оп. 2. А.е. 206. Л. 2.

[303] ЦДА. Ф. 369. Оп. 1. А. е. 23. Л. 1.

Но, до март 1924 год. станало очигледно дека Т. Александров веќе бил неприфатлив не само за поголемиот дел од кабинетот на А. Цанков туку и за самиот премиер-министер. Соработниците на советските специјални служби констатирале: „Односите меѓу Т. Александров и Цанков забележливо се оладиле. Цанков, наводно, не еднаш искажувал незадоволство од Т. Александров, нарекувајќи го фанатик, кој е неспособен да ги разбере становиштата на Владата“[304].

Владата на А. Цанков, која дошла на власт со помош на ВМРО, повеќе немала потреба од Организацијата. ВМРО за Владата станала бреме.

Акциите на ВМРО ги усложнувале односите на Бугарија со соседните држави, ја дискредитирале земјата, ја уривале внатрешната стабилност. На таков начин, соодносот на позитивните и негативните последици за Владата на Бугарија од дејноста на ВМРО не бил во полза на првите. Еден од „изворите“ на ИНО на ОГПУ уште во октомври 1923 год. забележал дека Македонците со своите дејствија „го убедуваат Цанков да почне … да се брани од нив, барем во скриена форма, затоа што тие ѝ штетат на политиката на Цанков и ја дискредитираат Бугарија во очите на Европа“[305].

Освен тоа, јавното мислење во самата Бугарија се свртело во негативна насока во однос на ВМРО поради високата застапеност на членови на Организацијата во службите на државната безбедност, терористички напади, собирање на т.н. „данок“[306] за потребите на Организацијата, двојно оданочување и произвол во Петричкиот округ и сл.

Но Владата на Бугарија сè уште не била во состојба да се ослободи од ВМРО како од непотребно бреме, поради тоа што, според „изворите“ на ИНО на ОГПУ, сè уште не се чувствувала

[304] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 42. С. 367.
[305] Документи. Док. бр. 41. С. 169.
[306] На пример, есента 1923 год. ВМРО во Бугарија во текот на два месеца собирала „еднократен данок“ за потребите на Организацијата. Тогаш најмногу настрадало еврејското население на Софија. Многумина биле принудени да емигрираат. – Документи. Док. № 42. С. 173.

доволно силна за да се реши на отворен конфликт со Македонската организација[307].

Очигледно било дека Т. Александров дошол во ќор-сокак. Тој се соочил: со раст на незадоволство на членовите на ВМРО, главно, поради неисполнување на ветената од него уште во 1923 год. „крупна акција“ на територијата на Вардарска Македонија; со губење на поддршката од Владата на А. Цанков; со негативно настроено општествено мислење.

Но, од гледна точка на Т. Александров, посочените проблеми би биле решливи доколку А. Цанков не би го поставил ултиматумот. Нема сомнение дека тоа бил ултиматум.

Барањето Т. Александров и А. Протогеров на некое време да ја напуштат Бугарија не било основно. За време на разговорот со раководителите на ВМРО, А. Цанков јасно дал на знаење дека Организацијата темелно треба да го промени својот карактер: ***борбата за независна и обединета Македонија да биде заменета со работење на заштитата на правата на националните малцинства, четничката дејност – со пропаганда.*** Протерувајќи ги Т. Александров и А. Протогеров од државата, А. Цанков им дал време за размислување. А. Цанков, со тоа што имал испратено воени раководители да извршат влијание на „двајцата македонски лидери“, им укажал со која сила ќе се соочи ВМРО во случај на неповинување, одговарајќи на таков начин на предизвикот на Т. Александров („Ако сегашната бугарска влада започне борба со ВМРО, ако замисли да ја уништи и тргне по патот на предавниците Димитров, Стамболиски, [Рајко] Даскалов и другите, тогаш е познато каде ќе ги води тој нивен пат“).

„Наредувајќи“ му на Т. Александров, А. Цанков потцртал дека исклучиво држава застапена со неговите структури на власт поседува таков признак каков што е суверенитетот, поради тоа ниту една организација, дејствувајќи на територијата на државата, не е и не може да биде наполно самостојна.

---

[307] Документи. Док. бр. 85. С. 345.

За Т. Александров, ВМРО била јадро и прототип на независна македонска држава (државнообразувачки субјект) и поради таа причина, тој настојувал на зачувување на самостојниот карактер на Организацијата.

Излезот од ќор-сокакот се наметнувал сам по себе – да се склучи договор со СССР, т.е. со единствената држава која покажала подготвеност да ја признае ВМРО како самостоен субјект, кој ги изразува интересите на македонскиот народ. Имајќи го зад себе СССР како сила, Т. Александров би добил можност да го одбрани правото на Организацијата самостојно да ги одредува целите и методите на дејноста.

Поради тоа, Т. Александров не помалку од А. Цанков бил заинтересиран да ја напушти Бугарија на некое време. Но за да не се создаде впечаток дека тој е подготвен да му попушти на А. Цанков, биле свикани состаноци на „првите лица" на ВМРО, и тогаш и Т. Александров „се потчинил" на мнозинството.

### *„Виенските преговори"*

Т. Александров на 4 април 1924 год. дошол во Рим. Таму го очекувал Д. Влахов. Во исто време во Рим се наоѓал П. Чаулев. Според тврдењето на Т. Александров, Д. Влахов го убедил П. Чаулев да се задржи во Рим и да не заминува во Виена, каде што бил поканет од советските претставници.

По пристигнувањето во Рим, Т. Александров веднаш се сретнал со Д. Влахов. Од писмото на Т. Александров од 5 април 1924 год. може да се заклучи дека Д. Влахов бил ополномоштен да ги нормализира односите меѓу П. Чаулев, од една страна, и Т. Александров и А. Протогеров, од друга страна. П. Чаулев се согласил да се види со Т. Александров, но најкатегорично се откажал од секакви контакти со А. Протогеров. Имено, затоа А. Протогеров не бил присутен за време на разговорот на Т. Александров со Д. Влахов и П. Чаулев.

Од писмото на Т. Александров од 5 април 1924 год. до задграничните претставници следува дека тој ги ополномоштил П. Чаулев и Д. Влахов да спроведат преговори со советските

претставници во Виена. Конкретно во врска со разговорот со П. Чаулев, во писмото било посочено: „…во двочасовен разговор (до 8 часот навечер), откако го искарав затоа што не влезе внатре и откако целосно ги прими сите наши услови како база за постигнување договор со Беркманови[308], тој се согласи да замине заедно со Данилов[309] за спроведување преговори со Беркман, и тие вчера навечер заминаа за Виена. Ние се договоривме дека тие телеграфски ќе нè информираат за текот на работите, а потоа ние повторно ќе се видиме. На таков начин, ние сметаме дека ќе постигнеме двоен успех[310]. Само да успееме!“[311]

Восликот на Т. Александров „Само да успееме!“ бил емотивен израз на надеж дека проблемите со кои се соочила ВМРО ќе бидат решени.

Истовремено, апсењата на членови на ВМРО што ги спровел А. Цанков ја поттикнале советската страна да ги активира преговорите со субјектите на македонското движење.

Т. Паница[312], кој се наоѓал во Виена, како член на ЦК на ВМФРО на 6 април 1924 год. претставил план за преземање на целото македонско револуционерно движење, кое, според неговите зборови, би можело да стане „моќен лост за свртување

[308] „Беркманови“ значело СССР.
[309] Данилов – псевдоним на Д. Влахов.
[310] Во овој случај Т. Александров, веројатно, ја имал предвид можноста за успешен завршеток на процесот на преговори со СССР и за нормализирање на односите со П. Чаулев, кој долго време ги одбегнувал контактите со Т. Александров.
[311] 36 години във ВМРО… Документи. Док. № 80-87. С. 463.
[312] Во извештајната белешка на Ф. Атанасов од 11 јуни 1928 год. за доаѓањето на Т. Паница во Виена било наведено: „Кон крајот на јули 1923 год. се вратив од М[осква], откако успешно ја имав решено задачата – федеративното движење доби морална и материјална поддршка од Советскиот Сојуз.

Меѓу другото, една од моите први задачи беше да го обновам контактот со Т. Паница, член од ЦК на МФРО, за која цел дури испратија и специјално лице – странец и писма дури во Одрин. Иако доста доцна, врската беше воспоставена и Т. Паница кон [февруари] или кон крајот на март 1924 год. се појави во Виена“. – Коминтерна. Т. 1. Д. 2. Док. № 162. С. 1307.

на целата балканска политика против балканскиот и европскиот империјализам“[313].

Фактички целиот план се сведувал на поврзување на македонското националноослободително движење, застапено од неговиот субјект ВМФРО, со дејноста на комунистичките партии. Тој предложил: активните комунисти, кои се занимаваат со националните прашања, да станат членови на легални и илегални организации на „федералистите“ и преку своите активности да бидат во можност „да заземаат раководни места“ во локалните групи, во окружните и централните комитети, во борбените чети и сл.[314]

Лично за себе Т. Паница во извештајот потцртал дека иако тој не бил член на БКП, сепак, целосно се согласувал со „комунистичкото сфаќање за националните балкански проблеми“ и сметал дека „само преку блиска соработка на балканските комунистички партии со националните револуционерни движења може да се постигне ослободување на Македонија и организирање на балканските народи во една балканска федеративна република“[315]. На таков начин, Т. Паница ја потврдил констатацијата што била претставена во сумарниот извештај на ИНО на ОГПУ под наслов „Внатрешните македонски револуционерни организации“ – дека тој бил „комунист според сопствени убедувања“[316].

Т. Паница реализацијата на означениот план ја условувал со материјална поддршка на ВМФРО, за што во извештајот се споменувало трипати.

До формирањето на „авторитетен и доволно искусен раководен центар“ на македонското движење, Т. Паница предложил „неговата улога и функциите“ да ги извршува Задграничното претставништво во Виена.

Тој сугерирал во состав на задграничното централно раководство да бидат вклучени:

[313] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 44. С. 387.
[314] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 44. С. 377.
[315] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 44. С. 377.
[316] Документи. Док. бр. 47. С. 203.

– „најмалку двајца од старите проверени дејци на бившата Серска революционерна група кои по убедување се комунисти или симпатизери на комунизмот“ (задолжително Чудомир Кантарџиев);

– „еден или двајца претставници на младата федералистичка струја“;

– „еден целосно информиран комунист“; и

– „еден претставник на Советска Русија“, бидејќи „борбата за ослободување на Македонија … е невозможна без содејство на Советска Русија и без соработка на македонското револуционерно движење со советската надворешна политика“[317].

Во целост предлозите на Т. Паница не претставувале некој можен за остварување план, а биле обид да се приспособат на барањата на советската страна за да се добие неопходната материјална помош.

Реално, Т. Паница со посочениот извештај ја потврдил во писмена форма својата подготвеност целосно да се стави на услуга на советската страна. Такви усни изјави Т. Паница давал во неколку наврати. Во писмото од 11 март 1924 год., адресирано до В. Коларов, Г. Димитров забележал: Т. Паница „…е тука. Двапати зборував со него. Тој се става целосно на наше располагање, иако дејствува заедно со земјоделците. Многу правилно се ориентирал и е солиден револуционер“[318].

Меѓу друго, Т. Паница веќе имал искуство во продажба на своите услуги. Ф. Атанасов, колега на Т. Паница по ЦК на ВМФРО, во својата извештајна белешка од 11 јули 1928 год. навел: „Од Обов, Неделко Атанасов и Христо Стојанов дознав дека Т. П[аница] добил 1 милион драхми од Владата на Грција. Од тие пари една значителна сума внесол на својата сметка на лажно име – Arnaudovatsch, во една грчка банка, од каде што не може сега да ги извадат. Од истите дознав дека на Т. Паница му давале месечно од 50 до 70 илјади динари од Задграничното претставништво на Земјоделскиот сојуз.

---

[317] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 44. С. 385.
[318] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 44. С. 387.

…земјоделски претставник во Атина расправа, исто така, подробно за [преговорите] за земање 6,5 милиони драхми и др.

Знам дека правам грешка кога зборувам за еден веќе мртов човек и мој поранешен другар, но тоа го правам за да ги отфрлам оние обвинувања што целеа кон мое морално и физичко уништување“[319].

Сервилноста, демонстрирана од Т. Паница, била единствената можна тактика во односите со претставниците на институциите, вклучени во „илегалната“ дејност на СССР. Повеќе од нив претпочитале, иако не секогаш свесно, да имаат работа со „революционери-трговци“ од типот на Т. Паница поради нивната подготвеност безусловно, само за одредена компензација, да прифатат секакви задолженија. Догматизмот и едностраноста, кои доминирале во СССР, се пројавувале во сите сфери. Карактеристичниот однос кон некомунистичките организации и движења се градел врз подозривост, недоверба и нелојалност. Таквите како Б. Ја. Шпак се броеле на прсти. Затоа не е чудно тоа што неговите препораки фактички биле игнорирани.

Независноста на позицијата на Т. Александров априори предизвикувала недоверба лично кон раководителот на ВМРО и кон самата организација.

Покажана од Д. Влахов и П. Чаулев по доаѓањето во Виена, попустливоста при потпишувањето декларација во името на ЦК на ВМРО не ја променила положбата на нештата. Во писмото од 10 април 1924 год. В. П. Миљутин му соопштил на Г. Е. Зиновјев: „Овде се водат преговори со Македонците (овде е Чаулев) – (можно е во најблиска иднина да дојде Тод. Александров). Тие прифаќаат да ги раскинат односите со Цанков. Но до каде – во тоа се состои прашањето! Ние водиме многу внимателна линија спрема нив“[320].

Меѓутоа, Д. Влахов и П. Чаулев го декларирале следново:

---

[319] Коминтерна. Т. 1. Д. 2. Док. бр. 162. С. 1313.
[320] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 3 кон док. бр. 48. С. 401.

– ВМРО ќе „се бори за ослободување и обединување на отцепените делови на Македонија во една наполно самостојна (независна) политичка единица во нејзините природни етнографски и географски граници“.

– „ВМРО смета, пред сè, на обединетите револуционерни сили на целото македонско население во соработка со револуционерните движења на другите балкански народи. А, бидејќи остварувањето на таа задача зависи од меѓународната ситуација, таа смета … најмногу на целосна морална, материјална и политичка поддршка од СССР, кој е денес единствената држава што се бори за ослободување на сите угнетени народи, за нивно вистинско самоопределување и федерирање“.

– За да ја потврди вистинитоста на направените „принципиелни изјави“, ВМРО „ќе ја засили на најрешителен начин својата борба како против српската и грчката така и против бугарската влада“. Освен тоа, ВМРО „ќе даде секакви докази за отстранување и на најмалата претпоставка или сомневање за соработка и со сегашната софиска влада“.

– Разбирајќи „го огромното значење на единствениот револуционерен фронт на Балканот“ и на обединувањето во неговите рамки на „сите револуционерни елементи на македонското движење во единствен револуционерен фронт“, ЦК на ВМРО „е готов да го запре прогонувањето на групите што се борат против Организацијата, под услов на заемност и да стапи во непосредни врски со нив за дефинитивна согласност“[321].

За да се докаже сериозноста на намерите на ВМРО, во Декларацијата бил претставен план на „претходни дејства и мерки“:

– ЦК на ВМРО ќе „издаде циркулар до сите комитети и органи што се во негова надлежност, во кој ќе ги изложи политичките и организациските директиви што произлегуваат од оваа платформа“;

– ЦК на ВМРО ќе „даде јавна изјава од името на Организацијата во духот … на оваа Декларација“;

---

[321] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 45. С. 387, 389, 391.

– пратениците Македонци во парламентите на балканските држави ќе формираат „самостојни македонски парламентарни групи кои ќе ја декларираат својата солидарност со оваа платформа“;

– раководството „на сите печатени органи што ја бранат каузата на Организацијата“ ќе се реорганизира за да може тие печатени органи „да им бидат доверени на лица кои ќе ја спроведуваат оваа платформа“;

– ЦК на ВМРО „преку заемно спогодување на сите заинтересирани фактори“ ќе „организира издавање и уредување на специјален печатен орган во странство, кој ... ќе се бори против европскиот и балканскиот империјализам, ќе ја штити идејата за самоопределување на балканските народи и Балканската федерација и ќе ги подготвува претходните услови за единствен балкански революционерен фронт“;

– ЦК на ВМРО ќе направи размена на „специјални делегати“ со СССР[322].

Д. Влахов и П. Чаулев ја потпишале Декларацијата на 9 април 1924 год.

Истиот ден, на 9 април 1924 год., Т. Александров, обраќајќи се до К. Прличев, го искажал своето нетрпение во очекување на резултатите од преговорите на Д. Влахов и П. Чаулев со советските претставници во Виена. Во писмото Т. Александров посочил: „До денес сѐ уште нема никаква телеграма според шемата договорена со Данилов што тој и Торлака успеале да ја направат заедно со Беркманови кај Јосиф. Тие заминале со убедување дека по секоја цена ќе ја завршат таа важна зделка во рамките на писмените инструкции со последниот додаток што беше договорен со Вас. Само да успеат“[323].

Истиот восклик на Т. Александров – „Само да успеат“ – во растојание од четири дена, како и нетрпението пројавено за време на очекувањето информации од Виена, укажувале дека во април 1924 год. постигнувањето согласност со СССР за

[322] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 45. С. 391, 393.
[323] 36 години във ВМРО… Документи. Док. № 80-87. С. 464.

раководителот на ВМРО претставувало дело од исклучителна важност.

Освен тоа, треба да се обрне внимание на коментарот на К. Прличев, даден во 1931 год., за фразата на Т. Александров што се однесувала на „писмените инструкции“ дадени на Д. Влахов и П. Чаулев: „Во врска со зделката со Беркманови, т.е. преговорите со Черски во Виена, станува очигледно дека Влахов и Чаулев (Торлака) имале писмени инструкции од Александров и Протогеров. Досега јас не сум запознаен со текстот на тие инструкции. Не можам да се сетам и на додатокот кон посочените инструкции за кои, како што се укажувало во писмото, било договорено со нас, т.е. со некој од следниве лица: Баждаров, Милев, Милетич, Каранџулов, Монев, Прличев и др.“[324]

Недоумицата на К. Прличев по прашањето за писмените инструкции донекаде ја разјаснил Д. Влахов во отвореното писмо до Т. Александров и А. Протогеров – „Кој е виновен?“. Според Д. Влахов, под „инструкции“ се подразбирал „Проектот за спогодба меѓу ВМРО и РСР“, подготовен во декември 1923 год. Д. Влахов тврдел дека Т. Александров во Рим се ограничил со усно напатствие: „гледајте, средете како што можете!“[325]

Врз база на сопоставувањето на текстот на Декларацијата од 9 април 1924 год. и на „Проектот за спогодба меѓу ВМРО и РСР“, можно е да се заклучи:

– двата документа ***се совпаѓаат*** во точките за карактерот на ВМРО и целите на дејноста на Организацијата; во двата документа се вклучени ветувањата од страна на ВМРО да соработува со сите други револуционерни организации на Балканот и да изврши размена на претставници со СССР; во двата документа е споменато дека материјална, морална и дипломатска поддршка од СССР е добродојдена за ВМРО;

– Декларацијата ***се разликува*** од „Проектот за спогодба“ по набројувањето на конкретни претходни мерки и, што е најважно, по трансформацијата на неодредениот намек за

[324] 36 години във ВМРО… Документи. Док. № 80-87. С. 464-465.
[325] Коминтерна. Т. 1. Д. 2. Док. бр. 161. С. 1303.

можноста за отпочнување борба на ВМРО, меѓу друго, и против Владата на А. Цанков („Двете страни, ..., можат да преземаат конкретни заеднички акции со заедничка согласност и според политичките околности“) во отворена изјава дека ВМРО „ќе ја засили на најрешителен начин својата борба како против српската и грчката така и против бугарската влада“.

Ако се земе предвид максималната воздржаност на Т. Александров во однос на скокотливата за него ситуација за време на апсењата и решението да ја напушти Бугарија за да не ја отежнува положбата на државата, тогаш е тешко да се претпостави дека „последниот додаток“ кон писмената инструкција што бил споменат од Т. Александров во писмото од 9 април 1924 год. би се однесувал на прашањето за борба со Владата на Бугарија.

Споменувајќи го во отвореното писмо разговорот со Т. Александров во Рим, Д. Влахов неслучајно се ограничил со наводно упатство на раководителот на ВМРО: „гледајте, средете како што можете!“ Во оваа фраза Д. Влахов го сместил сопственото разбирање на контекстот на разговорот со Т. Александров, а имено – „направете сè што можете за да постигнете во најкус период спогодба со советската страна“. Таквата интерпретација била наполно возможна со оглед на нетрпеливоста со која Т. Александров ги очекувал вестите од Виена. Соочувајќи се во Виена со избор: или да се придржува до „писмената инструкција“ или во најкраток рок да се спогоди со СССР – Д. Влахов одлучил дека прашањето за времето е поприоритетно. Веројатно, станува збор за трагично недоразбирање.

Нејасноста на ситуацијата му дозволила подоцна на А. Протогеров да го прекори Т. Александров: „И, повторно, јас не знам што точно ти си им рекол на тие двајца во Рим за тие да ни ја донесат Декларацијата потпишана од нив“[326].

---

[326] Писмо на А. Протогеров до Т. Александров од 21 август 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А. е. 54. Л. 12.

Во своето оправдување П. Чаулев, според тврдењето на Т. Александров, изјавил дека Д. Влахов не го информирал за „писмената инструкција“[327].

Поставувајќи го прашањето за Декларацијата, и П. Чаулев и Д. Влахов премолчеле дека тие од името на ЦК на ВМРО на 11 април 1924 год. склучиле спогодба со претставниците на ЦК на ВМФРО – Ф. Атанасов и С. Иванов[328].

Протоколот што бил потпишан на 11 април 1924 год. се состоел од преамбула и три точки.

Во преамбулата се констатирало дека во иднина е можна „заедничка револуционерна активност за ослободување на Македонија како независна историска единица што ќе влезе во состав на Балканската федерација“.

Првата точка гласи: „Прекинување на секакви непријателски дејства меѓу *двете страни* за да отпочнат преговори за обединување на двете организации“.

Втората точка само ја дополнувала првата точка: „Двете страни се задолжуваат да спроведат итни постапки пред сите свои органи за прекинување на секакви непријателски активности и меѓусебни прогонувања“.

Третата точка содржела само техничка информација дека протоколот бил составен „со посредување и присуство на претставникот на Советска Русија (СССР), др. Черски, во еден единствен примерок“ што требало да се чува кај него.

Со тоа мисијата на Д. Влахов и П. Чаулев била завршена и, според сведоштвото на Д. Влахов, ополномоштените претставници на ЦК на ВМРО тргнале на средба со Т. Александров и А. Протогеров во Линц.

Споменувајќи го своето патување со П. Чаулев во Линц, Д. Влахов во отвореното писмо „Кој е виновен?“ се ограничил со следнава забелешка: „Чаулев и јас отидовме кај Александров и Протогеров во Линц, каде што тие беа пристигнале. Им го изложивме подробно текот на преговорите. Им ја прочитав и

---

[327] Писмо на Т. Александров до П. Чаулев од 4 јуни 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 52-56.
[328] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 47. С. 397.

објаснив потпишаната од нас декларација, која им ја предадовме и им соопштивме дека тие тројца, Александров, Протогеров и Чаулев, ако ги одобруваат принципите поставени во неа, ќе треба да направат слична декларација од свое име како ЦК. Протогеров и Александров го одобрија тоа што го направивме. По 2-3 дена тие дојдоа во Виена и самите лично ги продолжија преговорите“[329].

Како што следува од текстот на отвореното писмо, Д. Влахов го премолчил прашањето за Протоколот. Меѓутоа, склучувањето на спогодбата од името на ЦК на ВМРО со Ф. Атанасов и С. Иванов, крвните непријатели на Т. Александров, било ништо друго освен ***очигледно прекршување на овластувањата.***

Веројатно, информацијата за текот на преговорите со претставниците на СССР била така „сервирана“ од Д. Влахов и П. Чаулев што Т. Александров не се посомневал во врска со неопходноста од нивното завршување. Во секој случај, Т. Александров и А. Протогеров по неколку дена од средбата во Линц дошле во Виена.

Првиот разговор на Т. Александров со претставниците на СССР се одржал на 19 април 1924 год. Тој имал општ карактер и, во суштина, бил искористен за „напипување“ на позициите.

Втората средба се одржала на 23 април 1924 год. Тогаш веќе биле поставени конкретни „прашања и барања“[330]. Барањата на советската страна, сумирани од В. П. Миљутин, биле следниве:

„1) Отворено раскинување на односите со Владата на Цанков, сè до организирање на отворена вооружена борба со него.

2) Борба против прогонувањето на комунистите во Бугарија и за ослободување на затворените.

---

[329] Коминтерна. Т. 1. Д. 2. Док. бр. 161. С. 1303.

[330] Писмо на Т. Александров до К. Прличев од 23 април 1924 год. – 36 години във ВМРО… Документи. Док. № 80-87. С. 465.

3) Единствен фронт за борба на сите македонски организации што се борат за независност на Македонија“[331].

Т. Александров бил стаписан. Тој, очигледно, не бил подготвен за таков развој на настаните. Т. Александров очекувал да добие од СССР необусловена „поддршка“, а наишол на конкретни барања што за него во тој период биле неизведливи.

Во писмата од подоцнежен период до А. Протогеров и П. Чаулев, Т. Александров тврдел:

– дека прв негов поттикнувачки мотив бил да ги одложи преговорите, да замине, оставајќи само писмо до претставниците на СССР (во писмото до А. Протогеров од 20 август 1924 год., Т. Александров потцртал: „А, ако ти ме послушаше, кога 2-3 дена едноподруго во станот на госпоѓица Михајловиќ и за време на долготрајниот разговор во Тјуркеншанцпарк јас настојував да ги одложиме преговорите со Беркманови[332] и да заминеме, оставајќи им писмо, тогаш немаше да има: никаква збунетост во бугарското општество, никакво разложување на емиграцијата и наше, никаква недоверба од страна на Владата на Бугарија“[333]);

– дека тој се решил да ги продолжи преговорите со претставниците на СССР под притисок на А. Протогеров и П. Чаулев (во писмото до П. Чаулев од 4 јуни 1924 год., Т. Александров, веројатно, за да има писмена потврда, ги повторил аргументите на П. Чаулев: „Навистина, твоите мотиви беа силни: а) Данилов[334], кој знаеше сѐ и имаше *писмена база* за склучување спогодба, ништо не ти кажувал, не ти дал дури ниту да ја прочиташ, а те завел да дадете со своите потписи писмена декларација без да бидете ополномоштени за тоа; б) ако го откажеме стореното и прекинеме, Беркманови ќе ти попречат преку Скендерови[335] да отидеш на местото, што, за голема жал, сега се случува; и в) да се направи херојски

[331] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 55. С. 437.
[332] Беркманови – претставници на СССР.
[333] ЦДА. Ф. 1909. Оп. 2. А.е. 206. Л. 65-70.
[334] Данилов – Д. Влахов.
[335] Скендерови – Албанци.

обид да се обезвреднат на тој начин разбојниците-ренегати за да се спаси многу родна крв и да се добие време“[336]).

Т. Александров одлучил да ги продолжи преговорите само со една цел – да се неутрализираат „федералистите“ како противници.

Актуализиран бил планот на Т. Александров, кој бил изнесен во декември 1923 год. на средбата со Б. Ја. Шпак:

– бидејќи „федералистите“, од гледна точка на ВМРО, се престапници и разбојници, преговори со нив како со рамноправни партнери се невозможни (Декларацијата на ЦК на ВМРО од 30 декември 1923 год. под наслов „За таканаречените ’федералисти‘“);

– преговори со „федералистите“ за обединување се можни доколку тие заслужат простување од ВМРО;

– простување ќе биде дадено откако раководителот на „контрачетниците“, Ст. Мишев, и неговите привrзаници ќе извршат напади на територијата на Кралството СХС „против српската власт“.

Посочениот план во април 1924 год. бил конкретизиран од Т. Александров:

Советската страна да преземе задолжение дека ќе го убеди С. Мишев во одреден рок да изврши атентат „против српската власт“ и само по соодветни акции на „федералистите“ против „српската власт“, ќе стапат на сила договорите што биле постигнати во Виена.

Т. Александров претполагал дека ако неговиот план успее, во тој случај Кралството СХС ќе ја изгуби главната ударна сила против ВМРО, а ВМРО ќе се ослободи од опасен противник, кој ја попречувал дејноста на Организацијата во Вардарска Македонија. Потоа тој би барал начини да ги заобиколи спогодбите што биле постигнати во Виена за да го избегне нивното исполнување.

Неизвршување од советската страна на посочениот услов би дало повод за Т. Александров да се откаже од договореното во Виена. Притоа, Т. Александров се потпирал на

[336] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 71. С. 611.

претпоставката дека ***фактот на преговорите ќе остане во тајност***.

Т. Александров, по средбата на 23 април 1924 год. со претставниците на СССР, својот план му го соопштил на К. Прличев. Во писмото од 23 април 1924 год. било наведено:

„Ние со Ангел[337] сме во многу сложена положба, затоа што Данилов[338] и Торлаков[339] прифатиле пред Беркманови[340] страшно тешки и понижувачки писмени задолженија за нас без да имаат мандат за тоа. Тие дури и ги признале Мишев-Атанасовци за рамноправна страна и склучиле спогодба директно со нив. Досега ние имавме со Беркманови две средби – една на 19 и друга денес, на 23. Првата помина во општи разговори со мали судири, а денес веќе стануваше збор за конкретни прашања и барања. Горепосоченото јас го отфрлив категорично и тогаш беше прифатено нашето становиште: ние не ги признаваме Мишевци за рамноправна страна. Ние можеме да ги амнестираме, но Мишев во најкратко време треба да се дигне против Пашиќ, да изврши атентат и да пребегне при нас или при Торлаков. Тоа беше прифатено и до извршувањето, но може да се случи да прифатиме како ублажени некои ужасни задолженија, кои беа договорени со Данилов и Торлаков, но не со намера да ги оствариме, туку за да се извлечеме, но само откако ќе го неутрализираме Стојан Мишев, бидејќи ние не можеме нашата организација да ја претвориме во комунистичка, ниту да се бориме заедно со комунистите за селанско-работничката влада“[341].

Во своите претпоставки Т. Александров тргнувал од своето искуство од преговарањето со Б. Ја. Шпак. Но овој пат тој бил принуден да има работа со луѓе од апсолутно друга природа.

Клучна улога во процесот на преговарање играле В. П. Миљутин и М. А. Логановски, кој официјално бил на

---

[337] Ангел – А. Протогеров.
[338] Данилов – Д. Влахов.
[339] Торлаков – П. Чаулев.
[340] Беркманови – претставници на СССР.
[341] 36 години във ВМРО… Документи. Док. № 80-87. С. 465.

функцијата секретар на ополномоштеното претставништво на СССР во Австрија. На тоа укажува писмото од В. П. Миљутин до И. А. Пјатницки од 24 април 1924 год.: „1) Тука се водат крајно важни преговори со Тодор Александров. Засега за нив, со исклучок на мене, Марјан, Албрехт, Борис и Луган. – никој не знае. Јас и Луган. нафрливме план“[342].

Според своите убедувања, и В. П. Миљутин и М. А. Логановски биле фанатици во однос на идејата за „светска“ револуција, со својствените за нив нетрпеливост, нетолерантност и радикалност („кој не е со нас, тој е против нас“).

***Мечислав Антонович Логановски** (1895–1938)*

Се родил во гр. Кјељце, во фамилија на адвокат. Живеел во Ченстохов, каде што завршил гимназија. Во мај 1914 год. се зачленил во Полската партија на социјалистите (ППС). Во почетокот на 1915 г. бил уапсен и истата година бил препратен во затвор во Нижегород, во кој се наоѓал до март 1916 г. Без судски процес бил ослободен и започнал да работи во Комитетот за помош на бегалци во Нижни Новгород. Два месеца се криел во Оренбург од мобилизација, а потоа заминал за Москва. Во декември 1917 год. станал член на Московскиот областен комитет на ППС. Во февруари 1918 год. почнал да работи на Правно-политичкиот оддел на Полскиот комесаријат во Москва, во Комисијата за полски работи. Во јули 1918 год. на конференција на ППС во Москва изјавил за своето излегување од партијата. Истиот месец се зачленил во РКП (б) и во Комунистичката партија на Полска, а, исто така, се запишал како доброволец во Работничко-селанската црвена армија (РККА). Завршил 1-те Московски артилериски курсеви на црвените командири. Служел во Западната (52.) стрелечка дивизија, формирана од Полјаци. Во јануари 1919 год. собрал партизански одред за „посебни“ задачи, а потоа станал командир на воена единица на батерија од 1. артилериски дивизион. Во август 1919 год. бил ранет околу гр. Борисов. Се лекувал во гр. Орша. Потоа бил префрлен на Јужен фронт. Од мај 1920 год. бил на Западен фронт, како раководител и комесар на Регистрациониот оддел (воено разузнавање)

[342] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 53. С. 433.

на15. армија. Од август 1920 год. бил командант и воен комесар на Белостокскиот округ. Истовремено се занимавал со организација на артилеријата на полската Црвена армија, која се создавала на Западен фронт и во Пермската губернија. Во јануари 1921 год. бил препратен кај Ф. Е. Ѓержински и почнал да работи во ВЧК. Од февруари 1921 год. М. А. Логановски бил ополномоштен претставник на ИНО на ВЧК. Од април 1921 год. формално бил пратеник на РСФСР во Варшава, задолжен за репатријација во Полска, а потоа − втор секретар на ополномоштеното претставништво, но реално − резидент на советското разузнавање во Варшава. Во периодот од 1923 до 1925 год. бил официјален секретар на ополномоштеното претставништво на СССР во Австрија, но реално − резидент во Австрија. Исто така, служел во Агентурниот оддел на РУ на штабот на РККА. Од мај до ноември 1925 год. бил помошник на раководителот на ИНО на ОГПУ. Во ноември 1925 год. М. А. Логановски преминал на работа во НКИД. Од 1925 до 1927 год. тој бил раководител на Политичкиот оддел и член на Колегиумот на НКИД. Од септември 1927 год. бил советник на ополномоштеното претставништво во Персија. И како дипломат тој активно се занимавал со разузнавачка дејност. Од 1931 до 1934 год. работел во Централниот апарат на НКИД. Од 1934 до 1937 год. М. А. Логановски бил заменик на народниот комесар за надворешна трговија на СССР. Од април 1937 год. бил заменик на народниот комесар на прехранбената индустрија на СССР. Во 1937 год. бил обвинет за учество во контрареволуционерна терористичка организација и осуден од ВК на ВС на СССР на смрт. Логановски бил рехабилитиран на 12 декември 1956 год. од ВК на ВС на СССР.[343]

Г. З. Беседовски, кој го познавал М. А. Логановски, го претставил на следниов начин:

„Тој беше Полјак по потекло, бивш член на Полската социјалистичка партија, кој потоа преминал кај комунистите. За време на Граѓанската војна, Логановски се истакнал на фронтот, имал орден 'Црвено знаме' и ја користел личната наклоност на Ѓержински; Ѓержински, кој сакал да биде опкружен со полски комунисти, му предложил на Логановски да премине на служба во Чека, и Логановски го прифатил предлогот.

343 Алексеев М.А., Колпакиди А.И., Кочик В.Я. Энциклопедия военной разведки. 1918-1945 гг. М., 2012. С. 481.

Истовремено тој го прифатил и предлогот на Уншлихт да биде резидент на Разузнавачката управа (Разведупр) во Полска. [...] Логановски бил човек со цврста волја, железна истрајност и ѕверска жестокост. Човечкиот живот немал за него никаква вредност. Тој бил подготвен да жртвува илјада животи за да реализира некаква, понекогаш апсолутно техничка, директива“[344].

М. А. Логановски, според тврдењето на Г. З. Беседовски, учествувал во организирањето на низа терористички акти во 1923 год. во Полска.

Освен В. П. Миљутин и М. А. Логановски, во преговорите земал учество, исто така, Е. С. Гољденштејн, соработник на ИНО на ОГПУ, кој зборувал бугарски. Е. С. Гољденштејн работел, како и М. А. Логановски, под „закрила“ на ополномоштеното претставништво на СССР во Австрија.

***Ефроим Соломонович Гољденштејн*** *(1882−1938)*

Се родил во Кишинев, во фамилија на забен лекар. Во 1900 год. се зачленил во РСДРП (фракција на меншевиците). Неколку пати бил уапсен. Од 1906 до 1915 год. живеел во странство: во 1911 год. завршил медицински факултет на Виенскиот универзитет и работел како лекар во институции на Црвениот крст. Од 1915 до 1917 год. бил воен лекар во армијата, а по Февруарската револуција (1917 год.) – претседател на Советот на работничките и солдатски депутати и градоначалник во гр. Ровно. За време на полската окупација на Украина се наоѓал во илегала и двапати бил уапсен. Во 1921 год. избегал во Советска Русија. Во април 1921 год. заминал во Полска како член на делегацијата за репатријација, а потоа почнал да работи како лекар во ополномоштеното претставништво на РСФСР во Полска. Бил резидент на ИНО на ОГПУ. Го користел псевдонимот „Доктор“. Од август 1923 год. бил соработник на ополномоштеното претставништво во Полска, од декември 1924 год. − втор секретар на ополномоштеното претставништво на СССР во Австрија, од декември 1925 год. − втор секретар на ополномоштеното претставништво на СССР во Турција, а од јануари 1927 до март 1930 год. ја извршувал истата должност во Германија. По враќањето во СССР во 1930 год., работел во Коминтерната. Во јуни 1932 год., на

[344] Беседовский Г. На путях к термидору. М., 1990. С. 63-64.

> состанокот на партиската „тројка“ и на партискиот колегиум на ЦКК на ВКП (б), поради обвинувањето дека добил голема сума пари од неофицијално лице, бил исклучен од партијата и на 11 јули 1932 год. бил уапсен. На 20 јануари 1938 год. бил обвинет од Воениот колегиум на Врховниот суд на СССР за шпионажа и бил осуден на смрт. Истиот ден бил стрелан. Рехабилитиран бил во1964 год.[345]

Георги Агабеков, соработник на советското разузнавање од висок ранг, во својата книга „Таен терор“, која била објавена по неговото бегство на Запад, за работата на Гољденштејн како резидент во Берлин го напишал следново:

„Гољденштејн, со прекар Александар или Доктор, по националност Евреин, е еден од најстарите и заслужни соработници на ИНО на ОГПУ. До 1924 година тој работел на Балканот и бил многу близок со македонските револуционерни дејци, меѓу кои и сега ужива голем авторитет.

Гољденштејн на четириесет и пет години се оженил со млада жена и во последно време било забележливо дека тој се заморил и сакал покој. Неколку пати тој го поставувал прашањето за неговото заминување, но дури есента 1929 година добил дозвола да замине за Москва. Трилисер имал намера да го назначи за свој помошник. Но доаѓањето на Гољденштејн во Москва се совпаднало со заминувањето на Трилисер, и неговата натамошна судбина е непозната за мене“[346].

Во текот на работите биле претставниците на ИККИ на Балканот, А. Е. Абрамович (Четуев, Албрехт) и И. Л. Цевалтовски (Марјан), како и резидентот Б. Ја. Шпак.

Судејќи според белешките за тезите, кои се чуваат во Централниот државен архив (ЦДА) на Република Бугарија, советската страна за време на преговорите го побарала од Т. Александров и од А. Протогеров следново:

– раскинување на односите и започнување борба со А. Цанков; за почеток македонската парламентарна група да се обедини во посебна фракција, декларирајќи дека фракцијата е опозициска и работи заедно со комунистичката парламентарна група;

– прифаќање сојуз со тие сили, кои се борат со А. Цанков и во целост со империјализмот; воспоставување

---

345 Абрамов В. Евреи в КГБ. Палачи и жертвы. М., 2005.

346 Агабеков Г. С. Секретный террор. М., 1998 // *www.litmir.net/br/?b=197654*

контакт со Комунистичката партија, без услов членовите на ВМРО да станувaат комунисти;

– обединување со ВМФРО; свикување општ конгрес, заеднички избори на делегати, набљудување на текот на изборите на единствениот ЦК од контролна комисија со еднаков број пратеници од двете страни, составена од претставници на ВМРО, ВМФРО и СССР (по еден човек); до конгресот да не се менува сегашната положба (Ст. Мишев?);

– изработка на јавен повик до македонскиот народ со апел за борба против Цанков и со посочување на неопходноста да се потпира на СССР (оваа точка останува за дискусија), а, исто така, и на декларација за СССР, со осудување на учеството во „септемвриските настани“.[347]

***Т. Александров ги прифатил скоро сите барања.***

„Декларацијата за СССР“ била потпишана и испратена со придружно писмо на 29 април 1924 год. Тоа што Декларацијата се предназначувала „за Москва“, всушност, произлегува од содржината на придружното писмо: „ВМРО. Цен. К-т. бр. 728. 29 април 1924 год., Виена. До претставникот на СССР во Виена. Приложена тука, Ви ја испраќаме Декларацијата потпишана од членовите на Централниот комитет, со молба да се препрати според надлежноста, а за резултатот да бидеме известени“[348].

Декларацијата од 29 април се одликува од Декларацијата од 9 април само по две повеќе или помалку суштински редакциски исправки[349].

Во еден случај, реченицата: „Во таа смисла, Организацијата ќе даде секакви докази за отстранување и на најмалата претпоставка или сомневање за соработка и со сегашната софиска влада и за едно целосно раскинување и решителна борба со нејзината политика“ – била заменета со реченицата: „Во таа смисла, Организацијата прекинува секакви

[347] Коминтерна. Т. 1. Д. 2. С. 1519, 1521.
[348] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 56. С. 443.
[349] Види: Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 56.

врски и со софиските влади и ќе води борба со нивната политика“[350].

Во друг случај, при набројувањето на „претходните дејства и мерки“, точка 3, која се однесувала на дејноста на парламентарните групи, била малку скратена за да се избегне тавтологија.

Следствено, Д. Влахов имал целосно право да изјави: „Александров, Протогеров и Чаулев ги прифатија преговорите поставени во Декларацијата. Изработија и потпишаа нова декларација, во која истите принципи беа изложени поодредено и поконкретно. Декларацијата потпишана од мене и од Чаулев изгуби значење. Таа остана само за архивата на Револуционерната организација за еден ден да ја искористи идниот историчар на Организацијата“[351].

Протоколот „за обединување на македонското револуционерно движење“ бил потпишан од П. Чаулев, А. Протогеров и Т. Александров[352] – на 30 април 1924 год.[353]

Протоколот се состоел од преамбула и план за создавање на единствен македонски револуционерен фронт.

Во преамбулата се посочувале целите и средствата на револуционерната борба во Македонија – ослободување и обединување на Македонија во „целосно независна и самостојна политичка единка“ во рамките на Балканската федерација, при поддршка на револуционерните движења на други балкански народи и, „во прв ред, на балканското комунистичко движење“, како и на СССР[354].

Конкретниот план по обединувањето на ВМРО и ВМФРО се состоел од следниве точки:

„1. Обединување на целото македонско революционерно движење во една организација и под едно идејно знаме, …

---

[350] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 45. С. 389.
[351] Коминтерна. Т. 1. Д. 2. Док. бр. 161. С. 1303, 1305.
[352] Потписите под Декларацијата и под Протоколот имаат различен редослед, и тоа не е случајно. Под Декларацијата потписите биле ставени по следниов редослед: Т. Александров, П. Чаулев, А. Протогеров.
[353] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 57.
[354] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 57. С. 445.

2. Тоа обединување треба да биде извршено од обединувачки конгрес свикан врз основа на Уставот и Правилникот на ВМРО.

3. Меѓутоа, со оглед на тоа што условите за свикување на еден општ обединувачки конгрес сè уште не се созреани и се наложува извесна подготвителна работа за создавање поволна атмосфера за свикување на тој конгрес, двете страни се согласуваат за следново: а) да ги прекинат сите непријателски активности меѓу себе, зачувувајќи целосна слобода само за организациска и агитациска активност на двете страни…; б) истовремено со тоа заемно се укинуваат сите смртни пресуди и прогонувања против одделни членови, организациски чети и др.; в) да се основа една заедничка *согласувачка комисија* во состав од по еден претставник од двете страни и еден член назначен по желба на двете страни од претставништвото на СССР.

4. Задачи на согласувачката комисија се следниве: да придонесува за отстранување на сите конфликти, …; да подготвува услови во кои може да се постави прашањето за свикување обединувачки конгрес; да помага за распространување во странскиот печат на идејата за неопходност од единствен македонски и балкански револуционерен фронт и балканска федерација; да го среди издавањето и уредувањето на заеднички задграничен периодичен орган под името ’Балканска федерација‘“[355].

Протоколот бил составен во два примерока за да може на едниот да се потпишат членовите на ЦК на ВМРО, а на другиот – членовите на ЦК на ВМФРО. Такво било барањето на Т. Александров.

Истовремено со Протоколот, членовите на ЦК на ВМРО на претставниците на СССР им дале таканаречен „слободен лист“ за С. Мишев и неговите приврзаници. Во документот, потпишан од Т. Александров, П. Чаулев и А. Протогеров, се укажувало: „Бр. 730. Централниот комитет на Внатрешната македонска револуционерна организација им дозволува на

[355] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 57. С. 445, 447.

Стојан Мишев и неговите другари откако ќе извршат одредена крупна револуционерна акција против српската власт во Македонија, да најдат скривалиште меѓу дејците на ВМРО. Молба до сите членови и до привржаниците на ВМРО да ги примат со доверба и да им се даде максимална доверба“[356].

Од горенаведените документи, имено, „слободниот лист“ е клуч за разбирање на тоа дека, без оглед на првичната изјава на претставниците на СССР за „неутралноста“ на својата позиција по прашањето за односите меѓу ВМРО и ВМФРО, Т. Александров успеал да наложи прифаќање на планот што бил разработен од него.

Испадна дека Т. Александров ги примил скоро сите барања на советската страна во замена за усно ветување дека претставниците на СССР, користејќи го своето влијание врз „федералистите“, ќе ги убедат С. Мишев и неговите привржаници да извршат атентати против „српската власт“.

Бидејќи балканските партии и организации се граделе околу една јака личност, Т. Александров сметал дека со елиминација на С. Мишев ќе престане да постои и Организацијата на „илегални федералисти“, кои сметале на дејноста на четите на ВМРО на територијата на Кралството СХС.

За Т. Александров, имено, С. Мишев бил „централна“ фигура на „федералистите“. Во писмото до П. Чаулев од 4 јули 1924 год., Т. Александров особено ги одбележал исказите на С. Иванов и Т. Паница: „Уште кога разговаравме во Виена, ти знаеше дека Славе имаше кажано на [шифра]: ’Се борат два [лава] – Ст. М[ишев] и Т. Ал[ександров], кој ќе победи, ќе се наметне‘. Тоа не е мисла на ограничениот Славе. А, Паница имал речено: ’Се надлажуваме со автономистите *кој кого йорано да убие*‘“[357].

Преговорите по прашањето за С. Мишев и неговите привржаници, Т. Александров ги спровел самостојно. При донесувањето на најважните решенија, тој не се потпирал на

---

[356] Коминтерна. Т. 1. Д. 2. Илустрации.
[357] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 71. С. 609.

А. Протогеров, проценувајќи го неговиот карактер на следниов начин: „Ти си патриот и некористољубив деец, енергичен и иницијативен, но се пушташ во интриги и, што е најглавно, во решавачки моменти ти се колебаш, не прифаќаш одговорност заради желба секогаш и со сите да имаш добри односи“[358].

Подоцна А. Протогеров не еднаш го прекорил Т. Александров дека во Виена тој скоро бил отстранет од преговорите со претставниците на СССР. На пример, во писмото од 21 август 1924 год. А. Протогеров потцртал: „…а што јас да кажам, каков впечаток добив, кога од спалната влегов во дневната и слушнав дека ти си се согласил да му се дозволи на Стојан Мишев да спроведе избори за општ конгрес во пет околии? Тоа остави впечаток дека таму газда на ситуацијата е Стојан“[359].

По постигнувањето спогодба за С. Мишев и неговите приврзаници, Т. Александров одлучил дека неговата мисија е завршена. А. Протогеров останал во Виена, Т. Александров тргнал за Лондон. Т. Александров заминал со надеж дека во Велика Британија тој ќе успее донекаде да го компензира доживеаниот неуспех во Виена.

Но, без оглед на добиените ветувања од Т. Александров, притоа во писмена форма, во замена за усни уверувања, претставниците на СССР останале незадоволни од резултатите од преговорите.

По завршувањето на преговорите со Т. Александров, В. П. Миљутин на 3 мај 1924 год. испратил до И. А. Пјатницки телеграма, во која посочил: „Резултатите од преговорите со Тодор Александров се малку задоволувачки, но ќе ја искористам нивната намена“[360]. Истиот заклучок В. П. Миљутин го повторил на 6 мај 1924 год. во писмо, адресирано до Президиумот на ИККИ: „Јас веќе пишував дека резултатите од преговорите со ЦК на Македонците и делумно со Тод. Александров ги сметам за малку задоволувачки.

[358] Писмо на Т. Александров до А. Протогеров од 20 август 1924 год. – ЦДА. Ф. 1909. Оп. 2. А.е. 206. Л. 65-70.
[359] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А. е. 54. Л. 12.
[360] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 60. С. 467.

…Декларацијата, главно, ги премолчува најважните за нас прашања. Но, сепак, таа сведочи за определен пресврт на Македонците“[361].

За какви најважни прашања зборувал В. П. Миљутин објаснуваат решенијата прифатени од Президиумот на БКФ на 5 мај 1924 год.

На седницата што била одржана на 5 мај 1924 год. Президиумот на БКФ го одобрил проектот на В. П. Миљутин за заклучоците во врска со таканаречената „Македонска декларација“ од 29 април 1924 год.

Врз база на проектот на В. П. Миљутин, Президиумот на БКФ одлучил:

„Декларацијата е малку задоволувачка, премногу општа по својот карактер и нејасно ја определува промената на насоката на активноста на Македонската автономистичка организација. … – таквото молчење ги лишува од неопходната конкретна содржина нивните изјави за раскинувањето со ’софиските влади‘ и за ’контактот‘ со БКП. Имајќи ја предвид поранешната тактика на Александров, Президиумот смета дека е неопходно спрема укажаната Декларација да се однесува со најголема претпазливост“[362].

Со други зборови, В. П. Миљутин сметал дека давање на „морална и материјална поддршка“ на ВМРО би било возможно само во случај на започнување борба против Владата на Цанков и за работничко-селанската влада во Бугарија. Според тоа, заклучокот на Т. Александров, направен по преговорите во Виена, дека советската страна се стреми да ја претвори ВМРО во „свое орудие“, бил точен.

Освен тоа, Президиумот на БКФ го прифатил следново решение:

„Одговор на Декларацијата треба да биде укажувањето дека како услов за морална и материјална поддршка се јавува неопходноста да се добијат од Македонската автономистичка организација докази на дело за искреноста за промената на нивната политика и тактика во однос на Цанковата влада. Такви

[361] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 60. С. 465, 467.
[362] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 59. С. 463.

треба да бидат во прв ред: а) борбата за ослободување на сите комунисти од затворите, …, и ликвидацијата на вонредната состојба во однос на работниците и на комунистичките организации и б) стапувањето во спогодба со БКП во однос на соборување на Владата на Цанков и образување работничко-селанска влада. Во Петричкиот округ, каде што власта веќе фактички се наоѓа во рацете на Македонската организација, истерување на претставниците на Владата на Цанков и давање целосна слобода на Комунистичката партија на Бугарија“[363].

Фактот дека барањата што требало да се внесат во одговорот до Т. Александров наполно се совпаѓале со тие на кои во Москва инсистирал В. Коларов дава основа за заклучок дека тие „исправки“ во „проектите“ на В. П. Миљутин биле предложени од Г. Димитров. Но погледите на В. П. Миљутин по тоа прашање комплетно се совпаѓале со сфаќањата на Г. Димитров и В. Коларов, и затоа тој не се противел на „исправките“.

Таквата едномисленост се базирала врз еднаквоста на разбирањето на ситуацијата на Балканот. В. П. Миљутин комплетно се согласувал со претпоставката на Г. Димитров дека ***востание во Македонија е можно напролет во 1924 год.***[364]

Друга гледна точка ни В. П. Миљутин ни Президиумот на БКФ, на чело со Г. Димитров, не биле подготвени да прифатат.

Така, на 16 април 1924 год. на проширената седница на Извршниот комитет на БКФ бил разгледан „Извештајот за ситуацијата во Бугарија“ од И. Л. Џевалтовски, кој се вратил од Бугарија[365]. Сумираните заклучоци од извештајот на И. Л. Џевалтовски ги претставил Б. Ја. Шпак: „Во главни црти др. Џ. го изнесе следново. […] 8) Според зборовите на известувачот, положбата на Владата на Цанков забележливо и брзо се подобрува. Заканата со интервенција отпаѓа. Владата на

[363] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 59. С. 463, 465.
[364] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 51. С. 413.
[365] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 49. С. 403, 405.

Цанков води систематска борба со своите противници, не наидувајќи на никаков отпор. […] 9) До моментот на заминувањето на известувачот од Софија, односите на Македонците автономисти со Цанков биле најпријателски“[366].

Со заклучоците од извештајот не се согласувале ни В. П. Миљутин, кој настојувал на патувањето на И. Л. Џевалтовски во Бугарија, ни Извршниот комитет и Президиумот на БКФ. Како што забележал В. П. Миљутин во писмото од 29 април 1924 год. до Президиумот на ИККИ, И. Л. Џевалтовски „ја оценил ситуацијата премногу песимистички и не ја поврзал со оние практични заклучоци што ги изведува самиот. Оценувајќи ја положбата на Владата на Цанков како закрепнувачка, тој, сепак, се согласил за организирање партизанско движење“[367].

Потоа во Бугарија било испратено друго ополномоштено лице, изгледа, не толку заради проверка на заклучоците на И. Л. Џевалтовски колку за нивното негирање.

Своето видување на ситуацијата во Бугарија ополномоштеникот „Зигмунд“ го претставил на 26 април 1924 год. Тргнувајќи, веројатно, од искуството на И. Л. Џевалтовски, „Зигмунд“ прибегнал кон прикриена форма при оценувањето на положбата во Бугарија. „Зигмунд“ не станал за директно да ја одречува можноста за востание во Бугарија, но укажал дека „порано од наесен акции не треба да се очекуваат“. Во оценувањето на извештајот на И. Л. Џевалтовски, „Зигмунд“, исто така, бил максимално внимателен. Според него, „оценувањето“ од И. Л. Џевалтовски на ситуацијата во Бугарија било „малку песимистично“, то ест, со други зборови, главно правилно.[368]

Важните за „Зигмунд“ нијанси од типот – дали оцената на И. Л. Џевалтовски била „песимистична“ или „***малку*** песимистична“, немале посебно значење за тие за кои тој извештај бил наменет. В. П. Миљутин, како и други приврзаници на идејата за „светска“ револуција, во своите

---

[366] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 50. С. 405.
[367] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 50. С. 409.
[368] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 54. С. 435.

заклучоци тргнувале од сопствената, „паралелна“ реалност. Затоа В. Д. Миљутин и Президиумот на БКФ забелешките на И. Л. Џевалтовски во врска со стабилизацијата на положбата во Бугарија ги отфрлиле како погрешни, наоѓајќи во извештајот на „Зигмунд“ потврда за правилноста на својата позиција.

Кон извештајот на И. Л. Џевалтовски поинаку се однесувале во Москва. И. А. Пјатницки на 25 април 1924 год. му соопштил на В. П. Миљутин: „Борис[369] ги препрати изводите од извештајот на Џ. до др. У[ншлихт]. Од тој извештај се гледа дека дури и партиското движење таму е многу мало и неорганизирано. Од друга страна, кај нас дојдоа податоци од страна на Трил[исер], пак, различни од оние документи и писма за кои ни пишувавте Вие и Борис. Затоа формиравме комисија од сите организации што се занимаваат со таа работа, прво, за да ги координираме активностите и за да удираме во една точка, а, второ, за објективно да утврдиме што се случува таму[370]“[371].

Додека во Москва се обидувале да разберат што реално „се случува“ во Бугарија, В. П. Миљутин пристапил кон завршната фаза на преговорите.

Според спогодбите постигнати со Т. Александров, кои се фиксирани во Декларацијата од 29 април 1924 год., ЦК на ВМРО во својство на „претходна мерка“ требало да настапи со „јавна изјава од името на Организацијата во духот… на Декларацијата“.

Според тврдењето на Д. Влахов, првично со извршувањето на таа задача се зафатил А. Протогеров. Навистина, во Централниот државен архив (ЦДА) на Република Бугарија се наоѓа нацрт на преамбула кон проглас со ракописот на А. Протогеров. Но, според верзијата на Д. Влахов, А. Протогеров разбрал дека не е способен да ја заврши поставената задача и Д. Влахов бил принуден да ја преземе. За

---

[369] Борис – Б. Ј. Шпак.

[370] Веројатно, И. А. Пјатницки ја имал предвид Бугарската комисија при ИККИ.

[371] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 5 кон док. бр. 50. С. 409.

разлика од Д. Влахов, еден од дејците на македонското движење – Н. Терзијанов – тврдел дека ракописот на факсимилниот текст објавен во брошурата со наслов „Предавници на македонското дело“ (1926 год.) бил на Н. Харлаков, а не на Д. Влахов. Т. Александров, исто така, сметал дека, имено, Н. Харлаков бил автор на прогласот, повеќе познат како „Мајски манифест“. За улогата на Н. Харлаков во „Виенските преговори“, Г. Димитров во своето писмо до В. Коларов од 17 мај 1924 год. посочил: „Овдешните руски другари кои се занимаваат со тоа прашање го имаат за свој советник во врска со тоа Харлаков. Јас се плашам дека тој авантурист ќе создаде некоја пакост. Неопходно е да бидеме многу внимателни“[372].

Кој и да бил авторот на прогласот, насловен „Манифест до македонскиот народ, до организираното революционерно население во Македонија и до македонските революционери“[373], тој наполно одговарал на барањата на В. П. Миљутин.

Прво, во прогласот веќе имало апел за борба со Владата на А. Цанков: „…ВМРО ја прогласува политиката на Владата на Цанков за непријателска во однос на македонскиот и на бугарскиот народ и апелира до сите Македонци и Бугари да поведат најрешителна борба против неа“[374].

Второ, во прогласот се споменувала неопходност од формирање работничко-селанска влада: Македонците и Бугарите „треба да ѝ ја дадат својата поддршка само на една таква влада во Бугарија, која, потпирајќи се врз широките трудбенички маси од градот и селото, …ќе може да им ги даде неопходните средства за борба против освојувачката политика на соседните држави без да се плаши дека тие средства ќе бидат свртени против неа“[375].

Трето, во прогласот била дадена „најсвечена изјава“ дека ВМРО ќе ги прекине сите гонења и ќе ги укине сите

---

[372] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 62. С. 513.
[373] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 61.
[374] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 61. С. 481.
[375] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 61. С. 481.

„егзекутивни мерки и наредби против одделни македонски дејци, групи, организации и струи штом тие искрено ќе застанат на почвата на вистинската револуционерна борба“, како „прв и најрешителен чекор за создавање на неопходната поволна атмосфера за свикување во скоро време на еден обединувачки конгрес на целото македонско револуционерно движење, …“[376]

В. П. Миљутин бил задоволен. Во писмото до Президиумот на ИККИ од 6 мај 1924 год., В. П. Миљутин потенцирал: „*Денес го разгледавме проектот за повикот* што ќе биде потпишан од Тод. Александров, Чаулев и Протогеров. Тој е значително подобар од Декларацијата. Во него веќе се зборува за раскин и за борба со Владата на Цанков и за формирање влада на ’работници‘ на градот и селото“[377].

Моделот на однесување на В. П. Миљутин соодветствувал на таканареченото „тесно класно“ однесување, кое на комунистичките партии објективно им пречело да воспостават соработка со општествените, со националноресволуционерните или други организации. Имено, таквиот модел, иако несвесно, бил типичен за комунистичките партии, што се потврдува, во овој случај, со некритично восприемање на „Мајскиот манифест“.

Само позицијата на бугарскиот комунист Коста Јанков, раководител на Воената организација при БКП (т.с.), била исклучок. Претпоставувајќи дека Манифестот и Декларацијата од 29 април 1924 год. се дело на Г. Димитров и други бугарски комунисти што се наоѓале во Виена, К. Јанков во писмото од 10 август 1924 год., веројатно до И. Генчев, посочил: „Изгледа дека др. Виктор[378] е истиот од пред 9 јуни. Од вашето гледиште вашата платформа има еден недостаток – требаше во неа да запишете: ’Тод. Александров да прогласи советска република во Бугарија и да го покани др. Виктор за претседател на републиката‘. Гледајте да ја пополните таа празнина; потоа др.

[376] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 61. С. 485.
[377] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 60. С. 467.
[378] Виктор – псевдоним на Г. Димитров.

Виктор нека се јави пред Чичерин и нека го побара неговиот авторитетен збор. Добро е други да го дигнат Владајското востание, други да се борат на 9 јуни, други да нѐ ослободат од затворите. Таквата ’платформа‘ може во извесна смисла да се смета за комунистичка платформа за единствен фронт, кога седиме далеку од животот и реалните процеси во него, секоја минута изложени на вистински удари на противникот, и градиме нереални ’стратегиски‘ чекори“[379].

Своето становиште К. Јанков го претставил во истото писмо: „Манифестот, според мене, наместо да биде повик против Цанков, …требаше да се ограничи, пред сѐ, на темата за ослободување на Македонија, остро истакнувајќи дека без Советска Русија тоа ослободување не може да се постигне. Таков манифест би бил сосема разбран од македонските маси. ’Со Русија‘ – ете ја основната пружина што по какви и да е вибрирања ќе нѐ одведе кон здрава, единствена акција со Македонците, по еден сосема природен пат за македонските маси, разбран од нив, кој го одразува објективниот и природен процес на револуционизирање на тие маси, … […] … засега најдобро би било навремено, како што јас ја проценувам ситуацијата, на централното место во платформата да се постави барањето за ’неутралност‘ во внатрешните борби, гарантирана преку мерките што ние ќе ги посочиме…“[380]

Писмото од К. Јанков се нашло кај Г. Димитров, кој, според веќе разработена шема, на 21 август 1924 год. го препратил во Москва до В. Коларов со белешка: „Исто така, ти испраќам едно писмо од Јанков, на кое ќе треба да му обрнеш сериозно внимание. Тоа писмо е многу чудно, но не само по својот несериозен и арогантен карактер. Во него се провлекува, исто така, и една линија по македонските работи, која ѝ противречи на линијата на ЦК и на нашата линија и е сосема погрешна. Јасно е дека Јанков врши самоволно недопустливи работи. Јас му пишав веќе за сето тоа на ЦК“[381].

[379] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 77. С. 699.
[380] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 77. С. 699.
[381] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 77. С. 701.

Но во врска со убиството на Т. Александров, тоа прашање ја изгубило својата актуелност.

Според сведоштвото на Д. Влахов, на денот на потпишувањето на Манифестот, П. Чаулев и А. Протогеров ја верифицирале и „Декларацијата на македонската парламентарна група“, то ест декларација што македонската парламентарна група би требало да ја изнесе по конституирањето[382].

Со тоа В. П. Миљутин ги завршил преговорите со ЦК на ВМРО во Виена.

Во својство на првична мерка за „организациско“ зајакнување на резултатите од преговорите, В. П. Миљутин настојувал на „итно“ испраќање на претставник на СССР во „Штабот на Македонците“[383]. Во писмото на И. А. Пјатницки од 6 мај 1924 год., В. П. Миљутин посочил: „Неопходно е во Штабот на Македонците да се испрати претставник *колку што е можно побрзо*. Треба да се поразговара по тој повод со У[ншлихт]. Во согласност со другарите од неговиот оддел, предлагам двајца кандидати: 1) *[Г]икало* (работеше на Кавказ, него добро го познаваат Ворошилов и Сталин). Според сите мислења – *многу* погоден човек. 2) *Страујан*. Вие, секако, го знаете. Сепак, од нив како повеќе да одговара првиот“[384]. Комисијата во состав: В. Коларов, В. П. Миљутин, Трилисер, Уншлихт, И. А. Пјатницки и Г. В. Чичерин – на седницата одржана на 7 јуни 1924 год. одлучила да ја поткрепи кандидатурата на [Г]икало.[385]

Заради решавање на другите прашања, В. П. Миљутин заминал за Москва.

В. П. Миљутин тргнал од Виена со чувство, прво, дека преговорите со ЦК на ВМРО се успешно спроведени и, второ, дека Г. Димитров го поддржува по прашањето за „македонските работи“ и поранешните разногласија

---

[382] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 60. С. 487, 489, 491, 493.
[383] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 60. С. 471.
[384] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 6 кон док. бр. 60. С. 471.
[385] Документи. Док. бр. 100. С. 375.

се надминати. Повод за таков заклучок давало однесувањето на Г. Димитров за време на седницата на Президиумот на БКФ од 5 мај 1924 год. – Г. Димитров, како и другите присутни, го прифатил проектот на В. П. Миљутин и го потпишал записникот со решение „да се прифатат проектите" на В. П. Миљутин. Но В. П. Миљутин и во двата случаја бил во заблуда.

Г. Димитров откако дознал за преговорите, итно го информирал ЦК на БКП (т.с.) за нив. ЦК, од своја страна, без задршки го испратил во Виена „специјалниот пратеник" Христо Јанков. Но Х. Јанков стигнал во Виена по завршувањето на преговорите.

Х. Јанков на 12 мај 1924 год. претставил извештај за македонското движење[386]. Во извештајот на Х. Јанков особено важен бил заклучокот дека „на Александров не треба да му се дава никаква поддршка зашто тоа би значело тој да се зајакне на сметка на опозицијата, а тогаш за нас е посигурно да ги подложиме своите сопствени глави на колење"[387].

Г. Димитров, по добивањето на извештајот, напишан, веројатно, по негова иницијатива, на 13 мај 1924 год. свикал нова седница на Президиумот на БКФ. Сметајќи дека Х. Јанков во својство на „специјален пратеник" ја застапувал позицијата на ЦК на БКП (т.с.) по „македонското прашање", Президиумот на БКФ го прифатил за засновано барањето на ЦК на БКП (т.с.), изразено преку Х. Јанков, да не се дава никаква „морална и материјална поддршка" на „крилото на Тодор Александров" во ВМРО[388].

Истот ден, на 13 мај 1924 год., Г. Димитров му го испратил на В. Коларов во Москва извештајот на Х. Јанков, со молба В. Коларов на најрешителен начин да попречи на „прифаќањето на фатално погрешно решение" за морална и материјална поддршка на ВМРО на Т. Александров во замена за исполнување на барањата на советската страна.

---

[386] Види: Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 62.
[387] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 62. С. 511.
[388] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. бр. 62. С. 513.

По добивањето на писмото од Г. Димитров од 13 мај 1924 год., В. Коларов подготвил за М. А. Трилисер и за И. С. Уншлихт инсерти од тоа писмо, кои се однесувале на барањето „да не се дава никаква морална, политичка и материјална поддршка на крилото на Тодор Александров".

Меѓутоа, на 17 мај 1924 год. Х. Јанков подготвил нов извештај под наслов „Две струи во македонското революционерно движење и КП". По краткиот историски преглед, во извештајот биле дадени следниве заклучоци: „…надежта за тоа Тодор Александров да раскине со Владата на Цанков, кој 15 години се наоѓа на издршка на буржоазијата и се наоѓа пред нејзините нозе, … – таквата надеж е апсолутно недопустлива" и, соодветно, „ползата од Тодор Александров, дефинитивно искомпромитиран во очите на сите демократски елементи во Бугарија и во Македонија, дури и во случај да ја предаде буржоазијата, би била сомнителна, бидејќи, во таков случај, со своето црно минато тој ќе биде во најдобар случај баласт на левичарската опозиција"[389].

Врз основа на направените заклучоци во извештајот се предлагале следниве мерки: 1. „целосна и сестрана поддршка на опозицијата" во ВМРО, „која заедно со легалната Илинденска организација води борба против Владата на Цанков"; 2. активно учество на комунистите во ВМРО под раководство на „емигрантската комисија при партијата"; 3. „никаква поддршка на Тодор Александров додека тој не даде реални докази за своето раскинување со Владата на Цанков и не го промени својот однос кон Комунистичката партија", то ест Т. Александров мора „да ги ослободи сите комунисти што биле уапсени во Петричкиот округ" и „да им се дозволи да заземат одговорни должности" во ВМРО; „да ја укине забраната за распространувањето на комунистичките весници"; „да го запре теророт против партиските другари"; „да ги симне од должност сите свои луѓе во тајната полиција и, исто така, да ѝ помогне на партијата да се вооружи"; 4. „зацврстување на врската со опозицијата што се формира во трите револуционерни окрузи"; 5. Комисијата, назначена од ЦК на БКП (т.с.), „која треба да ја

[389] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 63. С. 531.

води конспиративната работа во македонското движење, добива целосна слобода во организирањето и вооружувањето на создадените конспиративни ќелии“[390].

Сличноста на набројените во извештајот мерки и услови за давање поддршка на ВМРО од СССР, одредени од Президиумот на БКФ на 5 мај 1924 год., посочува дека извештаите на Х. Јанков биле израз на позицијата на Г. Димитров.

Г. Димитров, неговиот партнер В. Коларов, како и мнозинството на ЦК на БКП (т.с.), настојувајќи на раскинување на односите со Т. Александров, посочувале на постоење на формирана левичарска опозиција во ВМРО.

Во извештајот на Х. Јанков од 12 мај 1924 год. се потцртувало: 1. Илинденската организација влезе во конфликт со „органот на Александров“, Националниот комитет; 2. опозиционерите на трите окрузи – Солунскиот, Петричкиот и Серскиот – се подготвувале „да свикаат конгрес и покрај несогласувањето на Александров и со намера да го лишат последниов од правото да биде самозванец во ЦК кој цело време се наоѓа само во Софија“[391]. Меѓу опозиционерите, Х. Јанков особено го изделил Мишо Шкартов.

Претставниците на СССР во Виена поаѓале од фактот дека ако во ВМРО и постои опозиција, таа е многу малобројна.

Во 1923 год., кога се појавиле гласови за присуство на „левичарска група меѓу автономистите“, изворите на ИНО на ОГПУ биле категорични – „Големи разговори за постоење на некоја левичарска група меѓу автономистите е празен шум. Околу редакцијата на весникот 'Пирин' се врткаат некои незадоволни, кои не се осмелуваат и да помислат на какво било спротивставување на Александров“[392].

Апсењата во март 1924 год. во Бугарија на членови на ВМРО, според мислењето на Б. Ја. Шпак, не ја промениле суштински положбата на работите.

[390] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 63. С. 531, 533.
[391] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 62. С. 509, 511.
[392] Документи. Док. бр. 42. С. 175.

Кога И. Л. Џевалтовски, по враќањето од Бугарија, соопштил дека ЦК на БКП (т.с.) „мисли да започне со организирање на чети од Македонци-комунисти на територијата на Македонија…, спроведување на широка агитација меѓу Македонците против Тодор Александров“, Б. Ја. Шпак забележал: „а) да се води борба со Тод. Александров на негова територија е многу тешко; б) …, бидејќи со Тод. Александров се водат преговори од Виена и од др. Јанков[393], сега не треба да се почнува со него отворена борба. Ние треба да влеземе во неговата организација, до можен степен да ја освоиме и земеме во свои раце и да ја разурнеме одвнатре, да ги отргнеме нејзините леви елементи за присоединување кон нас“[394].

Б. Ја. Шпак покатегорично го прокоментирал извештајот на „Зигмунд“. Во својот извештај „Зигмунд“ посочил: „Нам сојузници во борбата со Цанков ќе ни бидат Македонците. Меѓу Цанков и Македонците се појавуваат недоразбирања што веќе доведоа до тоа Цанков да го забрани весникот на Македонците во Софија, односите цело време се заоструваат“[395]. Препраќајќи го извештајот на „Зигмунд“ во Разведупр, Б. Ја. Шпак во придружното писмо истакнал: „Во однос на Македонците автономисти, известувачот прави донекаде смел заклучок. Ќе треба уште многу да се работи со нив за да не бидат штетни и делумно да се привлечат на наша страна“[396].

Мислењето на Б. Ја. Шпак било авторитетно. Малку е веројатно дека некој се осмелил да го оспори. Не приговарал ниту Г. Димитров, кој бил присутен за време на опсудувањето на извештаите за Бугарија. Затоа В. П. Миљутин сметал дека тој и Г. Димитров се единствени по прашањето за можноста за давање морална и материјална поддршка на Т. Александров во замена за исполнување од него на барањата на советската страна. Обраќајќи се од Москва до Г. Димитров,

---

393 Се мисли на Коста Јанков.
394 Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. № 50. С. 407.
395 Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 54. С. 437.
396 Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр.54. С. 437.

В. П. Миљутин, не без чувство на задоволство, соопштил: „Комисијата за бугарските работи ќе може да се свика дури по партискиот конгрес. Јас зборував со одделни членови на Комисијата. Сите тие во однос на ’македонското прашање‘ стојат на нашето гледиште. … До Комисијата јас ќе поднесам извештај. Состојбата е слична со другите комисии за кои сме заинтересирани. Со Зиновјев подробно ќе разговарам овие денови, досега разменивме само бегли мислења“[397].

Комисијата во состав: В. Коларов, В. П. Миљутин, Трилисер, Уншлихт, Пјатницки и Чичерин – на седницата одржана на 7 јуни 1924 год. донесла компромисно решение. Комисијата се обидела да ја поврзе позицијата на В. П. Миљутин со ставовите на В. Коларов, кој го застапувал становиштето на Г. Димитров и на мнозинството на ЦК на БКП (т.с.).

Комисијата одредила: „Не раскинувајќи ги односите со Тодор Александров, неопходно е одржување на тајни врски со опозицијата и давање на тајна морална и материјална поддршка. Сега за сега да ѝ се испрати одговор на ВМРО (порачано на др. Миљутин, др. Уншлихт, др. Трилисер и др. Коларов). ... Да се потврди неопходноста од навлегување во ВМРО и од развој на врски со опозицијата“[398].

Комисијата при донесувањето на одлуката се ориентирала на информацијата што доаѓала од Бугарија.

Резултатите на Пловдивскиот конгрес на Илинденската организација (мај 1924 год.) биле доживеани како индикатор за постоење на процес на дезорганизација на ВМРО. На Конгресот, и покрај инсистирањето на Т. Александров да не се допушти избор на Г. Занков и А. Јовков во раководството на Организацијата, тие биле повторно избрани. Според зборовите на Т. Александров, Г. Занков и А. Јовков „разгласиле дека со нивниот реизбор е нанесен удар врз Т. Ал[ександров] и неговата група“, и овој факт „секаде остава лош впечаток“[399].

[397] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 4 кон док. бр. 60. С. 469.
[398] Документи. Док. бр. 100. С. 375.
[399] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. С. 1445.

„Попустливоста“ што ја пројавиле А. Протогеров и Алеко Василев во однос на Г. Занков и А. Јовков се претставувала како израз на опозициските настроенија во ВМРО.

Б. Ја. Шпак, кој дотогаш го негирал постоењето на формираната опозиција во ВМРО, ја променил својата позиција. Во извештајот од 12 јуни 1924 год. Б. Ја. Шпак посочил: „Таа опозиција сè повеќе станува отворено непријателска спрема Тодор Александров, јасно се искажува за единствен фронт со нас и со левите земјоделци. Врските што ги имаат другарите бугарски комунисти (меѓу нив другарите Хаџидимов и Христо Јанков) со водачите на опозицијата – Алеко Паша, Мишо Шкартов и илинденците – Арсени Јовков, Занков и Наум Терзијанов, во значителна мера ни ја гарантираат успешноста на преземањето на ВМРО во наши раце“[400].

Како резултат на тоа, ***Комисијата прифатила одлука за спроведување на двојна игра, то ест не прекинувајќи ги преговорите со Т. Александров, во исто време да ги зајакне своите врски со опозицијата внатре во ВМРО, помагајќи ѝ на сите начини да зајакне.***

Комисијата определила да испрати одговор на Декларацијата на ЦК на ВМРО од 29 април 1924 год., затоа што таа се разгледувала како барање на раководството на Организацијата за потпишување договор со СССР. Сомнежи во однос на заинтересираноста на Т. Александров за склучување спогодба со Советскиот Сојуз до средината на јуни 1924 год. не се појавиле. Логиката на советската страна била следнава: со која цел Т. Александров би потпишувал компромитирачки документи во замена за неодредени ветувања, ако немал намера да ја доведе работата до крај?

[400] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 2 кон док. № 69. С. 563.

## *Подготовката на одговорот на советската страна на Декларацијата на ЦК на ВМРО од 29 април 1924 год.*

Нацртот на одговорот на Декларацијата на ЦК на ВМРО од 29 април 1924 год., В. П. Миљутин го подготвил до 9 јуни 1924 год.

Нацртот на В. П. Миљутин бил издржан во духот на одлуките прифатени од Президиумот на БКФ од 5 мај 1924 год.

В. П. Миљутин најнапред констатирал подготвеност на ВМРО „во својата борба за ослободување на Македонија“ кон соработка со „револуционерните движења на другите балкански народи“ за воспоставување „контакт со комунистичките партии на балканските држави“ и за засилување „на најрешителен начин на борбата против српската, грчката, а, исто така, и против бугарската влада“[401].

Понатаму В. П. Миљутин ги наброил мерките по трансформацијата на намерите на ВМРО во нивен „конкретен израз во стварноста“, не отстапувајќи од одлуките на Президиумот на БКФ од 5 мај 1924 год.[402]

Заедно со тоа В. П. Миљутин посочил дека соработката со СССР и со комунистичките партии на балканските држави неизбежно ќе доведе до реализација на основната цел на ВМРО – независност на Македонија[403]. Повторувајќи ја во писмото оваа констатација двапати, В. П. Миљутин се обидел да ја потенцира важноста на реализацијата на фиксираните задолженија во Декларацијата, пред сè, за самата ВМРО.

Иако В. П. Миљутин не отстапил од одлуките на Президиумот на БКФ, кои биле официјално поддржани од Г. Димитров, В. Коларов, кој дејствувал во согласност со Г. Димитров, настапил со критика на нацртот на В. П. Миљутин.

Веднаш откако В. П. Миљутин на 9 јуни на В. Коларов му го доставил својот нацрт, В. Коларов ги подготвил своите забелешки.

---

[401] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 65. С. 539.
[402] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 65. С. 541.
[403] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 65. С. 539-541.

В. Коларов истакнал дека барањето ВМРО „итно да ги изгони од територијата на Петричкиот округ претставниците на Владата предводена од Цанков“ е рамносилно на објавување војна против Бугарија од страна на ВМРО, иако логиката на В. П. Миљутин била разбирлива – ако ВМРО се бори за „обединета и независна Македонија“, тогаш Организацијата би требало да го преземе управувањето со Пиринска Македонија во свои раце. Според В. Коларов, поподобно би било да се побара од ВМРО „протерување од Петричкиот округ на кој било владин агент (виш чиновник), истакнат во очите на населението, и на многу компромитираните претставници на бугарската буржоазија“[404].

Освен тоа, В. Коларов истакнал дека во нацртот од В. П. Миљутин недостигаат некои услови, за кои, според неговите зборови, била донесена одлука да се настојува, имајќи ги предвид барањата што биле предложени од него и одобрени на советувањето за македонските работи од 11 јануари 1924 год., а имено:

– „јавна осуда на учесниците Македонци во ѕверското задушување на Септемвриското востание“;

– „конституирање на независна македонска група во софискиот парламент“, која треба „да почне борба против Владата“;

– борба против Законот за заштита на државата, спротивставување „со сите сили“ на владиниот терор;

– „не само престанување со секое директно или индиректно прогонување на работничките и комунистичките организации, но и нивно сестрано поддржување“[405].

---

[404] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 66. С. 543.

[405] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 66. С. 545. В. Коларов на советувањето предложил да го обврзат Т. Александров со следните барања:
– да се даде слобода на спроведување на комунистичка пропаганда во „окрузите на автономистите“;
– да се дозволи влегување на „комунистите во сите организации на ВМРО и во нејзините раководни инстанци“, Хаџидимов да биде вратен во ЦК на ВМРО;
– да се дозволи „учество на комунистите во печатените органи на ВМРО“;
– да се бранат на легален начин „прогонуваните од Владата комунисти“;

То ест, за разлика од В. П. Миљутин, кој барањата кон ВМРО ги поврзувал со главната цел на Организацијата на Т. Александров, В. Коларов предложил да се заменат со барањата со исклучиво политички карактер без национален контекст.

Потоа нацртот на В. П. Миљутин (преку Трилисер) и забелешките на В. Коларов му биле препратени на Г. В. Чичерин.

Г. В. Чичерин иако го окарактеризирал нацртот на В. П. Миљутин како „недоволен", сепак, го одобрил во целост. Притоа, Г. В. Чичерин обрнал внимание на неопходноста поимот „независност" на Македонија, кој В. П. Миљутин во нацртот го употребил четирипати, да се замени со поимот „автономија". Веројатно Г. В. Чичерин, исто како и во случајот со предлогот на С. Радиќ „да се признае хрватскиот народ во вид на негово народно претставништво, како самостоен фактор на меѓународното право"[406], се обидувал да одбегне прифаќање на решение, кое би се одразило негативно на можноста за нормализирање на односите со Југославија.

Освен тоа, Г. В. Чичерин го поставил суштинското прашање: Кој ќе го потпише одговорот до ВМРО?[407]

Во овој случај би требало да се земе предвид дека меѓународното право од тоа време, освен традиционално признавање на новите држави, не ја отфрлувало можноста за претходно или меѓувремено признавање, кое претпоставувало и признавање на организациите како субјекти-изразители на волјата на народите, кои се борат за формирање на сопствена држава. Следствено, официјално обраќање на советската страна кон ВМРО би значело признавање на ВМРО во својство

– да се воспостави „контакт во парламентот и во органите на месните општини";
– „полковник Атанасов и други омразени лица" да бидат отстранети;
– „сите што се извалкаа во ексцеси во однос на комунистите и земјоделците (земајќи ја предвид изјавата дека Организацијата не учествувала во нив)" да бидат осудени. – Документи. Док. бр. 55. С. 243, 245.

[406] Документи. Док. бр. 107. С. 395.

[407] Документи. Док. бр. 101. С. 375.

на рамноправен субјект. Поради таа причина, прецизноста на Г. В. Чичерин била апсолутно оправдана.

Посочените прашања биле поставени на разгледување од „Комисијата, назначена од ИККИ за ’македонското прашање‘“.

Така, во завршниот текст на одговорот наменет за ВМРО влегле двата први пасуса од нацртот на В. П. Миљутин и барањата кон Организацијата на Т. Александров што ги наброил В. Коларов во неговите забелешки кон нацртот на В. П. Миљутин. Последните биле дополнети со уште едно барање на В. Коларов, предложено на 11 јануари 1924 год.: „на македонските дејци, комунисти по убедувања, да им се даде право да учествуваат во раководството на Организацијата“.

Конкретно во писмото се потенцирало:

„Но како за нас така и за трудбеничките маси во Бугарија и Југославија, за целиот македонски народ е важно посочените намери на ВМРО да добијат свое одредено пројавување во реалноста. Ние сметаме за неопходно да го направите следново:

а) Јавно да се осудат учесниците во ѕверското задушување на Септемврискoто востание на Македонците и да се отстранат најкомпромитираните од нив.

б) Да се конституира независна македонска група во парламентот. Оваа група треба официјално да раскине со владиното мнозинство и да започне борба против Владата.

в) Како во парламентот така и надвор од него енергично да се бара право на легалност за работничките и селанските организации, укинување на Законот за заштита на државата (ЗЗД), ослободување на комунистичкиот пратеник Кабакчиев, целосна амнестија, а, исто така, решително да се води борба против владиниот терор.

г) Во Петричкиот округ, Дупница и Ќустендил и, воопшто, во целата држава не само да се престане со секакво директно и индиректно прогонување на работничките или комунистичките организации, но и да им се дава поддршка. Да бидат ослободени македонските комунисти Методиј

Алексиев, Владимир Томов и др. – земени во заложништво од автономистите.

д) На македонските дејци, комунисти по убедувања, да им се даде право да учествуваат во раководството на Организацијата“[408].

По списокот на одредени барања следувал заклучок: „Јасно е дека наведените погоре точки не опфаќаат сè што е неопходно за зајакнување на целосната доверба на работниците и селаните кон ВМРО, а, исто така, и сè што е неопходно за успешна ослободителна борба на македонскиот народ. Разбирливо е дека Декларацијата ќе добие целосна сила кога ќе биде потврдена на претстојниот конгрес на Организацијата и кога новоизбраното раководство цврсто и искрено ќе ја спроведе во живот“[409].

Во текстот на одговорот до Т. Александров, кој бил одобрен од Комисијата, „независност на Македонија“ не се споменувала и затоа прашањето што било поставено од Г. В. Чичерин за користење на поимите „независност“ или „автономија“ отпаднало само по себе.

На тој начин, факторите, кои го определуваат феноменот на „групно мислење“[410] (деконцентрација на одговорност, неопходност од постигнување компромис, незаинтересираност на претставниците на дел од институциите и др.), наполно го „исцрпиле“ нацртот на В. П. Миљутин. Неговиот нацрт на обраќањето до ВМРО, чија главна идеја била тезата за неопходност на самата Организација заради достигнување на нејзината главна цел – независност на Македонија – да се

---

[408] Завршниот текст на одговорот до ВМРО, со исключок на преамбулата, бил наведен од И. Генчев во неговото писмо, адресирано до ЦК на БКП, од 12 јули 1924 год. – БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946). София, 1998. Т. 1. Док. № 93. С. 260.

[409] БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946). София, 1998. Т. 1. Док. № 93. С. 260.

[410] Види: *'t Hart P.* Groupthink in Government: a Study of Small Groups and Policy Failure. Amsterdam; Rockland, MA: Swets & Zeitlinger, 1990; *'t Hart P., Stern E. K., Sundelius B.* Beyond Groupthink: Political Group Dynamics and Foreign Policy-Making. Ann Arbor: University of Michigan Press, 1997; *Schafer M., Crichlow S.* Groupthink versus High-Quality Decision Making in International Relations. New York: Columbia University Press, 2010.

формира „единствен револуционерен фронт“ и да се воспостави соработка со комунистичките партии, се трансформирал во листа на барања кон ВМРО, кои К. Јанков ги карактеризирал како „ултимативни“.

Г. Димитров, одговарајќи на укорувањата од страна на К. Јанков, во октомври 1924 год. објаснил: „Што се однесува на гаранциите, …, тие, исто така, не беа само партиско-комунистички, иако на прв поглед изгледаат како такви. Тие гаранции беа минимални, но доволни за да се покаже дека преземените задолженија нема да останат празни уверенија и притоа тие наполно одговараа на интересите и задачите на самото македонско движење како такво, бидејќи тие сигурно би ги добиле довербата и поддршката на трудбеничките маси и би го олесниле создавањето на единствен фронт. Барањето на такви гаранции би можело да предизвика незадоволство кај Т. А[лександров] само при несаќање да ги исполни преземените од него задолженија.

Во секој случај, гаранциите не само што немале ултимативен карактер (се претпоставувало дека ќе има преговори за тоа), но, треба да се забележи – *тие дури не му беа предадени на Т. А[лександров] и затоа тие не можеа да повлијаат на раскинување на преговорите, како што погрешно претпоставува ЦК на БКП*. Навистина, тие реално се наоѓаат во нацртот на одговорот на Декларацијата на ЦК на ВМРО, но овој одговор не беше предаден“[411].

Потенцирајќи го фактот дека писмото од советската страна (без потписи), кое било адресирано до Т. Александров, никогаш не му било предадено на раководителот на ВМРО, Г. Димитров се обидел да ги симне од себе обвинувањата за непомирливата позиција во однос на ВМРО.

Сепак, изборот од страна на Комисијата на нацртот на В. Коларов ја означил победата на „тандемот“ В. Коларов и Г. Димитров во нивното спротивставување со В. П. Миљутин[412],

---

[411] Записник бр. 48 од седница на Президиумот на БКФ. 22-23 октомври 1924 год. – Коминтерна. Т. 1. Д. 2. Док. бр. 105. С. 853.

[412] Веројатно Г. Димитров го пројавувал пред И. Генчев својот негативен однос кон В. П. Миљутин. Во крајна линија, И. Генчев во унисон со

кое започнало од прашањето за целесообразност на преговорите со Т. Александров.

Од јули 1924 год. В. П. Миљутин фактички веќе не се занимавал со балкански работи (тој бил назначен за член на Колегиумот на Народниот комесаријат на работничко-селанската инспекција на СССР). Тешко може да се каже дали станувало збор само за совпаѓање или за намерно отстранување на В. П. Миљутин од коминтерновската работа. Но на крајот балканската насока на дејноста на Коминтерната се нашла наполно под контрола на В. Коларов и Г. Димитров. Имено, затоа нивниот опонент К. Јанков ја префрлал комплетната одговорност врз В. Коларов и Г. Димитров за погрешната („доктринарната“), од негова гледна точка, тактика во однос на ВМРО, која, меѓу другото, предодредила несвоевремено огласување на „Мајскиот манифест“.

Но К. Јанков не претпоставувал дека разгласувањето на согласностите што се постигнале во Виена било одобрено од Политбирото на ЦК на РКП (б).

### *Одлуката на Политбирото на ЦК на РКП (б)за објавување на Декларацијата на ЦК на ВМРО од 29 април 1924 год.*

Иницијатор да се стави на разгледување на Политбирото на ЦК на РКП (б) прашањето за објавување во советскиот печат на специјално соопштение или статија со цел да се дезавуира Т. Александров бил министерот за надворешни работи Г. В. Чичерин.

---

Г. Димитров ги оценувал постапките на В. П. Миљутин. Така, во писмото од 16 јули 1924 год., адресирано до Г. Димитров, тој посочил: „Напишавме од твое име и од име на Васил до ЦК за извештаите на Коста. Таа работа е стара и тешко може да се поправи. Мене ми се чини дека тој центар во кој сте вие ги поддржува тие аномалии. На пример, др. Миљутин во Федерацијата се сложува со одредени поставки, а потоа преку курири или преку други свои врски со партијата продолжува да поддржува други мислења за истите прашања“. – БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946). Т. 1. Док. № 100. С. 272.

Г. В. Чичерин, извршувајќи ја задачата наложена од Комисијата, на 15 јуни 1924 год. се обратил до Политбирото на ЦК на РКП (б) со писмо.

Во писмото на Г. В. Чичерин до Политбирото на ЦК на РКП (б) од 15 јуни 1924 год. било посочено:

„Неопходно е, …, да одлучи, можеби, да настапиме со соопштение од Одделот за печат на НКИД или со официјална јавно инспирирана статија. Комисијата се искажа за првото. Нацрт на таквото соопштение јас ќе испратам откако преку комуникација со членовите на Комисијата ќе биде усогласен текстот.

Притоа би требало да се направи извештај за работата на Комисијата пред Политбирото. Најкомпетентен по тоа прашање е др. Трилисер, кој непосредно ја раководи таа работа“[413].

Г. В. Чичерин во писмото адресирано до Политбирото на ЦК на РКП (б) посочил на присуството на разногласија во Комисијата. Но тој не разјаснил за што конкретно станувало збор.

Г. В. Чичерин предложил освен Трилисер, на седница на Политбирото да се поканат В. Коларов, Г. Димитров, Уншлихт и Пјатницки. Презимето на Миљутин не било споменато од Г. В. Чичерин. Овој факт, поврзан со споменатите од Г. В. Чичерин „несогласувања“ во Комисијата, наведува на мисла за отстранување на В. П. Миљутин од „македонските работи“.

До 17 јуни 1924 год. Г. В. Чичерин веќе имал забелешки од Трилисер и И. А. Пјатницки кон нацртот на „соопштението“, составен од него, и на 17 јуни тој испратил ново писмо до ЦК на РКП (б).

Во писмото на Г. В. Чичерин од 17 јуни 1924 год. било наведено:

„Го приложувам нацртот на соопштението од Бирото за печат или инспирираната статија за ’македонското прашање‘. Овој нацрт јас го испратив до членовите на Балканската

---

[413] Документи. Док. бр. 102. С. 377.

комисија, но добив забелешки само од др. Трилисер и од др. Пјатницки, при што др. Трилисер предлага на првата страница да се исфрли фразата: 'Внатре во автономистичкото движење, крилото што го претставува Тодор Александров и што најблиску од сите стои до Цанков настапува заеднички со спротивното крило на Протогеров и Чаулев и заеднички се подготвени на согласност со федералистите'.

Др. Пјатницки предлага да се исфрлат зборовите за тоа дека Внатрешната македонска организација веќе започнала да им дава услуги на комунистите.

Дефинитивниот текст би било потребно да се усогласи уште еднаш, но мојот нацрт може да даде претстава за тоа каков настап се планира"[414].

Суштината на статијата на Г. В. Чичерин ја одразувал нејзиниот наслов – статијата била објавена во весникот „Известија" на 2 август 1924 год. со наслов „Нови патишта на македонското движење". Од текстот на статијата следувало дека Внатрешната македонска револуционерна организација стапила на „патот" на борбата со империјалистичките влади, вклучувајќи ја и Владата на А. Цанков, и во врска со тоа изразила подготвеност да постигне помирување со „федералистите" и комунистите. Во статијата се потенцирало дека ВМРО веќе презела конкретни чекори во таа насока.

Во конечниот текст на статијата, според предлогот на И. А. Пјатницки, тврдењето дека ВМРО „веќе почнала да им дава услуги на комунистите" не влегло. Но, всушност, истата фраза за „федералистите" останала.

Самата статија, главно, се базирала врз тезите од Декларацијата на ЦК на ВМРО од 29 април 1924 год., но без директно посочување на неа. Г. В. Чичерин користел фрази од општ карактер, како што се: „автономистичка струја", „гласно изјавува", „раководителите на ВМРО прогласуваат" и сл. Во својство на доказ за постоење на нови тенденции во македонското движење Г. В. Чичерин ги искористил фактите од извештаите на Х. Јанков. Во статијата се наведувало:

---

[414] Документи. Док. бр. 103. С. 379.

„Илинденската организација, која претежно ги обединува учесниците на познатото Илинденско востание, најкатегорично настапува против софиската влада. Три револуционерни окрузи – Солунскиот, Петричкиот и Серскиот, кои го сочинуваат мнозинството во ВМРО – сами организираат противдејство на политиката на бугарската фашистичка влада“[415].

Карактерот на посочената публикација најточно се опишува со поимот „инспирирана“, кој бил искористен од Г. В. Чичерин во неговото обраќање до Политбирото на ЦК на РКП (б) од 15 јули 1924 год.

Глаголот „инспирира“ има две значења: 1. да внуши на некого некакви определени дејствија, мисли; 2. да поттикне некого преку внушување, наговарање, поткажување.

Припишувајќи ѝ на ВМРО подготвеност да започне борба против Владата на А. Цанков, како и да преземе чекори за зближување со „федералистите“ и комунистите, Г. В. Чичерин се обидувал „да внуши мисла“ дека „новата ориентација“ на ВМРО станала реалност, а, со тоа, да ја насочи Владата на А. Цанков против ВМРО и, на тој начин, да не му остави на Т. Александров никаква можност за маневар.

Во врска со тоа, интересна е информацијата на Г. В. Чичерин што била испратена на 27 јуни 1924 год. до ополномоштениот претставник во Грција, А. М. Устинов: „Ние воспоставуваме со Македонците сѐ потесни врски. Ние веќе одамна имаме врски со федералистите и сѐ повеќе се зближуваме со левата струја на автономистите. Сега дури и десната струја на автономистите почнува да доживува удари од страна на Цанков, кој се зближува со Франција и Југославија. Во врска со тоа, целата Внатрешна македонска револуционерна организација декларативно (уште ќе видиме дали наполно искрено) стапнува на нов пат на зближување со револуционерните движења и влади и прогласување на сите империјалистички влади и сите балкански шовинистички влади за непријатели на македонскиот народ и на сите потиснати народи. Истовремено под наше влијание се случува

[415] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 67. С. 553.

зближување на ВМРО со бугарските комунисти и леви земјоделци“[416].

Со една фраза – „уште ќе видиме дали наполно искрено“ – Г. В. Чичерин го изразил својот однос кон декларациите што биле потпишани во Виена. И затоа, од негова гледна точка, која, всушност, ја споделувало мнозинството во Москва, неопходно било да се преземат мерки за да се расеат постојните сомнежи. Можниот тек на размислувањата на советската страна се доловува од писмото на Г. Димитров од 5 август 1924 год., кое било адресирано до ЦК на БКП (т. с.). Во врска со објавувањето на Манифестот, Г. Димитров забележал: „Изгледа дека Т. Александров е незадоволен од публикацијата затоа што со тоа ќе се стави точка на неговата игра: или со Цанков или со Организација, која сака да биде со СССР. Овој факт ќе ја принуди и Владата на Бугарија да го изрази својот однос кон него. Притиснат од двете страни, тој повеќе нема да може да лавира. Ние со сигурност знаеме дека Владата на Бугарија смета дека ја изгубила Македонската организација и почнува да се плаши од неа“[417].

***Раководејќи се од таа логика, Политбирото на ЦК на РКП (б) не само што го одобрило предлогот на Г. В. Чичерин туку и прифатило порадикално решение – „Декларацијата[418] на македонските автономисти да се објави со нивните потписи“.***

Во записникот од 19 јуни 1924 год. на седницата на Политбирото на ЦК на РКП (б) било фиксирано дека Политбирото, тргнувајќи од „можноста за револуционерно заострување на кризата во Бугарија“[419], смета дека е пожелно да се објави „општа принципиелна статија во ’Правда‘, посветена

---

[416] Документи. Док. бр. 106. С. 389, 391.

[417] БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946). Т. 1. Док. № 113. С. 300.

[418] Станувало збор за Декларацијата од 29 април 1924 год., бидејќи таа, за разлика од Манифестот, била потпишана од сите членови на ЦК на ВМРО.

[419] Политбирото на ЦК на РКП (б) на седницата одржана на 19 јуни 1924 год. го потврдило решението од 13 март 1924 год. за „можноста за револуционерно заострување на кризата во Бугарија“.

на настаните на Балканот, и соопштенија во ’Известија‘ во духот на нацртот, предложен од др. Чичерин“, и донесува одлука „Декларацијата на македонските автономисти да се објави со нивните потписи“[420].

Надежите на Т. Александров за тоа дека преговорите ќе останат во тајност, како што било во случајот со Б. Ја. Шпак, пропаднале.

### *ВМРО по „Виенските преговори“*

Негативните последици од гласините за преговорите во Виена, кои се прошириле, се пројавиле доволно брзо. Индикатор за тоа дека Т. Александров почнал да ја губи контролата над македонските организации во Бугарија бил преизборот, наспроти неговите директни наредби, од делегатите на Пловдивскиот конгрес на Илинденската организација на двајца членови на централното раководство – на А. Јовков и Г. Занков.

Бидејќи А. Протогеров бил обврзан да ја исконтролира реализацијата на решението за одземање на позициите на А. Јовков и Г. Занков во централното раководство на Илинденската организација, Т. Александров го обвинил него за „попустливост“. Тоа уште повеќе ги влошило нивните замрсени односи. А. Протогеров, според зборовите на Т. Александров, „по лудоста со Илинденскиот конгрес“, никако не сакал „да ја признае сопствената грешка“[421].

Т. Александров го обвинувал А. Протогеров за следново:

„Неколку недели пред нашето заминување во странство, на заеднички состанок со привременото претставништво на Организацијата и со некои симпатизери било прифатено решение да се преземат мерки за да не се дозволи преизбор на Арсениј и Занков во раководството на Илинденската организација. Колку бев јас изненаден кога дознав дека ти за тоа решение не си го информирал дури ниту раководителот на

[420] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 67. С. 547.
[421] 36 години във ВМРО… Документи. Док. бр. 80-87. С. 467.

Петричкиот округ, не си подготвил ниту неколкумина највлијателни учесници на Илинденскиот конгрес.

Напротив, твојата и изјавата на Орфо, кои сте ги изнесле пред четворицата делегати, и инструкциите што сте ги дале преку Мишо Шкатров, според зборовите на П. Ацев, оставиле кај учесниците на Конгресот впечаток дека: а) ВМРО не сака да се меша во внатрешните работи на Илинденската организација и нема ништо против избирањето на Занков и Арсениј и б) сите обиди на привrзаниците на Александров за нивно отстранување е [?...] работа.

Тоа даде и повод за тврдењата на Занков и Арсениј дека тие се договориле со ВМРО и Организацијата нема ништо против нив – за тоа им потпомогнала и намерно разгласената нивна средба со тебе и Орфо, како и за заклучокот по преизборот дека во Организацијата постои раскол и дека Александров и Компанијата претрпеле пораз. Кога по враќањето јас започнав да ја поправам таа грешка, ти одново се насмевнуваше“[422].

Т. Александров не можел да не биде свесен за тоа што било очигледно, а, имено, дека неговата организација, делото на неговиот живот, се распаѓа – односите на П. Чаулев и А. Протогеров биле нарушени, Алеко Василев и Георги Атанасов демонстрирале сѐ поголема автономност, претворајќи се во центар на привлекување на незадоволните од политиката на Т. Александров.

Така, во писмото до А. Протогеров од 18 јули 1924 год., Т. Александров со болка констатирал: „ВМРО се разлага и се распаѓа, драг Илија, пред наши очи; за да не кажам повеќе, иако јас би требало да кажам многу, многу, но никој не ме слуша и не разбира, а можам само да предизвикам нови навреди и викања … треба да застанам.

Ме боли кога гледам како се урива одлично големо дело, но уште со трпение и нова дејност, каде што е неопходно,

[422] Писмо од Т. Александров до А. Протогеров од 14 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 68-73.

можно е со текот на времето сите да ја здогледаат вистината; само да не биде предоцна!“[423]

Но додека станувало збор за гласови, Т. Александров не губел надеж да ја консолидира ВМРО.

Но, сепак, во Виена, Т. Александров се обврзал да направи „јавна изјава од името на Организацијата“ во духот на постигнатите согласности и да учествува во издавањето на весник, кој би се занимавал со спроведување во живот на линија на создавање општобалкански фронт.

Информацијата за подготовката на првиот број на весникот „Балканска федерација“, Т. Александров ја добил на 1 јуни 1924 год., заедно со копии од Манифестот и Декларацијата на македонската парламентарна група.

Во писмото до К. Прличев и Г. Баждаров од 1 јуни 1924 год., Т. Александров одбележал:

„Денес поручекта ги отворив писмата од Данилов[424]. Проектите на Манифестот, на парламентарната група и др. се одвратни, веројатно најлошото од тоа што јас можев да го претпоставам… Зачудувачки е што Езерски[425], а посебно Илија[426], не инсистирале на исклучување на познатата отворена клевета, на заканите на ВМРО во однос на Европа и целиот свет и на недопуштањето на сè што би ја претворило ВМРО во комунистичка организација и во орудие на Москва, против што јас цврсто настапував на сите средби и не допуштав збор да се каже. … До доаѓањето на Илија, неопходно е да се размисли како да ги поправиме или да ги отфрлиме – за да се измолкнеме“[427].

---

[423] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 74-75.
[424] Данилов – псевдоним на Д. Влахов.
[425] Езерски – псевдоним на П. Чаулев.
[426] Илија – псевдоним на А. Протогеров.
[427] 36 години във ВМРО… Документи. Док. № 80-87. С. 466.

Георги Баждаров во своите мемоари моментот кога се запознал со „виенските“ документи го претставил на следниов начин: „По запознавањето со тие документи, јас бев стаписан. Јас претпоставував дека Протогеров би можел да биде измамен, но не Александров. Јас бев кај Тодор, во домот на ул. Солун – 1, кога ги читав тие материјали. По завршувањето, јас реков: „Тодор, Вие сте ја болшевизирале ВМРО. Вие ја предадовте Организацијата на службата на III интернационала. Јас не учествувам во таква организација. Од денес јас не сум во неа!“[428]

Во изложувањето на Г. Баждаров на посочената епизода може да се насетат измешани чувства на зачудување, на збунетост и на негодување. Таква, во суштина, била реакцијата на секој приврзаник на Т. Александров.

Г. Баждаров го поставил прашањето што се наметнувало само по себе: Зошто толку искусен политичар како Т. Александров се осмелил да стави потписи под компромитирачките документи во замена за ветување на „болшевиците во Виена дека тие ќе го насочат Ст. Мишев и други ренегати против Србите“, затоа што „ветувањето било проблематично, а потписите – нешто реално“?[429]

Според Г. Баждаров, Т. Александров „имал доблест да признае… дека потпишал некои од документите што биле подготвени, како и полномоштво за Чаулев и Протогеров во негово име да потпишат манифест, придржувајќи се во душата до своето мислење, но плашејќи се дека ако тој не потпише, ќе биде убиен, и притоа додал: ’Никогаш нема да си ја простам оваа малодушност. Опасноста беше реална, но, сепак, јас не требаше да се потпишам‘“[430].

И во случај објаснувањето на Т. Александров да било вистинито, тоа не би било за јавноста. Публичното признание на Т. Александров за пројавувањето малодушност, то ест за нешто несвојствено за него, би го дискредитирало комплетно. Особено поради тоа што советската страна не планирала ликвидација на

---

[428] Баждаров Г. Моите спомени. София, 1929 // *www.vmro.net/gb/index.html*
[429] Баждаров Г. Моите спомени. София, 1929 // *www.vmro.net/gb/index.html*
[430] Баждаров Г. Моите спомени. София, 1929 // *www.vmro.net/gb/index.html*

Т. Александров. Никој ниту во Виена ниту во Москва не претпоставувал дека преговорите за раководителот на ВМРО биле само маневар.

Соочен со реакцијата на блиските соработници, Т. Александров повеќе ниту еднаш не споменал за можноста за „поправање“ на Манифестот и на Декларацијата на македонската парламентарна група.

Т. Александров одлучил да активира план за повлекување, то ест по истекувањето на договорениот рок, да докаже дека советската страна не ги остварила задолженијата прифатени од неа, и, со тоа оправдување, да се откаже од потпишаните документи.

Според сведоштвото на Г. Баждаров, тој и К. Прличев предложиле друг излез – бидејќи Регламентот на ВМРО му забранувал на ЦК да се занимава со политичка дејност без учество на Задграничното претставништво, Г. Баждаров и К. Прличев, како членови на Задграничното претставништво, би побарале преразгледување на документите потпишани во Виена.

Но, во прв ред, важно било да не се дозволи публикација на Манифестот.

Т. Александров на 5 јуни 1924 год. испратил телеграма во Виена: „Пренесете му на Данилов: Никакви публикации, никаков весник. Го замолувам итно да дојде на средба“[431].

Потоа, на 7 јуни 1924 год. Т. Александров го известил Г. Прличев за резултатот од разговорот со А. Протогеров, кој траел повеќе од четири часа. Членовите на ЦК на ВМРО се договориле, според тврдењето на Т. Александров, да го чекаат доаѓањето на Д. Влахов и на сите можни начини да се одбегнува раскинување на односите со советската страна додека П. Чаулев не замине од Виена и додека не помине рокот што бил договорен во Виена за реализација на предвидената „акција“ од страна на Ст. Мишев и неговите приврзаници[432].

---

[431] 36 години във ВМРО… Документи. Док. № 88. С. 467.
[432] 36 години във ВМРО… Документи. Док. № 80-87. С. 467.

Одговорот на Д. Влахов бил неочекуван за Т. Александров. Д. Влахов во телеграмата од 8 јуни 1924 год. посочил: „Моето доаѓање не е можно. Телеграмата не ја разбирам. Неопходни се Вашите објасненија“[433].

Т. Александров брзо, на 9 јуни 1924 год., му испратил писмо на Д. Влахов.

Во писмото Т. Александров двапати (во основниот текст и во постскриптумот) го замолил Д. Влахов да дојде барем на 2-3 дена заради разјаснување на ситуацијата.

Освен тоа, Т. Александров се обратил до Д. Влахов со следнава молба:

Во случај „писмото да го затекне“ во Виена, тој треба да им соопшти на претставниците на СССР дека наспроти прифатените задолженија од советска страна „илегалните федералисти“ не само да ја прекинат борбата со ВМРО, но и да „се свртат“ против властите на Кралството СХС, „разбојниците-ренегати“, сепак, продолжуваат да ја вршат својата претходна дејност и ако „во рок од пет дена не се свртат против српскиот режим“, тогаш ВМРО ќе смета дека Организацијата во однос на „илегалните федералисти“ има „одврзани раце“[434].

Тоа значело дека Т. Александров почнал да го спроведува планот што бил составен од него во Виена – да ѝ се укаже на советската страна на неизвршувањето од неа на прифатените задолженија, да се прекинат преговорите и да се признаат за неважечки согласностите што биле постигнати во Виена.

Т. Александров брзо почнал да собира „доказен материјал“ и преминал кон подготовка на удар врз непријателот, т.е. врз „илегалните федералисти“.

Т. Александров на 9 јуни 1924 год. се обратил до Ангел Узунов (А. Димитров) како кон раководител на Ќустендилскиот пункт:

---

433 Писмо од Т. Александров до Д. Влахов од 8-9 јуни 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 10.

434 Писмо од Т. Александров до Д. Влахов од 8-9 јуни 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 10.

„1) И јас би сакал побрзо да те видам. Ако можеш, дојди на 1-2 дена до крајот на оваа недела.

2) Чавдар треба на најтаен начин со 10-12 лица да замине колку може побрзо, затоа што освен другата работа, тој треба да удри врз лидерите на разбојниците-ренегати, за што и ти напишал во едно од првите свои писма.

3) Информации за извршените насилства, почнувајќи од 9/IV, се неопходни.

4) Затоа што разбојниците-ренегати не им ставиле крај на своите насилства и не се свртеле против Србите, јасно е дека од преговорите во В[иена] ништо не испадна, а можеби тие воопшто се измама со цел да се добие време. Затоа по 15-20 дена ние ќе имаме одврзани раце, а удари треба да се подготват сега, додека има пченица, пченка и др.“[435]

Споменувајќи го тоа писмо во своите мемоари, А. Узунов го прокоментирал на следниов начин: „А, по уште неколку дена, со писмото од 9 јуни и.г. ме повикуваше на средба во Софија. Исто така, уште еднаш ме потсети дека колку е можно побрзо треба да го подготвам П. Михајлов со 10-12 четници да замине за Македонија, бидејќи Т. Ал. и И. Михајлов биле поканети на средба со некој од водачите на предавниците со цел да се постигне помирување. Александров не им веруваше, тоа се разбра од неговото писмо, бидејќи тие не прекинаа да вршат зулуми врз приврзаниците на ВМРО и не направија ниту една акција против Србите, што беше еден од главните услови за помирување. Во нивната желба за средба тој гледаше замка или начин за добивање време, и токму затоа сакаше П. Михајлов со десетина од најдобрите четници да заминат внатре и ако е возможно, тие први да ги удрат“[436].

Мемоарите на А. Узунов се единствениот извор во кој се споменува иницијативата на „илегалните федералисти“ да организираат средба со Т. Александров. Ако тврдењето на А. Узунов е точно, тогаш е можно советската страна, дејствувајќи, веројатно, преку „федералистите“, да побарала од „илегалните федералисти“ да преземат чекори кон

[435] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 9.
[436] Архив на Ангел Узунов – Државен архив на Република Македонија.

примирување со ВМРО. Во принцип, инаку не можело да биде, затоа што советската страна, за разлика од Т. Александров, не сакала „капитулација" на „федералистите", а се стремела кон „израмнување" на страните, претпоставувајќи дека ќе се потпира на „федералистите" во идната обединета ВМРО.

За Т. Александров идејата за преговори со „илегалните федералисти" сама по себе била неприфатлива. Оставајќи ѝ во Виена на советската страна мандат на име на Стојан Мишев, Т. Александров го потврдил својот ултиматум: „илегалните федералисти" со значаен терористички акт би требало да заслужат простување и, на таков начин, ослободени од обвинувањата да влезат во редовите на ВМРО. Но согласноста за тоа била усна, а писмено Т. Александров се обврзал да подготви услови за обединувачки конгрес, а, имено: „а) да се запрат сите непријателски дејства при зачувување на полна слобода само на организациската и агитациската дејност…; б) истовремено со тоа да се откажат сите смртни пресуди и прогонувања на одделни членови, на организациските чети и др.; в) да се формира општа согласна комисија составена од по еден претставник на двете страни и од еден назначен член од претставништвото на СССР, кој ќе биде назначен при согласност од двете страни"[437].

Следствено, ако советската страна ги обврзала „илегалните федералисти" да стапат во преговори со ВМРО, тогаш таа постапила соодветно со потпишаните документи, игнорирајќи ги усните согласности, чие постоење се докажува со полномоштвото издадено од Т. Александров за Стојан Мишев.

Слабоста на тактиката што ја избрал Т. Александров во Виена станала очигледна. Усните согласности им противречеле на документите што биле заверени со потписи, при што последните имале законска сила, а исполнувањето на првите зависело од добрата волја на учесниците во преговорите.

Т. Александров, пристапувајќи кон реализација на својот план – да ја убеди советската страна дека усните согласности не

[437] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 57. С. 445, 447.

биле исполнети[438] и, на таков начин, да ги анулира договорите што биле потпишани во Виена – би требало, во прв ред, да одговори на прашањето: конкретно кому да му приговара? Миљутин веќе не бил во Виена, на Логановски и Гољденштејн не можело да се смета, бидејќи Логановски не си стоел на зборот, а Гољденштејн (Черски), според тврдењето на бугарски комунисти кои имале работа со него, немал свој став.

Т. Александров не можел да не ги земе предвид сите околности и да се потпре само на „убедливата сила“ на доказите дека „илегалните федералисти“ не престанале со непријателските дејства во однос на ВМРО. Неговиот главен аргумент би требало да стане демонстрација на сила со цел да докаже дека, имено, ВМРО владее со ситуацијата не само во Пиринска Македонија, но и во Вардарска. Само така Т. Александров се надевал да излезе од очајната положба.

По прифаќањето на одлуката да ги анулира сите согласности со советската страна, Т. Александров веќе на 6 јуни 1924 год. му соопштил на Ангел Узунов за испраќањето на агитациски и илегални групи во Вардарска Македонија, со точно посочување на војводите и на нивните секретари. Во истиот ден, на 6 јуни, Т. Александров за сето тоа го информирал А. Протогеров, кој се понудил лично да испрати групи. Во прв ред требало да бидат подготвени четите на Панчо Михајлов, Лазо Велков, Мите Опилски, Цветан Спасов и Евтим Полски.

---

[438] Тоа дека Т. Александров собирал „доказен материјал“ го потврдува не само неговото обраќање кон Ангел Узунов, но и молбата до Панчо Михајлов (Чавдар), датирана од 9 јуни 1924 год.:

„Јас планирав да те видам уште еднаш за да ти раскажам нешто поодредено во врска со [преговорите]. … Тие ветиле уште пред два месеца неодложно да ги натераат разбојниците-ренегати да престанат со прогонувања и зулуми, а потоа да се свртат против Србите. Јасно е дека досега тоа не е извршено, а постои сомнеж дека тие итруваат за да добијат време. Ако во текот на 15-20 дена тие не го направат тоа, т.е. ако разбојниците не организираат сериозни акции против Србите, како што ветуваа нивните инспиратори, тоа не само што ќе ни ги одврзе рацете во однос на тие „наши“ изроди, но и, спротивно на нашата добра волја, ќе пропаднат и преговорите со нивните покровители“. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 8.

Но, и во овој случај, Т. Александров го очекувало разочарување. Долгото бездејство довело не само до опаѓање на дисциплината, но и до деморализација на војводите и четниците.

Според мемоарите на Ангел Узунов, ситуацијата со подготовката на четите била ваква:

„Нивната подготовка одеше бавно и четите тешко се комплетираа бидејќи меѓу војводите, а и меѓу четниците имаше затегнати односи, караници и спорови – кој со кого да оди, за кој реон и др. Работите стигнаа дотаму што дури и оние жители на Ќустендил што немаа никаков однос кон нашите работи знаеја сè. Со тоа се уриваше угледот на Организацијата пред надворешните луѓе, а, освен тоа, се уриваше и дисциплината. Истовремено ги информирав Александров и ЗП и уште истиот ден, на 12 јули 1924 година, добив посебно писмо од Александров, адресирано до војводите. Во него тој им пишуваше: ’Ве повикувам да се опаметите и во најбрзо време:

1. да прекинат сите караници и закани по крчми и мегдани;

2. да се приберат и уништат сите писмени документи и протести околу изборите;

3. тие што се чувствуваат подготвени за сериозна работа, тајно да изберат по шест до десет луѓе, најхрабрите и добри другари, и да заминат за своите околии;

4. тие што се сметаат за уморни и не сакаат повеќе да работат внатре, да го изјават тоа со писмо за да им се најде друга работа‘.

Тоа писмо го прочитав пред сите војводи и истото им изгледаше како ладен отрезнувачки туш. Не слушнав никој да се побуни, а сите тргнаа веднаш да ги бараат своите другари“[439].

Проблемите со испраќањето чети во Вардарска Македонија временски се совпаднале со политичкото убиство

[439] Архив на Ангел Узунов – Државен архив на РМ.

во Софија на Петко Д. Петков, пратеник во Народното собрание[440].

Во јуни 1924 год. во Софија се одржала многуилјадна демонстрација во врска со убиството на Петко Д. Петков (на 14 јуни 1924 год.). Толку негативна реакција, како што се потенцирало во извештајот на ЦК на БКП (т.с.), „беше неочекувана“[441]. Се појавиле гласини за можна реконструкција на кабинетот.

Министерот за внатрешни работи И. Русев ја обвинил ВМРО за тоа убиство, поврзувајќи го со претходните убиства на публицистот и деец на македонското револуционерно движење Милан Грашев (мај 1924 год.), на Евреите (татко и син) Ешкенази (1924 год.) и на Карамфилов (1924 год.).

Во писмото од 19 јуни 1924 год. до К. Прличев, Т. Александров одлучил да одговори на предизвикувањето од И. Русев – пренесено преку „еден македонски пратеник“.

Во писмото Т. Александров ги навел „вербалните закани“ што му ги упатил И. Русев: „1) ’Во Бугарија повеќе не можеме да трпиме царство во царство. 2) Ќе го прогонуваме секој насилник. 3) Знам кои се и каде се убијците на Грашев, на Ешкенази и на Карамфилов; зошто не ни ги предавате, туку ги криете и сте заедно… – Битка ли сакате да водиме по улиците? 4) Ние, благодарение на вас, пред светот сме претставени како втора Персија. 5) Вие без Бугарија сте нула итн. итн.‘“

Потоа, Т. Александров, исто така по точки, му дал одговор на И. Русев:

„1) За големо жалење, во Бугарија постојат многу царства во царството. Од овие царства најопасно за буг[арското] племе е царството на Русевштината, а најнештетно, за да не се каже најкорисно, е царството на Македонците.

2) Кој му пречел досега на г. Русев да не ги прогонува насилниците? Зар не мисли дека тој е најголемиот насилник

---

[440] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 69. С. 559.
[441] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 69. С. 561.

кога назначува и трпи кај себе зулумќари, македонојадци и изроди како Карамфилов?

3) Зар не е за потсмев г. Русев кога вели дека знае каде се извесни убијци, а цимоли други да му ги фаќаат и да му ги предаваат?! Нека знаат оние што треба: а) дека убијците на Грашев имаат извршено едно полезно дело, б) дека фаќањето на убијците на Ешкенази е најпосакувано за ВМРО, за да се спаси таа од една тешка клевета раширена од буг[арскиот] министер на полицијата, со цел да ја прикрие својата неспособност…, г) дека приватната, *лична* одмазда над Карамфилович ме восхити; ако во Бугарија имаше мнозина доблесни граѓани кои ќе ги бранат своето човечко достоинство и својата чест, како убијците на Карамфилович, буг[арските] граѓани немаше со години, речиси без протест, да ја поднесуваат срамната тиранија на Стамболиски, ниту да ги трпат фелдфебелските методи на раководење на г. Русев со најважното засега министерство на Бугарија и д) дека ВМРО немаше причина да го убие П. Петков – за неа тој беше безвреден. […]

Не сме посакувале, ниту сме предизвикале да се водат битки по улиците, но секогаш досега со достоинство сме одговарале, а ќе одговараме и во иднина, на предизвиците од страна на самозаборавените буг[арски] влади или на одделни бугарски министри“[442].

А. Протогеров, кога дознал за посочениот испад на Т. Александров, го проценил како безумство.

Реално, на прв поглед дејствијата на Т. Александров изгледаат како да се деструктивни: признавајќи дека Бугарија за ВМРО има посебна важност како база, Т. Александров ги предизвикувал владините кругови на Бугарија, потенцирајќи ја готовноста на ВМРО во случај на неопходност да стапи во вооружен конфликт со „самозаборавените“ влади.

Но тоа е само на прв поглед…

Писмото на Т. Александров е многуконтекстно – неслучајно Т. Александров го разгласил, испраќајќи копии до неколку членови на Организацијата.

[442] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 27-28.

Изнесените обвинувања од министерот за внатрешни работи му дале на Т. Александров шанса со својот остар одговор да ги заинтригира владините кругови на Бугарија и на тој начин да ги поттикне кон непосреден дијалог со раководителот на ВМРО, а, освен тоа, да изврши мобилизирачко влијание врз членовите на Организацијата и да ѝ даде на советската страна доказ дека ВМРО не е инструмент во рацете на Владата на Цанков.

Фактички, тоа што Т. Александров се обидел да го постигне со потпишувањето договор со СССР, а, имено, владините кругови на Бугарија да ја третираат ВМРО како рамноправен партнер, по Виенските преговори, раководителот на ВМРО пробал да го постигне со блеф. И на Т. Александров му успеало – тој ги принудил официјалните власти на Бугарија да стапат во контакт со него.

На 7 јули 1924 год. Т. Александров се обратил до Ангел Узунов со молба во Ќустендил да биде подготвено конспиративно сместување, бидејќи тој имал намера тајно да се сретне со претставник на Владата на А. Цанков.

Подготвувајќи се за средбата, Т. Александров одлучил да ги зајакне своите позиции, негирајќи ги гласините и обидувајќи се да обезбеди поддршка од лидерите на системската опозиција, која почнала да се формира. Со таа цел била подготвена Декларацијата бр. 760[443]. Известувајќи го П. Чаулев за својата намера да ја издаде Декларацијата, Т. Александров истакнал: „...мислиме наскоро да излеземе со една декларација со која: 1) ќе ги демантираме клеветите на адреса на ВМРО по повод последните убиства во Софија (убиството на н[ачални]кот на станицата Карамфилов, е дело на лична одмазда – тоа е докажано, а во гнасното убиство на Евреинот Ешкенази и неговиот син, како и во политичкото убиство на П. Петков, ВМРО нема никакво учество); 2) да се потцрта дека не се точни гласините дека ВМРО станала болшевичка; 3) да се потцрта [?...] дека ВМРО се бори за независност на Македонија, дека таа е самостојна организација

---

[443] ЦДА. Ф. 1685 к. Оп. 1. А.е. 17. Л. 1-6.

и не може да ѝ служи на ниту една држава, ниту на некакви партии во која и да било држава“[444].

Во Декларацијата, датирана од 10 јули 1924 год., категорично се негирала вмешаноста на ВМРО во убиствата на Карамфилов, Ешкенази (татко и син) и П. Петков.

Исто така, во Декларацијата се потенцирало постоење на гласини „дека ВМРО во својата надворешна политика се определила во полза на Советска Русија и само што не станала инструмент на московската влада или на Третата интернационала“. Но нивното негирање било заменето со тврдењето дека во таквите гласини веруваат само тие што не го познаваат вистинскиот карактер на ВМРО.

Во Декларацијата било истакнато дека ВМРО е национална организација, а не класна. Притоа, сепак, се констатирало дека Организацијата, борејќи се за националните права, објективно се бори и за подобрување на положбата на македонското население на социјален план.

Освен тоа, во Декларацијата се потцртувало: „Организацијата не служи и не е способна да ѝ служи на ниту една држава и на ниту една партија на која и да е држава. ВМРО смета на помош и сочувство на сите држави и на сите партии во различни држави во нејзината борба против поробувачите на Македонија и против непријателите на македонската слобода. Со таа цел таа влегува во контакти со сите големи и мали политички и општествени фактори во светот“.

Образложенијата во Декларацијата поскоро го потврдувале фактот на постоење на преговори во Виена (ВМРО „влегува во контакти со сите големи и мали политички и општествени фактори во светот“) отколку обратно. Фактички текстот на Декларацијата бил составен така што советската страна да нема основи за подозрение дека ВМРО е подготвена, откажувајќи се од виенските согласности, да ги раскине односите со неа, што значи, Т. Александров да има поле за маневрирање.

---

[444] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 71. С. 615.

Заедно со тоа во Декларацијата било вклучено барање до сите политички партии на Бугарија „недвосмислено да ја определат својата позиција кон ВМРО“ како кон „единствена компетентна“ да води борба за независност на Македонија. Од натамошните разјаснувања на Т. Александров следува дека ова барање кон политичките партии тој го поврзувал со прашањето за неопходноста од дефинирање на единствена континуирана линија на државната политика по „македонското прашање“. Така, давајќи му на И. Михајлов задача да ги запознае со Декларацијата бр. 760 лидерите на СДРП (ш.с.), Сак’зов, Џидров и Казасов (но не Пастухов), Т. Александров нагласил: „Јас сметам дека е крајно време сите управувачки партии да воспримат заедничка континуирана државна политика барем по ’македонското прашање‘ и консеквентно да ја следат“[445].

Навистина, постоење на континуирана државна политика по „македонското прашање“ и признавање на ВМРО во својство на нејзин реализатор би ѝ дозволило на Организацијата да добие јасно определен статус во политичкиот систем на Бугарија.

Но, сепак, возможно е ненавременото прашање за единствената линија на политиката по „македонското прашање“ да било поскоро предлог за да се утврдат позициите на лидерите на системската опозиција, која почнала да се формира, кон стратегијата и тактиката на ВМРО. Во случај на позитивен резултат, Т. Александров би добил нови сојузници и, следствено, можност за вршење притисок врз А. Цанков и неговата влада.

Т. Александров наредил со текстот на Декларацијата да бидат запознаени А. Малинов, С. Костурков, како и лидерите на СДРП (ш.с.), Сак’зов, Џидров и Казасов.

Но резултатите од „анкетирањето“ не ги оправдале очекувањата на Т. Александров. „Испитаниците“, независно од нивниот личен однос кон ВМРО, посочиле на неприфатливост на „четничко движење“ и на „револуционерни“ методи на борбата на Организацијата.

[445] Писмо од Т. Александров до И. Михајлов од 12 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 65.

А. Малинов во име на Демократската партија, на пример, отворено изјавил дека не верува во можноста „’македонското прашање‘ да биде решено со средствата на Револуционерната организација“. „Моментот да се форсира револуционерна дејност, да се формира четничко движење, – истакнал А. Малинов – „не е поволен“, „треба да се придобие општественото мнение, треба да се одржуваат непрекинати врски со Западот, да се бараат пријатели“, „ако Организацијата прибегне кон поенергични револуционерни дејствија – чети, многу лошо ќе се компромитира Бугарија, без која ВМРО ќе биде во многу тешка положба, бидејќи ќе остане без база и поддршка“[446].

С. Костурков, еден од создавачите во минатото на Радикално-демократската партија, на 20 јули 1924 год. ја потцртал неизменливоста на својата позиција: „Ослободувањето на Македонија ќе се случи кога ќе се турнат границите меѓу балканските држави, кога ќе се реализира балканска федерација. ... Односите меѓу ВМРО и Бугарија треба да се изразат во следнава формула: бугарската држава и ВМРО не можат да бидат ниту едно исто ниту да се близу. Никаква дифузија. Наполна независност и наполно немешање меѓу двете страни. Александров знае колку фанатично стојам на таа позиција“[447].

„Испрашувањето“ на лидерите на системската опозиција, која почнала да се формира како центар спротивен на Демократскиот зговор, само го потврдило очигледниот факт дека ниту еден од акторите на политичкиот живот на повоена Бугарија не ја поддржувал ниту стратегијата ниту тактиката на ВМРО.

***Следствено, Т. Александров, креирајќи ја својата натамошна политика, требало да тргне од тоа дека и владејачките структури и опозицијата во Бугарија не ја одобрувале дејноста на ВМРО.***

---

[446] Коминтерна. Т. 1. Д. 2. Прилог кон именскиот регистар. С. 1491.
[447] Коминтерна. Т. 1. Д. 2. Прилог кон именскиот регистар. С. 1481.

Ситуацијата барала од Т. Александров максимална внимателност. Затоа кога до раководителот на ВМРО се обратиле „цариbrodските дејци“ со прашањето за можни атентати, тој на 10 јули 1924 год. преку И. Михајлов им го соопштил следново: „ВМРО смета дека е опасно за Бугарија и штетно за Цариbrodско сега да се почне со акции и со атентати без знаење на буг[арската] влада, затоа ВМРО не може да стане соучесник во таквото дејство, давајќи пари или материјали. Иако ВМРО е самостојна, работи на широк простор и целиот свет знае за честите отворени конфликти и борбата со буг[арските] влади, но, сепак, внимателно одмерува пред да преземе какви било акции и атентати“[448]. Потоа, на 18 јули 1924 год. Т. Александров се обратил со молба до А. Протогеров да се прекине со подготовка на четата на В’ндев за битки во Струмичко, а самата чета да биде разбиена на 2-3 дела во врска со нотата на Кралството СХС, потпишана „од самиот Пашиќ“, до бугарскиот министер за надворешни работи[449].

Во исто време Т. Александров, како никој друг, разбирал дека ако тој не ја активира четничката дејност на ВМРО, тогаш деморализацијата на членовите на Организацијата сама по себе ќе ја уништи.

Индикатор на процесот на „распаѓање“ на Организацијата биле не само тешкотиите, поврзани со формирањето и испраќањето на чети, но и фактите на самоволно враќање на четите од Вардарска Македонија.

Т. Александров на 13 јули 1924 год. побарал објаснување од паланечкиот околиски војвода Стојан Врбицата „зошто тој толку брзо и без дозвола се вратил“[450].

Повторно на 13 јули 1924 год. Т. Александров се обратил до војводите на Скопскиот револуционерен округ.

Во циркуларот Т. Александров констатирал: „Помина скоро месец откако ние заедно одредивме кој со кого и каде ќе

---

[448] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 77.
[449] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 79.
[450] Спомени на Ангел Узунов – Државен архив на Република Македонија. Без број.

ја премине границата. Но, освен двајца, сите други бездејствуваат, а некои дури се обиделе да поколебаат други.

Еден војвода кој со некои свои другари многу месеци користел издршка и потрошил десетици илјади лева мачно спечалени народни пари, отишол на неколку дена внатре и се вратил, бидејќи селаните без да го издадат, демек го посоветувале ’да не престојува таму оти тоа е опасно‘“.

Т. Александров, според неговите зборови, „за да стави крај на тоа разложување, на тоа распаѓање“, повикал војводи во рок од три дена:

„1) тие што сметаат дека ќе можат да се вкотват и да работат неприкинато многу месеци во своите околии, треба да го определат крајниот рок за испраќање внатре;

2) тие што сметаат дека нема да можат да се вкотват и да работат неприкинато многу месеци во своите околии и немаат храброст да продолжат со борба, треба да имаат доблест отворено да го кажат тоа за да си го олеснат себеси барањето работа;

3) отсега сите илегални дејци треба да ги почитуваат следните точки од Регламентот:

§ 76. ’…заповедниците (војводите) можат привремено да го напуштат својот реон само со согласност … на своето директно раководство. Одмор во врска со болест се дозволува, но не повеќе од три месеца. Се дозволува исклучок ако има многу важни причини…‘

§ 77. ’Никој … не може … да го напушти својот реон без претходна дозвола од своето директно раководство…‘

§ 145. ’Ако некое илегално лице се задржи повеќе од три месеца, со исклучок ако има објективни причини, неговата издршка се прекинува‘“[451].

Т. Александров жалел што не бил во состојба како порано да даде личен пример. Во писмото до раководителот на Ќустендилскиот пункт, Ангел Узунов, од 13 јули 1924 год., тој потенцирал: „Јас одамна разбрав дека стегнување на редовите, враќање на дисциплината и засилување на Организацијата се можни само во случај јас да влезам внатре и оттаму да почнам

[451] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 66.

да давам директиви. Да не се појавеа важни работи, јас веќе одамна ќе бев таму. Но уште малку и јас ќе го направам тоа“[452].

Но процесот на „разлагање“ ги зафатил не само војводите и четниците, но и кругот на раководните работници на ВМРО. Интригите, заемните обвинувања, клеветите и др., карактеристични за организациите од затворен тип, ги надминале границите на дозволеното.

На крајот на јуни 1924 год. Т. Александров од А. Василев (Орфо), Г. Атанасов (Моров) и А. Протогеров (Илија) дознал за гласините дека убиството на Ешкенази го наредил И. Михајлов и дека за тоа сигурно знаеле дел од членовите на ВМРО.

Т. Александров бил запрепастен од веста. Тој со душа се надевал дека таа информација нема да се потврди.

Итно, на 22 јуни 1924 год., Т. Александров се обратил до К. Прличев:

„Ниту еднаш во животот јас не сум се чувствувал толку излажан и изневерен од своите другари како во моментот кога од Орфо, Моров и Илија дознав дека убиството на Ешкенази било извршено по наредба на Брезов[453], за што знаеле Ангелов, Миков и други. Ако е тоа така, тогаш јас не разбирам зошто беше неопходно да ме лажат и да ме излажат. Ако, сепак, тоа не е така, во тој случај замолувам да бидам известен по телефон …, за да се смирам“[454].

Се разбира дека И. Михајлов побрзал да го убеди Т. Александров во сопствената невиност. А на Т. Александров му било полесно да се посомнева во веродостојноста на информацијата на А. Протогеров, А. Василев и Г. Атанасов, чие однесување тој го оценил како непријателско, отколку во тврдењата на И. Михајлов. Затоа во писмото до А. Протогеров од 14 јули Т. Александров посочил: „Јас сега сум убеден 99% дека во овој случај вие сте во заблуда“[455].

---

[452] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 65.
[453] Брезов – псевдоним на И. Михајлов.
[454] Пърличев К. 36 години във ВМРО… Док. № 88. С. 468.
[455] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 68-73.

Недовербата на Т. Александров кон А. Протогеров, А. Василев и Г. Атанасов уште повеќе се зголемила откако тој добил со задоцнување соопштение за роковите на одржување (5-7 јули 1924 год.) конгрес на Струмичкиот револуционерен округ.

Во писмото од 19 јули 1924 год., адресирано до А. Василев, Т. Александров укажал: „Навистина ми е многу тешко поради тоа што јас не можев да присуствувам на Струмичкиот окружен конгрес… Со право кај мене остана одреден сомнеж дека можеби задоцнувањето на писмото со информацијата за конгресот е преднамерно – писмото е напишано на 28. VI, резолуцијата од Илија е од 30 м.м., според поштенскиот штембил нема можност да се одреди кога било испратено писмото, а добиено беше на 8 о.м. Притоа, јас до 24 м.м. се наоѓав кај вас долу и не станувашe збор за брзо свикување на околиски конгреси, па дури и на моето прашање за тоа дека, веројатно, уште не одржале конгреси сите окрузи, јас добив одговор ’да‘, и ние заедно одлучивме дека конгресите на окрузите ќе се спроведат наесен. Освен тоа, јас му реков на Илија дека би сакал да бидам присутен на окружен конгрес, посебно ако тоа е прв окружен конгрес и јас сум оддалечен 8 часа (со автомобил) од вас. [...] Поради таа и некои други загатки, поврзани со конгресот, како и поради низа други дејствија, поврзани со конгресот, и дејствија што не се поврзани со конгресот, кај мнозинството се јави мисла дека во ВМРО се појавил раскол. Ширењето на такви гласини … само му нанесува штета на успехот на ослободителното дело“[456].

Во истиот ден, на 19 јули 1924 год., Т. Александров испратил уште едно писмо до А. Василев: „При крајна раздразливост на Илија овие денови и возникнатата меѓу нас тензија, итно свикување на Серскиот конгрес би можело да стави крај на тие несогласувања и да им ја затвори устата на тие што зборуваа за раскол во редовите на ВМРО, … […] Ако вие одлучивте да свикате конгрес на 2 август, тогаш јас, бидејќи

[456] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 81.

сум блиску, ќе дојдам сигурно, во спротивно одржувајте го без мене“[457].

Не само содржината на писмата, но и нивниот претпазливо-внимателен тон ја зајакнал убеденоста на противниците на Т. Александров дека раководителот на ВМРО ја губи контролата над Организацијата и дека тој ја смета за реална закана опозицијата во лицето на А. Василев и Г. Атанасов, како и на А. Протогеров, кој се присоединил кон нив.

Советската страна сметала дека расколот е апсолутно неминовен. Така, Б. М. Шапошников во извештајот за претпоставките за револуција на Балканот забележал: „расколот меѓу македонските автономисти, кој почна да станува очигледен, дава можност за заклучок дека најмалку до 70% од нив ќе бидат или неутрални, или ќе застанат на страната на револуцијата и само 30% ќе ѝ останат верни на Владата на Цанков“. Балансот на силите на ВМРО, Б. М. Шапошников го претставил на следниов начин: општа бројност – 20 000; од нив активни – 6000, пасивни – 10 000; симпатизери на силите на револуцијата – 4000.[458]

Т. Александров не криел дека до добивањето на информациите од Виена, тој не бил во состојба да преземе какви било решителни акции. Следствено, Т. Александров претполагал да изгради своја тактика во зависност од ситуацијата во Виена.

На 30 јуни 1924 год. Т. Александров добил писмо од Д. Влахов, кое било испратено на 11 јуни. Тоа писмо не разјаснило ништо. Во писмото Д. Влахов го прекорувал А. Протогеров за отсуството на соопштение од него, а, исто така, се чудел за „лаконската и нејасна телеграма“ на Т. Александров[459].

---

[457] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 85.
[458] Документи. Док. бр. 112. С. 413.
[459] Писмо од Т. Александров до А. Протогеров од 2 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 44.

Адресираниот до А. Протогеров прекор бил уште еден доказ дека меѓу Д. Влахов и А. Протогеров во Виена било постигнато „заемно разбирање“ и неслучајно советската страна поврзувала одредени надежи со А. Протогеров.

Што се однесува на самиот Д. Влахов, тој почнал да подготвува патишта за повлекување – тој ја викнал својата жена во Виена, која на крајот на јуни веќе била во Виена[460].

Веројатно, Д. Влахов им соопштил на претставниците на СССР во Виена дека Т. Александров го вика во Бугарија. Таквата информација не би можела да биде објаснета од советската страна поинаку освен како пројавување на колебања на Т. Александров и, соодветно на тоа, како доказ за правилноста на решенијата на Политбирото на ЦК на РКП (б) од 19 јуни 1924 год. за обнародување на Декларацијата на ЦК на ВМРО.

На самиот почеток на јули (1 и 2) Т. Александров добил писмо, напишано по наредба на П. Чаулев, а, исто така, и телеграма од него. Таа околност му дозволила на Т. Александров да се надева дека уште не е сѐ изгубено.

Т. Александров планирал да постигне доаѓање, ако не на Д. Влахов и П. Чаулев, тогаш барем на П. Чаулев. Според замислата на Т. Александров, П. Чаулев би требало најдоцна во август 1924 год. да „проникне“ во Вардарска Македонија, каде што до тоа време планирале да дојдат Т. Александров и А. Протогеров[461].

Т. Александров во писмото до П. Чаулев од 4 јули 1924 год.[462] го соопштил следново:

---

[460] Писмо од Т. Александров до А. Протогеров од 25 јуни 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 37;
писмо од Т. Александров до А. Протогеров од 2 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 44.

[461] Во писмото на Т. Александров до П. Чаулев од 4 јули 1924 год. се потенцира: „Само ако можеме да се најдеме во нашите складишта и таму да се вкотвиме, тогаш за нас никаква конкуренција нема да биде страшна, дури и фабрикантите Беркманови ќе се обраќаат до нас и ќе нѐ молат за стока на кредит“ („складиште“ – пункт во Македонија, „конкуренција“ – „илегални федералисти“, „Беркманови“ – претставници на СССР) – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 52-56.

[462] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 52-56.

– до Д. Влахов, а фактички до претставниците на СССР, било испратено писмо од реално „ултимативен“ карактер, бидејќи советската страна не исполнила ниту едно од преземените задолженија: за да се договори со „илегалните федералисти“, за да се чуваат преговорите во целосна тајност итн.;

– прифатената во Виена од Т. Александров, А. Протогеров и П. Чаулев одлука да не прекинуваат преговорите со претставниците на СССР, туку тие да се развлечат за П. Чаулев да добие можност без пречки да замине за Албанија и Ст. Мишев со своите соборци да „се свртат против Пашиќ“, се покажала како погрешна – ништо од замисленото не било реализирано;

– барањата на советската страна не биле извршливи, постојат директни докази дека таа се обидувала „или да ја потчини, или да ја уништи“ ВМРО и, следствено, ***„неопходно е да се раскинат“*** односите со СССР, ***„да се сплотиме и да пројавуваме максимална претпазливост“***;

– затоа што Д. Влахов одбил да дојде во Бугарија, како што барале Т. Александров и А. Протогеров, а „почнал да испраќа телеграми со наредувачки карактер и да пишува навредливи писма“, „стана јасно дека тој беше и сѐ уште е … неискрен и виновен“;

– деновиве ќе биде испратен Т. Карајовов, или во случај тој да не може да дојде, тогаш друго лице ќе го „преземе последниот обид да ја поправи ситуацијата и да го повика“ Влахов „да се опамети“.

Истовремено Т. Александров наредил да се испрати телеграма до П. Чаулев, кој во тој момент се наоѓал во Рим: „Ние го сметаме за некорисно доаѓањето на Езерски кај Данилов. Можеме да го испратиме Клубски[463]. Данилов одби да дојде. Следува писмо“[464].

Но на 9 јули 1924 год. од П. Чаулев дошла следнава шифрирана телеграма: „Против волја бев принуден да

[463] Клубски – Тома Карајовов.
[464] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 52-56.

дојдам[465]… Треба да информирам за цените. Ќе го направам тоа. Успеав да го одложам информирањето за 10 дена, кои се бројат од сегашниот датум (8. VII – 18. VII) … ви пишувам“[466].

Т. Александров одговорил повторно со телеграма: „Доаѓајте итно двајцата или барем ти сам“[467].

Бидејќи немало никаква реакција на таа телеграма, Т. Александров на 13 јули 1924 год. наредил да се испрати нова: „Илија[468] и Василев[469] го сметаат твоето доаѓање до рокот на 18, барем на два дена, за апсолутно неопходно. Замолувам да одговорите кога заминувате. Пандов“[470].

Информирајќи го А. Протогеров за испратените до П. Чаулев телеграми, Т. Александров истакнал: „Ако дојдат двајца или барем наш, тогаш верувам дека сè ќе се среди“[471]. Доаѓањето на П. Чаулев би спречило раскол на ЦК на ВМРО и би го променило соодносот на силите во полза на Т. Александров. Тоа го разбирале и претставниците на СССР, затоа тие на ниту еден начин не би дозволиле заминување на П. Чаулев.

П. Чаулев во телеграмата од 9 јули 1924 год. директно нагласил: „против волја бев принуден да дојдам“ во Виена, што со други зборови значело: „ме натераа да дојдам“ во Виена. Претходно П. Чаулев со писмо го предупредил Т. Александров за неможноста за него да проникне преку Албанија во Македонија, поради тоа што, според зборовите на дејците на Косовскиот комитет, „патот оди преку Виена“.

---

[465] Информацијата на П. Чаулев дека тој бил принуден да дојде во Виена се потврдува, на пример, со тврдењето на И. Генчев, кој се наоѓал во Виена. Во писмото на Г. Димитров од 16 јули 1924 год., И. Генчев забележал: „Треба да ти кажам дека Чаулев беше натеран да дојде во Виена…“ – БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 100. С. 271.
[466] Писмо на Т. Александров до А. Протогеров од 9 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 61.
[467] Писмо на Т. Александров до А. Протогеров од 9 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 61.
[468] Илија – А. Протогеров.
[469] Василев – Т. Александров.
[470] Писмо на Т. Александров до А. Протогеров од 13 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 64.
[471] Писмо на Т. Александров до А. Протогеров од 9 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 61.

Следствено, П. Чаулев јасно дал на знаење дека станал заложник на советските специјални служби. Но Т. Александров се обраќал до П. Чаулев како тој да имал слобода на избор.

Треба да се забележи дека П. Чаулев до последен момент се обидувал да лавира, бранејќи ги интересите на ВМРО и на самиот Т. Александров. Така, принудното доаѓање на П. Чаулев во Виена било поврзано со разработката од советските специјални служби на варијанти за развој на настаните во случај на одбивање на Т. Александров да ја огласи Декларацијата. Разговарајќи со Гољденштејн на 12 јули 1924 год., П. Чаулев бил дипломатичен. Тој разбирал дека нема смисла да му возразува на Гољденштејн. Преговорите со М. Монев и Т. Карајовов, кои се одржале подоцна, ја потврдиле правилноста на тактиката на П. Чаулев. П. Чаулев го убедил Гољденштејн во тоа дека тој ќе ја преземе одговорноста само во случај ако Т. Александров не се согласи со огласувањето на Декларацијата. Во исто време тој настојувал да „бидат преземени сите можни мерки за да се стапи во врска со Т. А[лександров] и да се дознае што мисли тој “[472].

По разговорите со Гољденштејн и со Исаков, П. Чаулев добил можност да замине во Италија со цел да се обиде да се договори со Косовскиот комитет за непречено поминување на четите на ВМРО преку Албанија. И. Генчев во своето писмо до Г. Димитров од 16 јули 1924 год. соопштил дека наредбата на Косовскиот комитет да не пушта чети преку Албанија ја дале „руските другари“, бидејќи тие се надевале дека на таков начин ќе го натераат Т. Александров „да се помисли пред да се откаже од објавувањето“ на потпишаната од него декларација[473].

[472] Писмо на И. Генчев до Г. Димитров од 16 јули 1924 год. – БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 100. С. 271.
[473] Писмо на И. Генчев до Г. Димитров од 16 јули 1924 год. – БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 100. С. 271.

П. Чаулев во Рим уште еднаш се уверил дека не е можно Виенскиот центар да биде заобиколен.

Од телеграмата на П. Чаулев од 9 јули 1924 год. произлегувало дека останало многу малку време за маневрирање – советската страна планирала да ги огласи потпишаните во Виена документи на 18 јули 1924 год. („успеав да го одложам информирањето за 10 дена“).

Затоа Т. Александров подготвил резервна варијанта во случај П. Чаулев, поради кои и да е околности, да одбие да дојде. Во писмото до А. Протогеров од 13 јули 1924 год. тој укажал: „...мислам дека е поцелесообразно да се известат Клубски[474] и Мирчо[475] да ги подготват своите пасоши *колку е можно ӣобрзо* за да отидат кај Данилов[476], *но без никакво објаснување*. Од одговорот на Езерски[477] зависи дали ќе ги пратиме двајцата, ако тој не дојде, или само еден од нив *или никоīо, ако ӣој дојде*“[478].

Во Виена по заминувањето на В. П. Миљутин, а потоа и на Г. Димитров, со „македонските“ работи се занимавале М. А. Логановски, Е. Гољденштејн (Доктор, Черски), А. Абрамович (Четуев, Албрехт), ополномоштениот претставник на СССР во Австрија, В. Х. Аусем, како и И. Генчев, кој го заменувал Г. Димитров. Притоа, Е. Гољденштејн претежно ги исполнувал наредбите на М. А. Логановски, на што често се жалел И. Генчев во своите писма, адресирани до Г. Димитров. Така, во едно од писмата И. Генчев потцртал: „Доктор е бавен и, освен тоа, тој не прифаќа врз себе никаква одговорност, самостојно не изнесува мислење за ниту едно прашање додека не слушне други мислења“[479].

[474] Клубски – Тома Карајовов.
[475] Мирчо – М. Монев.
[476] Данилов – Д. Влахов.
[477] Езерски – П. Чаулев.
[478] Писмо на Т. Александров до А. Протогеров од 13 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 64.
[479] Писмо на И. Генчев до Г. Димитров од 16 јули 1924 год. – БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946). Т. 1. Док. № 100. С. 272.

Кон крајот на јуни 1924 год. ополномоштениот претставник на СССР во Австрија, В. Х. Аусем, му го соопштил на народниот комесар В. Г. Чичерин следново:

„ЦК на Бугарската партија му постави на Александров апсолутно неприфатливи услови од типот на предавање на сите скривалишта со оружје, што не е предвидено со Виенската спогодба, а, од своја страна, не го исполнува своето ветување што се однесува на промената на едно лице во парламентарна група итн.

Психолошки е наполно разбирливо дека за нашите бугарски другари е мошне тешко, и по сите порано направени инциденти од одделни агенти и членови на ВМРО, да воспостават соработка со нив. Но тогаш би било подобро да не се прават никакви обиди во таа насока, затоа што да се разотидеме сега, би значело да дојдеме до полоша ситуација од онаа што беше пред почетокот на преговорите со Македонците.

Меѓутоа, општата ситуација во Бугарија е мошне поволна. Положбата на Цанков поради низа причини е многу тешка. Има индикации дека тој се скарал со Македонците, и сега би било вистински престап тие повторно да се зближат.

Сите овие опасности би биле надминати во значајна мера доколку во Македонија би имало таков претставник за каков што станува збор во Виенската спогодба. Меѓутоа, поминаа веќе два месеца, а за неговото заминување од Москва уште нема никакви информации.

Ве замолувам да се преземат најенергични мерки и во таа и во друга насока, т.е., прво, да се изврши влијание врз ЦК и, второ, да се побрза со испраќањето претставник кај Александров“[480].

Како потврда на своите заклучоци, В. Х. Аусем на 16 јули 1924 год. го информирал Г. В. Чичерин за следново:

„***Македонци***. Целата мината недела балканскиот печат зборуваше за бугарско-српскиот договор против болшевиците и против Македонците, кои, наводно, се договориле меѓу себе откако Цанков му ја откажал на Александров натамошната поддршка. Денес добивме извештај, кој содржи проект на овој

[480] Документи. Док. бр. 105. С. 387, 389.

договор. Во согласност со овој проект, Бугарија засекогаш се откажува од Македонија, го прогонува Александров, не допушта кај себе радиќевци, а за тоа добива излез на Егејско Море. Сето тоа, во секој случај, ја потврдува старата информација за раздорот меѓу Цанков и Александров и прашањето за привлекување на последниот го прави уште поактуелно за нас“[481].

Од обраќањето на В. Х. Аусем до Г. В. Чичерин следувало дека неговата позиција во однос на Т. Александров се совпаѓала со таквата на Б. Шпак. Но нивниот рационален пристап се судрил со организациските процедури, бирократската политика и феноменот на „групно мислење“ во процесот на прифаќање на решенијата.

Г. В. Чичерин итно (на 9 јули 1924 год.) му одговорил на В. Х. Аусем: „Ние контактираме со бугарските другари за да го промениме неусогласениот курс на комунистите на Бугарија во однос на Тодор Александров. Во најблиска иднина се планираат некои настапи во печатот во врска со новата линија во историјата на движењето во Македонија“[482].

За да „ја исправи линијата на бугарските комунисти“, В. Х. Аусем не само што се обратил до Г. В. Чичерин, но и свикал во Виена советување, во кое освен В. Х. Аусем, зеле учество М. А. Логановски, Е. Гољденштејн (Доктор, Черски), А. Абрамович (Четуев, Албрехт), како и Нијам Исаков и И. Генчев.

Веројатно советувањето се одржало на 12 јули 1924 год., т.е. откако Т. Александров бил известен за 10-дневниот конечен рок, кој истекувал на 18 јули 1924 год.

За текот на советувањето и за дискусиите на него, В. Х. Аусем му го соопштил на Г. В. Чичерин следново:

„Во почетокот на минатата недела ние овде одржавме големо советување со неколкумина наши другари, од бугарска страна учествуваа др. Исаков, како претставник на Балканската

[481] Документи. Док. бр. 110. С. 401, 403.
[482] Документи. Док. бр. 108. С. 399.

федерција, и др. Бајнов[483], како претставник на ЦК на КПБ. По живата дискусија меѓу Исаков, од една страна, и Логановски, Четуев и Гољденштејн, од друга страна, во која првиот пројави голем темперамент, стигнавме да го испратиме московскиот одговор со вонреден курир во Софија и писмено да им се предложи на тамошните другари, преку Хаџидимов, по секоја цена да стапат во контакт со Александров. Притоа, треба да се одбележи дека Исаков тврдеше дека такви обиди веќе се правеле, но дека, наводно, Македонците ги одбегнуваат средбите и дури се кријат од Хаџидимов во темните ќошиња на парламентарните кулоари, каде што тој ги барал. Тоа се негира со писмо од ЦК на КПБ, во кое, напротив, се зборува за обидите на Македонците да стапат во врска со нас и за заобиколното однесување на нашите бугарски другари.

Освен тоа, ние инсистиравме на средба на Исаков овде, во Виена, со Чаулев. По големи одрекувања, Исаков се согласи и, како што ми пренесуваат денес, таква средба се остварила и двајцата биле многу задоволни еден од друг.

Сега се води телеграфска преписка меѓу Чаулев и Александров, во која првиот инсистира на објавување на Манифестот, а вториот ги моли него и Влахов да дојдат за некои советувања. Ако во најскоро време не се добие позитивен одговор од Александров, Манифестот ќе биде објавен без согласност на Александров“[484].

Подетално текот на советувањето и „живата дискусија“ ги претставил Н. Исаков во писмото од 13 јули 1924 год.:

„Јас ја изложив нашата гледна точка, не давајќи на знаење дека сум информиран за обвинувањата против нашиот ЦК за некакви неприфатливи услови, одбегнување на контакти и др., и изјавив дека тоа е клевета и дел од играта на Т. А[лександров]. Ако К. Јанков пишува дека неколку пати се обидувал да стапи во контакт со Т. А[лександров], но дека тој одбегнувал средби, тогаш не може да стане збор за некои прекумерни барања.

---

[483] Во овој случај станува збор за Бојан (Бојан – псевдоним на Иван Генчев).
[484] Документи. Док. бр. 109. С. 401.

Но Логан[ов]ски и Доктор зафатија спротивна позиција. Тие великодушно изјавија дека нашата партија *не била единствено* виновна и дека самите Руси биле, исто така, виновни. Вината на последните, впрочем, се состоела исклучиво во тоа што досега од страна на Москва до Т. А[лександров] не било испратено лице за постојани врски со него. Тоа лице би влијаело на Т. А[лександров] во таа смисла што би го насочувало на борба против 'десната' опозиција во Макед[онската] организација. Но нашата вина беше поголема:

а) нашата партија долго, долго време грешеше во однос на самото движење за автономија и уште докрај не ја надмина својата поранешна позиција. Зборувајќи дека сме за автономија на Макед[онија], ние го додававме прашањето за федерација, и на тој начин ја претворавме нашата поддршка во небезрезервна, а тоа ги спречува автономистите, кои уште не ја поддржуваат идејата за федерација;

б) за реализација на влијанието врз макед[онската] парлам[ентарна] група беше неопходно Кабакч[иев] да даде отказ за Хаџија да влезе во парламентот, а тоа не беше направено и, ако не се случеше убиството на Петков, Хаџија досега немаше да биде во парламентот;

в) нашата партија ништо не направи за зближување со организацијата на автономистите за да можат таа и Т. А[лександров] да го надминат убедувањето дека во нашите срца, кои не простуваат за минатото, постои непријателство, и посебно нашиот ЦК не направи ништо за да стапи во контакт со Т. А[лександров] за да воспостави приватни врски и др.

[…] На крајот на краиштата, црн ѓавол во сета таа работа сме ние, малку се виновни и Русите, а невино гулапче е Т. А[лександров].

Лесно можеш да замислиш дека против сето тоа чудовишно поставување на прашањето јас настапив со целосна сила и доказно. Но можам да кажам дека е напразно. Собеседниците умешно се трудеа да ги искористат малите нејасности или ситници во извештаите на К. Јанков за да ги обосноват своите тврдења, и покрај крупните факти што се

присутни во истите извештаи и кои красноречиво ги негираат обвинувањата. Четуев наполно се приклучи кон другите, користејќи го случајот да се нафрли врз нас – и за 9 јули, и за други работи. […]

Др. Аусем беше многу внимателен и трпелив во таа дискусија. Но и тој не е далеку од тоа што мислат другите. Тој го резимира своето мислење вака: виновни се три страни – Русите, БКП и Т. А[лександров]. Аусем смета дека паролата за федерација … реално ја уништува паролата за поддршка на движењето за автономија…

Како и да е, за сегашните неопходни постапки ние се сложивме … на:

а) да му врачиме на Т. А[лександров] одговор и ако тој не го прими, тогаш на тој начин ќе се разоткрие;

б) да му се напише на ЦК за воспоставување контакт со Т. А[лександров] за непосредни преговори и убедувања, криејќи дека содржината на рускиот одговор е позната. Русите сакаат тие преговори да не ги води Јанков, туку Хаџија, бидејќи автономистите многу го почитуваат;

в) јас треба да водам непосредни разговори со Чаулев“[485].

По советувањето во Виена, Н. Исаков и И. Генчев се обратиле до ЦК на БКП (т.с.):

„Ве замолуваме во најкраток рок, најдоцна за 10 дена, да ни пратите информација по следните прашања, поврзани со движењето на автономистите. Преговорите со претставникот на Т. Александров – Чаулев – започнуваат врз нова база. Руските другари, на кои им е дадена задача да се занимаваат со таа работа, скоро целата вина за досегашните неуспеси ја префрлија врз нашата партија затоа што ние не го најдовме Т. А[лександров]. Тој, демек, нас нè барал, а ние сме го одбегнувале и, освен тоа, вие сте поставувале неприфатливи барања, како, на пример, тој да ни даде информација за сите

[485] БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946). София, 1998. Т. 1. Док. № 93. С. 260.

свои складишта со оружје и др. Последново му беше пренесено дури и на Чичерин.

Итно соопштете дали вие се обидувавте да стапите во контакт со Алек[сандров], дали успеавте да стапите во контакт со него и дали има барем нешто вистинито во врска со тие барања што демек беа поставени од вашата страна? Преземете ги сите напори да се поврзете со него задолжително, обидете се да му влеете доверба и зајакнувајте ја опозицијата врз база на дејност меѓу Македонците во духот како што работевте досега. Преговорите со Т. Александров се наоѓаат во својата решавачка фаза. Тој ќе биде принуден или да ја објави својата декларација, чија содржина ви ја соопштивме претходно, и, на тој начин, да даде реален доказ за промената на својата политика во духот на новата платформа, за која тој ќе биде известен од името на советските претставници и која ќе биде изработена во наш дух, …, или да ги прекине преговорите, и тогаш ние ќе бидеме принудени да создадеме од левите сили ново раководство на движењето, кое во својата ослободителна борба ќе биде заедно со нас.

При таквите околности, ние ве замолуваме да побрзате и да одговорите колку може поитно. Руските другари изразија желба – средбата и преговорите да ги спроведе Димо Х. Димов, за кој самиот Тодор Александров се искажа многу позитивно пред нив. Ние им пренесовме дека ќе го информираме ЦК за нивната желба. Ние ги известивме дека преговорите сега се водат од страна на друго ополномоштено лице, кое во својот извештај посочило дека биле преземени неверојатни напори за да се стапи во контакт со Александров, но тие не биле успешни. Информирајте и за положбата на левите сили во ВМРО. Искажете се, исто така, по прашањето за морална и посебно материјална помош, која, очигледно, руските другари многу се наклонети да му ја дадат на Т. Александров. Тие ќе го употребат своето последно оружје за да го привлечат на својата страна. Тие зборуваат дека освен опозиција во нашето лице и во лицето на левите сили во движењето на автономистите, опозиција нему му составуваат и тие негови другари што и по неговото раскинување со Владата на Цанков, ќе му останат

верни на Цанков. Тие негови другари се расфрлале со огромни средства, кои им биле дадени од Цанков, и Т. Александров треба материјално да биде поддржан спроти таа опозиција. Дали вие сметате дека Т. А[лександров] има опозиција во лицето на Милевци, Атанасовци, Томалевски и др.?“[486]

Од наведените погоре сведоштва за советувањето во Виена следува дека тоа имало принципиелно значење.

***Прво***, на советувањето било потврдено решението да се објави „Мајскиот манифест“ во „најскоро време“, без да се земе предвид позицијата на Т. Александров.

***Второ***, БКП (т.с.) добила точни наредби за натамошните дејствија во однос на ВМРО: да стапи во контакт со Т. Александров, да му се предаде „московскиот одговор“, „да му се внуши доверба“, т.е. да се потруди да го привлечи на својата страна, и, заедно со тоа, да преземе мерки за засилување на опозицијата во ВМРО, имајќи ја предвид перспективата на формирањето на новото раководство на ВМРО „од левите сили“ во случај ако Т. Александров се откаже од соработката. Бидејќи советската страна планирала во новото раководство на ВМРО да влезе П. Чаулев, таа го обврзала Н. Исаков непосредно да се сретне со П. Чаулев.

За советската страна советувањето што било свикано во почетокот на јули 1924 год. во Виена било последениот чекор во подготовката кон „решавачката фаза“ на таканаречените преговори со Т. Александров.

Но М. А. Логановски и Е. Гољденштејн почнале да се сомневаат во успешноста на тактиката избрана во однос на Т. Александров. Тоа станало јасно од нивниот обид за време на советувањето однапред да ја симнат од себе одговорноста за можен неуспех на „виенската операција“ и да ја пренесат врз БКП (т.с.).

---

[486] БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946). София, 1998. Т. 1. Док. № 93. С. 259-260.

В. Х. Аусем, поскоро, несвесно бил вовлечен во даденият „тактички маневар“ на М. А. Логановски и Е. Гољденштејн. Можно е со „македонските работи“ В. Х. Аусем да бил запознаен од М. А. Логановски и притоа набргу, бидејќи по пристигнувањето во Виена, ополномоштениот претставник бил принуден без одолговлекување да пристапи кон извршување на своите задолженија.

Веројатно „временскиот фактор“ во значајна мера ги предодредил некритичноста и површноста на восприемањето од В. Х. Аусем на информациите.

На дезориентираноста на В. Х. Аусем укажуваат неговите тврдења, кои имаат забележителни контрадикции. Така, И. Генчев обрнал внимание дека В. Х. Аусем, прекорувајќи го ЦК на БКП (т.с.) за отсуството на желба да стапи во контакт со Т. Александров, истовремено го осудувал ЦК за тоа што му поставил неприфатливи услови на раководителот на ВМРО: „Ако К. Јанков пишува дека неколку пати се обидувал да стапи во контакт со Т. А[лександров], но дека тој одбегнувал средби, тогаш не може да стане збор за некои прекумерни барања“. Освен тоа, В. Х. Аусем настојувал итно да му се достави „московскиот одговор“ на Т. Александров, но, имено, „московскиот одговор“ содржел барања што биле апсолутно неприемливи за ВМРО.

Селективниот однос на В. Х. Аусем кон информациите се обусловувал не само со „временскиот фактор“ и можна „цензура“ на М. А. Логановски, но и со неговите сопствени „филтри“ на восприемање („внатрешни“ и „надворешни“).

***Перцепцијата на советските дејци до 1925 год.*** била определувана со јасно оцртаната перспектива на „светската револуција“, т.е. фактите, настаните итн. се интерпретирале од гледна точка на посочената перспектива. Така, тргнувајќи од важноста на ВМРО како на бојна сила за подготовка на револуцијата, В. П. Миљутин им се спротивставувал на Г. Димитров и В. Коларов, бранејќи ја неопходноста од спроведување преговори со Т. Александров. Но истиот В. П. Миљутин, раководејќи се од истата перспектива и стремејќи се максимално да ја приближи, му наметнал на

Т. Александров во Виена апсолутно неможни за него услови за соработка и со тоа го предодредил крахот на преговорите со Т. Александров.

Посочената перцепција не им дозволувала на советските претставници во Виена да ја признаат и да ја осознаат очигледноста на фактот дека преговорите со Т. Александров фактички се прекинале со неговото заминување од Виена. Затоа засилувањето на притисокот врз Т. Александров тие го сметале за единствено можен излез од ситуацијата. Според тоа, обидите на раководителот на ВМРО да се договори барем за одложување на огласувањето на виенските спогодби немале никаква шанса да успеат.

И покрај сè, Т. Александров не ја изгубил илузијата дека тој со помош на П. Чаулев ќе успее да ја убеди советската страна. Според зборовите на Т. Александров, тој од писмото на П. Чаулев заклучил дека последниов „сепак, повеќе тежнее кон нас“, т.е. кон Т. Александров и А. Протогеров, „отколку кон Беркманови“, т.е. кон советските претставници[487].

На таков начин се покажало дека двете страни ги врзувале своите надежи со П. Чаулев. Но решавачки во овој случај било тоа што самиот П. Чаулев, наоѓајќи се во Виена фактички во положба на заложник, бил неволен да бира.

Бидејќи определениот од советската страна рок истекувал на 18 јули 1924 год., Т. Александров на 17 јули го испратил М. Монев во Виена со задача да се договори со П. Чаулев и да ги убеди советските претставници да се одложи публикацијата на „Мајскиот манифест“[488].

Мисијата на М. Монев, како што се очекувало, се покажала како неисполнива.

---

[487] Писмо на Т. Александров до А. Протогеров од 16 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1909 к. Оп. 2. А.е. 206. Л. 56.

[488] Првично се планирало заедничко патување на М. Монев и Т. Карајовов, но бидејќи на Т. Карајовов му биле неопходни два-три дена за добивање пасош, М. Монев на 17 јули заминал сам, под услов тој само во случај на неопходност да го викне Т. Карајовов во Виена. – Писмо на Т. Александров до А. Протогеров од 16 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1909 к. Оп. 2. А.е. 206. Л. 56.

Тој се сретнал со Е. Гољденштејн (Доктор, Черски) и му ги изложил аргументите на Т. Александров не само усно, но и писмено.

Писменото обраќање на М. Монев од 24 јули 1924 год. гласело:

„1. ВМР Организација изјавува дека не отстапува од заемно исполнување на Декларацијата и од потписите под неа.

2. Таа информира дека спротивно на прифатените задолженија за ослабување или за целосно запирање на дејноста на Ст. Мишев и на други, досега нема констатирано ослабување, а, напротив, се спроведува по-активна антиреволуционерна дејност, … Повеќе од тоа, на двапати беше извршено напаѓање во Петричко и беа фатени две лица од с. Рибница (Петричко), од кои едното беше ликвидирано. Водачот на таа група – Узунов, бивш секретар и собирач на даноци од с. Рибница, злоупотреби 70 000 лева општински пари и пребега кај Мишев. Кон крајот на јуни во Ниш се одржа голем собир на контрачети во Србија. На тој собир Мишев свечено изјави дека ќе се бори против ВМРО до последна капка крв. Пред да бидат добиени тие информации, ВМРО преку својот претставник побара да дознае во рок од 15 дена дали Мишев ќе биде привлечен или неутрализиран, инаку тој ќе биде третиран како непријател или предавник.

3. ВМРО ги следи дури и најмалите појави на политичко-општествениот живот во Бугарија. Поради предвремените гласини, кои упорно се шират од страна на комунистите, земјоделците, Србите во Бугарија и надвор од неа за постигнатата согласност и за тоа дека претстојат заеднички дејствија на опозицијата и на ВМРО против режимот во Бугарија, Организацијата го смета сегашниот момент за неповолен за публикација на Манифестот поради чисто тактички причини. Еве ги тие причини: а) поради засилената печатна кампања од страна на комунистите и на земјоделците; б) поради илегалните групи кои се појавија во многу околии во Царството и кои на многу места вршат разбојништво и проповедаат чисто болшевички идеи, и ако притоа нашироко се огласи дека ВМРО во согласност со комунистите почнува

борба против Владата, целото општество ќе се смути, а крајните елементи, пред да бидат добро организирани, ќе почнат да се пројавуваат посилно и ќе се зголеми опасноста од анархија во државата, што може наместо смена на Владата, да повлече окупација на земјата, а тоа, пак, не може да биде пожелно за ВМРО.

4. Договореното издание на весникот може да започне во рамките на дадените разјаснувања, за која цел ВМРО веќе издвои неопходни за прво време средства.

5. Убиствата на: Карамфилов (началник на полицискиот оддел во Софија), Ешкенази (трговец), Грашев (адвокат) и П. Петков (општествен деец), кои ѝ се припишуваат на ВМРО, не се нејзино дело"[489].

Е. Гољденштејн (Доктор, Черски) се сретнал со М. Монев не за да го ислуша, туку за да побара исполнување на сите спогодби, фиксирани во Декларацијата од 29 април 1924 год.

За Е. Гољденштејн доводите на М. Монев немале никакво значење, бидејќи прашањето за публикацијата веќе било решено. Датумот на излегувањето на првиот број на весникот „Балканска федерација", во кој бил публикуван „Мајскиот манифест", веројатно треба да се смета дека е 25 јули 1924 год.[490], бидејќи на 26 јули 1924 год. ополномоштениот претставник во Австрија, В. Х. Аусем, во писмо до Г. В. Чичерин одбележал: „***Македонски работи.*** Во прилог Ви праќам два броја на 'Федерасион Балканик', кои излегоа вчера"[491].

В. Х. Аусем на 26 јули 1924 год. го информирал Г. В. Чичерин:

„Александров до последен момент не ја даваше својата согласност за објавување на Манифестот на ВМРО, но Монев,

---

[489] БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 104. С. 276.

[490] Во весникот било посочено: „Излегувањето на првиот број на 'Балканска федерација', наместо 15 – 22 јули, беше одложено од технички причини". – БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 98. С. 269.

[491] Документи. Док. бр. 111. С. 403.

испратен овде од него, настапуваше против ова објавување мошне слабо и неубедливо. Негов аргумент – без поддршка на автономистите – е дека Цанков итно ќе си оди, а тоа ќе значи интервенција на сите соседни држави. Дека Цанков се чувствува многу лошо, тоа се гледа од неговото последно обраќање кон соседните држави, а, исто така, и кон Чехословачка и кон Грција, со предлог за создавање единствен фронт против комунистите, посебно за притисок врз Австрија, со цел да се протераат сите странски комунисти од Виена. Ова обраќање, на свој начин, и ќе биде прифатено од овие соседи со желба за засилување на репресиите. Но многу се сомневам дека тие ќе бидат во состојба да организираат голема акција во случај на започнување на востание [во] Бугарија. Ако се земе предвид расположението во Париз против Цанков, можно е да се надеваме дека нема да има посебно активна поддршка од страна на Големата антанта, многу се длабоки противречностите таму. Интервенција на Големата антанта би била можна само ако востанието има чисто комунистички карактер, а последното не е задолжително.

Со оглед на позицијата на Александров, можно е да се очекува расцеп на ВМРО, но бидејќи постојат оригиналните потписи на Александров на редица документи[492], тогаш неговата улога на револуционер и политички деец ќе биде завршена. Тој би можел да се врати кон Цанков, но веќе како чист кондотјер[493] и лидер на мала група главосеци“[494].

При таквите околности, Е. Гољденштејн сметал дека е возможно на преговорите со М. Монев и со Т. Карајовов, кој дошол подоцна, да се дискутира само за прашањето за роковите на конкретната реализација на задолженијата прифатени од ВМРО.

---

[492] Притоа, во редакциската белешка за собирање доброволни влогови во полза на „Фондот на Балканска федерација“ била изнесена благодарност на Д. Данаилов, т.е. на Д. Влахов, за трансферот на 15 161 000 австриски круни. Независно од тоа дали Д. Влахов навистина направил трансфер на средствата или не, таа информација не можела да биде воспримена на друг начин освен како потврда на соработката на ВМРО и на „левите сили“ на Балканот.
[493] Раководител на воен одред на наемници во Италија (XIV-XVI в.).
[494] Документи. Док. бр. 111. С. 403, 405.

Бидејќи двете страни имале не само различни цели, туку и нееднаков предмет на преговорите, тие однапред биле осудени на неуспех.

Т. Карајовов во писмото до Т. Александров од 5 август 1924 год. ја пренесол атмосферата на преговорите: „На двете средби со Ч.[495], тој останувaше непоколеблив: ние треба да го исполниме договореното, а, исто така, да се договориме за нивно практично применување. Под последното тој подразбираше: ние треба да прифатиме да дејствуваме со насилствени средства заедно со комунистите и со земјоделците од крилото на Петрини и Грнчаров против Владата со цел да ја доведеме на власт селанско-работничката влада во Бугарија. Тој отиде толку далеку што дури и побара од мене да одредам рок за почеток на применување на насилствени методи на борба. Одговарајќи на тоа, јас се откажав од дискутирање на таа тема и разговорот принудно се прекина. На следната средба тој се потруди да придаде ублажено толкување на своите претходни мисли – тоа беше под влијание на укорите, кои Ч. ги слушнал од повисокото раководство, како што нè уверуваа Данаилов[496] и Турлаков[497]. Вчерашниот разговор, ладен како лед, се заврши со пожелување од страна на Ч. – ЦК колку е можно побрзо да соопшти за своето решение да пристапи кон работа“[498].

Со тоа се завршила мисијата на М. Монев и Т. Карајовов.

### *ВМРО по огласувањето на „Мајскиот манифест“*

Публикацијата на „Манифестот“ неповратно ја променила судбината на П. Чаулев – патот за назад за него бил затворен: на 29 јули тој му ја испратил последната телеграма на Т. Александров, во која истакнал дека аргументите на

---

[495] Ч. – Черски, т.е. Е. Гољденштејн.
[496] Данаилов – Д. Влахов.
[497] Турлаков – П. Чаулев.
[498] БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 114. С. 307.

М. Монев не го разубедиле ниту него ниту „фирмата“, т.е. Виенскиот центар, а неопходно било да се исполнат задолженијата[499].

Т. Александров за публикацијата на „Мајскиот манифест“, а заедно со тоа и за настанатата за него нова реалност дознал на 30 јули 1924 год.

Пред 28 јули 1924 год., Т. Александров, како што било договорено порано, дошол во Ќустендил на средба со претставник на Владата – Димо Казасов, член на БРСДП (ш.с.), која ја поддржувала Владата на А. Цанков[500].

Посочената средба Д. Казасов ја опишал во својата книга „Бурни години (1918-1944)“[501]:

„Јас бев замолен од партиски кругови да дојдам до вистината. Решив да пијам вода од изворот и побарав средба со Тодор Александров, кој, покрај големите свои гревови, имаше и вредни доблести. Тој беше некористољубив, чесен, храбар и директен. Средбата ми беше одредена во Ќустендил, каде што, придружуван од еден четник, приквечер се најдов во домот на ќустендилскиот судија Ангел Узунов. Во ноќта тука дојде и Тодор Александров. Почнавме општ разговор, во чиј тек јас поставив остро прашање, кое ме доведе во Ќустендил. Водачот на ВМРО ми го одговори приближно следново: ’Вистина е, ние преговаравме со федералистите и комунистите, постигнавме договор со нив и го потпишавме заедничкиот манифест. За нас тој договор не беше цел, туку начин да го привлечеме европското јавно мислење врз ’македонското прашање‘. Бидејќи Англија и Франција се малку чувствителни и љубоморни за секој чекор што Русија го прави кон Балканот, ние знаевме дека еден наш договор со комунистите ќе им го погоди најчувствителното место и тие ќе ги упатат погледите кон нас, кон Македонија, кон Бугарија и кон Организацијата. И,

---

[499] Писмо од Т. Александров до К. Прличев и Г. Баждаров од 31 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 1.

[500] Д. Казасов до почетокот на 1924 год. бил во Владата на А. Цанков како претставник на БРСДП (ш.с.). Тој бил на чело на Министерството за железници, пошти и телеграфи.

[501] Казасов Д. Бурни години. София, 1949.

ние не се излажавме. Тие се возбудени од нашиот договор. Ние си ја постигнавме целта. Договор веќе не ни е потребен. Ние сме националисти, патриоти, и не може со комунистите да имаме заеднички фронт'".

Во своите мемоари А. Узунов го окарактеризирал тоа сведоштво на Димо Казасов како пројавување на „слобода на новинарското перо" и забележал: „Тие што го познаваат Т. Александров никогаш не би поверувале дека тој кажал такви зборови. Новинарот Д. Казасов е многу веројатно, по толку 'бурни години', да ги заборавил зборовите на Т. Александров, но тоа не му дава право како што ги прераскажува, да ги изопачува".

Притоа, А. Узунов ги набројал очигледните, од негова гледна точка, грешки на Д. Казасов: „Прво, дека беше постигнат договор, второ, дека беше потпишан манифест, трето, таков договор (…) веќе не беше потребен и, четврто, не беше можен единствен фронт со комунистите".

Но, редактирајќи го текстот на своите мемоари, А. Узунов, сепак, одлучил да го отфрли овој пасус, запишувајќи на маргината „не". Веројатно тој не сакал да биде неправилно разбран: неговата цел била не да го негира фактот дека постојат договор меѓу Т. Александров и СССР, Манифестот и др., туку само да потцрта дека Т. Александров во разговор со Д. Казасов не би бил толку отворен.

Но, сепак, изгледа дека Д. Казасов совесно ја пренесол содржината на својот разговор со Т. Александров. Тоа се потврдува со наведеното од Д. Казасов образложение на Т. Александров на фактот дека е потпишана спогодба со советската страна: „За нас тој договор не беше цел, туку ***начин да го привлечеме европското јавно мислење врз македонското прашање***".

За Д. Казасов тоа тврдење не претставувало повеќе од реторички аргумент на Т. Александров и тој немал причини да не ја предаде веродостојно неговата суштина. Но Т. Александров зборувал ***со*** Д. Касазов само формално, а фактички тој зборувал ***преку*** него како посредник со А. Цанков.

Ако за Д. Казасов укажувањето на Т. Александров на неопходноста „да се привлече европското јавно мислење" имало едноставен контекст, тогаш за А. Цанков, напротив, имало сложен контекст. Само А. Цанков, Т. Александров, Хр. Калфов и А. Протогеров знаеле дека, имено, А. Цанков, оправдувајќи го своето категорично барање кон двајца членови на ЦК да ја напуштат земјата, ја посочил неопходноста Т. Александров и А. Протогеров да ги посетат европските држави со цел да го запознаат јавното мислење со „македонското прашање" и да го привлечат на својата страна. Совпаѓањето на доводите на А. Цанков и на Т. Александров е индиректен, но доволно убедлив доказ на точноста на излагањето на Д. Казасов.

Т. Александров прибегнал кон алузија за да му укаже на А. Цанков на неговата вина, т.е. ако раководителот на ВМРО не бил сосила протеран во странство, тогаш не би се случил и „виенскиот" инцидент. Од тоа следувало дека А. Цанков требало да ја подели одговорноста со Т. Александров и да се обиде да воспостави дијалог за да се најде излез од ситуацијата. Затоа Т. Александров побрзал да ги увери „владините кругови на Бугарија"[502] дека тој продолжува да биде „националист" и „патриот", како и дека позицијата на ВМРО по прашањето за единствени дејствија со комунистите останува неизменливо негативна.

Овој заклучок се поткрепува и од максимално прецизната реконструкција од А. Узунов на неговиот разговор со Т. Александров, кој се одржал по средбата со Д. Казасов:

„Другиот ден отидов кај Т. Александров. […]

– Како е нашиот човек?[503] – му беа првите зборови.

Лицето му беше уморно, затворено. Синоќешниот разговор се гледа дека го беше вратил одново кон непријатната историја со Манифестот.

---

[502] Д. Казасов во своите мемоари го употребил поимот „партиски кругови", зборувајќи за иницијаторите на неговата средба со Т. Александров, притоа не прецизирајќи кои се тие. Користењето од Д. Казасов на заобиколни изрази и неговата претпазливост се објаснуваат со времето во кое се издадени неговите мемоари – 1949 год.

[503] Т. Александров зборувал за Д. Казасов.

– Како спиел, не знам, си легна небаре задоволен, а утрото беше многу весел и со подигнато расположение – му одговорив јас.

– Му дадов добри вести... за него и неговите пријатели кои го испратиле. Нашата историја со болшевиците ги исплашила, но тоа е убаво... Нека си имаат обетка на увото. Очекував дека тоа ќе размрда многумина, но не до толку – нижеше тој збор по збор, без да дигне очи од недовршеното писмо. Потоа наеднаш стана и зачекори нервозно низ собата, поместувајќи ги столовите што се испречуваа на неговиот пат. Ги рашири зачудено рацете и посилно со убавиот глас продолжи:

– Ах, тие двајца, Чаулев и Влахов, да не ја искривеа работата! Што ќе станеше, знаеш ли? Чудо, ти велам, чудо... – замолкна за миг и потоа како на себеси си додаде: – Но, нејсе... и така е добро...

Разговорот ни беше доста долг, во кој Александров не знам по кој пат ги излагаше своите аргументи за неуспехот на овие разговори.

– Ангеле, ние сакаме таков договор, право или криво, го сакаме... Нели затоа ги испративме Влахов и Мирчо во Москва, потоа Влахов во Виена. Го сакаме и ни беше потребно и корисно... Поставивме машки и чесни услови. Тие како да не се ни потрудиле да го прочитаат нашиот проект. И со тоа нè огорчија, понижија... Ништо ли во него не беше прифатливо? Кога не нè признаваат за сила, зошто нè бараат? Нека си ги земат Мишев, Атанасов, Петрини... Ние и без нив сме нешто, а што се тие без нас? Ништо, братко, ништо! Ќе ги згазам!

Чекореше од едниот до другиот крај на собата, мавташе со рацете, поставуваше прашања и веднаш сам си одговараше, возбуден и напрегнат, каков што секогаш го бев гледал.

– Но од тоа има излез, можеби и треба некои нешта да се разјаснат, да се прецизираат, и можеби тогаш ќе се постигне нешто – се надоврзав јас.

Тој ме прекина, застана спроти мене и продолжи како да не ги слушнал моите зборови: – И тие и ние знаеме повеќе. Но сега е крај... Кога ја превртевме колата, и тие и ние научивме

повеќе! Но сега е крај... Нашите очи се отворија, ние гледаме повеќе, Ангеле!“[504]

Опишаната од А. Узунов напната состојба на Т. Александров е наполно објаснива – само тој прецизно сознавал дека се наоѓа на самиот крај на пропаста. Но, сепак, дијалогот меѓу Т. Александров и А. Узунов дава индиции дека кај Т. Александров се јавила надеж дека тој ќе може да ги смири односите со А. Цанков („Му дадов добри вести... за него и неговите пријатели кои го испратиле“). Притоа, Т. Александров уште не знаел дека веќе излегол првиот број на весникот „Балканска федерација“ со текстот на „Мајскиот манифест“. За тоа тој дознал истиот ден, на 30 јули 1924 год., на средбата со К. Јанков.

Редоследот на средбите Т. Александров го одредил соодветно со нивната важност за него. Бугарските комунисти во Виена не итрувале кога тврделе дека К. Јанков упорно барал да се види со Т. Александров. Но последниот одбегнувал контакти со претставниците на БКП (т.с.) до средбата со делегатот од Владата на А. Цанков. Јасно било дека содржината на беседата на Т. Александров со К. Јанков зависела од резултатот на разговорот со делегатот на Владата на А. Цанков. Поради тоа што Т. Александров скоро останал задоволен од средбата со Д. Казасов, тој одлучил само да го ислуша К. Јанков. Освен тоа, Т. Александров бил насочен кон целосно раскинување на односите со советската страна, што се потврдува и со неговите зборови пренесени од А. Узунов: „Но сега е крај... Кога ја превртевме колата, и тие и ние научивме повеќе! Но сега е крај...“ Сепак, можно е дека ако тој претходно знаел дека „Мајскиот манифест“ бил објавен во првиот број на весникот „Балканска Федерација“, тогаш би се однесувал кон разговорот со К. Јанков на друг начин.

К. Јанков дошол на средба со Т. Александров, според неговите зборови, „неофицијално како син на својот татко“ и „полуофицијално“ како претставник на Виенскиот центар.

[504] Државен архив на Република Македонија. Без број.

Татко на К. Јанков му бил ***македонскиот патриот Атанас Јанков***, кого го нарекувале македонски Гарибалди, како и Јанко-паша.

***Атанас Јанков*** учествувал во три војни: како доброволец во Српско-турската војна (1876 год.) и во Руско-турската војна (1877-1878 год.), а потоа веќе како офицер на бугарската армија (во 1880 год. тој завршил воено училиште во Кнежество Бугарија) во Српско-бугарската војна (1885 год.). По оставката, Атанас Јанков целосно се оддал на борбата за ослободување на Македонија: тој станал член на Врховниот македонско-одрински комитет, и како таков во 1902 год. се обидел да го дигне населението на Македонија на востание, учествувал во Горноџумајското востание (1902 год.), во Илинденското востание (1903 год.). Во 1906 год. Атанас Јанков загинал во вооружен судир со турските војски.

Животното кредо на Атанас Јанков било изразено во неговото обраќање кон македонскиот народ (1902 год.):

„Македонци! Сетете се за светскиот победник, за светската слава на Македонија –на великиот Александар Македонски; сетете се за храбриот цар Самуил, македонскиот великан, за општословенската слава – прекрасниот Крале Марко, дека во нив течела македонска крв; тие од небесните височини бдеат и го благословуваат нашето започнато дело. Да се покажеме како достојни нивни потомци: да им ги зачуваме славните имиња и да го зачудиме светот со нашата храброст, умешност и самопожртвуваност; да го отфрлиме од себе срамниот јарем што не души пет века“[505].

Георги Константинов (Бистрицки) го напишал за Атанас Јанков следново:

„Полковник Јанков од село Загоричани, идеалист-патриот и душата на робовите, својот сакан неслободен роден крај го напушти ... за да му помага на братот роб на друго место – каде што потребата од него беше понеопходна и поголема, не ја виде слободата на својата потисната татковина, на која тој ѝ

[505] Весник „Реформи“. 14.9.1902 г. С. 30-31.

посвети и младост, и сили, и здравје, и имот – целиот свој мученички живот"[506].

Коста Јанков бил сличен на својот татко, со директност, отвореност, чесност, алтруистички хероизам, кој се пројавувал во желбата да го посвети својот живот на служењето на луѓето или, според зборовите на Георги Константинов, да стане „душата на робот", но и во исто време со убеденост дека борбата бара во директна смисла жртви.

Треба да се спомене дека по мајчинска линија Коста Јанков се наоѓал во роднинска врска со Рајна Кнегиња.

Коста Јанков, иако го посветил својот живот на другиот идеал – социјално ослободување на „робот", сепак, тој не ги потценувал улогата и значењето на ВМРО како фактор на националноослободителната борба на македонскиот народ. Тој бил против позицијата на Г. Димитров и В. Коларов, кои ја карактеризирале ВМРО како фашистичка организација, непријателска на „левите сили", тој бил против максималистичките барања, поставени на ВМРО за време на преговорите во Виена, сметајќи дека од македонската национална организација не би требало да се бара повеќе од ***неутралност*** во случај на вооружени дејствија на „левите сили" во Бугарија.

Притоа, Коста Јанков, занимавајќи се со воено-техничка работа, која, меѓу другото, се состоела во пренесување на оружје и на експлозивни материјали од СССР во Бугарија, непосредно контактирал со ИНО на ОГПУ и со неговите агенти на Балканот. Самостојноста, независноста на К. Јанков станале една од основните причини за непријателскиот однос кон него од страна на Г. Димитров и В. Коларов. Но таа околност не го вознемирувала многу К. Јанков. Него реално го тревожеле возможните негативни последици на политиката на Г. Димитров и В. Коларов во однос на Македонската организација.

Огласувањето на „Мајскиот манифест", од гледна точка на К. Јанков, се заканувало со катастрофа не само на

[506] Бистрицки. Българско Костурско. Ксанти, 1919. С. 51.

ВМРО, но и на БКП (т.с.). К. Јанков промислил мерки за „ублажување“ на ударот и ги предложил на средбата со Т. Александров.

Во излагањето на Т. Александров, неговиот разговор со К. Јанков течел на следниов начин:

Како „полуофицијален“ претставник на Виенскиот центар, К. Јанков го поставил прашањето за неопходност „двете страни да се определат со претставници за да се обмислат допирни точки“. Т. Александров посочил дека тоа веќе се обидуваат да го реализираат во Виена еден-двајца негови делегати, имајќи ги предвид М. Монев и Т. Карајовов, и конечен одговор тој ќе дал по 5-10 дена.

К. Јанков уште му предложил на Т. Александров преку своите врски во Москва и преку резидент, кој дошол во Бугарија од Москва, да помогне да се надминат недоразбирањата. Т. Александров се заблагодарил, без да даде конкретен одговор.

Потоа Т. Александров одново почнал да објаснува дека карактерот на македонското движење предопределува неможност за него „да заземе одредена страна (лево-десно) во борбата“. К. Јанков го ислушал Т. Александров без да возрази, од што последниот заклучил дека К. Јанков го споделува неговото мислење.

Понатаму К. Јанков го прашал Т. Александров што мисли тој за „некоја декларација“ што била објавена во првиот број на весникот „Балканска федерација“. Т. Александров одговорил дека не може ништо да каже без да ја прочита и замолил да му се испрати по И. Михајлов барем еден примерок од весникот. На предлогот на К. Јанков да го задржи ширењето на весникот, Т. Александров изреагирал негативно: „Ако веќе тој се распространи низ целиот свет, тогаш нема смисла вие да го задржувате неговото ширење овде“.

Средбата се завршила со изјавата на Т. Александров дека обидот за буна во Бугарија претставува опасност како за самите комунисти така и за државата, а ВМРО има потреба

од постоење на независна Бугарија, макар и под власт на Стамболиски, но не под власт на Србите и Грците.[507]

Анализирајќи ја содржината на разговорот со К. Јанков, Т. Александров заклучил дека тоа бил „или обид да се ослабне будноста" на ВМРО, или обид на „локалните" комунисти, т.е. тие што се наоѓаат во Бугарија, да се вмешаат „поради страв" „за да не дојде до конфликт и да не станеме лути непријатели"[508], и втората негова претпоставка била поблиска кон вистината.

Насочен кон раскинување на односите со советската страна, Т. Александров не му придал посебно значење на предлогот на К. Јанков да се почнат преговори на самото место, во Бугарија, „при целосно познавање на сегашната ситуација и на конкретните потреби, како и на соодносот на силите, врз база на помош на дејствителната борба за национално ослободување на Македонија"[509].

К. Јанков, како што ветил, му го препратил на Т. Александров првиот број на весникот „Балканска федерација". Така Т. Александров дознал дека Виенскиот центар го објавил „Мајскиот манифест".

Тоа што Виенскиот центар, наспроти решението на Политбирото на ЦК на БКП (т.с.), се откажал од публикација на Декларацијата од 29 април 1924 год. во полза на „Манифестот", му создало на Т. Александров некое поле за маневар, бидејќи тој, за разлика од Декларацијата, не го потпишал овој документ.

Затоа, Т. Александров со мирна совест можел да му го напише на К. Јанков следново:

„Револтиран сум од дното на душата за печатењето на некакков манифест во овој број на Б. Ф. од името на ВМРО и со

---

[507] Писмо од Т. Александров до А. Протогеров од 31 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 2;
писмо од Т. Александров до К. Прличев и Г. Баждаров од 31 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 1.

[508] Писмо од Т. Александров до К. Прличев и Г. Баждаров од 31 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 1.

[509] Писмо од К. Јанков до Т. Александров од 7 август 1924 год. – БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 116. С. 311.

мој потпис, затоа што ниту сум ставил потпис под сличен партизански лист ниту можам да давам согласност да се урива од темел едно народно дело, изградено со такви напори и жртви.

Ако под 'братски подадената рака на големата земја' го разбирате објавувањето на непостоен за мене и невозможен за ВМРО од секое гледиште 'манифест' и нечесните обиди на неколкумина виенски жители со интриги и морален и др. терор да го изместат македонското националноослободително движење од неговиот природен пат, нацртан со потоци крв на најдобрите македонски синови, меѓу кои видно место зазема херојски загинатиот за слободата на Македонија, Вашиот татко, полковник Јанков – Ви благодариме за вака 'братски' подадената рака, која има цел да ги минира основите на едно големо дело"[510].

Иако писмото фактички било наменето за Виенскиот центар, Т. Александров го засегнал и К. Јанков, не разбирајќи дека Јанков реално се обидувал „на најдобар" начин да го исполни заветот на „својот покоен татко", инаку тој не би му ја понудил на Т. Александров својата помош. Завршувајќи го писмото, Т. Александров изјавил: „По расветлувањата, кои ги имате за ова прашање, сметам дека заветот на најдрагиот за Вас покоен татко не само што не го исполнувате 'најдобро' туку, напротив, тоа го правите многу лошо. Иднината ќе Ве убеди во тоа и Вас и сите – qui vivra, verra"[511].

Одговарајќи му на Т. Александров на 7 август 1924 год., К. Јанков повторил дека го исполнува заветот на својот „најдраг покоен татко" бидејќи предлага апсолутно конкретен план за излез од сегашната ситуација без „минирање на основите … на великото дело", т.е. преговорите „на местото". Притоа, тој сметал за нужно неколку пати да намекне дека исполнува улога на медијатор, настапувајќи од име на „другарите", кои „целосно ја осознаваат огромната

[510] БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 112. С. 297.
[511] БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 112. С. 297.

одговорност“. Во писмото К. Јанков дава на знаење дека со тие, од чие име тој дејствува, нема да се повтори таа „трагично смешна историја“, која се случила со Манифестот, истакнувајќи ја својата неинформираност за тоа „што е зборувано во Виена и на друго место, какви преговори се воделе, какви манифести биле пишувани, потпишувани и издавани итн. итн.“[512]

К. Јанков не отстапил од вистината. Во „интерес на делото на балканската револуција“, тој имал намера, користејќи ги врските со ИНО на ОГПУ, да ги пренасочи преговорите кон себе за да ги поправи грешките направени од Виенскиот центар, кои ги наместиле под директен удар и ВМРО и БКП (т.с.), и да добие од Т. Александров согласност за неутралноста на ВМРО во случај на револуционерни настани.

Затоа К. Јанков му напишал на И. Генчев на 10 август 1924 год. во Виена:

„Лично јас сметам дека во историјата со Манифестот, како и воопшто во вашето разбирање на односите со Македонците и на применувањето од нивна страна на тактика на единствен фронт со нас има многу од старото доктринерство. Според моето лично мислење, на вашиот манифест и на платформата им недостига конкретност во однос на потребите, животот и сегашната состојба како на македонските маси така и на организацијата на автономистите. Манифестот, по мое мислење, наместо да биде апел против Цанков … би требало да се ограничи, најнапред, со темата за ослободување на Македонија, остро потцртувајќи дека без Советска Русија е невозможно да се достигне тоа ослободување. Таков манифест би бил комплетно разбран од страна на македонските маси. ’Со Русија‘ – тоа е основна пружина, која по какви и да е вибрирања, би нè довела кон цврсто единство на дејствијата со Македонците по апсолутно природен за македонската маса, разбран за неа, пат кој одразува објективен и природен процес на револуционизирање на таа

[512] БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 116. С. 311-312.

маса… Од тоа гледиште треба секогаш да се земаат предвид како општите раководни наши комунистички идеи така и тој сосема конкретен процес, кој ги претвора дадените идеи во факт на реалноста. За мене воопшто не е разбирливо како е можно и натаму да се истакнуваат во платформата такви барања како ’да се ослободи Хр. Кабакчиев‘. Што има македонско во тоа барање? … Таквата ’платформа‘ може во извесна смисла да се смета за комунистичка платформа за единствен фронт, кога ние се наоѓаме далеку од животот и од реалните процеси во него, поврзани со непрекината опасност од реални удари на противникот, и тогаш градиме задоблачни ’стратешки‘ чекори. Во однос на внатрешната борба во Бугарија, сега би било своевремено, …, да се стави на централното место во платформата барањето за ’неутралноста‘ во внатрешната борба.

Ако вашата ’тактика‘ дефинитивно уште не ги урнала сите патишта (во случај ако веќе ги урнала, тогаш ние ќе бидеме принудени да го избереме патот за уривање на автономистите и на можно уривање на нивната организација, што сега не е сосема во интерес на делото на Балканската револуција), тогаш ние овде мислиме да започнеме преговори врз гореозначената база, но притоа не ограничувајќи се и не притеснувајќи се да влијаеме и со други средства врз емигрантската маса. Доколку и покрај сето ова, врвот, сепак, се откаже, тогаш тоа е полошо за него – македонските маси сосема јасно ќе го здогледаат неговото предавство; многу појасно и со многу помали напори, жртви и борба од наша страна, ...

[…] P.S.

Кога завршив со пишувањето, тогаш го прочитав твоето писмо, во кое беше посочено дека аргументите на Т. Александров се отфрлени, имено, во тој дух за кој јас дискутирам во горепосоченото писмо. Разбираш ли дека сега вие претеравте повеќе од потребното? Сосема е очигледно дека вие сакате да почне борба внатре во Организацијата меѓу

Чаулев, од една страна, и Т. Александров, од друга[513]. Таквата борба е неизбежна. Но со вашето доктринерство вие ја почнувате во тој момент и на таков начин што ние ќе се најдеме во многу тешка положба. Ние ќе се обидеме да ја поправиме грешката. […][514]"

На што сметал К. Јанков? – Фактички на формална рационалност. Според неговото мислење, калкулацијата и пресметките на можните загуби на местото, т.е. во Бугарија, од гледна точка на „силите на револуцијата" во случај на отворен конфликт со Т. Александров би требало да го натераат Виенскиот центар да се откаже од примената на својата тактика. Тоа што К. Јанков успеал да го убеди во правилноста на својата позиција претставникот на ИНО на ОГПУ, „др. Кирил", му дало чувство на сигурност.

Но позициите на К. Јанков и Виенскиот центар биле различни во самиот старт. Првиот настапувал само со ***предлог*** да се почнат преговори со Т. Александров за неутралност, оставајќи отворени такви прашања како: што да се прави со Манифестот, кој бил публикуван врз база на решението на највисоката инстанца, Политбирото на ЦК на ВКП (б), и со другите документи потпишани во Виена; што ќе се случи ако не се успее со нова спогодба со Т. Александров за неутралноста и сл., а вториот имал ***разработен план*** со кој се предвидувале алтернативни варијанти, но во секој случај насочени на вклучување на ВМРО во рамките на единствен револуционерен фронт. Земајќи предвид дека формалната рационалност на институтите кои учествувале во подготовката на „светска револуција" се базирала врз калкулација не на

---

513 Ополномоштениот претставник во Австрија, В. Д. Богомолов, во писмото до Г. В. Чичерин од 13 август 1924 год. посочил: „Што се однесува на развојот на натамошните настани во македонското движење, јас мислам дека овој чекор на Александров за нас има и свои добри страни. Прво, според неговите лични особини, да се потпреш на Александров, би било многу ризично; второ, откако Александров сега се искомпромитира, најреволуционерниот дел на ЦК на ВМРО ќе се оддалечи од него. Во оваа насока ќе работи како Чаулев така и Влахов". – Документи. Док. бр. 120. С. 449.

514 Коминтерна. Док. бр. 77. С. 696, 698, 700.

можните загуби туку на можните добивки, тогаш планот на Виенскиот центар бил за нив неспорно поцелесообразен отколку предлогот на К. Јанков.

Освен тоа, надежите на К. Јанков дека „др. Кирил“ ќе пренесе во Москва информации за состојбите во Бугарија, минувајќи го „филтерот“ на Виенскиот центар, не се оправдале.

„Др. Кирил“[515] заминал од Бугарија на 5 август 1924 год. и се упатил кон Виена. Најверојатно првите информации за разговорот меѓу Јанков и Т. Александров биле добиени од него, бидејќи Задграничното претставништво (Н. Исаков и И. Генчев) уште до добивањето на извештајот на К. Јанков веќе ја искоментирало позицијата на последниот. Во писмото од 8 август 1924 год., адресирано до ЦК на БКП (т.с.), било истакнато: „Во секој случај, мислењето на Коста дека би требало да се ограничи со неутралноста од страна на Т. А. ги изненадило нашите руски другари. Тие кажуваат дека тоа е отстапување од позицијата зафатена во публикуваниот манифест и која има перспектива да стане позиција на огромното мнозинство во ВМРО и на таков начин да биде прифатена од самиот Т. А. При тоа позицијата на неутралност во наши услови – услови на проширена борба и на натамошен развој на граѓанската војна – е незамислива. Оваа неутралност би била иста како и септемвриската. Од друга страна, исто така, руските другари беа многу изненадени од молбата на Коста да се издвојат средства за Т. А. за неговата декларација за неутралност, бидејќи досега се сметаше дека за декларации, па дури и за активен сојуз не треба да се даваат какви било средства, а неопходно е задолжително да се бараат дела. Руските другари се убедени дека е доволно цврсто и енергично да се придржува до претходниот курс и Т. А. или ќе биде принуден да го исполни Манифестот или ќе биде исфрлен од ВМРО. Тие веќе преземаат мерки по парирањето на играта на Т. А. (неговото молчење во врска со Манифестот се

[515] Коминтернът и България (март 1919 – септември 1944 г.). Документи. София, 2005. Т. 1. Док. № 110. С. 275.

негира од други лица во печатот). Но и ние треба да помагаме во масите да не остане никаков сомнеж дека Манифестот е вистински. Од друга страна, руските другари на најнастојчив начин бараат нашите луѓе насекаде да влегуваат во братства за таму да го парализираат влијанието на нашите противници и за нивно примамување на страната на Манифестот“[516].

Што се однесува на „руските другари“, новиот претставник на ИККИ во Виена, Б. Д. Михајлов (J. Williams), во својот информативен извештај од 14 август 1924 год. ја повторил верзијата за „пазарење“ во врска со неутралноста: „Да се пазариме за ’неутралноста‘ на Македонците (како што мислат некои другари во Бугарија) е глупост; што е тоа ’неутралност‘ – кога станува збор за вооружена борба на две сили? Треба да се продолжи линијата на заеднички акции со *левицата* на Македонците (Чаулев!), разобличувајќи го *Александров* и изолирајќи го од македонските маси. *Заклучок*: молба да им се обрне внимание на органите што зедоа учество во појавувањето на македонскиот ’манифест‘, на неопходноста да се форсира изолацијата на *Т. Александров*, меѓу другото, на најблискиот конгрес на МРО да се потрудиме да го урнеме за време на изборите на ЦК (на тројката)“[517].

Б. Д. Михајлов бил прекомандуван во ИККИ по решението на Политбирото на ЦК на РКП (б) од 19 јуни 1924 год. заедно со такви познати партијци како Д. З. Мануилски, Ф. Ф. Петров (Раскољников) и др. Еден и пол месец тој работел како заменик-раководител на Одделот за агитација и пропаганда (Агитпроп), а потоа, под псевдонимот J. Williams, бил испратен како претставник на ИККИ во Виена. Според карактеристиката на Г. Е. Зиновјев, новиот претставник на ИККИ, Б. Д. Михајлов, бил „архитепач“ и, според информативните извештаи што ги испраќал во Москва, тој

---

[516] Коминтернът и България (март 1919 – септември 1944 г.). Документи. София, 2005. Т. 1. Док. № 111. С. 277.
[517] Коминтерна. Док. бр. 78. С. 705.

навистина „скокаше во бој“[518]. Така, на пример, во извештајот од 15 октомври 1924 год., Б. Д. Михајлов забележал: „Јас се обидов на Президиумот на Балканската федерација да поставам прашање за нашата оцена на политичката ситуација во Бугарија во врска со перспективите на востанието. Другарите културно го одбиле овој предлог, ... […] Во врска со планираното преместување на раководството на военo-техничката работа од Бугарија на друго место и заради тешкотиите на врските со ЦК, јас сметам дека ќе биде многу важно во најблискиот период да се има вашиот претставник непосредно при ЦК на БКП. Тоа ќе биде, веројатно, поважно отколку да имаме претставник при Балканската федерација. Ако вие го поставите тоа прашање, јас би замолил мене да ме испратите таму“[519].

Земајќи го предвид карактерот на Б. Д. Михајлов, не е можно да се претпостави дека тој би бил способен да прифати склучување на договор со ВМРО за неутралноста на Организацијата во случај на револуционерните настани во Бугарија. („Што е ’неутралност‘ – кога станува збор за вооружена борба меѓу двете сили“?)

Б. Д. Михајлов се залагал за „истиснување“ на Т. Александров и неговите приврзаници од Организацијата и за „завладување“ на ВМРО од страна на „левите сили“. Истата позиција ја зафаќале В. Х. Аусем, Д. В. Богомолов, М. Логановски и Е. Гољденштејн.

Следствено, доколку „др. Кирил“ би се осмелил да го брани предлогот на К. Јанков, тој би бил еден против сите. При таквите околности, на Г. Димитров, кој се вратил од Москва, не му биле потребни големи напори да го убеди „др. Кирил“ во тоа дека К. Јанков манипулира со факти.

Г. Димитров во своето писмо од 1 октомври 1924 год. му ја претставил ситуацијата на В. Коларов на следниов начин: „Кога Кирил самиот ги прочитал писмата што ние овде му ги пишувавме на ЦК за преговорите, кои овде се спроведуваа

[518] Пантелеев М. Агенты Коминтерна. Солдаты мировой революции. М., 2005.

[519] Коминтернът и България (март 1919 – септември 1944 г.). Документи. София, 2005. Т. 1. Док. № 144. С. 361.

меѓу руските другари и Македонците, извештајот на делегатот на ЦК (Хр. Јанков) и формулираните од него барања до ЦК во врска со тие преговори, како и други документи, тој просто се фатил за глава од чудење, неговите очи се наполниле со солзи од огорченост затоа што К. Јанков му сервирал апсолутно неверна и тенденциозна информација за сето тоа.

Но уште пострашно е дека сето тоа се правеше во согласност со ЦК, многукратно се дискутираше во Президиумот на Федерацијата и беше предмет на најдетални дискусии со компетентни руски другари во Москва, а сега се претставува како лично фатално дело на Виктор[520]!

Има нешто нездраво и опасно во ЦК, во кој прва виолина, всушност, свират новите луѓе во нашето движење, притоа грандомани со болни амбиции“[521].

Веројатно „др. Кирил“ по разговорот со Г. Димитров, му пишал на К. Јанков, бидејќи на 8 октомври 1924 год. К. Јанков му подготвил одговор, во кој истакнал: „Јас одново писмено потврдувам дека при преговорите со ВМРО, нашиот ЦК беше изолиран од раководството со таа акција. Пред овој факт, сите тие ’документи‘ што Вам Ви ги покажаа во Федерацијата немаат никакво значење. Прашајте ги нив, дали тие го бараа нашето мислење кога: 1) го составуваа Манифестот од 6 мај (за содржината на Манифестот ние дознавме само од статиите во ’Балканска федерација‘); 2) кога го поставуваа својот познат ултиматум до ЦК на ВМРО (...); 3) и, на крајот, дали тие нас нè информираа и се интересираа за нашето мислење кога одлучија да ги прекинат врските со ЦК на ВМРО, огласувајќи го без негово знаење и негова согласност Манифестот од 6 мај? Сите тие три точки ја сумираат во себе целата тактичка мудрост на нашата акција за ’единствен фронт‘ со ВМРО. Сè останато се само ситници. Др. Георг[522] ништо не ни соопшти, преземајќи ги сите важни и решителни чекори, а тоа значи дека учеството на ЦК во таа

---

[520] Виктор – псевдоним на Г. Димитров.

[521] БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 144. С. 357. Јасно е дека под „грандоман“ и човек „со болни амбиции“, Г. Димитров го имал предвид К. Јанков.

[522] Др. Георг – Г. Димитров.

акција и раководството со неа беа сведени на нула. Дали е тоа јасно, др. Кирил? Сѐ останато е од лукавиот“[523].

На таков начин, надежите на Коста Јанков не се оправдале. Реално, неговата позиција по „македонското прашање“ ја споделувале само тројца членови на ЦК на БКП (т.с.), а тоа значи дека предложениот од него излез од ситуацијата бил неостварлив.

Публикацијата на „Мајскиот манифест“ станала појдовна точка за почеток на офанзивни дејствија на Виенскиот центар, од едната страна, и на Т. Александров, од другата.

Т. Александров бил свесен дека појавувањето на првиот број на весникот „Балканска Федерација“ ги нивелирало резултатите на неговата средба со Д. Казасов како претставник на Владата на А. Цанков. За да не дозволи ситуацијата дефинитивно да излезе од контрола, тој одлучил да дејствува „брзо и енергично“.

Кон 3 август 1924 год. биле подготвени три документи: кратко телеграфско соопштение (бр. 771), декларација на ЦК на ВМРО (бр. 772) и циркуларно писмо (бр. 774).

Краткото телеграфско соопштение било наменето за привремените задгранични претставници на ВМРО. Во него се посочувало: „Негирајте го решително пред дописниците на странските весници публикуваниот манифест во некој виенски весник ’La Fedération Balkanique‘. ВМРО е национална организација, која во себе ги вклучува сите класи и слоеви, и поради тоа не е можно таа да стане класна или партиска. Таа има своја одредена цел и таа не е способна да се занимава со големи задачи – да решава крупни светски проблеми“[524].

[523] Коминтернът и България (март 1919 – септември 1944 г.). Документи. София, 2005. Т. 1. Док. № 140. С. 357.
[524] БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 109. С. 286-287.

Текстот на Декларацијата од 1 август 1924 год., потпишана од А. Протогеров и Т. Александров[525], посочува дека нејзини адресати биле: официјални кругови и раководители на политички партии на Бугарија, а, исто така, и субјекти што биле вмешани во подготовката на револуционерни акти на Балканот, т.е. БКП (т.с.) и Виенскиот центар.

Главни тези на Декларацијата биле следниве:

– Манифестот не е „акт на Централниот комитет", туку „дело на егзалтирани комунисти";

– ВМРО при никакви околности нема да ги преземе тие дејства, кои би ја изложиле на ризик безбедноста на Бугарија;

– „само ВМРО е единствено компетентна да ја насочува својата дејност кон постигнување на сопствениот идеал – слободна и независна Македонија", т.е. политичките партии и фактори на Бугарија треба да ја поддржуваат ВМРО, без да се мешаат во нејзините работи.

Последната теза фактички комплетно се совпаѓа со истата од Декларацијата бр. 760 од 10 јули 1924 год., со исклучок на една, но доволно важна, разлика:

– во Декларацијата од 10 јули 1924 год. се истакнувало: „дојде време сите политички партии во Бугарија **јасно и недвосмислено да си ја одредат својата позиција во однос на ВМРО**, која е единствено компетентна да ја насочува својата дејност кон постигнување на сопствениот идеал – слободна и независна Македонија";

– во Декларацијата од 1 август 1924 год.: „дојде време сите политички партии и фактори **да разберат** дека само ВМРО е единствено компетентна да ја насочува својата дејност кон постигнување на сопствениот идеал – слободна и независна Македонија".

Од мемоарите на Г. Баждаров следува дека текстот на Декларацијата тој го подготвил по своја сопствена

[525] Имено, таков бил редоследот на потписите под Декларацијата од 1 август 1924 год.

иницијатива, составувајќи го претежно од цитати од Декларацијата од 6 септември 1923 год. и од Декларацијата од 10 јули 1924 год.

Неопходноста од компилацијата Г. Баждаров ја објаснил со отсуство на време за дискусија и усогласување на новиот текст во врска со потребата од молскавично реагирање на публикацијата на „Мајскиот манифест“. Од друга страна, цитатите од Декларацијата од 6 септември 1923 год. биле потребни за да го потсетат Д. Влахов за неговите претходни гледишта, а тезите на Декларацијата од 10 јули 1924 год. – широките кругови на јавноста да се запознаат со основните нејзини идеи, бидејќи Декларацијата не била објавена, „туку само прочитана од ограничен број лица“.

Според зборовите на Г. Баждаров, тој го прочитал проектот на Декларацијата на мал собир, на кој присуствувале Н. Милев, Г. Кулишев, К. Прличев, Јордан Бадев, Н. Томалевски. По одобрувањето на проектот од присутните, Г. Баждаров по курир им го испратил текстот на Декларацијата во Петричкиот крај на Т. Александров и А. Протогеров. Откако тие ја потпишале, Декларацијата била однесена во Софија, ноќта меѓу 2 и 3 август, и потоа била испратена во редакции на весници и на странски кореспонденти.[526]

Г. Баждаров, соопштувајќи ги горепосочените факти за Декларацијата од 1 август 1924 год., притоа не споменал за принципиелно важната исправка, внесена во текстот на Декларацијата од 10 јули 1924 год.

Следствено, прашањата: кој, имено, внесол промени во текстот преземен од Декларацијата од 10 јули 1924 год. и со која цел? – остануваат отворени.

Но, во секој случај, бидејќи Декларацијата била потпишана од Т. Александров, таа соодветно ја изразувала неговата гледна точка.

---

[526] Баждаров Г. Моите спомени. Съставител: Ангел Джонев. София, 1929 // www.promacedonia.org/gb/gb_3_2c.html

Повикувајќи ги, во Декларацијата од 10 јули 1924 год., политичките партии на Бугарија да ги „одредат“ своите позиции во однос на Организацијата, Т. Александров поставил прашање за неопходноста од изработка на ***единствена државна политика*** по „македонското прашање“. На тоа јасно и недвосмислено укажува следниот цитат од неговото писмо од 12 јули 1924 год. во врска со Декларацијата: „Дојде крајно време сите политички партии да ја прифатат општата континуирана државна политика барем по ’македонското прашање‘ и доследно да ја следат“[527].

Од контекстот на разјаснувањата на Т. Александров следува дека ВМРО заедно со политичките партии „доследно“ би ја следела ***единствената бугарска државна политика*** по „македонското прашање“. Во тој случај, ВМРО би била ***единствено компетентна организација во реализацијата на единствената бугарска државна политика по „македонското прашање“*** или, со други зборови, инструмент за спроведување на усогласената бугарска државна политика. Но, притоа, во Декларацијата посебен акцент бил ставен на самостојноста на ВМРО. Според законот на логиката за противречностите, кој тврди дека „од два спротивставени исказа еден е лажен“, лажна била или изјавата на ВМРО за „самостојниот“ карактер на Организацијата или изразениот од неа стремеж „доследно“ да ја следи единствената бугарска државна политика по „македонското прашање“. Впрочем, прашањето за изработка на единствена државна политика во рамките на целта поставена од Организацијата – постигнување на „слободна и независна Македонија“ – отпаднало само по себе, бидејќи по разговорите на претставниците на ВМРО со раководителите на низа политички партии, станала очигледна неможноста да се реализира таа идеја.

Повикот во Декларацијата од 1 август 1924 год. до „политичките партии и фактори“ на Бугарија „да разберат дека само ВМРО е единствена компетентна да ја насочува својата

---

[527] Писмо од Т. Александров до И. Михајлов од 12 јули 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 28. Л. 65.

дејност кон постигнување на сопствениот идеал – слободна и независна Македонија" – бил рамносилен на барањето ВМРО да биде признаена за единствен субјект со прерогатив ***да ја одредува и да ја реализира*** политиката по „македонското прашање".

Притоа, поддршката „на македонското дело", т.е. делото на ВМРО, или, во крајна мера, пројавувањето лојалност кон него во Декларацијата биле претставени како национален долг на Бугарите, без разлика на нивната партиска припадност, со посочување дека „...најактивно учество во ослободително то движење земаат македонските Бугари", поради тоа „што тие се најпотиснати и најмногубројни во поделената и поробена" Македонија[528].

***На таков начин Декларацијата од 1 август 1924 год. го означила завршувањето на процесот на еманципација,***[529] ***во прв ред, на Тодор Александров како раководител на ВМРО од сопствените илузии и заблуди за постоење на можности, по Првата светска војна, за поврзување на борбата за слобода на Македонија со политиката на бугарската национална држава.***

Таквите заблуди потекнувале од проблемот на идентичноста[530] на Т. Александров.

Т. Александров имал двосложна идентичност[531] – територијална[532] (регионална) и етничка (национална)[533].

---

[528] БКП, Коминтернът и македонският въпрос. София, 1998. Т. 1. Док. № 110. С. 288.

[529] *Танхилевский А. Г.* Эмансипация как философская проблема // Vita Cogitans: Альманах молодых философов. Выпуск 2.
СПб.: Санкт-Петербургское философское общество, 2003. С. 164-183.

[530] За поимот „идентичност" види: Идентичность как предмет политического анализа. Сборник статей по итогам Всероссийской научно-теоретической конференции (ИМЭМО РАН, 21-22 октября 2010 г.). М., 2011; *Орлова Э. А.* Концепции идентичности/идентификации в социально-научном знании // Вопросы социальной теории. 2010. Т. IV.

[531] Е. В. Морозова предлага да се разликува ***двосложната идентичност*** како „варијација на сложено составената" идентичност од ***двојната идентичност***: „Воведувајќи таква аналитичка категорија како сложено составена идентичност, ние го имаме предвид соодносот на индивидуата со

Индикативно е дека нему му се припишува следниов исказ: „Ако некој ми каже дека јас не сум Македонец, тогаш

референтната група, на која во социокултурните модели нераскинливо се споени две или повеќе различни идентификациони карактеристики. Постоењето на таква споеност дозволува таа да биде издвоена од хибридната или множествената идентичност.

За разлика од последната, сложено составената идентичност е способна да создава цврсти коопштества, кои можат да бидат активни актори во политичкиот процес. Појавата на такви референтни групи се случува во различни етапи на цивилизацискиот развој и најчесто е можно да се пронајдат историските корени на нивното формирање.

Најмногу се познати случаи на двосложна идентичност како варијација на сложено составената, која треба да биде разликувана од двојната идентичност, бидејќи двојната идентичност претпоставува истовремено постоење на две различни национално-политички идентичности (’руски Американци‘)“. – *Морозова Е. В.* Сложносоставная идентичность как объект политического анализа // Человек, сообщество, управление. Кубанский государственный университет. 2012. № 1.

[532] „Јас сум член на територијалната општост“ – види: *Шматко Н. А. Качанов Ю. Л.* Территориальная идентичность как предмет социологического исследования // Социологические исследования. 1998. № 4. С. 94-101.

„…регионална (територијална) идентичност – тоа е солидарност со земјаците поради заедничкото живеење на една територија во сегашноста или во минатото“; „регионалната идентичност во голема мера е слична на други видови идентичност. Таа, исто така, во голема мера се потпира врз социјалните митови за посебните одлики на местото на живеење; нејзината изразеност многу зависи од постоењето и одржувањето на колективната меморија, на вредностите и нормите; таа се изразува во конструирањето од нејзините носители на некои самообрази, во создавањето на специфични одлики на битот (особености во облеката, речникот, диетата и сл.). Самиот факт на заедничко живеење неизбежно раѓа кај земјаците слични социјални црти“; „тие идентичности – регионална и етничка – имаат апсолутно различни основи, различни механизми на развој, нивното совпаѓање е возможно, но тоа ќе биде само изолиран (нетипичен) случај. Треба да се потцрта дека посебната улога на етничката идентичност е доволно нова појава, пред век или век и пол територијалната идентичност изгледала неспоредливо посилна во споредба со етничката, јазичната или културната идентичност. […] … Французите и Италијанците ги сплотила во единствена држава територијалната општост, а не јазичната или етничката. Во таа смисла, речиси сите сегашни држави се територијални творби, а не етнички или културни“. – Смирнягин Л. В. О региональной идентичности // Пространство и время в мировой политике и международных отношениях (в 10-ти томах). Т. 2 (Идентичность и суверенитет: новые подходы к осмыслению понятий). М., 2007. С. 87, 94.

[533] Категориите „етнички“ и „национални“ за Т. Александров биле рамносилни, затоа што во периодот меѓу војните доминирал „етнонационализмот“.

јас ќе му го отсечам јазикот, а ако некој ми каже дека јас не сум Бугарин, тогаш јас ќе му ја отсечам главата!“ Идентичноста на Т. Александров се пројавувала делумно преку самономинацијата „македонски Бугарин“.

До Првата светска војна идејата за припојување на Македонија кон Бугарија[534], која била една од основните надворешнополитички задачи на бугарската национална држава, обезбедувала modus vivendi на двете идентичности на Т. Александров.

Но обидите да се реализира оваа идеја со посредство на војните ја довеле Бугарија до порази во Втората балканска војна (1913 год.) и во Првата светска војна (1918 год.), кои биле доживеани во земјата како „национални катастрофи“.[535]

---

[534] Во адресираното за Владимир Карамфилов писмо од 6 јули 1919 год., Т. Александров објаснил: „Внатре[шната] М.-О. Р. Орга[низација] никогаш во својот устав не го употребувала поимот ’самостојна (автономна)‘ Македонија, како што ти пишуваш. Во нејзиниот устав беше поставена цел: автономија на Македонија, и тоа како етапа. Таа цел така ја сфатиле не само основачите на Орг[анизацијата], но практично и сите другари и следбеници, од целата македон[ска] интелигенција и од целото макед[онско] организ[ирано] население“. – *http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=242:2011-02-23-17-45-44&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61* Со други зборови, за Тодор Александров борбата за автономија на Македонија била само етапа во борбата за припојување на Македонија кон Бугарија.

[535] „Поимот ’катастрофа‘ има грчки корени и во бугарскиот јазик претставува нешто меѓу рускиот збор ’катастрофа‘ и францускиот ’catastrophe‘. Во големото истражување на општоупотребуваниот бугарски јазик, кој го спроведувал Најден Геров во текот на 40 години во втората половина на 19 век, таков збор не се наоѓа. Сепак, овој поим се појавил во бугарската литература и нашироко се користел од нејзините класици, како Христо Ботев, Иван Вазов, и се употребува и во денешно време. […] Во Речникот на современиот бугарски јазик од 1955 година, т. 1 (под ред. на академик С. Романски), присутен е поимот ’национална катастрофа‘, кој во бугарскиот јазик и во бугарската историја добил посебно значење.

Во официјалните документи често се среќава таков поим како ’човечка катастрофа‘, но овде има некои нијанси. Поимот ’национална катастрофа‘ се однесува само на Бугарите, кои непосредно живеат сега на територијата на државата, а поимот ’човечка катастрофа‘ ги опфаќа и тие Бугари што живеат надвор од државата. Најчесто употребуван синоним за катастрофа во овој случај е зборот ’пораз‘ (со нијанса ’национален пораз‘).

Со почетокот на демократските промени во Бугарија (1989 год.), поимот ’национална катастрофа‘ се појави пак во употреба, но сега веќе како

Стапувањето на сила на Нејскиот мировен договор (1919 год.) кардинално ја променило како парадигмата на надворешната политика на Бугарија така и целта на „возобновената“ во 1919 год. ВМРО.

Уште до потпишувањето на мировниот договор, Т. Александров во своето писмо од 6 јули 1919 год., обраќајќи се до Владимир Карамфилов, истакнал: „Прашањето за независна Македонија сега е поставено и од нас, и од Извршн[иот] к[омитет] на Македонските братства, затоа што во изменетите услови не е можно да се бара автономија: постои опасност да се даде автономија, но или под српски (југословенски) или под грчки протекторат“[536].

Потоа, во јуни 1920 год., ЦК на ВМРО ја утврдил директивата за дејноста на Организацијата во Македонија, во која целите на ВМРО биле одредени на следниов начин: „Извојување слобода – во форма на автономија или независност – на Македонија во нејзините етнографски и економски граници“[537].

---

предмет за дискусија (посебно внимание му посветуваше Комунистичката партија). Тој често се појавуваше во политичките документи.

Има смисла да се одбележат двете одлики, кои ги има во бугарскиот јазик: прво, постои посебен поим на социјална беда – ’национална катастрофа‘, второ, настаните во современата историја на Бугарија се претставуваат како серија од национални катастрофи, секој со свој реден број: ’прва‘, ’втора‘ и (веројатно) ’трета‘.Таквото засилено внимание кон поимот ’национална катастрофа‘ одразува силно чувство на вознемиреност на нацијата. А таквите промени на јазикот зборуваат дека катастрофалноста стана структурен елемент на националната свест. […] Терминот ’национална катастрофа‘ за првпат се појавил во Бугарија во 1913 година. Со него била означена состојбата на крах, уривања, пропасти во социјалниот и во политичкиот живот на државата, а, исто така, и на страшно емотивно растројство на нацијата. […] Поимите ’национална катастрофа‘ и ’човечка катастрофа‘ ги обединувале во себе поразот, трагедијата, колапсот“. – Катастрофическое сознание в современном мире в конце XX века: по материалам международных исследованний (под редакцией Шляпентоха В., Шубкина В., Ядова В.). М., 1999. Ч. III (Страхи на посткоммунистическом пространстве (Митев П. Эм., Иванова В., Шубкин В.)) // *www.gumer.info/bibliotek Buks/Sociolog/Katastr/18.php*

[536] *http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com content&view=article&id=242:2011-02-23-17-45-44&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61*

[537] Македония. Документи и материали. София, 1978. С. 658-660.

Притоа, Т. Александров продолжувал да смета дека, без разлика на промените на целите на борбата на Македонската револуционерна организација, институциите на власта на бугарската национална држава, раководејќи се од националниот долг, треба да ѝ дадат безрезервна поддршка.

Но истовремено на вагата била ставена судбината на самата Бугарија, бидејќи условите на Нејскиот мировен договор биле премногу тешки за државата. Национален приоритет за Бугарија по Првата светска војна претставувала задачата да се постигне ревизија на Нејскиот договор, а нејзиното решавање – квинтесенција на државната политика. Достигнувањето на посочената цел претпоставувало, најнапред, нормализирање на односите на Бугарија со соседните држави, во прв ред со Кралството СХС и со Грција, и, соодветно, априори неможноста да се пројави лојалност кон ВМРО.

Следствено, при хиерархијата на приоритетите на Бугарија по Првата светска војна, објективно ниту една политичка сила во државата, без оглед на својата сопствена позиција, не била во состојба, барем не гласно, да ја поддржува ВМРО.

Но Т. Александров ја доживувал реалноста на друг начин.

Како што може да се заклучи од одделни искази на Т. Александров, тој сметал дека Бугарија, без оглед на што и да било, не треба да се откажува од своите „национални идеали“[538], а, значи, и од решавање, иако во друга форма

[538] База за формирање на „бугарските национални идеали“ станале границите на бугарската држава, оцртани од Санстефанскиот прелиминарен договор (19 февруари / 3 март 1878 год.), кој бил преразгледан од Берлинскиот конгрес (1/13 јуни – 1/13 јули 1878 год.). „Санстефанскиот договор се претвори во единствен таков метаисториски настан во развојот на бугарскиот национализам – мечта, која речиси се исполни, и фикс-идеја за следните децении“. – Тодорова М. Курсът и дискурсите на българския национализъм // България, Балканите, светът. София, 2010 – *librev.com/discussion-bulgaria-publisher/1940-2013-02-04-11-13-35.* Неслучајно 3 март, денот на потпишувањето на Санстефанскиот договор, од 1880 год. се одбележува во Бугарија како национален празник.

По обединувањето на Источна Румелија со Кнежество Бугарија во 1885 год., под „бугарски национални идеали“ се подразбирало вклучување

(во форма на независна и обединета Македонија), на „македонското прашање“. Пасивноста на Бугарија или нејзините обиди за нормализирање на односите со Кралството СХС, според мислењето на Т. Александров, би му дозволиле на Кралството да го заврши процесот на „асимилација“ („србизирање“) на населението од вардарскиот дел на Македонија, и на таков начин Бугарија дефинитивно би ја изгубила надежта за достигнување на сопствениот „национален идеал“ во однос на Македонија. Земајќи ги предвид катастрофите што биле доживеани од страна на Бугарија, како и нејзината неподготвеност за нови предизвици, Т. Александров уверувал дека ВМРО ќе ја преземе организацијата на акциите на ненасилствен и насилствен отпор во вардарскиот дел на Македонија со цел да не допушти: прво, „асимилација на месното население“ и, второ, да се привлече вниманието на создателите на Версајскиот систем кон неопходноста од решавање на „македонското прашање“. Бидејќи, имено, Бугарија, а не ВМРО, била меѓународно-правен

---

во границите на бугарската национална држава, како правило, на Македонија, Тракија и Добруџа.

А. Иширков, основоположникот на политичката географија и геополитиката во Бугарија, потцртал: „Во тоа време, кога Грција живее со мечта за Мала Азија, Северен Епир, дури и за Константинопол, Србија – за Босна и Херцеговина, Далмација, Трансилванија и Буковина, кога Турција ги открива широките простори на Предна Азија, за нас Бугарите остануваат порано одредените и строго ограничени области на Бугарија, Тракија и Македонија“. – Иширков А. Западните краища на българската земя. София, 1915// *http://www.bulgari-istoria-2010.com/booksBG/A_Ishirkov_Zap_Kr_BG_zemja.pdf*

Но, претставите за „бугарските национални идеали“ не биле строго фиксирани. Тие варирале во зависност од постојните внатрешни и надворешни фактори. Така, бидејќи Бугарија и Османлиската Империја во Првата светска војна се нашле на страната на Централните сили (во август 1914 год. Бугарија и Османлиската Империја потпишале договор за пријателство), Д. Ризов во предговорот кон атласот „Бугарите во нивните историски, етнографски и политички граници“, објавен во 1917 год. во Берлин, меѓу „земјите“, на кои претендирала Бугарија, не ја споменал Тракија: „Бугарија треба да ги собере сите свои земји што во 1878 год. беа сосила откинати од неа и раздадени на нејзините соседи, а, имено: Македонија, Добруџа и Нишката област“. – Българите в тяхните исторически, етнографически и политически граници. Атлас съдържащ 40 карти. Берлин, 1917 // *http://promacedonia.org/en/dr/index_bg.html*

одговорен субјект, Тодор Александров потцртувал дека ВМРО има намера да дејствува „тајно, многу внимателно, и на таков начин да не може со ништо да ја изложи на ризик победената, ограбена и понижена Бугарија“[539], затоа што „додека постои слободна и независна Бугарија, ќе постои и ’македонското прашање‘“[540].

Логичката конструкција на Т. Александров, која претставувала модификација на неговата позиција до 1919 год., односно на изменетите услови, се базира врз две појдовни точки:

1. пасивноста на Бугарија ќе доведе кон „асимилација“ („србизирање“) на населението од вардарскиот дел на Македонија;

2. „асимилацијата“ на населението од вардарскиот дел на Македонија ќе ги уништи сите претпоставки за решавање на „македонското прашање“ и за реализација, кога и да е, на „бугарскиот национален идеал“ во однос на Македонија.

Врз основа на посочените тези, Т. Александров заклучил дека Бугарија во име на сопствените „национални идеали“ треба да ѝ даде активна поддршка на ВМРО.

Формално-логичкиот модел на Т. Александров априори исклучувал разгледување на проблемот на борбата на ВМРО за „независна и обединета Македонија“ од гледна точка на нејзините можни негативни последици за Бугарија.

Повеќе од тоа, конструкцијата на Т. Александров вклучувала во себе допуштање на ризик од страна на „победената, ограбена и понижена Бугарија“, оправданоста на кој Т. Александров, веројатно, ја врзувал со постоењето на објективни, од негова гледна точка, претпоставки за успешен крај на борбата на ВМРО. ***Т. Александров сметал дека целта на ВМРО, а, имено, обединување на Македонија во рамките на независна држава, е реално достижна поради***

---

[539] Обраќање на Т. Александров до претседателите на „сите културни и професионални национални оштества на Царството Бугарија“ од 2 април 1922 год. – ЦДА. Ф. 105. Оп. 1. А.е. 669. ЛЛ. 1-5.

[540] Цанков А. Моето време. Мемоари. София, 2002. С. 308.

***нестабилноста на Версајскиот систем, во целост, и поради нестабилноста на Кралството СХС како на некоја вештачка творба, делумно.***

Индикативен во тој однос е разговорот што е прераскажан од А. Цанков во неговите мемоари, кој, според тврдењето на А. Цанков, се одржал меѓу него, А. Протогеров, Г. Баждаров и К. Прличев, кога А. Цанков дошол во болница да го посети контузниот А. Протогеров:

„Разговорот го почнав јас: … […] … вие, Македонци, треба дефинитивно да се откажете од својата тактика на революционерно дејство. Таа е погубна и опасна и за вас, и за државата, и за самото македонско население, затоа што вие го изложувате на терор од страна на српските власти. Југославија не е Турција, таа е нова држава и таа не е гнила како империјата на Султан Хамид за вие да мислите дека со чети, атентати и др. ќе ја компромитирате државната власт. Вашите методи на работа не само што предизвикуваат туку и го оправдуваат теророт од српските власти врз македонското население. Тоа е веќе осудено, а вие го одвраќате. Не заборавајте дека Југославија е меѓу победниците и е силна.

Двајцата господа слушаа со големо внимание и со очигледно незадоволство. Протогеров лежеше безгласно... и наместо него, ми одговори Баждаров, прибегнувајќи кон веќе познатата наивна, лекоумна и, јас би кажал, банална логика: ’Организацијата – станува збор за ВМРО – го живее својот живот и нејзиното постоење треба да се чувствува‘. ’Таа живее – го прекинав јас – но нејзиниот живот не треба да ја става под опасност бугарската држава и да ни создава проблеми, за нас се доволни и тие што ги имаме‘. ’Вие – продолжи тој – премногу сте исплашени и на сè гледате низ призма на стравот. ’Македонското прашање‘ е меѓународно прашање и вие мислите дека Италија, која сега ја заменува бившата Австро-Унгарија, ќе остане рамнодушна кон настаните на Балканот и ќе им дозволи на Србите да постапуваат како што тие сакаат?‘ ... ’Југославија – тоа е куќа

од карти[541], која нема да издржи и ќе падне под ударите на борбата на потиснатите народи – на Хрватите, Македонците, Црногорците и др.‘

Тоа се размислувањата за висока политика на тие господа, кои имаат менталитет на таква категорија на луѓе кои најсложените и најопасните проблеми ги решаваат со огромна леснотија“.[542]

Пренесувајќи ја содржината на својот разговор со Г. Баждаров, А. Цанков критиката на погледите на раководството на ВМРО ја заменил со иронично-саркастични оцени.

Во спротивно, А. Цанков би бил принуден, сепак, да го признае постоењето на причини и за „катастрофалното“ воспримање на настаните:

– во 1922 год. во Германија се спроведувала засилена кампања против исплатата на репарациите; на 24 јуни 1922 год. бил убиен министерот за надворешни работи на Германија, Ратенау, кој бил приврзаник на „политиката на исполнување“ на мировниот договор; Лондонската конференција за репарационо прашање (7-14 август 1922 год.) го обелоденила отсуството на сложеност на позициите на Франција и на Велика Британија (Лојд Џорџ, затворајќи ја Конференцијата, изјавил: „Барем да се согласиме со тоа дека ние не можеме да дојдеме до согласност“); започнала подготовката на окупација на Рур; на 10 јануари 1923 год. во Берлин била испратена француско-белгиска нота, а на 11 јануари 1923 год. одредите на француско-белгиските војски го зафатиле градот Есен и неговата околина; до 26 септември 1923 год. Германија ја спроведувала политиката на т.н. „пасивен отпор“;

– во Италија, на 30 октомври 1922 год., на чело на Владата застанал Мусолини; Мусолини ја поддржал позицијата на Поенкаре во однос на „рурското прашање“; Владата на

---

[541] Дословно: пајантова градба – види: Этнографический блог о народах и странах мира их истории и культуре – *lib7.com/evropa/736-poselenija-bolgar.html*

[542] Цанков А. Моето време. Мемоари. София, 2002. С. 307.

Мусолини се изјаснила за своите претензии за источното крајбрежје на Јадранското Море (Mare nostro – наше море); по настаните на 16 септември 1923 г. во Фиуме, Југославија била принудена да се откаже од своите претензии во полза на Италија; Италија ја префрлала одговорноста врз Владата на Грција за убиството на италијанските членови на Комисијата за воспоставување граница со Албанија и на 31 август 1923 год. италијанските војски го окупирале островот Крф и, веднаш по вмешувањето на Советот на Друштвото на народите, од островот биле евакуирани италијанските војски;

– ситуацијата, во која се формирала новата држава – Кралството СХС, поради противречностите што постоеле, современиците често ја споредувале со граѓанска војна.

Но раководителот на ВМРО бил практичар. Затоа Т. Александров, наместо да ја објаснува, од своја гледна точка, оправданоста на поддршката на ВМРО од страна на Бугарија, што, значи, и на неизбежниот притоа ризик, се ограничувал со уверувањето дека Организацијата ќе дејствува внимателно за да не ѝ наштети на државата. Парадоксалноста на посоченото тврдење во врска со несоодветноста на принципите на целосна конспиративност и тајност со карактерот и методите на работата на Организацијата немала значење, затоа што преку „заклетвата на верност“ Т. Александров ја потенцирал еднаквоста за него на интересите на Македонија и на Бугарија.

Таквата позиција „на националпатриотизам“, која во овој случај била симбиоза на „бугарскиот национализам“ и „македонскиот патриотизам“[543], му дозволувала на Т. Александров да го избегне конфликтот на националната и територијалната идентичност и била единствено прифатлива за него.

Така, прашањето за односот кон Бугарија, кој во свое време го генерирал расколот во македонското движење,

[543] Од многубројните неконтролирани зборови на А. Цанков во неговите мемоари може да се заклучи дека тој го сметал Т. Александров, првенствено, за патриот на Македонија – Цанков А. Моето време. Мемоари. София, 2002.

останало во улога на критериум за разликите меѓу таканаречените „десни“ и таканаречените „леви“[544].

Т. Александров, соодветно на погледите на условно именуваното „десно“ или „конзервативно“ крило на македонското движење, тргнувал од неопходноста од заемно дејство на двата ***комплетно самостојни*** актори – ВМРО и бугарската држава, застапена од нејзините структури на власта. На тоа, всушност, се засновал неговиот концепт. Т. Александров ја исклучувал можноста за отсуство на политички сили, способни, без оглед на какви и да се околности, да ја поддржуваат ВМРО.

Силите на политичкото поле на Бугарија, кое „се разбира истовремено како поле на сили и поле на борба, насочена кон промена на соодносот на тие сили“[545], Т. Александров ги делел на два спротивни табора, во зависност од нивниот однос кон „делото“ на ВМРО: на табор на „националпатриоти“, т.е. сојузници на ВМРО, и на табор на „националпредавници“, т.е. противници на ВМРО.

За Т. Александров, Владата на А. Стамболиски била „поразителна“ и „националпредавничка“, а, значи, била зло и за Бугарија и за Македонија. Поради таа причина, и покрај изјавите за приврзаноста на ВМРО кон принципот

---

[544] Тековите во македонското движење, „конзервативното“ („десно“) и „реформаторското“ („лево“), се формирале како антагонистички по Рилскиот конгрес (1905 год.). Тие се разликувале претежно по прашањата за конечната цел на македонското движење, за односот кон Бугарија и, соодветно, колку Македонската революционерна организација може да биде самостојна. „Конзерваторите“ не ја негирале можноста за припојување на Македонија кон Бугарија и за прифаќање помош од Бугарија. За разлика од нив, „реформаторите“ биле приврзаници на идеите за независност на Македонија и за целосна самостојност на Македонската организација.

Во контекст на проблемот на идентичноста, „конзерваторите“ се обидувале да го одбегнат спротивставувањето на „територијалната“ и „националната“ идентичност, а „реформаторите“, тргнувајќи од невозможноста да се запази „баланс“ меѓу идентичностите, се определувале во полза на приоритетноста на „територијалната“ идентичност.

[545] Бурдьё П. Социология политики. М., 1993 – *bourdieu.name/content/burde-sociologija-politik*

на немешање во внатрешните работи на Бугарија, Организацијата го поддржала јунскиот преврат (1923 год.), разгледувајќи го како насилствено отстранување од власта на „националпредавничките“ сили од страна на „националпатриотските“.

***Доаѓањето на власт на „агентите“ на „националпатриотите“, Т. Александров го сметал за клучно во реализацијата на сопствениот концепт за решавање на „македонското прашање“.***

Претставата на Т. Александров дека Владата на А. Цанков безрезервно ќе ја поддржи ВМРО едвај се базирала врз некои конкретни задолженија пред Организацијата на организаторите на превратот. Веројатно таа се засновала врз заклучокот дека непријателите на А. Стамболиски ќе ја изградат својата политика врз принципот „од спротивното“, како и врз општите претстави за нивните гледишта по „македонското прашање“.

Така, на пример, А. Цанков имал репутација на краен националист. Во врска со тоа, А. Цанков подоцна во своите мемоари го забележал следново:

„... Ме сметаат за еден од најрадикалните и најекстремните претставници на великобугарската идеја, која е не само шовинистичка туку и империјалистичка, бидејќи го изразува стремежот на бугарската буржоазија да проникне и да завладее со пазарите на Македонија, Тракија и Добруџа. Да, јас настапував за ослободување и обединување на Бугарите и на бугарските земји, кои беа откинати од мајката-родина и поробени. Но кој во Бугарија не беше за обединувањето на бугарскиот народ и на бугарските земји? Нели нашата парола беше ’туѓо не сакаме, но и своето не го даваме‘? Покојниот Јанко Сак’зов, една од големите фигури на бугарскиот социјализам, лидер на Социјалдемократската партија, и тој и Крсте Пастухов и д-р Петар Џидров биле за обединувањето, и

тие ли се робови на великобугарската идеја и слуги на бугарската империјалистичка буржоазија?

Јас бев националист, но ќе се најде ли барем еден вистински Бугарин што не е националист? Национализам – дали е тоа порок? Дали Англичаните, Американците Французите и Германците се националисти? Руските болшевици дали му се туѓи на рускиот национализам и, повеќе од тоа, не ли се сега тие најрадикални и најекстремни панслависти? – Национализмот нема да умре. Тој беше и ќе биде во крвта на секој народ. Додека постојат посебни нации, национализмот ќе биде база врз која се градат државата и општествениот поредок“[546]; „Македонија јас не ја заборавив и не можам да ја заборавам, затоа што во моите жили и во жилите на моите деца тече македонската крв...“[547]

Без оглед на своите убедувања, А. Цанков по Првата светска војна, како и сите други политичари во Бугарија, не бил во состојба да ги задоволи очекувањата на ВМРО. Но до 1924 год., А. Цанков во однос на ВМРО ***водел „игра со однапред незададен резултат“***[548], тој ги одбегнувал ситуациите што можеле да ја откријат неговата позиција. Фактички А. Цанков, како премиер, до 1924 год. ја трпел ВМРО, но не повеќе од тоа[549].

***Сметајќи на Владата на А. Цанков како на влада на „националпатриоти“, Т. Александров не ја зел предвид разликата во природата на патриотизмот, која ги***

---

[546] Цанков А. Моето време. Мемоари. София, 2002. С. 255.
[547] Цанков А. Моето време. Мемоари. София, 2002. С. 336.
[548] А. С. Панарин една од главите на својата книга „Политикологија. Западната и источната традиција“ ја нарече „Политиката како игра со однапред незададен резултат“ – Панарин А. С. Политология. Западная и восточная традиции. М., 2000. Ч. 1, гл. II.
[549] Во своите мемоари А. Цанков истакнал: „Пролетта во истата 1924 год. се случи огромен конфликт меѓу Владата и Македонската револуционерна организација (ВМРО). Македонците гонети и прогонувани од Владата на Стамболиски, но трпени од нас, сметаа дека е време да почнат со револуционерна работа“. – Цанков А. Моето време. Мемоари. София, 2002. С. 306.

***предодредила разликите на приоритетите на Владата и на ВМРО.***

Проблемите од внатрешнополитички и надворешнополитички карактер, со кои се соочиле Владата и премиерминистерот, го натерале А. Цанков во почетокот на 1924 год. да го определи својот однос кон ВМРО. Основното барање на А. Цанков до раководството на ВМРО не било артикулирано, но, и покрај тоа, акторите разбрале дека станува збор за потчинување на ВМРО, за претворање на Организацијата во управуван инструмент.

Вистина е дека подоцна во своите мемоари А. Цанков за да се ослободи од обвинувањата, тврдел:

– дека тој не сметал дека е неопходно ВМРО да учествува во превратот: „Јас знам и затоа, во името на историската вистина, тврдам дека немаше никаков влог, никакво учество на ВМРО во делото на 9 јуни. Тие беа настрана и му беа верни на својот принцип за немешање во внатрешните работи на државата. Има уште нешто што јас треба да го кажам за да ги отстранам сите сомневања. Тоа е дека полковник Ив. В'лков, како формален претседател на Лигата, дејствително ја замолил Организацијата при неопходност да помогне со 500-1000 вооружени македонствујушти. Прво, потреба за таква помош не се појави, второ, толкав број луѓе Организацијата немаше во Софија, а да собере од провинција, тоа беше невозможно, и, трето, најглавно, е дека оваа помош беше одбиена. Освен тоа, јас знам дека Лигата немаше потреба од помош отстрана. Зошто В'лков се обрати за помош, никој не ми објасни, но и не се возникна потреба од објаснување“[550];

– дека тој своевремено го известил раководството на ВМРО дека лично за него се неприфатливи како целта на Организацијата така и методите на нејзината борба: „Јас не ги одобрував ниту политиката, ниту тактиката, ниту терористичките методи на ВМРО. Но таа – Организацијата – и нејзините претставници добро ги познаваа моите и гледиштата

[550] Цанков А. Моето време. Мемоари. София, 2002. С. 172.

на Владата за националното прашање, во целост, и за ’македонското прашање‘, делумно. И мојата политика беше да се постигне согласност со Југославија, како што јас тогаш зборував, врз принципите: два народа, две династии, две држави“[551].

Впрочем, секое сиже поврзано со ВМРО на Т. Александров, А. Цанков во своите мемоари го ставал во контекст на самооправдување, т.е. дека тој не го пренебрегнувал „македонското прашање“, не ѝ „угодувал на Југославија за да се зацврсти на власт“[552], не соработувал со Организацијата, не бил замешан во ликвидацијата на Т. Александров итн.

Разочарувањето од кабинетот на Демократскиот зговор и од самиот А. Цанков го натерало Т. Александров да се замисли за барањето сојузници меѓу факторите кои не се согласувале со политиката на Владата, со што и се објаснува појавувањето на Декларацијата од 10 јули 1924 год., но реакцијата на Декларацијата само го потврдила отсуството на такви сили во Бугарија, кои би се решиле да ги поддржат стратегијата и тактиката на ВМРО на Т. Александров.

На тој начин обидот на Т. Александров да ја „вгради“ ВМРО во политичкиот систем на повоена Бугарија заради реализирање на сопствениот план за ослободување на Македонија безнадежно пропаднал.

Новата реалност го ставила Т. Александров пред ***безалтернативен избор***: да се потчини сам и да ја потчини Организацијата на управувачките фактори на Бугарија, откажувајќи се од борбата за независна и обединета Македонија и соодветно кардинално менувајќи ги целите и методите на дејноста на Организацијата, или да остане независен и да го запази револуционерниот карактер на Организацијата, влегувајќи во отворен конфликт, без каква било поткрепа однадвор, не само со Владата на А. Цанков, но и со сите останати актори на политичкиот живот на Бугарија.

---

[551] Цанков А. Моето време. Мемоари. София, 2002. С. 129-130.
[552] Цанков А. Моето време. Мемоари. София, 2002. С. 336.

Бидејќи Т. Александров се идентификувал со Организацијата, разрешувањето на посочената дилема означувало за него и личен избор на приоритетноста на етничката (националната) идентичност или регионалната (територијалната) идентичност.

Потпишувајќи ја Декларацијата од 1 август 1924 год., Т. Александров се определил во полза на самостојниот револуционерен карактер на ВМРО, во полза на борбата за независна и обединета Македонија и, следствено, во полза на територијата како маркер на неговата идентичност.

Изборот на Т. Александров ја обусловил, во прв ред, неопходноста од ***консолидација на ВМРО***.

Имено, со таа цел и бил подготвен циркуларот бр. 774 од 2 август 1924 год. За основа биле земени следните тези на Т. Александров:

„**I. Обидите на болшевиците или да направат од ВМРО свое орудие или да ја расцепат и ослабнат**

1. При создавањето и борбата на х[аџи]димовскиот весник ’Ослободување‘ и на весникот ’Работнически весник‘.

2. Преземањето и преку разб[ојнички] банди – на Пандурски и други од Малешевско, на Чочков, Леонид, Г. Воденски, од Воденско и др.

3. По разбивањето на бандата на Пандурски и убиството на комунистот д-р Петров – еден од инспираторите на бандата, дупнишки кмет, болшевиците почнаа обиди за преговори и купување на Организацијата и истовремено прибирање на сите злосторници осудени од Организацијата и поткупување на дејците. ВМРО за да се намали болшев[ичката] опасност за Орг[анизацијата] и за Македонија, решава да почне преговори, преку кои ако не успее да ги отклони од злосторничкиот пат, барем ќе ги дознае вистинските нивни намери и замисли за да преземе мерки на претпазливост.

**II. Барањата од страна на болшевичките претставници до ВМРО беа не само неприфатливи, навредливи, но и страшно одвратни**

1. Да се договори со ’федералистите‘, создавајќи заеднички Централен комитет од двата такви комитета: а) Илија[553], Богдан[554] и Езерски[555]; б) д-р Ф. Атанасов, Славе[556], Паница и... можеби Ст. Мишев.

2. Заеднички конгрес на ВМРО да се свика во странство – пожелно во Виена.

3. Разбојниците-ренегати Стојан Мишев, Суџукаро, Циклев и др. да не се прогонуваат затоа што биле ’федералисти‘-револуционери. Болшевиците беа во врска со нив преку д-р Атанасов и Славе и веруваа дека кога ќе им наредат: а) тие ќе запрат со прогонувањата на македонското население и ВМРО и б) при зgоден момент, по извесно време ќе настапат против Владата на Србија, ќе преземат акции и атентати и ќе станат илегални. Поради тоа, тие настојуваа: а) да не се посегнува по нивниот живот, б) ВМРО да ги остави слободно да ја вршат својата ’револуционерна‘ дејност во заземените од нив реони и в) да спроведат околиски и окружни конгреси и да испратат делегати на заедничкиот конгрес...

4. Публично да ги осуди сите што во месец септември м.г. учествуваа во задушувањето на метежите во Бугарија.

5. ВМРО да се договори со бугарските комунисти и со земјоделците – струјата на Грнчаров-Петрини за уривање на Владата на Цанков.

**III. Езерски:**

1. Во текот на 4-5 години, кога други работеа засилено за создавање и преуредување на ВМРО, тој беше пасивен и создаваше пречки...

2. Летото 1922 год. замина за Албанија, божем со цел да замине во Охридско – Битолско, на тргнување вети пред

[553] Илија – псевдоним на А. Протогеров.
[554] Богдан – псевдоним на Т. Александров.
[555] Езерски – псевдоним на П. Чаулев.
[556] Славе Иванов.

другарите во Софија дека штом ќе стигне во Охридско, ќе дигне востание, ќе ги изгони Србите и ќе ги покани на гости во Скопје. Запре во Рим и не само што не замина внатре, но и ја викна својата жена во Италија.

3. Не беше доволно што ги трошеше многу организациските пари, но почна да им пишува на познати дека не е време за револуционерната дејност, дека луѓето барале од нас пратеници, дека не ја одобрува дејноста на своите другари... А во тоа време воопшто не им напиша ниту еден ред на последните (види: неговите писма до Петрински и белешките врз нив на Богдан).

4. Летото 1923 год. се договори со Илија заедно да влезат. Езерски се извлече, а Илија, повозрасен, со слабо срце и др. влезе во Битолско.

5. Се здружи со Митко Пенчев, авантурист, платено орудие на болшевиците, осуден од ВМРО за парични злоупотреби и изигрување на Илија. Побара преку Пенчев пари од болшевиците. За тоа е доказ неговото запленето писмо – да се побара од Илија. Во Виена призна пред Миле дека секретарот на болшевичката амбасада во Рим, преместен другаде на повисоко место, за што Езерски жалеше, му дал 500 долари. Миле и Илија пред Данилов му предложиле да му ги дадат од касата тие пари за да им ги врати на болшевиците, и така да си го зачува достоинството пред нив. Но тој го отфрлил тој предлог, од што заклучивме дека: а) тој зел поголема сума и б) тој е обврзан и не може да се откаже...

6. Последното се потврди уште во два случаја. Откога се слушнаа неприфатливите предлози на болшевиците до ВМРО на поканата да ги одложиме или да ги прекинеме преговорите, тој одговори: „Јас веќе потпишав, не можам“. Подоцна другите двајца членови на ЦК на Организацијата решаваа формално со повеќе гласови да се отфрлат неприфатливите услови на болшевиците и го предупредуваа Езерски за тоа со телеграма, писма и специјални пратеници. Тој не само што не се потчини на решението, но и печатеше престапнички интервјуа, ’манифести‘, пишуваше расколнички писма.

**IV. Данилов:**

1. Ја злоупотребил довербата и ги пречекорил своите права, предавајќи им на 9. IV на болшевиците писмо од името на ВМРО, без да биде ополномоштен за тоа, со што ја изложи Организацијата на опасност и ја турка на опасен пат.

2. На болшевиците им пренесувал организациски и државни тајни, отворајќи ги приватните доверливи писма за таа цел.

3. Во својство на привремен благајник на Организацијата раздавал големи организациски средства за противнародно дело, без формална дозвола за тоа и дури по забрана од двајцата членови на ЦК.

4. Автор е на познатиот партизански и престапнички ’манифест‘ заедно со Харлаков, а тие се и виновници за неговото објавување, …“[557]

Во циркуларот само вториот дел („Барањата од страна на болшевичките претставници до ВМРО...“) бил проширен.

Прво, кон петте постојни точки била додадена шеста: „ВМРО со ’единствениот фронт на сите револуционерни сили на Балканот‘ на чело со болшевичка Русија, вбројувајќи ги во тие револуционерни сили разбојниците-ренегати: Ст. Мишев, Пандурски, Суџукаро и др., поведуваат борба против сите балкански држави и против цела буржоаска Европа и светот, а уште и за важната задача – да се зачува негибната републиката на Грција. (Забел.: Последното барање го дознавме доцна по прочитувањето на познатиот манифест)“.

Второ, освен „барањата од страна на болшевичките претставници до ВМРО...“, биле наведени и изјавите на „лицата на Организацијата“ за „болшевичките претставници“:

„1) ВМРО е национална организација во која зема учество целото македонско население, без разлика на партиските убедувања, националноста, религијата, полот и возраста. Македонската организација не може да стане партиска, класна или сталешка организација: ако стане таква, таа ќе ослабне, а може и да се распадне.

[557] 36 години във ВМРО... С. 469-471.

2) ВМРО може да има извесен контакт со Бугарската комунистичка партија доколку има таков и со др. политички партии таму, но во никој случај таа не може да мести и да соборува влади во Бугарија или да ѝ дава каква и да било поддршка на оваа или онаа партија.

3) ВМРО ги смета д-р Ф. Атанасов, Сл. Иванов, Паница и нивните другари за престапници во однос на македонското ослободително движење. Таа може само да не ги извршува пресудите над нив и да им даде можност со корисни за Македонија дела да ги измијат досегашните свои престапи и откако ќе се рехабилитираат на тој начин, да им се довери раководната работа во Македонија. [...]

4) Што се однесува на разбојниците-ренегати Ст. Мишев, Мите Суџукаро, Илија Пандурски, Гр. Циклев и нивните другари, тие треба да извршат акции и атентати против српската власт и да станат илегални. Дури потоа ќе можат да се сметаат одново за револуционери и може да им се даде место во Организацијата. Ако направи Организацијата еден фронт со тие разбојници-ренегати, ќе се разочара целото македонско население и ќе се оттргне од Организацијата.

5) ВМРО не може да излегува со никакви комунистички повици, манифести и др. Поради причините наброени во т. 1., таа е национална организација и не може да ја урива основата на која стои".

Во заклучокот на циркуларот се потенцирало дека ВМРО ја избегнала „поставената стапица" и дека „ЦК бдее и сите органи на ВМРО се на своето место"[558].

Циркуларот бр. 774 од 2 август 1924 год. бил издржан во стилот што Т. Александров, препорачајќи му на А. Протогеров да го користи при пишувањето на сличен документ, го окарактеризирал како „подготвена и обмислена атака, а не одбрана"[559].

---

[558] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 76. С. 677-697.

[559] Писмо од Т. Александров до А. Протогеров од 22 август 1924 год. – ЦДА. Ф. 1909. Оп. 2. А.е. 206. Л. 73.

Т. Александров сметал дека „образите на надворешните и внатрешните непријатели“ на ВМРО во ликот на „болшевиците“ и на „илегалните федералисти“, а, исто така, и на П. Чаулев и Д. Влахов, изложувањето на тие „опасности“ што раководството на Организацијата стигнало да ги одбегне, ќе ги мобилизираат членовите на ВМРО[560].

Впрочем, Т. Александров немал на што уште да смета. Откако Т. Александров цврсто изјавил за својата непоколебливост во однос на прашањето за зачувување на ВМРО како самостојна сила, насочена кон борбата за независна Македонија, тој фактички влегол во „отворена војна“ со Владата на А. Цанков, и таа „војна“ не можела да се заврши со нерешен резултат.

Колку Т. Александров и да тврдел дека тој се залага за силна Бугарија, самата дејност на ВМРО објективно била пречка на патот кон консолидација и стабилизација на државата. Имено, затоа А. Цанков и неговата влада одлучиле да го отстранат тоа попречување, принудувајќи ги раководителите на ВМРО, Т. Александров и А. Протогеров, да го променат од корен карактерот на Организацијата. За тоа А. Цанков, само во заобиколна форма, ги информирал двајцата членови на ЦК на ВМРО, Т. Александров и А. Протогеров, за време на разговорот што се одржал пролетта 1924 год. Присилувајќи ги да ја напуштат Бугарија, А. Цанков им дал време за размислување. Гласините за преговорите во Виена станале индикатор дека Т. Александров „нема да се предаде“ и „нема да ја предаде“ Организацијата. После тоа, единствено важно за А. Цанков било да добие веродостојна информација за резултатите на преговорите. Информациите што ги дал Д. Казасов го убедиле А. Цанков дека Т. Александров во Виена не постигнал ништо и дека неговите позиции, соодветно, биле максимално ослабени, а демонстрацијата на сила (на пример, испадот против министерот за внатрешни работи И. Русев) била сведоштво за неговата очаеност.

[560] Тоа е техника на „негативна мобилизација“ преку создавање „образ на непријателот“.

Потврдувањето од Т. Александров на самиот факт на преговорите во Виена и огласувањето на „Мајскиот манифест" му дале можност на А. Цанков да тргне во офанзива. Играјќи на стравот пред „комунистичката закана", А. Цанков ги поврзал дејствијата на Т. Александров со револуционерните настани што се подготвувале во Бугарија.

Уште во почетокот на 1924 год., во врска со заострувањето на бугарско-српските односи, Т. Александров забележал дека А. Цанков го користи зголемувањето на тензијата за постигнување на своите цели. На тоа Т. Александров посочил и во писмото до А. Протогеров во врска со подготвениот од него проект на еден протест, поврзан со преговорите во Виена: во проектот „постојат пасажи, кои лесно може да бидат негирани, такви како, на пример, дека бугарските министри 'не ги предвиделе своевремено вистинските опасности за да одговорат на нив навреме', напротив, тие ги зголемуваат тие опасности и прибегнуваат кон забрзани и дури незаконски мерки за да одговорат на нив итн. итн."[561] Макар што во овој случај А. Цанков имал повод да биде загрижен во врска со можните вооружени метежи есента 1924 год. Истото мислење го споделувале и во ИККИ и во ИНО на ОГПУ. Така, во оперативниот извештај на ИНО на ОГПУ за „состојбите во Бугарија кон 1 септември 1924 год." се потцртувало: „Внатрешната криза во Бугарија се продлабочува, прашањето за востание (ако не организирано, тогаш стихијно) е на дневен ред"[562]. Тргнувајќи од тоа дека востанието сигурно ќе се случи наесен 1924 год., ИККИ и ИНО на ОГПУ ја спроведувале неговата активна подготовка.

Веројатно итно по средбата на Т. Александров со Д. Казасов, Министерството за внатрешни работи на Бугарија ги обврзало ополномоштените претставници во Лондон, Париз и Белград во најскоро време да ги информираат владите на соодветните држави „за општата опасност која се заканува на Балканот од комунистите", а, исто така, и да дознае како би

---

[561] ЦДА. Ф. 1909. Оп. 2. А.е. 206. Л. 79.
[562] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 80. С. 725.

реагирале тие на објавувањето од Бугарија на мобилизација во случај на „комунистичко востание“[563].

Официјалните власти на Велика Британија, Франција и Кралството СХС ги увериле ополномоштените претставници на Бугарија дека „во случај на комунистичко вооружено востание, на Бугарија ќе ѝ биде дозволена мобилизација на сите ... војски“.

Притоа, ополномоштениот претставник на Бугарија во Белград во разговор со министерот за внатрешни работи на Кралството СХС истакнал дека комплицираноста на ситуацијата се објаснува со „припојување“ кон „комунистичката закана“ уште и на „***македонскат̄а***, а, исто така, и на албанската, хрватската[564]“.

Изедначувањето на „Македонците“ со „комунистите“ би можело да биде објаснето како дипломатски маневар, доколку не би постоеле одлуките на Владата на А. Цанков, кои биле прифатени итно по добивањето на информацијата за поддршката од официјалните власти на Велика Британија, Франција и Кралството СХС на мерките на Бугарија во борбата против „комунистичката закана“.

Според информациите добиени од разузнавачката служба на К. Јанков, министрите од кабинетот на А. Цанков ги донесле следниве одлуки:

„1) Во текот на август сите земјоделски и комунистички весници (без оглед на фракциите) треба да бидат забранети; 2) до 10 август сите комунисти и службеници кои ги симпатизираат комунистите треба да бидат отпуштени (веќе започнале отпуштања во поштата и во телеграфската служба); 3) масовни апсења на сите раководители на левите земјоделци, на привrзаниците на единствениот фронт и на комунистите (решено е министерот Русев да ги примени тие мерки кога ќе смета дека е потребно); 4) началникот на јавната безбедност е задолжен да ги претстави списоците на опасните комунисти

[563] Коминтернът и България. Документи. София, 2005. Т. 1. Док. № 110. С. 275.

[564] Коминтернът и България. Документи. София, 2005. Т. 1. Док. № 110. С. 275.

што треба да бидат уапсени; 5) Министерскиот совет му дава на Русев право да апси и други лица (не комунисти и земјоделци), кои би можеле да им бидат од полза на комунистите (на пр. Македонци)", а, исто така, и до 15 август 1924 год. да се „свикаат" (да се „мобилизираат") „сите регрутирани во армијата по стапувањето на сила на Нејскиот договор[565]".

Списоците на лица што би требало да бидат уапсени веќе биле подготвени. Се планирало да се почне со апсења по добивањето на телеграмата од министерот за внатрешни работи И. Русев, со текстот: „задржете"[566].

Следствено, искористувајќи го огласувањето на „Мајскиот манифест" како доказ дека „Македонците", т.е. членовите на ВМРО станале сојузници на комунистите, и на тој начин претставуваат иста опасност за државата како и последните, Владата на А. Цанков добила цврст аргумент во борбата против Т. Александров и неговите приврзаници.

Земајќи предвид дека одлуките на кабинетот на А. Цанков ѝ станале познати на разузнавачката служба на К. Јанков, може да се претпостави дека и Т. Александров бил информиран за нив, бидејќи ВМРО имала широко поставена разузнавачка мрежа.

Но позициите на Т. Александров во неговото спротивставување на А. Цанков биле неспоредливо послаби. Тој имал потреба да добие време за спроведување окружни конгреси на Организацијата и за свикување општ конгрес во таков состав кој би ги поддржал неговата стратегија и неговата тактика[567].

---

[565] Коминтернът и България. Документи. София, 2005. Т. 1. Док. № 110. С. 276.

[566] Коминтернът и България. Документи. София, 2005. Т. 1. Док. № 110. С. 276.

[567] Т. Александров претпоставувал дека општ конгрес ќе се одржи или на крајот на 1924 год. или на самиот почеток на 1925 год. Тој ги уверувал своите блиски соработници дека на конгресот „сигурно" ќе имаат на својата страна мнозинство. – Писмо од Т. Александров до Г. Баждаров, К. Прличев, И. Михајлов од 10 август 1924 год. – ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 20.

Т. Александров дејствувал активно и нападно во различни насоки.

Фактички по состанокот на кабинетот на А. Цанкова од 10 август 1924 год., Т. Александров објавил таен циркулар до раководителите на окрузите, до привремените задгранични претставници и др.

Потпирајќи се врз констатацијата за постоење на „непобитни докази дека комунистите и земјоделците на Бугарија повторно ќе преземат обиди за насилствено уривање на сегашната Влада на Бугарија и за нејзино менување на работничко-селанската влада“, Т. Александров ги повикал членовите на ВМРО да останат „беспристрасни“ и да не се мешаат „во внатрешните работи на Ц. Бугарија“[568].

На тој начин раководителот на ВМРО ѝ дал на знаење на Владата на А. Цанков дека неговите сомнежи во однос на лојалноста на Организацијата биле неосновани. Но неговите уверенија не му биле потребни на А. Цанков, бидејќи тој го имал ***поводот да се „справи“*** со неконтролираниот Т. Александров.

Т. Александров одлучил да им нанесе удар на „илегалните федералисти“, што би дозволило членовите на ВМРО да бидат охрабрени и истовремено да се изврши притисок врз претставниците на СССР во Виена.

Со цел да се дискредитираат „илегалните федералисти“, Т. Александров дал наредба да се активира механизам за ширење гласини. Како учесник во балканските војни и во Првата светска војна, Т. Александров имал можност да се увери во ефективноста на оваа техника на психолошка војна.

Во писмото од 7 август 1924 год., Т. Александров му дал задача на велешкиот околиски војвода Стефан Петков[569]

---

568 ЦДА. Ф. 1932. Оп. 3. А.е. 63. Л. 78-85.

569 Стефан Петков се наоѓал во Бугарија на лекување.

Варналиев од Велес да му ја пренесе на жупанот следнава дезинформација:

„а) ВМРО реши да ја запре големата четничка дејност. Сега се заминати само неколку чети да го постават 'македонското прашање' во странство.

б) Македонската организација, иако демантира официјално, се разбра со Москва, а преку болшевиците и со Хрватите, со Албанците, со Црногорците и др., и подготвуваат заедно голем удар против Србија и Грција за 1925 год.

Навидум, тие ќе се караат со болшевиците, со Албанците и со др. за да ја успијат будноста на Владата на Југославија, а тајно ќе се занимаваат, главно, со подготовка на воените магацини до границата и со дипломатска подготовка на прашањето во странство.

в) Пред светот […] ќе има расцеп меѓу ЦК на Организацијата – Чаулев со болшевиците, а Протогеров и Александров против нив, а во решителниот момент – сите ќе се нафрлат против Југославија, главно, и против Грција.

г) Стојан Мишев со некои другари се во редовна врска, преку Славе Иванов во Виена, со Тод. Александров и со болшевиците. И тој се подготвува да ја олесни акцијата однатре. Некои од другарите на Мишев не биле согласни со него [?...], а за да не го издадат, со негова согласност, тие ќе биле ликвидирани од Организацијата, како што е случајот со Мите Суџукаро во Виница 30. VII о.г.“[570].

Познавајќи ја природата на гласините, Т. Александров не можел да не сфати дека однапред е невозможно да се предвиди колку далеку тие ќе се прошират. Не постоеле никакви гаранции дека дезинформацијата ќе се задржи само во границите на Кралството СХС и нема да стигне до Виена, а, исто така, и до Софија. Очигледно дека Т. Александров го имал тоа на ум, затоа што посочените гласини априори биле наменети за неколку „објекти на воздејство“. Во суштина, тие би требало да зародат кај официјалните кругови на Кралството СХС одредени сомнежи во Ст. Мишев и неговите соработници, да предизвикаат конфузија по прашањето за поддршка на

[570] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 13.

Т. Александров од страна на СССР кај властите на Бугарија, а, исто така, и да ги убедат виенските „преговарачи" дека неговите отворени изјави биле само неопходен маневар и не претставуваат пречка за завршување на тоа што било отпочнато во Виена.

Истовремено, Т. Александров на 10 август 1924 год. дал наредба да биде извршен приговорот донесен уште летото 1922 год. – за Ф. Атанасов, С. Иванов, Ст. Мишев и др.[571]

Пред тоа, на 8 август 1924 год., во писмото до Ефтим Ташов (Ефтим Полски), Т. Александров одбележал дека тој би ѝ направил „голема услуга на Организацијата" доколку би можел да го убие војводата на контрачетниците, И. Пандурски, и „неколкумина слични гадови"[572].

За да ги поттикне членовите на ВМРО кон дејство, Т. Александров ѝ придал на ликвидацијата на контрачетникот Мите Соколарски (Мите Суџукаро) – извршена на 30 јули 1924 год. од Дончо Христов и неговите четници – значење на херојска постапка, која е достојна за следење. Во циркуларот бр. 777 од 2 август 1924 год. било детално изложено извршувањето на смртната казна над Мите Суџукаро и била повторена наредбата за наградување на четворица четници и на нивниот војвода со револвери, со значки на ВМРО, со специјални благодарствени писма, а, исто така, и за исплата на парична помош на нивните фамилии, за секоја по 5000 лева.

Во писмото од 17 август 1924 год., адресирано до П. Станчев (Асенов), Т. Александров го забрзал заминувањето на четниците во Вардарска Македонија, потцртувајќи: „Можно е и неопходно е итно да се ликвидираат Ст. Мишев, Циклев, Мино Станков, Добрица Матковиќ и др. слични изроди, а динамитни напади врз возови, врз железнички мостови, врз собранието, на чисто српски празници и собири, жандармериски стражарници итн. итн. се можни по 15. IX"[573].

---

[571] Таен циркулар до „раководителите – на окрузи, околиски војводи и илегални дејци на Битолскиот револуционерен округ" од 10 август 1924 год. – Државен архив на РМ. Ф. 714. Кут. 1.

[572] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 19.

[573] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 32.

Следствено, Т. Александров не само што немал намера да ја прекине или да ја намали четничката дејност, но, напротив, планирал да ја засили со акцент врз атентатите во Вардарска Македонија и врз борбата против „илегалните федералисти“ (контрачетници).

Т. Александров не помислувал да се откаже од борбата за „независна и обединета Македонија“ како цел на ВМРО.

Во писмото до Н. Томалевски од 16 август 1924 год. тој замолил да му се пренесе на дописникот на весникот „Тајмс“, Л. М. Неманов, кој бил поврзан со П. Н. Миљуков, нацрт на програмата за „брзи мерки што треба да ги преземат големите држави за да го спречат болшевизирањето на Балканот“:

„а) уништување од Владата на Србија на државните банди на Ст. Мишев, Циклев и на сите ренегати [...];

б) примена на договорот за малцинствата под контрола на Друштвото на народите и со гаранција на некоја голема сила, на пр. Франција;

в) целосна амнестија за затворениците и враќање на бегалците и на емигрантите Македонци под гаранција на Франција или на друга голема сила;

г) формирање на свои легални партии;

д) федеративно устројство на Југославија со Македонија како рамноправен член на Федерацијата;

ѓ) при неминовното распаѓање на Грција, присоединување на Македонија, која се наоѓа под грчко ропство, кон автономна Македонија;

е) откако целосно и искрено ќе се применат горните барања, присоединување кон автономна Македонија и на делот од Македонија останат под бугарска власт;

ж) по желба и со заемна согласност на членовите на Федерацијата и на Бугарија, и последната да влезе како рамноправен член. Само така, без болшевизирање на Балканот и без крв, ќе има мир на Балканот и во Европа и ќе има силна Југославија, сојузничка на Франција“[574].

[574] ЦДА. Ф. 1933. Оп. 2. А.е. 29. Л. 31.

Можно е Т. Александров да имал намера да ги обнови преговорите со К. Јанков. Во писмото на К. Јанков до И. Генчев (Бојан) се посочувало: „Вчера добив белешка од Т. Алекс[андров], во која се соопштуваше дека тие – тој и Протогеров – имаат желба да ме видат оваа недела. Тие ќе прецизираат во кој ден“[575].

К. Јанков ја добил белешката од Т. Александров во истиот ден кога раководителот на ВМРО бил убиен (на 31 август 1924 год.).

Дали тоа било совпаѓање? – тешко е да се каже. Исто така, не е можно да се заклучи врз основа на трескавичната дејност на Т. Александров од 1 до 31 август 1924 год. – каква иднина тој замислувал за ВМРО. Веројатно и самиот Т. Александров немал формирано мислење по тоа прашање, претпоставувајќи дека многу ќе биде појасно по конгресот на Организацијата.

Едно може да се каже со сигурност – Т. Александров немал намера да се откаже од самостојноста на ВМРО. Потпишувајќи ја Декларацијата од 1 август 1924 год., Т. Александров направил свој дефинитивен избор.

Од друга страна, и А. Цанков по огласувањето на „Мајскиот манифест“, не само што не очекувал примирување со Т. Александров врз свои услови, но и не го сакал тоа.

Во случај ако Т. Александров останал жив, би била неизбежна конфронтација со Владата на А. Цанков. Земајќи ја предвид реалноста на „комунистичката закана“, тоа значајно би ја искомпликувало положбата на официјалните власти на Бугарија. Затоа ликвидацијата на Т. Александров одела под рака на Владата на А. Цанков.

Верзиите за замешаноста во убиството на Т. Александров на Коминтерната или на БКП (т.с.) се безосновни. Советската страна кон гласините за убиството на Т. Александров се однесувала со недоверба до средината на

[575] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Прим. 2 к док. бр. 81. С. 731.

септември 1924 год. Во писмото на Г. Димитров до Президиумот на ИККИ од 17 септември 1924 год. се забележало: „Официјалната информација од Бугарија за убиството на Тодор Александров во значајна мера може да биде протолкувана како мистификација со цел да се прикрие вистинската суштина на тоа што се случува и подготовката на убиства на опозиционери во Македонската организација, на комунисти и земјоделци. Исто така, можеби со цел да се олеснат преговорите по 'македонското прашање' на Владата на Цанков со Југославија"[576].

Кога станува збор за убиството на Т. Александров, скоро секогаш тоа се врзува со преговорите во Виена и со „Мајскиот манифест". Но „Мајскиот манифест" бил само катализатор на настаните.

Ликвидацијата на Т. Александров била предодредена со односите по Првата светска војна на државите-победнички кон таканаречените „национални прашања", со стремеж да бидат сведени до проблем на правата на националните малцинства. Националните движења, кои се бореле за државност, немајќи никакви шанси за поддршка, биле осудени. За таквите револуционерни организации како ВМРО, која себеси се претставувала како изразител на волјата на македонскиот народ кон создавање независна држава, не останало место. Единствена држава која ја издигнувала паролата „право на нациите на самоопределување" бил Советскиот Сојуз. СССР, како и националните движења, не верувајќи во стабилизациски процеси, се наоѓал во очекување на „катастрофи". Затоа националните организации се обраќале за поддршка кон Советскиот Сојуз. Но советската држава имала цел само да ги „инструментализира" националните движења. На тој начин тие се наоѓале меѓу чеканот и наковалната.

Фактички тоа и се случило со Т. Александров. Ставен пред неопходноста да најде „механизам за притисок" врз Владата на А. Цанков за да го одбрани самостојниот карактер на ВМРО,  Т. Александров се нашол во „стапица" во Виена, а

[576] Коминтерна. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 84. С. 741.

оваа околност ја искористиле официјалните власти на Бугарија со цел да се расчистат со Т. Александров.

По убиството на Т. Александров, И. Михајлов по предлогот да се казнат учесниците во „заговорот“ против Т. Александров, го уништил секој што бил способен да го брани независниот карактер на македонското ослободително движење. Станува збор не само за Горноџумајските настани во септември 1924 год., но и за други убиства на македонски дејци.

И. Михајлов, преземајќи го раководството на Организацијата, во суштина, го реализирал ултиматумот на А. Цанков – тој го променил карактерот на ВМРО, претворајќи ја Организацијата, користејќи го изразот на В. Х. Аусем, во група „кондотјери“.

Самостојна, независна ВМРО престанала да постои со гибелта на нејзиниот лидер Т. Александров. Во македонското ослободително движење се создал вакуум, кој се обидела да го пополни ВМРО (обединета).

# ПРИЛОЗИ

## „ВИЕНСКИ“ ДОКУМЕНТИ

*

ВМРО Центр[ален] к[омите]т
№665
Македонија
30/XII 1923 год.

### Проект за спогодба меѓу ВМРО и РСР

Внатрешната македонска револуционерна организација која ги претставува Македонците што се борат за национално самоопределување, политичка слобода, самоуправа и најголема можна социјална правда, има цел:

Обединување на Македонија, распарчена меѓу Бугарија, Србија и Грција во 1913 г. со Букурешкиот договор за мир и со Нејскиот – во 1919 год., - во една политичка единка која подоцна ќе биде рамноправен член на една Балканска федерација или барем во првата своја етапа – на една Југословенска федерација.

За постигање на таа своја цел ВМРО смета:

а) На своите боречки сили;
б) На една држава, какво и да биде нејзиното уредување, чиишто интереси се совпаѓаат со идеалите на ВМРО и
в) На сите општествени организации што се борат за национално самоопределување, човечки права и слободи и траен мир во светот.

ВМРО, тргнувајќи од овие свои принципи и земајќи акт од официјалните изјави на Руската Советска Република дека таа ќе соработува за ослободување на потиснатите народи, ја прифаќа следнава спогодба со Руската Советска Република:

1) ВМРО се обврзува да работи заедно со другите револуционерни организации на Балканот за федерирање на балканските држави во нивните етнички граници чиишто добро

сфатени политички и економски интереси се совпаѓаат со оние на РСР.
2) Руската Советска Република ја признава ВМРО како единствен изразувач на суверената волја на Македонија.
3) ВМРО и РСР одржуваат врски преку свои редовни полномошници кои ќе имаат својства на дипломатски и воени претставници.
4) Двете страни, задржувајќи ја самостојноста во својата внатрешна и надворешна политика, можат да преземаат конкретни заеднички акции со заедничка согласност и според политичките околности.
5) ВМРО со благодарност би прифатила материјална, дипломатска и морална поддршка од РСР.

Чл[ен] на ЦК на ВМРО: Т. Александров

*Македонското прашање во документите на Коминтерната. Скопје, 1999. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 24.*

*

**Декларација**

1. ВМРО, во својство на вистинска револуционерна сила се бори за ослободување и обединување на распарчените делови на Македонија во една наполно самостојна (независна) политичка единица во нејзините природни етнографски и географски граници. Таа смета дека политичкото постоење на независна Македонија може да биде гарантирано само од сојуз на самостојно определените балкански народи во форма на една Балканска Федерација која единствено може да ги парализира анексионистичките стремежи на постојните балкански држави, да го обезбеди правилното решавање на сите национални спорови и да го гарантира културниот развиток на сите етнографски малцинства.

2. Во својата борба за ослободување на Македонија и за формирање Балканска Федерација ВМРО смета пред сѐ на обединетите револуционерни сили на целото македонско

население во соработка со револуционерните движења на другите балкански народи. А бидејќи остварувањето на таа задача зависи од меѓународната ситуација, таа смета исклучиво на моралната поддршка на европските револуционерни и прогресивни струи, а најглавно на целосната морална, материјална и политичка поддршка на СССР, кој е денес единствената држава што се бори за ослободување на сите угнетени народи, за нивно вистинско самоопределување и федерирање и кој во својата балканска политика не тежнее кон никакви империјалистички цели.

3. За да даде докази за искреноста на наведените принципиелни изјави, ВМРО најрешително ќе ја засили својата борба како против српската и грчката така и против бугарската влада, кои се или можат да бидат орудија на своите или на туѓи империјалистички стремежи кон Македонија. Во таа смисла Организацијата прекинува секакви врски и со софиските влади и ќе води борба со нивната политика.

4. Ценејќи го огромното значење на единствениот револуционерен фронт на Балканот за борба против балканскиот и европскиот империјализам, ВМРО најискрено ќе ја даде сета своја соработка за поскорешно остварување на единствен балкански револуционерен фронт, и ќе стапи во тесен контакт и ќе ја усогласува својата борба со борбата на сите вистински револуционерни движења во другите балкански земји кои го прифаќаат и се борат за вистинско самоопределување на своите народи, за ослободување и обединување на Македонија во самостојна политичка единица и за нивно рамноправно сојузување во една Балканска Федерација. Организацијата ќе влезе во контакт со комунистичките партии во балканските држави.

5. ВМРО смета дека за формирање на единствен балкански револуционерен фронт од суштинско значење е групирање на сите револуционерни елементи на македонското движење во единствен македонски револуционерен фронт. За постигнување на единствениот македонски револуционерен фронт, Ц[ентралниот] комитет ќе го запре прогонувањето на групите што се борат против неа под услов на заемност и ќе

направи постапки за да го обедини целото македонското движење.

6. За примена на оваа директива Централниот комитет ќе пристапи кон следниве претходни мерки и дејства.

1) Ќе издаде Циркулар до сите комитети и органи што се во негова надлежност, во кој ќе ги изложи политичките и организациските директиви што произлегуваат од оваа платформа;

2) Ќе даде јавна изјава од името на Организацијата во духот на оваа Декларација;

3) Ќе формира од пратениците-Македонци во парламентите на балканските држави самостојни парламентарни групи кои ќе ја декларираат својата солидарност со другите парламентарни групи и политички партии што ја прифаќаат оваа платформа во нејзина целост;

4) Ќе го реорганизира раководството на сите печатни органи кои ја бранат каузата на Организацијата, врз кои последнава може да врши влијание така што тоа ќе им биде доверено на лица коишто ќе ја спроведуваат оваа платформа;

5) Ќе организира издавање и уредување на специјален печатен орган во странство кој во рамките на легалната политичка пропаганда ќе се бори против европскиот и балканскиот империјализам, ќе ја штити идејата за самоопределување на балканските народи и за Балканска Федерација и ќе ги подготвува претходните услови за единствен балкански революционерен фронт. Уредувањето и издавање на тој орган ќе биде организирано, по можност, преку заемно спогодување на сите заинтересирани фактори.

6) Ќе назначи свој специјален делегат и ќе прими кај себе таков за заемна врска меѓу ЦК на Организацијата и претставништвото на СССР.

Виена, 29.IV. 1924 год.
Централен комитет на ВМРО:
Т. Александров, П. Чаулев, А. Протогеров

*Македонско\u0305то \u0305прашање во докумен\u0305ти\u0305те на Комин\u0305терна\u0305та. Ско\u0305пје, 1999. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 56.*

*

**Протокол**
**За обединување на Македонското револуционерно движење**

Потпишаните изјавуваме дека сме длабоко убедени оти успехот на ослободителната револуционерна борба во Македонија во денешната балканска и меѓународна политичка положба е можен само кога таа борба ќе биде поставена врз следниве основи:

1) Ослободување и обединување на распарчените делови на Македонија во една *целосно независна и самостојна политичка единка*, во нејзините етнографски и географски граници; 2) кога политичкото постоење на независна Македонија ќе биде гарантирано од сојузот на самостојно определените балкански народи во една Балканска Федерација која единствено може да ги парализира анексионистичките стремежи на балканските и европските држави, да обезбеди правилно решавање на сите национални спорови и културен развој на сите етнографски малцинства; 3) кога борбата за ослободување на Македонија и за формирање на Балканска Федерација ќе смета пред сѐ на обединетите револуционерни сили на целото македонско население, без разлика на вера и народност и кога таа борба ќе се води во тесна соработка со револуционерните движења на другите балкански народи и на прво место со балканското комунистичко движење; и 4) кога таа борба, бидејќи нејзиниот успех зависи и од меѓународното политичко движење, ќе смета и ќе се потпре исклучиво врз револуционерните и прогресивни движења во Европа на чело со комунистичкото и врз целосната поддршка на СССР републики, кој денес сам се бори за ослободување на угнетените народи, за нивно вистинско самоопределување и федерирање и кој не тежнее кон никакви освојувачки цели на Балканот.

2) Со оглед на тоа, прва и најитна задача на македонската ослободителна борба е обединувањето на сите револуционерни сили во Македонија во *единствен Македонски револуционерен фронт како основа за формирање единствен Балкански револуционерен фронт* кој ќе поведе најрешителна борба

против анексионистичките и империјалистичките политики на сите балкански и европски држави.

За остварување на единствен Македонски революционерен фронт заинтересираните страни во македонското революционерно движење го сметаат за неопходно и неминовно следново:

1. Обединување на целото македонско революционерно движење во една организација и под едно идејно знаме, кое може да биде само погореизложената платформа.

2. Тоа обединување треба да биде извршено од обединувачки конгрес свикан врз основа на уставот и правилникот на ВМРО.

3. Меѓутоа, со оглед на тоа што условите за свикување на еден општ обединувачки конгрес не се уште созреани и се наложува извесна подготвителна работа за создавање на поволна атмосфера за свикување на тој конгрес, двете страни се согласуваат за следново:

а) Да ги прекинат сите непријателски активности меѓу себе, зачувувајќи целосна слобода само за организациска и агитациска активност на двете страни врз основа на погореизложената платформа.

б) Истовремено со тоа заедно се укинуваат сите смртни пресуди и прогонувања против одделни членови, организациски чети и др.

в) Да се основа една заедничка *со̄гласувачка комисија* во состав од по еден претставник од двете страни и еден член назначаен по желба на двете страни од претставништвото на СССР.

4. Задачите на согласувачката комисија се следниве: да придонесува за отстранување на сите конфликти што може да се појават меѓу двете страни; да подготвува услови во кои може да се постави прашањето за свикување обединувачки конгрес; да помага за распространување во странскиот печат на идејата за неопходност од единствен македонски и балкански революционерен фронт и Балканска Федерација; да го среди издавањето и уредувањето на заеднички задграничен периодичен орган под името „La Fèdèration Balcanique".

5. Овој протокол е составен во два примерока потпишани од секоја страна одделно што се чуваат во претставништвото на СССР.

Виена, 30 април 1924 г.
Централен комитет на ВМРО:
П. Чаулев, А. Протогеров, Т. Александров

*Македонскошо џрашање во документите на Коминтерната. Скоџје, 1999. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 57.*

*

**Манифест**
**До македонскиот народ, до организираното револуционерно население во Македонија и до македонските револуционери**

Браќа Македонци!

Македонија, во своите природни географски граници меѓу реката Места, планините Родопи, Рила и Шар, р. Дрим, Охридското Езеро, планината Грамос, р. Бистрица и Егејското Море, со пространство од 65.000 квадратни километри, пресечено од реките Места, Струма, Вардар, Дрим, Бистрица и надарено со најразновидни природни богатства и поволни климатски услови; со своето 2.302.000 разновидно население по својот етнографски состав, со својата централна економска и стратегиска положба на Балканот, меѓу базените на р. Дунав, Егејското и Јадранското Море – ги има сите докази и права за самостојно политичко постоење како независна и *самостојно управувана држава* која ќе послужи како обединувачка политичка и економска алка меѓу народите и државите на Балканскиот Полуостров.

Вековните борби на македонското население против владеењето на едно племе во неговата територија и тиранијата вршена против другите племиња што ја населуваaат Македонија; отпорот што го даваше тоа против

денационализаторската политика на државите што владееле во Македонија или се граничеле со неа; учеството на македонското население во сите востанија и револуционерни движења; поддршката што тоа постојано им ја давало во сите војни на Балканот на земјите што се јавувале да војуваат во името на ослободувањето и самоопределувањето на балканските народи – е најочигледен доказ за правата и свеста на македонскиот народ да биде *самостојна политичка единица* на Балканот.

Поаѓајќи од тоа сознание и потпирајќи се на него, Внатрешната македонска револуционерна организација – ВМРО – во текот на цели три децении води најрешителна револуционерна борба за слободата на Македонија. Таа борба, во зависност од соодносот на факторите во меѓународната и балканската политика и преовладувачкиот етнографски состав во Организацијата, си поставуваше различни тактички задачи и користење различни средства.

Долго време македонскиот народ, верувајќи во ослободителните стремежи на големите европски и малите балкански држави кон Македонија, ги имаше свртено погледите кон нив и го очекуваше своето ослободување преку нивна интеревенција. Во согласност со тоа и ВМРО целата своја активност ја имаше насочено да го крене гласот на напатениот македонски роб до ушите на своите идни ослободители, да го привлече нивното внимание, да предизвика нивно мешање, да го искористи натпреварот на нивната политика и на тој начин да ја извлече слободата на Македонија. Примерот за создавањето на слободна Србија, Грција, Црна Гора и Бугарија беше прималив и поттикнувачки. Во согласност со таа тактичка задача на македонската револуционерна борба и средства ѝ беа предимно единечни и делумни удари, било врз владејачката власт, било врз туѓите интереси поврзани со Македонија. Дури ни Илинденското востание, најголемото и најмасовно движење, не можеше да смета самото да ја извојува слободата на Македонија туку имаше цел да им го наметне решавањето на македонското прашање на општоевропското јавно мислење и на меѓународната дипломатија.

*Ни збор не можеше да стане за една вистинска револуционерна акција во големи масовни македонски или балкански размери, која би сметала самата на себе за извојување на македонската слобода.*

Резултатите од европската интервенција по Илинденското востание, изразени во лицемерните реформи насочени повеќе да го заздрават и да го закрепнат турското владеење во Македонија, одошто да ја родат нејзината слобода, го разочараа македонскиот народ. Тоа разочарување во редовите на ВМРО ја зајакна струјата која, сметајќи на ослободителната мисија на малите балкански држави, ги насочуваше своите усилби да предизвика нивна воена интервенција. Балканската војна што заврши со поделба на Македонија во Букурешт во 1913 г. и општоевропската војна што следи, со нејзините Париски договори што го раскинаа живото тело на Македонија и го поделија меѓу балканските држави што ја опкружуваат, дефинитивно ја убија вербата на македонскиот народ во ослободителната мисија на интервенционистичката политика на големите европски и малите балкански држави Берлинскиот (1978), Букурешкиот (1913) и Париските мировни договори од 1919 г. го убедија и последниот неверен Тома дека како големите така и малите европски држави водеа своја егоистичка политика поради која слободата и постоењето на Македонија може да бидат само жртвено јагне.

Од ова следува дека додека тие држави ги раководат влади кои ја поддржуваат освојувачката и империјалистичката политика на тие договори или, со други зборови, додека во нив не се воспостават влади кои својата надворешна и внатрешна политика ќе ја засновуваат врз вистинско самоопределување на народите, македонскиот народ не може од нив да очекува никаква поддршка за својата слобода.

Проценувајќи го темелно тоа историско искуство, ВМРО доаѓа до цврст и дефинитивен заклучок дека во својата револуционерна борба за слобода на Македонија *таа може да смета само на крајните прогресивно-револуционерни движења во Европа што се борат против империјалистичката*

*политика на своите влади, против постојните мировни договори и за вистинско самоопределување на своите и на туѓите народи.*

Ете зошто ВМРО изјавува дека во интерес на македонската слобода таа ќе им ја даде сета своја поддршка само на оние кои на балканската почва се борат против освојувачката политика на европскиот империјализам спроведувана било директно, било преку владите на балканските држави.

Но владите на балканските држави не се само орудија на европскиот империјализам; тие водат и своја сопствена националистичка освојувачка политика. Благодарејќи на таа општоевропска империјалистичка и општобалканска националистичка освојувачка политика, Македонија, исцрпена од петвековното ропство, разурната од три војни, денес повторно е поробена и поделена меѓу три балкански држави: Србија, Грција и Бугарија.

Ниту една од владите на балканските држави не мисли за ослободување и обединување на распарчените делови на Македонија; ниту една од нив не мисли и не дејствува за самоопределување на македонскиот народ во самостојна политичка единица, ниту една од нив не сака да ги даде на поробените Македонци предвидените со договорите права кои им обезбедуваат културен развој како на национални малцинства. Поради тоа ВМРО е принудена да изјави дека политиката на сите сегашни балкански влади е непријателска спрема слободното и самостојно политичко постоење на Македонија и дека таа најрешително и со сите средства на револуционерната борба ќе се бори против нивната освојувачка политика во однос на Македонија и македонскиот народ.

Заради избегнување на секакво недоразбирање и нејасност, ВМРО исто така изјавува дека таа не може да се дезинтересира за внатрешната и надворешната политика на балканските држави, и особено на Србија, Грција и Бугарија кои владеат цели делови од територијата и населението на Македонија.

Во однос на *Грција* ВМРО ќе се бори против секој обид за враќање на монархијата – најјасниот изразувач на ултраимперијалистичката грчка политика и против секоја грчка влада која ја поддржува денешната поделба на Македонија, го денационализира населението во грчка Македонија и насилно го менува неговиот етнички состав истерувајќи го домородното население и заменувајќи го со грчки доселеници од Мала Азија и Тракија.

Во однос на *Југославија* ВМРО најрешително ќе се бори против сите белградски влади, без разлика на партија, кои ја поддржуваат денешната српска политика на насилствен централизам, денационализација и угнетување не само на македонскиот народ, но и на народите во Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Војводина, Словенија и Далмација; уште повеќе што таа политика, поддржана од некои европски држави, е насочена кон нови освојувања на туѓи територии за сметка на Албанија, на бугарска и грчка Македонија. ВМРО изјавува дека во внатрешните револуционерни борби во Југославија таа решително застанува на страната на сите угнетени народности што се борат против белградските влади – за демократска децентрализација и федеративна реорганизација на Југославија.

Во однос на *Бугарија* ВМРО изјавува дека и покрај сите жртви што бугарскиот народ ги давал и е готов да ги дава за слобода и независност на Македонија, денешната бугарска влада на Цанков спротивно на чувствата и интересите на сопствениот народ, води една политика јасно антимакедонска и антибугарска, една политика отворено србофилска која не само што ја овековечува поделбата на Македонија, туку подготвува нови територијални прекројувања на Балканот за сметка на Македонија. Таа ги предупредува народите на Македонија, Југославија, Бугарија, Грција и Тракија дека белградската влада, потпирајќи се на своите спогодби со некои европски држави за поделба на Хрватска, Албанија и Грција, се подготвува да ја прошири својата освојувачка политика кон Солун, поттикнувајќи ја софиската влада накај Кавала, заплашувајќи ја

дека во спротивен случај ќе ги окупира бугарските Перник и Ќустендил.

И владата на Цанков изгледа е примамена од тие империјалистички перспективи што ѝ ги шепотат белградските сирени. Таа се зафатила да ги уништи Внатрешната македонска револуционерна организација и македонското револуционерно движење кои се главна пречка за остварување на тие злосторнички намери. Додека белградската влада подготвува и раздувува граѓанска војна во Албанија, софиската влада на Цанков се зафати со уништувањето на ВМРО.

Апсењата на неколку стотици Македонци во Бугарија осомничени за учество и симпатии спрема македонското ослободително движење: забраната на сите легални печатени органи на македонската емиграција во Бугарија кои го бранат ослободителното дело на Македонија; готовноста на софиската влада да посегне и врз највидните функционери на македонското ослободително движење за да ги затвори и предаде на Србија, очигледно како искупувачка жртва за новиот курс на српската и бугарската освојувачка политика се најпоследните и јасни докази за злосторничката политика на софиската влада.

ВМРО го разбира изворот на таа српска и бугарска политика. Слабоста на белградската влада внатре во земјата ја тера да ги жртвува интересите на хрватскиот народ во полза на Италија – Фиуме и јадранското крајбрежје - и да бара компензација за сметка на Албанија, на бугарска и грчка Македонија. А внатрешната слабост на софиската влада ја прави неспособна да им се спротивстави на белградските заплашувања и пред опасноста Србите да ги окупираат Перник и Ќустендил таа е подготвена да оди на доброволна соработка со српската офанзивна политика кон Солун, надевајќи се дека ќе биде компензирана самата таа кон Кавала. На тој начин се жртвуваат интересите не само на Македонија и Тракија, туку истовремено се загрозуваат и интересите на Бугарија, Југославија и на сите балкански народи. Основната причина за слабоста на софиската влада е нејзината изолираност, откинатоста од народните маси и непријателството на

последните кон неа. Борејќи се за зачувување на власта во свои раце по секоја цена и не наоѓајќи никаква поддршка во народот за да ѝ се спротивстави на српската освојувачка политика, таа се мачи во соработка со неа да ги отстрани опасностите кои висат над Бугарија со тоа што ќе ја турне последната кон нова авантура, само и само да постигне некој привремен успех со кој ќе ја зајакне својата разнишана положба внатре во земјата. За таа цел таа ги жртвува интересите на македонскиот народ, таа ги жртвува и интересите на бугарскиот народ. Таа е принудена да ја насочува својата внатрешна политика на терор, суспендирање на сите уставни гаранции; таа е принудена да ја суспендира слободата на зборот, печатот, собирите и здружувањата, да растура цели задружни организации и политички партии, таа е дури принудена да им откажува засолниште на политичките бегалци од Македонија.

Во таквата положба ВМРО ја прогласува политиката на владата на Цанков за непријателска во однос на македонскиот и на бугарскиот народ и апелира до сите Македонци и Бугари да поведат најрешителна борба против неа.

Тие треба да ѝ ја дадат својата поддршка само на една таква влада во Бугарија која, потпирајќи се врз широките трудбенички маси од градот и селото, во своето управување не ќе има потреба од терор и вонредни закони, нема да прибегнува кон суспендирање на суштинските гаранции за едно навистина народно и демократско управување и која, потпирајќи се на довербата на слободољубивиот, демократски и нешовинистички бугарски народ, ќе може да му ги даде неопходните средства за борба против освојувачката политика на соседните држави без да се плаши дека тие средства ќе бидат свртени против неа.

Само преку воспоставувањето на една таква влада во Бугарија ВМРО гледа гаранција и за понатамошен успешен развој на својата револуционерна борба за слобода и независност на Македонија и за политичка независност на сите балкански народи.

Оцртувајќи го во општи линии својот однос кон државните фактори на општоевропската и балканска политика,

ВМРО изјавува дека таа се бори и ќе се бори со сите средства на револуционерната борба:
1. За ослободување и обединување на распарчените делови на Македонија во една целосно независна и самостојна политичка единица, во нејзините природни географски и етнографски граници;
2. За демократизирање на соседните на Македонија балкански држави и нивно сојузување во една *Балканска Федерација* која единствено може да го гарантира политичкото постоење на независна Македонија и независноста на другите балкански народи; да ги задоволи економските и културните интереси на сите балкански народи поврзани со излез на три балкански морињa; да ги парализира анексионистичките стремежи на балканските и империјалистичките стремежи на големите европски држави; а исто така да го гарантира правилното решение на сите национални спорови обезбедувајќи културен развиток на сите етнички малцинства.

ВМРО изјавува дека во својата борба за независна Македонија и Балканска Федерација смета пред сѐ на обединетите револуционерни сили на целото македонско население без разлика на вера и народност, кои ќе ја поведат својата борба во тесна соработка со револуционерните сили на трудбеничките маси во другите балкански држави. А бидејќи успехот на нејзината револуционерна борба зависи од меѓународната ситуација, ВМРО смета пред сѐ на морална и материјална поддршка на прогресивните револуционерни движења во европските држави кои се борат против империјалистичката политика на нивните влади, против постоењето на империјалистички мировни договори и за целосно и вистинско самоопределување на народите.

На тој начин ВМРО дефинитивно раскинува со илузиите да очекува слобода на Македонија и создавање Балканска Федерација преку интервенција на балканските шовинистички и европските империјалистички влади.

Таа изјавува дека само оние држави и влади можат да претендираат да бидат искрени пријатели на македонската слобода и на балканските народи, кои во својата сопствена

политика даваат доволно докази дека го следат и на дело го остваруваат принципот за слободно самоопределување на народите. Сите други се непријатели на македонската слобода и спрема нивната политика на Балканот ВМРО ќе води најрешителна борба.

ВМРО ја сфаќа релативната слабост на своите сили, но таа исто така добро знае дека денес цела Европа е минирана од противречности, многу подлабоки и понепомирливи одошто се оние што ја предизвикаа општоевропската војна во 1914 г. Една нова балканска и општоевропска војна или меѓународна граѓанска револуционерна борба за ослободување и самоопределување на народите е неминовна. Дури и повеќе, таа веќе тропа на вратите на сите држави.

ВМРО многу добро ја сфаќа големата, решавачка улога што Балканот ја одигра во избувнувањето на општоевропската војна од 1914 до 1918 година. Таа им обрнува внимание на сите македонски и балкански револуционери дека и во претстојните борби кои брзо се доближуваат Балканот може да одигра поголема решавачка улога, доволно е само револуционерните усилби на сите угнетени балкански народи да бидат сплотени и обединети под знамето на македонската слобода и независност, под знамето на својата сопствена слобода и независност, најпосле под знамето на Балканската Федерација.

И затоа ВМРО апелира до сите свесни борци за слобода и независност на балканските народи да ги сплотат своите сили за брзо формирање на еден единствен македонски револуционерен фронт кој ќе послужи за формирање на единствен балкански революционерен фронт против сите шовинисти, против сите анексионисти и империјалисти, против сите угнетувачи на своите и на туѓи народи.

За да ги даде сите докази дека својата активност ја насочува по тој пат, ВМРО најсвечено изјавува дека ги прекинува сите гонења и ги укинува сите егзекутивни мерки и наредби против одделни македонски дејци, групи, организации и струи штом тие искрено ќе застанат на почвата на вистинската револуционерна борба во духот на овој манифест и подадат рака за заедничка борба, под знамето на слободата и

независноста на Македонија, под знамето на Балканската Федерација.

Со тоа ВМРО прави прв и најрешителен чекор за создавање на неопходната поволна атмосфера за свикување во скоро време на еден обединувачки конгрес на целото македонско револуционерно движење, на кој преку усилбите на сите искрени македонски револуционери ќе се создаде единствен македонски револуционерен фронт, потпирајќи се врз единствениот балкански револуционерен фронт, во тесна соработка со сите прогресивни револуционерни движења на Балканот и во Европа, ќе ја извојува слободата и независноста на Македонија, ќе го наметне создавањето на Балканска Федерација, ќе обезбеди мир на Балканот за да помогне за воспоставување мир во цела Европа.

Значи, сите напред во редовите на револуционерната македонска борба!

Да живее единствениот македонски револуционерен фронт!
Да живее единствениот балкански револуционерен фронт!
Да живее обединета и независна Македонија!
Да живее Балканската Федерација!

Виена, 5 мај 1924 г.
За ВМРО Централен комитет:
Потп.: А. Протогеров и П. Чаулев
За Т. Александров по неговото полномошно потпишале
А. Протогеров и П. Чаулев

*Македонскоӣо ӣрашање во докуменӣиӣе на Коминӣернаӣа. Скоӣје, 1999. Т. 1. Д. 1. Док. бр. 61.*

*

**Декларација на Македонската парламентарна група**

Потпишаните народни претставници: Каранџулов и д-р П. Кушев од Неврокопската изборна околија, Сребрен Петров, М. Маџаров и Хаџиев од Петричката изборна околија,

К. Николов, Мих. Монев и ...... од Горноџумајската изборна околија, избрани за народни претставници на спомнатите околии од целото население на бугарска Македонија да ги претставуваме во XX обично Народно собрание во Бугарија интересите на поробениот македонски народ во негова целост.

**Декларираме:**

1. Политичката ситуација на Балканот создадена со Нејскиот договор ги стави бугарскиот и македонскиот народ во еднаква положба на борба за кршење на синџирите на тој договор. Таа борба воспоставува заедништво во интересите на двата народа која ни дава право и можност, претставувајќи ги во бугарското народно собрание интересите на македонскиот народ, да ги претставуваме истовремено и добро разбраните интереси на бугарскиот народ.
2. Имајќи го предвид тоа изјавуваме: а) дека македонскиот народ се бори за ослободување и обединување на сите распарчени делови на Македонија во една самостојна политичка единица, во нејзините природни етнографски и географски граници меѓу р. Места, планините Родопи, Рила, Шар, р. Дрим, планината Грамос, р. Бистрица и Егејското Море; в) дека македонскиот народ и Независна Македонија се борат и ќе се борат за економско и политичко сојузување на сите балкански држави во една *Балканска Федерација* која единствено може да ги гарантира економската независност и политичкото постоење на секоја од нив, да им обезбеди економски пристап до трите балкански мориња, правилно да ги реши националните спорови на Балканот обезбедувајќи културен развиток на сите етнографски малцинства и да воспостави на тој начин дефинитивен мир на Балканот.
3. Потпишаните изјавуваме дека за остварување на тој идеал, еднакво спасоносен за Македонија, Бугарија и за сите балкански држави, Бугарија со една здрава народна внатрешна политика и со една целисходна надворешна политика во укажаната насока може да одигра решавачка улога.

Верувајќи дека денешната влада ќе најде средства да ја поведе политиката на Бугарија по тој пат, ние потпишаните, како одделни народни претставници кои не припаѓаа досега кон ниедна од постојните парламентарни групи во ова Народно собрание ја поддржуваме јавно или молчаливо денешната влада за да ѝ дадеме време и можност дефинитивно да ја оцрта својата внатрешна и надворешна политика.

Денес, кога таа политика е целосно оформена како по прашањата на внатрешното управување на земјата така и по нејзината надворешна политика, а особено кога нејзиниот однос кон македонскиот народ и аспирациите на македонскиот народ се истакнува една јаснотија која не дозволува никакво сомневање за насоките по кои таа веќе ја поведе надворешната политика на Бугарија, ние изјавуваме дека престануваме да бидеме одделни народни претставници и формираме самостојна Македонска парламентарна група која во рамките на легалната борба, определена од бугарскиот устав и закони, ќе се бори за издигањето на бугарскиот народ и Бугарија до степен на решавачки фактор за ослободување на Македонија и формирање Балканска Федерација.

4. Од тоа гледиште како новоформирана група, Македонската парламентарна група протестира против целокупната внатрешна политика на денешната влада, заснована врз терор, убиства, прогонување на политичките противници, растурање на цели партии, одземање на слободата на зборот, печатот, собирите, здружувањата – воопшто суспендирање на елементарните демократски гаранции за личноста и нејзините убедувања.

Таа најенергично и решително протестира особено пак за незаконските апсења и интернирања извршени над стотици Македонци во Бугарија и запирањето на печатните органи на македонската емиграција во Бугарија, уште повеќе што бугарската влада ги врши тие дејства за да им угоди на незаконските стремежи на една соседна влада која за македонскиот народ е насилничка.

Таа констатира дека поради таа внатрешна политика денешната бугарска влада се истакнува не само како непријател

на македонскиот народ и на неговата ослободителна кауза, туку таа ископала длабок јаз меѓу себе и голем дел од бугарскиот народ во градот и селото, кој ја прави не само непогодна да ја организира Бугарија за елементарен отпор против нејзините надворешни непријатели, туку ја заплашува земјата со нови крвави потреси кои дефинитивно ќе ја ослабнат Бугарија, а можеби и ќе ја избришат од картата на Балканот.

5. Македонската парламентарна група констатира дека поради внатрешната слабост и изолираност на денешната бугарска влада, последната е принудена да води една совршено противнародна надворешна политика. Таа е немоќна да извлече какво и да било олеснување за Бугарија во однос на репарационите задолженија што ја претворија во трибутарна држава; таа ги извршува и е готова да ги изврши најпонижувачките за достоинството на народот и на државата каприци на соседните влади. Таа се подготвува, во соработка со српската империјалистичка политика кон Солун, да ја вовлече Бугарија во нова авантуристичка политика кон Кавала, но го осуетува за долги години единственото и спасувачко за сите балкански народи решение на балканското прашање преку *Балканската Федерација*.

Таа противнародна надворешна политика на денешната бугарска влада се должи и на нејзината некадарност да ѝ обезбеди на Бугарија контакт и разбирање со државите што имаат заеднички интереси со неа.

Македонската парламентарна група со жалење констатира дека владата уште не нашла средства и патишта за воспоставување редовни дипломатски односи со Албанија и со Турција. Но таа треба со особена енергија и огорченост да протестира против злосторничката немарност на бугарската влада да воспостави пријателски односи со Сојузот на Социјалистичките Советски Републики (СССР), единствената држава која денес нема на Балканот никакви освојувачки и империјалистички цели, особено пак во моментот кога и малите и големите држави се натпреваруваат да задржат не само пријателски, туку и сојузнички односи. Таа немарност е дотолку попрестапна што таа држава, која на дело го остварува

принципот за слободно самоопределување на народите, ќе игра решавачка улога во дефинитивното уредување на судбините на народите во Европа и особено на Балканот.

6. Протестирајќи најенергично против целата внатрешна и надворешна политика на денешната влада, Македонската парламентарна група изјавува дека кабинетот на Цанков изгубил секаква доверба од народот одовде и отаде Рила и треба да замине.

7. Македонската парламентарна група изјавува дека ќе ѝ ја даде својата поддршка на една таква бугарска влада која, потпирајќи се врз довербата на трудбеничките маси од градот и селото, ќе има морални сили да даде вистинско демократско управување со сите гаранции за слободата на личност, зборот, печатот, собирите, здружувањата, парламентот и слободно засолниште за политичките изгнаници на поробените народи; ќе го обедини народот за побрзо залекување на раните од разурнувачките војни; ќе даде целосна амнестија за да ги смири возбудените од крвавите настани народни маси и ќе ги организира нивните сили за евентуален отпор на надворешните непријатели без да се плаши дека тие сили ќе бидат свртени против неа; а во областа на надворешната политика ќе има смелост да ја извади Бугарија од нејзината беспомошна изолираност ставајќи ја во положба на разбирање со државите што се борат за кинење на ропските синџири на Париските мировни договори, за вистинско самоопределување на народите и, на прво место, ќе ја стави во контакт и разбирање со Сојузот на Социјалистичките Советски Републики.

8. Македонската парламентарна група изјавува дека во интерес на ослободување и обединувањето на Македонија, во сопствен интерес на целиот бугарски народ и на Бугарија, во интерес на Балканската Федерација, таа е готова да им ја даде својата поддршка на сите политички групи, дури и на крајно левите,

заради формирање на една таква спасителна влада – за Македонија, за Бугарија и за сите балкански народи – доволно е само тие да застанат и да ја прифатат оваа платформа.

Да живее слободна, обединета и независна Македонија!
Да живее моќна Бугарија, ослободена од синџирите на Нејскиот договор!
Да живее Балканската Федерација!

Македонската парламентарна група XX обично народно собрание:
(следуваат потписите на пратениците)

Оваа Декларација на Македонската парламентарна група при Бугарското народно собрание е изработена и одобрена од Централниот комитет на Внатрешната македонска револуционерна организација во согласност со објавениот манифест на истата во јуни 1924 г.

Централен комитет на ВМРО
Потп.: П. Чаулев и Ал. Протогеров

*Македонско̄то ӣрашање во докуменӯиӯе на Коминӯернаӯа. Скоӣје, 1999. Т. 1. Д. 1. Заб. 1 кон док. бр. 61.*

## СПИСОК НА СКРАТЕНИЦИ

**А. е.** – архивска единица

**БК** – Балканска комисија

**БКФ** – Балканска комунистичка федерација

**Бр.** – број

**ВМРО** – Внатрешна македонска револуционерна организација

**ВМФРО** – Внатрешна македонска федеративна револуционерна организација

**ВЧК (ЧК)** – Вонредна комисија за борба со контрареволуција, шпекулации и службенички злоупотреби

**ГПУ** – Државна политичка управа при СНК на СССР

**Д.** – дел

**Док.** – документ

**Изд.** – издание

**ИККИ** – Извршен комитет на Комунистичката интернационала

**ИНО** – Странски оддел

**ИНО на ОГПУ** – Странски оддел на Обединетата државна политичка управа при СНК на СССР

**Л.** – лист

**М.** – Москва

**НКИД** – Народен комесаријат за надворешни работи

**ОГПУ** – Обединета државна политичка управа при СНК на СССР

**ОМС** – Оддел за меѓународни врски на Коминтерната

**Оп.** – опис

**ПБ** – Политичко биро

**Разведупр** – Управа за разузнавање

**РГВА** – Руски државен воен архив

**РКП (б)** – Руска комунистичка партија (болшевици)

**РОСТА** – Руска телеграфска агенција при СНК

**РСФСР** – Руска Советска Федеративна Социјалистичка Република

**С.** – страница

**СКП (б)** – Сесојузна комунистичка партија (болшевици)

**СПб.** – Санкт Петербург

**СССР** – Сојуз на Советски Социјалистички Републики

**Т.** – том

**ТАСС** – Телеграфска агенција на Советскиот Сојуз

**Ф.** – фонд

**ЦДА** – Централен државен архив

**ЦИК** – Централен извршен комитет

**ЦК** – Централен комитет

**ЦКК** – Централна контролна комисија







Троцки Сталин








Пролетарии всех стран, соединяйтесь!

КОММУНИСТИЧЕСКИЙ ИНТЕРНАЦИОНАЛ

ОРГАН ИСПОЛНИТЕЛЬНОГО КОМИТЕТА КОММУНИСТИЧЕСКОГО ИНТЕРНАЦИОНАЛА

ВЫХОДИТ ОДНОВРЕМЕННО НА РУССКОМ, ФРАНЦУЗСКОМ, НЕМЕЦКОМ И АНГЛИЙСКОМ ЯЗЫКАХ

ЕЖЕНЕДЕЛЬНИК ИСПОЛКОМА КОМИНТЕРНА

Журнал выходит при участии: Ленина, Г. Зиновьева, Сталина, Бухарина, Каменева, Лозовского, Луначарского, Мартынова, Покровского, Мануильского, Рязанова, Троцкого (Россия); Куусинена, Маннера, Сирола (Финляндия); Нермана, Чильбума (Швеция); Кирре Греппа, Шефло, Арвида Гансена (Норвегия); Рутгера (Голландия); Штрассера (Австрия); Тельмана, Геккерта, Пика, К. Цеткин (Германия); В. Галлахера, Р. Пальм-Дэттэ, Т. Квелча, А. Мак-Мануса, Мэрфи, Тома Мана, Ротштейна (Англия); Анри Барбюсса, Семара, Кашена, Трэна, Р. Лефевра, Дорио, Садуля, Х. Раппопорта (Франция); Тальятти, Бордига, Грамши, Маффи, Таска, Террачини (Италия); Герцога, Мюнценберга, Платтена, Эмбер-Дро (Швейцария); Альпари, Бела-Куна, Е. Варги, Рудаша (Венгрия); Варского, Валецкого, Малецкого, Мархлевского (Польша); Благоева, Кабакчиева, Коларова, Димитрова (Болгария); Джона Рида, Пеппера, Рутенберга, Фостера, В. Хейвуда (Америка); Крейбиха, Шмераля, Нейрата (Чехо-Словакия); Марковича (Юго-Славия); Сен-Катаяма (Япония); Чен-Ду-Сю (Китай); А. и Е. Рой (Индия); Джима Ларкина (Ирландия) и др.

№ ВОСЬМОЙ ГОД ИЗДАНИЯ 3 (61)







Чичерин



НКИД

 

Шпак



Миљутин



Александров



Протогеров



Чаулев



Влахов


ПРЕЗЪ ГОЛГОТА
КЪМЪ
НЕЗАВИСИМА МАКЕДОНИЯ!

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

Ленина Жила

**ВИЕНСКА „СТАПИЦА“**
**ИСТОРИЈА НА ПРЕГОВОРИТЕ МЕЃУ**
**СССР И ВМРО НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ**

**За издавачот:**
проф. д-р Драги Ѓоргиев,
директор на Институтот за национална историја

**Рецензенти:**
проф. д-р Елена Гускова
проф. д-р Зоран Тодоровски

**Лектура:**
Нада Костова

**Печат:**
Винсент графика, Скопје

**Тираж:**
500 примероци

Изданието финансиски е помогнато од Министерството за култура
при Владата на Република Македонија

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

341.231:341.76]:329(163.3:47+57)”19”

ЖИЛА, Ленина
Виенска „стапица“ : историја на преговорите меѓу СССР и ВМРО на Тодор Александров / Ленина Жила. – Скопје : Институт за национална историја, 2014. – 333 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-159-58-9

а) Право на автономија – Дипломатски преговори – ВМРО – Советски Сојуз – 20 в.

COBISS.MK-ID 97181962